РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

ISSN-1857-9779

БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

Број 1191

Скопје, 2 мај 2019 година

Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА

Уредник на издавачката дејност на УКИМ:
проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор

Уредник на Билтенот:
Илија Богоевски

Лектор:
Весна Илиевска-Цветановска

Бр. _____
5.8.2013
Скопје

Предмет*: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ*

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј".

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви 'д', 'п', 'т', 'т' може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето '' и копчињата 'е' и 'и' во македонска поддршка да се добијат знаците 'ѐ', и 'ѝ' соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

УКИМ - Ректорат

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1191 ОД 2 МАЈ 2019 ГОДИНА

АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Архитектонскиот факултет во Скопје (**Александар Кузманов, Александра Јовиќ, Гаврил Бошкоски, Еди Хот, Александра Наумовска, Бојан Поповски, Ивана Групчева, Зоран Петровски, Викторија Ангелова**).....11-12

ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Градежниот факултет во Скопје (**Ана Групчева, Гоце Гоциров, Емрах Адемовски**).....13
2. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација на Градежниот факултет во Скопје (**м-р Марија Милошевска Јанакиеска**).....14

ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Економските ефекти од легалните и нелегалните начини за избегнување на оданочувањето** од **м-р Катерина Бошевска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....15-19
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на менаџментот на знаење врз развојот на иновативноста на претпријатијата во Република Македонија** од **м-р Марија Пендевска,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....20-24
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Нетрговски бариери во мултилатералниот трговски систем** од **м-р Благој Серсемов,** пријавена на Економскиот факултет во Скопје.....25-29

МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на 2 лица во сите научни звања во научните области хирургија и трауматологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**асистент докторант д-р Андреја Гавриловски, асистент докторант д-р Илир Хасани**).....30-53
2. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања по стручните предмети за студиите по логопедија, од наставно-научната област логопедија на Медицинскиот факултет во Скопје (**Татјана Георгиевска Јанческа**).....54-62
3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области хирургија и урологија на Медицинскиот факултет во Скопје (**н. сор. д-р Скендер Саиди, н. сор. д-р Огнен Ивановски**).....63-107
4. Реферат за избор на асистенти по предметот **Инфективни болести** на Медицинскиот факултет во Скопје (**д-р м-р Валерија Кирова Урошевиќ, д-р Велимир Савески**).....108-112
5. Реферат за избор на 1 лице во насловно звање во наставно-научните области: анестезиологија, анестезиологија и реанимација и здравствена нега на Медицинскиот факултет во Скопје (**асистент докторанд д-р Вања Џамбазовска Трајковска, ас. д-р**

Александра Пановска Петрушева, асистент докторанд д-р Дафина Карацова, ас. д-р Весна Дурнев).....113-179
6. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Споредбена анализа на кожни резови направени со скалпел наспроти електрохируршки кожни резови во пределот на лицевата регија: проспективно рандомизирано клиничко испитување** од **ас. м-р сци д-р Маргарита Пенева,** пријавена на Медицинскиот факултет во Скопје.....180-185
7. **Приговор** на Рефератот за избор на два наставника во сите наставно-научни звања во наставно-научната област хирургија и детска хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтенот бр. 1189 од 1.4.2019 година, од **ас. д-р Тони Ристески** асистент докторанд, вработен на ЈЗУУ Клиника за детска хирургија во Скопје.....186-187
8. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот поднесен од страна на д-р Тони Ристески, асистент докторанд, на заклучокот на Рефератот за избор на два наставника во сите наставно-научни звања во наставно-научните области хирургија и детска хирургија, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 1189 од 1.4.2019 година.....188
9. **Приговор** на Рефератот за избор на два наставника во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области педијатрија и детски болести со нега на болно и здраво дете објавен во Билтен бр. 1190 од 15.4.2019 година, во согласност со конкурсот објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 19.1.2019 година, од **н. сор. д-р Илија Кировски**, вработен на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести во Скопје.....189-190
10. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот за избор на два наставника во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области педијатрија и детски болести со нега на болно и здраво дете објавен во Билтен бр. 1190 од 15.4.2019 година, во согласност со конкурсот објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 19.1.2019 година, поднесен од страна на **н. сор. д-р Илија Кировски**, вработен на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести во Скопје.....191-192
11. **Приговор** во врска со објавениот конкурс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 19.1.2019, за избор на два наставника по предметите од научните области педијатрија и детски болести со нега на здраво и болно дете, поднесен од **асс. д-р сци Николина Здравеска** 193-194
12. **Одговор** на Рецензентската комисија на приговорот за изборот на два наставника во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области педијатрија и детски болести со нега на болно и здраво дете објавен во Билтен бр. 1190 од 15.4.2019 година, во согласност со конкурсот објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 19.1.2019, поднесен од страна на **ас. д-р сци Николина Здравеска**, вработена на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести, Скопје.....195

ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област воведни и теоретски правни науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (**д-р Јасна Бачовска Недиќ**).....196-221

2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Стварните службености во македонското и споредбеното право,** изработена од **м-р Петар Бакиевски,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.....222-230
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Спојувањата и преземањата на трговските друштва во споредбеното и во правото на Република Македонија, со посебен осврт на прекугранични спојувања и преземања** од **м-р Сашка Мамучевска,** пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.....231-237
4. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје (**Сенада Сали, Наташа Мановска, Симона Симоновска, Гургица Милошева, Кристина Ивановска, Дарко Тодоровски, Бенита Елмази Адеми, Кристина Ивановска, Катерина Ивановска, Магдалена Симовска, Станиша Дишлиевски, Велика Цветкова, Маргарета Велковска, Ана-Марија Иванова, Светлана Тодоровска, Ема Тасевска, Аница Јаневска, Драгана Малчева, Јасна Стојанова, Лепосава Веноска, Сашка Талевска, Марија Бриндевска, Јана Ангелова, Коста Ѓоргиев, Изабела Смилевска, Маја Блажевска, Софија Деркоска, Ана Весова, Сара Маркоска, Катерина Арнаудова, Стевица Младеноски, Ана Печкова, Симона Станоева, Димитар Димоски, Петар Митрески, Златица Шемова, Емилија Пецаноска, Моника Степановска, Филип Јовиќ, Горан Зечевиќ, Алија Ќазими, Игор Вељановски, Владимир Цветаноски, Филип Пишмановски, Стефан Јаневски, Аљоша Кацаров, Дејан Михаилов, Екрем Хајдари, Ѓорѓи Рајчиноски, Ерол Омери, Бојана Здравковска, Ивона Нанева, Даниел Насевски, Марио Сибиновиќ, Бобан Зафировски, Давид Божинов, Филип Павловски, Андреа Здравковска, Кристина Јакимовска, Бранислав Бранковиќ, Моника Најдовска, Симона Кардашовска, Горазд Ралев, Артан Раховица**).....238-246

ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од наставно-научните области оптика и физика на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје (**проф. д-р Сузана Топузоски**).....247-264
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Синтеза и карактеризација на тенки електрохромни филмови од метал хексацијаноферати** од **м-р Исак Алији,** пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....265-275
3. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Некои резултати од теорија на аналитичка репрезентација на функции и дистрибуции** од **м-р Егзона Исени,** пријавена на Природно-математичкиот факултет во Скопје.....276-284

СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Одредување на стабилноста на имплантите и влијанието на ризичните фактори врз успешноста на терапијата** од **м-р Денис Бафтијари,** пријавена на Стоматолошкиот факултет во Скопје.....285-288
2. **Приговор** на рефератот за избор на 2 (два) наставника во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен број 1190 од 15.4.2019 година, поднесен од **н. сор. д-р Сашо Јовановски**.....289-293
3. **Одговор** на Рецензентската комисија на Приговорот поднесен од н. сор. д-р Сашо Јовановски.....294-295

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ

1. Реферат за избор на асистент по предметите од наставно-научната област 10300-физика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**м-р Ивана Сандева**).....296-302
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**Валентина Колева, Борис Петрески, Марина Божинова**).....303
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**Александар Тодоровски, Филип Дончевски, Тамара Митевска**).....304
4. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**м-р Ивана Сандева**).....305
5. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (**м-р Марија Марковска**).....306

ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО

1. Реферат за избор во наставно-научно звање-редовен професор по предметите од сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**проф. д-р Анастас Мишев**).....307-334
2. Реферат за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**доц. д-р Мирослав Мирчев**).....335-351
3. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**доц. д-р Кире Триводалиев**).....352-370
4. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје (**доц. д-р Сашо Граматиков**).....371-389

ФАКУЛТЕТ ЗА ЛИКОВНИ УМЕТНОСТИ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Факултетот за ликовни уметности во Скопје (**Зехра Карaташ, Лилјана Кекеновска**).....390

ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови на Факултетот за музичка уметност во Скопје (**Ана Абрамовиќ, Маша Тулиќ, Рамадан Османи, Валмире Мехмети, Велимир Колевски, Фиторе Думница, Фиона Шабани, Фјола**

Исени, Мартина Аврамоска, Јаворка Витанова, Јета Думница, Леонита Емини, Душан Сврзиќ, Филип Пешиќ, Мила Пужиќ, Премтим Етеми, Ивана Симоска, Гордан Спасовски, Зоран Костадиновски, Дукаѓин Махаџери, Албиана Сила, Марија Филиќ).....391-394

ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација со наслов **Тетовскиот говор-современа состојба** изработена од **м-р Дијана Петровска**, пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје.....395-400
2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (**Иван Антоновски**).....401
3. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје (**м-р Осман Османи**).....402

ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација на ЈНУ Институт за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје (**м-р Тимко Чичаковски**).....403

ПРЕГЛЕД
НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	**Александар Кузманов**	Симулација на домување во средини со екстремни услови за живот со можна апликативност при мулти-планетарно истражување	Extreme Environment Housing Simulation for Potential Multi Planetary Exploration Application	Проф. д-р Минас Бакалчев, ментор	08-6/63 од 3.4.2019
2.	**Александра Јовиќ**	Домување во трето животно доба на примерот на Негорски бањи	Residential care facility for the elderly related to the Negorci thermal spa	Проф. д-р Минас Бакалчев, ментор	08-6/63 од 3.4.2019
3.	**Гаврил Бошкоски**	Живеење во урбано руралниот континиум	Living in Urban Rural Continuum	Проф. д-р Минас Бакалчев, ментор	08-6/63 од 3.4.2019
4.	**Еди Хот**	Простор на слобода - Детска градина во Ѓорче Петров – Скопје	Space of freedom – Kindergarten in Gjorche Petrov - Skopje	Доц. д-р Саша Тасиќ, ментор	08-6/63 од 3.4.2019
5.	**Александра Наумовска**	Заштитено домување за живеење во трето доба	Sheltered Housing for Elderly people	Доц. д-р Саша Тасиќ, ментор	08-6/63 од 3.4.2019
6.	**Бојан Поповски**	“Урбана Пивара” – современ технолошки процес на производство со урбанистичко и програмско поврзување во контекстот	Urban Brewery – a modern technological production process with urban and program connection in the context	Вонр. проф. д-р Александар Радевски, ментор	08-6/63 од 3.4.2019
7.	**Ивана Групчева**	Адаптивна ре-употреба на локацијата и објектите на поранешна фабрика “Лихнида”	Adaptive re-use of the location and facilities of the former Lihnida factory	Доц. д-р Горан Мицковски, ментор	08-6/63 од 3.4.2019
8.	**Зоран Петровски**	Архитектонско репроектирање на Музеј на град Скопје (Стара железничка станица) –	Architectural Remodeling of the Museum of the City of Skopje (Old Railway Station) – Spatial and	Вонр. проф. д-р Јован Ивановски, ментор	08-6/63 од 3.4.2019

		просторно-програмска адаптација и реинтерпретација на урбаниот сегмент	Programmatic Adaptation and Reinterpretation of the Urban Segment		
9.	**Викторија Ангелова**	“Трансформативни типологии” истражување на архитектоснки концепти на програмски интегрирани објекти од општествен карактер – Нова Универзитетска клиника	„Transformative typologies “ Architectural Concept Research, of Program-Integrated Facilities of Social Character - New University Clinic	Вонр. проф. д-р Михајло Зиноски, ментор	08-6/63 од 3.4.2019

ПРЕГЛЕД -475. СЕДНИЦА НА ННС 18.04.2019
НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

Ред бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	**Ана Групчева, дипл.град. инж.**	„Хидрауличко моделирање на атмосверска канализациона мрежа со примена на различни методи за дефинирање на сливната површина по потези“	"Hidraulic modeling of stormwater system using different methods for defining the catchment area by links"	**доц. д-р Гоце Тасески**, Градежен факултет	*18.04.2019* 0202/81-76
2	**Гоце Гоциров, дипл.град. инж.**	„Проектите за реконструкција во функција на подобрување на одржливоста на станбени објекти“	"Reconstruction projects in function of improving the sustamability of residential buildings“	**проф. д-р Валентина Жилеска Панчовска**, Градежен факултет	*18.04.2019* 0202/81-77
3	**Емрах Адемовски, дипл.град. инж.**	„Проценка на ефектите од интеракцијата почва-конструкција кај објекти од високоградбата за сеизмичко оптоварување“	"Assessment of the soil-structure interaction effects on buildings excited by seismic load"	**проф. д-р Јосиф Јосифовски**, Градежен факултет	*18.04.2019* 0202/81-78

П Р Е Г Л Е Д

НА ОДОБРЕНА ТЕМА ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1.	м-р Марија Милошевска Јанакиеска, дипл.инж. арх.	“Влијание на стаклените фасади врз одредени параметри на одржливост во зградите “	"Impact of glass facades on particular parameters of sustainability in buildings"	проф. д-р Кирил Граматиков	02-2/81-47 28.3.2019

РЕЦЕНЗИЈА
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕКОНОМСКИТЕ ЕФЕКТИ ОД ЛЕГАЛНИТЕ И НЕЛЕГАЛНИТЕ НАЧИНИ ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ НА ОДАНОЧУВАЊЕТО“ ОД М-Р КАТЕРИНА БОШЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 120 од Законот за високото образование (Сл. весник на Р. Македонија бр.64/00, 49/03, 113/05 и 51/07), Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 17.12.2018 година, со Одлука бр. 02-2352/2, формираше Комисија за оцена и одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Катерина Бошевска со наслов **ЕКОНОМСКИТЕ ЕФЕКТИ ОД ЛЕГАЛНИТЕ И НЕЛЕГАЛНИТЕ НАЧИНИ ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ НА ОДАНОЧУВАЊЕТО**, во состав: проф. д-р Михаил Петковски (ментор), проф. д-р Трајко Славески (претседател), проф. д-р Љубе Трпески (член), проф. д-р Горан Петревски (член) и доц. д-р Сузана Макрешанска Младеновска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет – Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Катерина Бошевска, со наслов ***Економските ефекти од легалните и нелегалните начини за избегнување на оданочувањето***, содржи вкупно 234 страници компјутерски обработен текст, со 1,5 проред и букви во фонт Times New Roman со големина 12. Трудот тематски е структуриран во 4 поглавја, воведни и заклучни согледувања и користена литература која се состои од голем број на библиографски единици од домашни и странски извори (научни трудови, статии, книги и меѓународни акти). Сите глави се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Во продолжение е даден краток опис на четирите поглавја во трудот.

Првото поглавје на докторската дисертација кое е насловено како *Дефинирање на легалните и нелегалните нечини за избегнување на оданочувањето* претставува осврт на дефинирање на концептите за избегнување на даночната обврска како законска форма и даночната евазија како незаконска форма за избегнување на даночната обврска. Прашањето за избегнувањето на даночната обврска се обработува преку појаснување на начините на кои може истото да се спроведе. Посебен фокус е ставен на утврдувањето на разликите помеѓу двата процеса, од кои едниот покрива низа легални методи за избегнување на даночната обврска, како на пример непревземање на економски активности кои се предмет на оданочување или, пак, користењето на предноста на законските права кои дозволуваат даночни намалувања, додека другиот процес покрива низа нелегални мерки кои се превземаат да се намалат даночните обврски, како на пример намерно неправилно даночно известување. Кандидатката, во овој дел, ги анализира следниве прашања: стратегиите кои ги преземаат даночните обврзници за намалување на даночната изложеност, почнувајќи од примена на трансферни цени па се до создавање на посебни претпријатија во држави каде што има помала даночна изложеност; понатаму неправилното даночно известување; одбивањето на плаќањето на даночната обврска; лобирањето кај властите за намалување на даночната обврска или создавање на ефикасни инциденди во даночните системи; лобирањето на мултинационалните компании во државите каде ги водат бизнисите за остварување на преферирана даночна изложеност, и слично.

Во второто поглавје на докторската дисертација *Мотивираност и механизми за избегнување на одаочувањето,* истражувањето е фокусирано на следниве три проблематики: избегнувањето на одаочувањето на легален или нелегален начин во националните економии; избегнувањето на одаочувањето низ меѓународните канали; и даночните прибежишта и “offshore” финансиските центри, како и нивната улога и значењето во процесот на избегнување на одаочувањето. Секоја проблематика е разработена низ еден или повеќе канали. Првата проблематика е разработена преку два канала. Првиот канал се однесува на факторите кои влијаат на настанување на избегнувањето на одаочувањето во националната економија, преку посебна разработка на секој идентификуван фактор: а) политичкиот и социјален статус на даночните обврзници; б) даночната легислатива, даночниот систем и (не)ефикасноста на даночната администрација; и в) психолошките фактори, со цел да се даде одговор на прашањето зошто некои даночни обврзници редовно плаќаат даноци додека други се обидуваат на најразлични начини да ја избегнат даночната обврска иако државата подеднакво овозможува повратна услуга до сите нив. Вториот канал се однесува на начините за избегнување на одаочувањето во рамките на националните економии и постапките превземени за избегнување на одаочувањето низ меѓународните канали и подетално објаснува пет конкретни начини преку кои даночните обврзници ја избегнуваат даночната обврска. Втората истражувана проблематика се однесува на стратегиите за даночно планирање на мултинационалните компании. Во овој дел од трудот детално се објаснети најчесто применуваните стратегии на мултинационалните компании, како што се на пример: пренесување на профитот (profit shifting), трансферните цени (transfer pricing), корпоративниот долг во однос на капиталот (тенка капитализација), плаќањето на интелектуална сопственост, методот на ограничено одаочување и хибридни претпријатија (check the-box & hybrid entities), додека во следниот дел се дава пример за користењето на овие стартегии за избегнување на даночната обврска конкретно од страна на мултинационалните компании Apple, Amazon, и Starbucks и се објаснува нивната шема за избегнување на даночната обврска и остварување на минимално ниво на одаочување. Последната истражувана проблематика се однесува на избегнувањето на даночната обврска на големите мултинационални корпорации преку користење на даночните прибежишта.

Третото поглавје на трудот е насловено како *Економските ефекти од избегнувањето на одаочувањето на легален и нелегален начин* и ги анализира прашањата поврзани со економските последици од процесите за избегнување на даночната обврска и даночната евазија. Во овој дел од трудот се анализирани прашањата поврзани со степенот на влијание на законското избегнување на даночната обврска и незаконската даночна евазија врз функционалноста на националната економија, при што се дава посебен осврт на следниве прашања: 1) Каналите за изгубените приходи по основ на даночна евазија или избегнување на даночната обврска; 2) Улогата на сивата економија на економските последици на даночното избегнување или влијанијата кои таа ги има врз мотивацијата за законско избегнување на даночната обврска и незаконска даночна евазија; 3) Улогата на даночниот јаз како еден начин преку кој се манифестираат економските последици од избегнувањето на даночната обврска или даночната евазија преку кое согледување се обезбедува значајна и вредна насока за реформи на даночната администрација и даночниот систем во националните економии со цел во иднина да се намали даночниот јаз; и 4) трошоци од избегнување на даночната обврска и даночната евазија.

Во четвртото поглавје на трудот кое е насловено како *Појава и одржување на процесите за избегнување на одаочувањето на легален и нелегален начин во Република Македонија* се анализира прашањето за избегнување на даночната обврска и даночната евазија во Македонија, со посебен осврт на проблемите кои ги има земјата со овие прашања, преку една поширока анализа за тоа како овие активности влијаат на севкупните напори за постигнување на одржлив развој и неговото финансирање. Во овој дел се објаснети факторите кои влијаат на појавата и одржувањето на процесите за избегнување на одаочувањето во РМ, со посебен фокус на факторите кои го мотивираат и инспирираат однесувањето на даночните обврзници во насока на избегнување на даночната обврска во контекст на нашата економија. Во продолжение, кандидатката ги објаснува процесите за избегнување на одаочувањето во нашата земја, го претставува нашиот даночен систем како формално/правна рамка и прави посебен осврт кон начините за избегнување на одаочувањето и презентирање на конкретни модели за избегнување на одаочувањето во Македонија на законски или незаконски начин

на основа на применетата практика. Последниот дел од трудот се состои од анализа на добиените заклучоци со препораки за корективни мерки или активности кои би требало да најдат своја примена тековно, на краток, среден и долг рок на ниво на систем и уредување, како и некои други поконкретни мерки и препораки на ниво на легислатива и практика.

Докторската дисертација завршува со *Заклучни соѝледувања* во кои е извршено сумирање на констатациите добиени при разработката на четирите составни делови на трудот.

Предмет и цели на истражувањето

Предмет на истражување. Предмет на истражување во оваа докторска дисертација е прашањето за избегнувањето на даночната обврска, законските и незаконските форми во кои се јавува даночното избегнување и нивното значење за националните економии. Поширокиот пристап на истражувањето дава одговор на прашањето кои се крајните ефекти од избегнувањето на даночната обврска за економскиот развој на државата. Главниот фокус на истражувањето се состојбите во нашата земја, даночниот систем и нејзината регулатива, како и детално утврдување на применети практики за избегнување на оданочувањето на законски и незаконски начин.

Цели на истражувањето. Основните истражувачки цели кои ги поставува кандидатката во трудот се следниве: (1) преку правилно разбирање на концептите за избегнување на оданочувањето на легален и нелегален начин и нивните компоненти точно да се идентификува кога еден процес добива карактеристики на избегнување на даночната обврска или даночна евазија; (2) да се определат конкретните фактори кои имаат влијание на појавата и одржувањето на процесите за избегнување на оданочувањето преку анализа на однесувањето на даночните обврзници и нивната мотивација да се ориентираат кон ваквите процеси, гледано од макро/економски аспект, психолошки аспект и социјален аспект; (3) да се утврди економското значење на даночната евазија и избегнувањето на даночната обврска за една национална економија и да се докаже дека од економски аспект и двата процеси се многу слични затоа што имаат подеднакво значење за националната економија од аспект на трошоците кои ги создаваат со нивното појавување; (4) да се утврди степенот на познавање на даночниот систем и законската регулатива која го регулира даночниот систем во нашата земја, свесноста на испитаниците за неговата структура и нивната припадност кон даночниот систем, како и степенот на познавање и препознавање за концептите и практиките за законско и незаконско избегнување на даночната обврска во нашата земја.

Краток опис на применетите методи

Докторската дисертација се заснова на основните научно - истражувачки методи кои се релевантни за истражуваната проблематика. Со примена на аналитичко – синтетички метод, преку дескриптивна и каузална (причинско-последична) анализа и формално-логична синтеза е применет систематизиран пристап за изнесување на добиените резултати од истражувањето. Со цел добивање појасна претстава за ефектите и последиците од истражуваната појава на избегнување на плаќањето на даноците во Република Македонија, во последната глава од трудот се користи и метод на компарација преку кој се прави споредување на добиените резултати од истражувањето во нашата земја со добиените резултати од истото истражување во одбрани земји од регионот. Во истражувањето, кандидатката ги користи следниве методи на собирање податоци: интервју преку прашалник, набљудувања, дискусии и анализа на документи (записи, историски документи и сл.). Таргетирани испитаници се физички и правни лица, активни даночни обврзници, во различни возрасни граници за физичките лица и различни временски периоди за постоење за правните лица. Прашањата поставени во прашалникот се јасни и лесно разбирливи. Изборот на примерокот на кој се спроведува истражувањето е направен на основа на знаењето на испитаниците за истражуваната проблематика, доволно и соодветно искуство со предметот на истражување, за да можат да дадат свои лични ставови и размислувања.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Економскиот развој е значаен фактор за секоја земја во светот. Услугите кои ги даваат владите на националните економии преку јавната инфраструктура се основен предуслов за економскиот развој. Недостигот на јавните услуги е контрапродуктивно на напорите да се зголеми животниот стандард на населението особено во земјите во развој и може да го забави економскиот развој. Во многу земји во развој владите не успеваат да обезбедат соодветна јавна услуга како резултат на повеќе причини но најважната од сите е недостигот на јавни приходи. Земјите не успеваат да ги зголемат јавните приходи до ниво потребно да ги исполнат очекуваните јавни расходи. Сериозна причина за тоа се секако избегнувањето на даночната обврска и даночната евазија, за кои се смета дека се поврзани со сивата економија.

Сивата економија е поврзана со избегнувањето на даночната обврска на законски начин и даночната евазија како незаконска форма на избегнување на даночната обврска. Таа како појава и практика е присутна и во нашата земја и директно влијае на хоризонталната и вертикалната нееднаквост како и на ефикасноста на даночниот систем во собирање на доволно даночни приходи за непречено спроведување на јавните услуги, а со тоа и постигнување основни предуслови за економски раст и развој на македонската економија.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Според сите истражувања и анализи претставени во овој труд, примената на оданочувањето според резидентноста претставува тешка задача, првенствено поради тоа што некои земји најверојатно нема да бидат расположени да се придвижат во овој правец, а едностраната акција може да опфати само одредени форми на пренасочување на приходите. Проширувањето на оданочувањето во земјата извор изгледа поизводливо.

На краток рок, потребно е да се наметнат нови или да се прошират постојните даноци на задршка на плаќањата за камати и ројалитети. Оваа мерка ефективно ги опфаќа структурите за даночно планирање кои тековно се користат и не ги искривува одлуките за инвестирање се додека даноците на задршка се одбиваат во резидентната земја. Прераспределбата на даночните приходи помеѓу земјите која ќе биде засегната од наложувањето на дополнителни или нови даноци на задршка не води де факто кон намалување на одбегнувањето на плаќањето данок, но сепак, не е јасно дали оваа мерка е пожелна и дали земјите навистина се подготвени да го намалат одбегнувањето на плаќање данок.

На подолгорочен план, подетално треба да се испитаат пофундаменталните пристапи, како, на пример, данокот на готовински текови заснован на дестинацијата или, пак, со општата консолидирана корпоративна даночна основа во однос на промените на меѓународниот систем на оданочување на приходите, распределбата на правата за оданочување, како и примената на данокот и последователните импликации врз приходите.

Според добиените сознанија од анализите во Република Македонија, како заклучок од анализираното, се извлечени неколку препораки на ниво на систем и уредување како и некои поконкретни мерки и препораки на ниво на легислатива и практика.

Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Катерина Бошевска, со наслов ЕКОНОМСКИТЕ ЕФЕКТИ ОД ЛЕГАЛНИТЕ И НЕЛЕГАЛНИТЕ НАЧИНИ ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ НА ОДАНОЧУВАЊЕТО, претставува научно истражување од областа на јавните финансии. Структурата на докторската дисертација (глави точки, потточки, нивните пропорции и по обем и заемна поврзаност на деловите, табелите и сликите) е јасна и концизна. Содржината на докторската дисертација е соодветна на усвоените тези.

Проверката на оригиналноста и самостојноста на докторската дисертација на тема со наслов ЕКОНОМСКИТЕ ЕФЕКТИ ОД ЛЕГАЛНИТЕ И НЕЛЕГАЛНИТЕ НАЧИНИ ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ НА ОДАНОЧУВАЊЕТО, изработена од кандидатката м-р Катерина Бошевска, во Системот за анализа и пронаоѓање на плагијати на Министерството за образование и наука на Република Македонија, е иницирана од менторот проф. д-р Михаил

Петковски. Резултатот за документот е следниов: документот содржи 62.124 зборови, од кои за 1.543 (2,48%) е пронајдено совпаѓање во 522 документи од базата.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Катерина Бошевска, со наслов ЕКОНОМСКИТЕ ЕФЕКТИ ОД ЛЕГАЛНИТЕ И НЕЛЕГАЛНИТЕ НАЧИНИ ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ НА ОДАНОЧУВАЊЕТО, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува потребните услови и стандарди за изработка на докторски труд.

Заклучок и предлог

Докторската дисертација на кандидатката м-р Катерина Бошевска, на тема **ЕКОНОМСКИТЕ ЕФЕКТИ ОД ЛЕГАЛНИТЕ И НЕЛЕГАЛНИТЕ НАЧИНИ ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ НА ОДАНОЧУВАЊЕТО**, претставува анализа на едно многу значајно прашање од областа на јавните финансии, при што посебен акцент е ставен на истражување на крајните ефекти и последици од појавата на избегнување на плаќањето на даноците за развојот и благосостојбата на една економија.

Кандидатката содржински целосно успеала да опфати бројни значајни прашања од областа која ја истражува. Темата е актуелна и обработена на концизен начин со користење на релевантна домашна и странска литература. Анализата е извршена со примена на современи научно - истражувачки методи, што ѝ овозможило на кандидатката да дојде до релевантни констатации и заклучоци. Прибирањето, систематизирањето и анализирањето на расположливите податоци, како и толкувањето на добиените резултати од истражувањето во докторската дисертација е извршено со примена на логичен и конзистентен пристап. Резултатите од истражувањето во докторската дисертација се искажани на јасен и разбирлив начин.

Презентираната структура на докторската дисертација ја остварува својата основна цел, а тоа е темелно сублимирање на клучните прашања поврзани со даночното избегнување и евазија, утврдување на состојбите во нашата земја, даночниот систем и даночната регулатива, како и детално проучување на применетите практики за избегнување на оданочувањето на законски и незаконски начин во современите економии и во Република Македонија. Во таа насока, истражувањето резултира со издржани и аргументирани мерки и активности за надминување на појавата за избегнување на даночната обврска, како и препораки за понатамошни анализи.

* * *

Врз основа на погоре изнесените констатации и оцени, Комисијата заклучува дека поднесената дисертација наполно ги задоволува критериумите за докторска дисертација. Со оглед на тоа, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје:

1. да го прифати извештајот за позитивна оценка на докторската дисертација на тема **ЕКОНОМСКИТЕ ЕФЕКТИ ОД ЛЕГАЛНИТЕ И НЕЛЕГАЛНИТЕ НАЧИНИ ЗА ИЗБЕГНУВАЊЕ НА ОДАНОЧУВАЊЕТО**, и
2. да ѝ одобри на кандидатката м-р Катерина Бошевска јавна одбрана на докторската дисертација.

Скопје, 8.4.2019 год.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Трајко Славески, претседател с.р.
Проф. д-р Михаил Петковски, ментор с.р.
Проф. д-р, Љубе Трпески, член с.р.
Проф. д-р Горан Петревски, член с.р.
Доц. д-р Сузана Макрешанска Младеновска, член с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ЗНАЕЊЕ ВРЗ РАЗВОЈОТ НА ИНОВАТИВНОСТА НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА “ ОД М-Р МАРИЈА ПЕНДЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 120, став 6 од Законот за високото образование (Сл. весник на Република Македонија бр. 64/00, 49/03, 113/05 и 51/07), членовите 56, 57, 58, 59, 60 и 61 од Правилникот за единствените основи за организирање постдипломски и докторски студии на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје и член 39 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Економскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, а според одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, под бр.02-62/2, донесена на 6.2.2019 година, определени сме за членови на Комисијата за оцена и одбрана на докторската дисертација под наслов **Влијанието на менаџментот на знаење врз развојот на иновативноста во претпријатијата во Република Македонија**, во состав: проф. д-р Благоја Ѓорѓијовски, ментор, проф. д-р Димитар Бојаџиоски, член, проф. д-р Кирил Постолов, член, доц. д-р Никола Левков, член и проф. д-р Љупчо Ефтимов, член, поднесена од кандидатката м-р Марија Пендевска.

ИЗВЕШТАЈ

1. ОПШТИ СОГЛЕДУВАЊА

Во рамките на овој докторски труд се истражува претпоставената поврзаност помеѓу практиките на менаџмент на знаење и нивото на иновативност во компаниите. Нивото на иновативност во работењето на компаниите е основа за остварување на долгорочна и одржлива конкурентска предност, без разлика дали станува збор за иновативност во вид на нови или значајно подобрени производи или услуги, нова менаџмент или организациска практика, нови маркетинг-методи и методи на настап на пазарот или пак, методи на производство и снабдување. Во услови на пазарна економија, основна движечка сила за развој на економијата е „креативната деструкција“ или економската иновација, која уште своевремено Шумпетер ја идентификувал како сила која ја револуционизира економската структура од внатре, уништувајќи ја старата и постојано креирајќи нова. Под влијание на развојот на иновативноста и широката дифузија на информацискатa технологија денес се наоѓаме на прагот на четвртата индустриска револуција. Во услови на глобална економија и интензивна конкуренција, компаниите денес се под силен притисок за унапредување на климата за иновативно однесување.

Од друга, иновативноста и самите аутпути на иновативната активност, тука, пред сé мислејќи на иновациите во вид на нови производи, услуги, менаџмент и организациски практики и сл. се производ на интелектуалната и мислечката активност, односно се производ на процесот на креирање на ново знаење. Она што денес со сигурност може да се каже е дека менаџментот на знаење и економијата на знаење, а во последно време и општество на знаење се термини кои предизвикуваат огромен интерес кај научниците, универзитетите, менаџмент-школите, владите, консултантите, студентите на постдипломски и докторски студии. Еден од клучните фактори по кој се разликуваат интелегентните бизнис-организации на 21 век е фокусот врз знаењето и иновативноста. За разлика од бизнисот во минатото, денес брзиот техничко-технолошки развој и глобализацијата бараат од организациите способност за собирање, управување и искористување на знаењето со цел поголема иновативност во работењето.

Во минатото, земјата, трудот и капиталот биле основните извори на конкурентската предност на националните економии. Денес, поголемиот дел од стапката на економскиот раст извира од секторот на знаење. Конкурентската предност извира од колективната способност за премостување на знаењето на луѓето кон создавање на нова вредност. Бизнисите базирани на знаење растат со незапирливо темпо, создавајќи нови пазари и креирајќи иновации, а притоа имаат многу мала потреба за задоволување на традиционалните барања како што се земја, труд и капитал.

Во рамките на овој докторски труд се истражуваат три клучни прашања: 1) Дали компаниите во Р. Македонија користат некој вид на практики на менаџмент на знаење? 2) Дали употребата на одредени

практики на менаџмент на знаење ја олеснуваат размената на знаење и креирањето на ново знаење? и 3) Дали подобрените процеси на собирање, складирање, дистрибуција и примена на знаењето во компаниите ја унапредуваат иновативноста во работеењето на компаниите? Одговорите на овие три прашања се од огромна важност за унапредување на иновативноста на компаниите во Р Македонија. Сознанијата во рамките на овој докторски труд може да им служат, пред сé, на претприемачите и менаџерите на компаниите во Р Македонија, но и на креаторите на економските политики во земјата кои треба да ја стимулираат приватната претприемачка иницијатива и иновативност кои се основа за остварување на долгорочен економски раст и развој на земјата.

2. ОПФАТ И СОДРЖИНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА

Докторската дисертација на кандидатката м-р Марија Пендевска со наслов **Влијанието на менаџментот на знаење врз развојот на иновативноста во претпријатијата во Република Македонија**, содржи 358 страници компјутерски обработен текст со 1,5 проред и големина на букви 12, со 331 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, емпириски истражувања и резултати од нив, во најголем дел од подрачјето на предметот на истражување, како и еден дел од областа на формирање на методолошката основа на истражувањата. Освен воведот и заклучните разгледувања, истражувањата - теоретски и емпириски се изведени во 4 меѓусебно поврзани глави. Емпириското истражување е поткрепено со графички прикази, табели и показатели. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Структурата на дисертацијата е следна:

I Вовед
II ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРАТА ПОВРЗАНА СО ПРЕДМЕТОТ НА ИСТРАЖУВАЊЕ
III. МЕТОДИ НА СОБИРАЊЕ И АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ
IV. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО
V. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА
VI КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Во **воведниот дел** изложени се актуелноста на предметот на , целите на истражувањето и дадена е структурата на трудот во вид на приказ на организација на самата докторска дисертација. Со истражувањето, кандидатката си поставила да постигне главно пет цели: 1) да испита дали компаниите во Р. Македонија користат одредени практики на менаџмент на знаењеч 2) да изврши идентификација на клучните практики на менаџмент на знаењеч 3) да испита дали тие практики придонесуваат кон подобро процесирање на знаењето како ресурс во компаниите и доведува до креирање на ново знаењеч 4) дали подобреното процесирање на знаењето и креирањето на новото знаење придонесува кон поголема иновативност на компаниите; 5) кои се најчестите видови на иновативност во вид на нов производ или услуга, нова менаџмент или организациска практика, нов метод на настап на пазарот и сл.

Структурата на трудот е кус приказ на организација на трудот во вид на преглед која го запознава читателот со клучните поенти на секоја од точките и главните потточки во вид на мапа која му помага на читателот полесно да се насочува кон одредени делови на трудот кон кои има поголем интерес.

Во **втората глава** на трудот, кандидатката се потрудила да постави теоретска рамка за двата клучни концепта на истражување и нивната поврзаност, а тоа се менаџментот на знаење и иновативноста. Во рамките на оваа глава кандидатката детално ги анализира новите наспроти класичните ресурси за остварување на конкурентска предност како податоците, информациите и знаењето. Во дискусијата акцентот го ставила на различните модели и теоретски рамки кои го поддржуваат циклусот на менаџмент на знаење и иновативното работење на компаниите. Во рамките на оваа глава, анализирани се и клучните фактори кои влијаат позитивно на развојот на иновациите, но и клучните бариери кои имаат ограничувачко влијание. Во рамките на теоретскиот преглед, кандидатката со особено внимание ги дискутира разликите кои постојат помеѓу одделните форми на знаење како што се експлицитното, имплицитното и премолченото знаење. Во осврот врз развојот на иновациите како аутпут на подобреното процесирање на знаењето, анализирана е и улогата на организациското учење како дел од првата генерација на менаџмент на знаење. Исто така, анализирани се и голем број други современи феномени како што се: отворена наспроти затворена иновација, радикална наспроти

инкрементална иновација, фругална иновација, нетехнолошки иновации, менаџмент со иновации, иновативност на бизнис-моделите и сл.

Централно место заземаат моделите на менаџмент на знаење кои поддржуваат иновативност во работењето, преку кои кандидатката прави елаборација за поврзаноста на двата клучни процеса: подобреното процесирање на знаењето како современ ресурс од една страна и унапредената иновативност во работењето на компаниите од друга страна. Теоретската експликација дадена во овој дел е основа за развој на идеите во вид на хипотези кои се тестираат во емпириските дел од докторската дисертација.

Во **третата глава** што носи наслов „Методи за собирање и анализа на податоците“ се претставени методите кои кандидатката ги користела за да обезбеди собирање на податоци кои што претставуваат корисна основа за емпирската анализа. Во рамките на овој дел се дадени објаснувањата за тоа како бил креиран прашалникот, која била процедурата за негово спроведување и методите со кои биле анализирани собраните податоци. Кандидатката за развој на прашалникот врши адаптација на два инструмента за мерење кои рпетходно биле користени во истражувањата. Првиот инструмент е базиран на моделот за менаџмент на знаење од Фраунхофер институтот со делумна адаптација преку вклучување на мерните индикатори за организациското учење. Во делот на мерење на иновациската активност се користи инструментот од прирачникот од Осло, каде иновативните активности се дефинирани врз основа на два концепта: субјективен и објективен односно иновативно претпријатие и иновативна активност.

Во рамките на истата глава, собраните податоци, главно, се анализраат преку две методи: 1) дескриптивна статистичка анализа, која, главно, служи за опишување на состојбите и за идентификација на клучните параметри во доменот на менаџментот на знаење и иновативноста на компаниите во Р Македонија и 2) Хи квадрат тест, кој, како метод, главно е користен за тестирање на поврзаноста на одредени практики на менаџмент на знаење и нивото на иновативност во компаниите. Во рамките на истата глава е процедурата за тоа како е спроведена дескриптивната статистичка анализа и анализата преку Хи квадрат тестирање. За спроведување на тестовите е користена статистичката алатка SPSS.

Во **четвртата глава,** која е насловена „Резултати од истражувањето“ е делот каде што кандидатката ги презентира добиените резултати од истражувањето и нив ги дискутира, ги анализира и ги споредува со резултатите добиени во други студии во рамките на истото подрачје на истражување. Во рамките на резултатите од истражувањето може да се заклучи дека најголем процент од претпријатијата имаат затворен систем на иновациска активност, односно само мал број на компании покажуваат соработка со научно-образовните институции, што укажува на многу низок степен на поврзаност на научните и академски истражувања со работењето на претпријатијата. Исто така, од резултатите се потврдува поврзаноста помеѓу примената на практики на менаџмент на знаење на персонално и организациско ниво.

Во **заклучните согледувања,** кандидатката врши сумарна анализа на резултатите добиени од истражувањето и укажува на потенцијалните ограничувања на самото истражување. На крајот се изведени и неколку општи заклучоци од истражувањето и предложените препораки за идното однесување на организациите како би можеле да ја зголемат употребата на некои практики на менаџмент на знаење со цел да ја унапредат иновациската активност и на тој начин да ја унапредат својата конкурентност. Заклучните согледувања претставуваат корисен сублимат на клучните поенти од овој истражувачки проект дадени на крајот од трудот како еден финален

3. ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Марија Пендевска, со наслов **Влијанието на менаџментот на знаење врз развојот на иновативноста во претпријатијата во Република Македонија**, претставува истражување во подрачјето на организациските науки и потесната област на менаџмент на знаење и иновативност. Изработката на темата на оваа докторска дисертација бара одговор на прашањето каква е поврзаноста помеѓу практиките на менаџмент на знаење и нивото на иновативност во компаниите во Р Македонија. Во формулирањето на предметот на истражување и во поставувањето на целите и задачите земени се предвид влијанијата на различните видови практики на

менаџмент на знаење, како на персонално така и на организациско ниво, сé со цел да се увиди нивното влијание врз потенцијално зголемената иновациска активност на компаниите.

Менаџментот на знаење и иновативноста се многу актуелни концепти во денешните академски истражувања и светот на бизнис-практиката. Знаењето е ресурс на 21 век и сé повеќе се зборува за важноста на концептите економија базирана на знаење и општество базирано на знаење. Иновативното однесување на компаниите секогаш е најдобриот пат кон долгорочна одржлива конкурентска предност на компаниите и долгорочен динамичен економски раст на економиите. Многу лесно се забележува корелацијата помеѓу бројот на регистрираните патенти во земјите, рангирањето на најиновативните компании во светот, најиновативните земји во светот, трошењето за истражување и развој и економскиот раст и развој на земјите. Оттука проблематиката која кандидатката ја истражува во овој докторски труд е многу интересна, а од особен интерес е да се проучи феноменот на поврзаноста на менаџментот или начинот на кој компаниите го третираат знаењето во своето работење и иновациската активност.

Централни неколку прашања кои се третираат од страна на кандидатката Марија Пендевска се: 1) Дали компаниите во Р Македонија имаат некои практики да го зафаќаат знаењето од своите вработени, истото да го складираат и стават на располагање на другите вработени? 2) Дали компаниите имаат изградено колаборативни системи за размена на знаење во рамките на компанијата и надвор од неа, се со цел стимулирање на иновативноста? и 3) Дали компаниите кои имаат повеќе практики на менаџмент на знаење имаат и поголем аутпут во делот на поголема иновациска активност? Ова се клучните прашања кои кандидатката ги адресира во своето истражување и се обидува да даде одговор на факторите кои влијаат на таквите поврзаности помеѓу овие два клучни конструкта: 1) менаџмент на знаење како објаснувачки конструкт и 2) ниво на иновациска активност како респонзивен конструкт.

Кандидатката, покрај теоретската разработка на проблематиката на истражувањето извршила и емпириска анализа преку собирање на податоци преку метод на прашалник. Согласно со резултатите од истражувањето на докторскиот труд, компаниите во Р Македонија имаат релативно добра инфраструктура за развој на практики на менаџмент на знаење со цел унапредување на иновативноста во работењето. Значаен заклучок до кој доаѓа кандидатката преку своето истражување е дека постои значајна поврзаност помеѓу практиките на менаџмент на знаење на индивидуално и организациско ниво. Значаен заклучок од истражувањето е дека, главно, компаниите имаат затворен систем на иновациска активност која е резултат на соработка со акадамеските институции надвор од компанијата. Тоа значи дека колаборативните системи за размена на знаење, како и изградба на заеднички експертни листи во вид на корпоративни жолти страници значајно можат да придонесат кон унапредување на размената на знаење надвор од границите на компаниите со цел да се унапреди иновациската иновативност. Тоа значи дека се потребни дополнителни инвестиции во развој на практиките на менаџмент на знаење и изградба на посилна инфраструктура за складирање и размена на знаење како во рамките на самите компании, така и надвор од нивните граници. Како финален заклучок од докторскиот труд е дека доколку се погледне нивото на зрелост на користењето на практиките на менаџмент на знаење на компаниите во Р Македонија, има голема разлика во зависност од големината на компанијата и самата дејност на компанијата.

Самото истражување, покрај придонесот кој го дава во поглед на сознанијата за присуството или отсуството на одделни пракики на менаџмент на знаење кај деловните субјекти во Р Македонија, има и некои инхерентни ограничувања. Оттука, резултатите во трудот секогаш треба да се толкуваат во светло на споменатите ограничувања. Големината на примерокот од аспект на бројот на испитаниците и бројот на компаниите секогаш треба да се има предвид кога се анализираат резултатите. Исто така, и дозата на субјективната интерпретација на резултите и опасноста на присуство на одредено ниво на истражувачка пристрасност од страна на истражувачот, покрај строгоста на статистичките анализи, може да се третира како извесно ограничување во изведувањето на заклучоците во трудот.

Емпириската анализа за употребата на практиките на менаџмент на знаење упатува на следниве неколку поважни заклучоци:

- Компаниите во Република Македонија, опфатени во истражувањето, покажуваат дека се свесни за важноста на развој и употреба на практики на менаџмент на знаење со цел унапредување на иновативноста.
- Истражувањето покажува дека најголемиот број од компаниите имаат затворен систем на иновациска активност и релативно слаба соработка со универзитетите и академската заедница како основ за трансфер на знаење и стимулација на иновациската активност.
- Компаниите имаат релативно добра инфраструктура за развој на практики на менаџмент на знаење, но сепак тие се користат во ограничен домен.
- Потребни се дополнителни проекти во областа на менаџмент на знаење, со што би се подобрило процесирањето на знаењето во компаниите како основа за иновациска активност.
- Потребни се дополнителни инвестиции во развој на колаборативни системи и системи за размена на знаење, со цел надминување на силосниот приод на иновациската активност во компаниите во Р Македонија.

Содржината на докторскиот труд е логична и во целост ги следи усвоените тези. Стилот на изнесување на материјата е јасен, концизен и недвосмислен, што овозможува полесно следење на материјата. Техничката обработка на трудот е на високо ниво и истиот е компјутерски обработен и лекториран.

Имајќи ги предвид напред наведените сознанија, докторската дисертација на кандидатката м-р Марија Пендевска, со наслов **Влијанието на менаџментот на знаење врз развојот на иновативноста во претпријатијата во Република Македонија**, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

4. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Оригиналноста на докторската дисертација беше проверена од менторот преку софтверскиот пакет на проверка на плагијати на Министерството за образование и наука, при што е констатиран степен на совпаѓање 3,06% во 1 359 документи.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката **м-р Марија Пендевска** со наслов **Влијанието на менаџментот на знаење врз развојот на иновативноста во претпријатијата во Република Македонија**.

Скопје, 8.4.2019 год.

КОМИСИЈА
Проф. д-р Димитар Бојаџиоски, претседател с.р.
Проф. д-р Благоја Ѓорѓијовски, ментор с.р.
Проф. д-р Кирил Постолов, член с.р.
Доц. д-р Никола Левков, член с.р.
Проф. д-р Љупчо Ефтимов, член с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „НЕТРГОВСКИ БАРИЕРИ ВО МУЛТИЛАТЕРАЛНИОТ ТРГОВСКИ СИСТЕМ”, ОД М-Р БЛАГОЈ СЕРСЕМОВ, ПРИЈАВЕНА НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 25.3.2019 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Благој Серсемов со наслов „Нетрговски бариери во мултилатералниот трговски систем“, во состав: проф. д-р Љубица Костовска (претседател), проф. д-р Ирена Кикеркова (ментор), проф. д-р Владимир Петковски (член), проф. д-р Катерина Тошевска Трпчевска (член) и доц. д-р Елена Мкревска Дисоска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Благој Серсемов, со наслов „Нетрговски бариери во мултилатералниот трговски систем“, содржи 267 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman (кирилична поддршка), со 1,5 проред и големина на букви 12, со вкупно 438 фусноти, 27 табели, 18 графикони, 367 библиографски единици, меѓу кои научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во пет глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата што е обработена во истражувањето. На крајОТ, во анекс е приложен прашалникот што кандидатот го користел за истражувањето и оценката на влијанието нетрговските бариери и нивното влијание врз македонските извозници.

Во **воведот** на трудот, изложени се предметот и целите на истражувањето, хипотезата, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето. Кандидатот укажува на постоењето на посебни бариеири во надворешнотрговската размена што не се воведуваат со примарна задача - регулирање на надворешнотрговската размена, туку примарно тие регулираат некои други области важни за благосостојбата на луѓето, живиот свет и човековата околина. Меѓутоа, тие имаат значително влијание врз зголемувањето на трошоците во размената, а честопати ја попречуваат слободната трговска размена и делуваат еднакво рестриктивно како забРана за увоз/извоз. Оттука, на дел од овие бариери им се посветува посебно внимание во новата Спогодба за олеснување на трговијата на Светската трговска организација.

Првата глава со наслов „Третманот на нетрговските бариери во СТО“ ги дефинира и врши детална анализа на одделните видови на нетрговските бариери и на начинот на нивното регулирање во мултилатералниот трговски систем. Потоа, во фокусот на анализата се насочува кон техничките бариери. Со оглед на фактот што ТБТ Спогодбата е донесена во рамките на Спогодбата за санитарни и фитосанитарни мерки на новиот ГАТТ, во овој дел прво темелно се елаборирани санитарните и фитосанитарните мерки и начинот на кој тие се третирани во Потспогодбата за санитарни и фитосанитарни мерки на СТО. Потоа, е образложен начинот на кој техничките бариери се ставени во рамките на регулативата на СТО.

Втората глава, насловена „Административни бариери“, најпрво ги дефинира овој вид бариери во меѓународната размена и нивните основни карактеристики. По општото дефинирање на поимот на административните бариери и нивните основни карактеристики следува темелна анализа на секој одделен вид административни бариери согласно СО нивната меѓународна класификација. На крајот од главата е прикажан третманот на овие бариери во меѓународната регулатива.

Нетрговските бариери претставуваат сериозен проблем за влез во на пазарите на земјите што имаат потпишано некаков мултилатерален преференцијален трговски договор. Ова е вака заради тоа што регионалните интеграции можат да не ги почитуваат во целост правилата дефинирани во мултилатералниот трговски систем и можат да воведуваат поригорозни правила и практики од оние предвидени со стандардната меѓународна трговска регулатива од областа. Ова особено важи за Европската унија како најсложен мултилатерален преференцијален меѓународен трговски договор во современото економско окружување. Затоа, **третата глава**, „ЕУ и нетрговските бариери“, целосно е

посветена на анализата на сите видови нетрговски бариери и начинот на нивно елиминирање на Единствениот европски пазар. На крајот од оваа глава е дадена и анализа на нетрговските бариери кои сè уште се употребуваат во меѓусебната трговија помеѓу земјите членки на ЕУ.

Четвртата глава со наслов „Нетрговски бариери во надворешнотрговскиот систем на Република Македонија“ започнува со целосен приказ на институционалниот и правниот систем во Република Македонија, односно прикажани се институциите и законите со кои се регулираат техничките бариери, санитарните и фитосанитарните бариери и административните бариери. Во рамките на оваа глава е поместено истражувањето спроведено во 60 компании, активни учесници во надворешнотрговското работење во земјата, и направена е анализа на нетрговските бариери што претставуваат најголемо оптоварување и го усложнуваат работењето на македонските компании. Истражувањето докажа дека за македонските извозници најголем проблем е постоењето на административните бариери и на нејасните и нетрансарентни технички пропоиси. Овие проблеми се јавуваат речиси со еднаков интензитет и при настапот на пазарот на ЕУи при настапот на пазарите на земјите-членки на ЦЕФТА-2006. Истражувањето потврди дека постоењето на овој вид бариери и потребата од дополнителни плаќања за стекнување на најразлични сертификати за испорачуваните стоки претставува сериозен дополнителен трошок за сите македонски извозни компании.

Заклучните согледувања претставуваат сублимирање на теоретските аспекти и синтеза на резултатите од компаративната и емпириската анализа од кандидатот како основа за дефинирање на идните насоки и препораки за навремено откривање на постојните и новопојавените нетрговски бариери и за можите начини за нивно премостување во нашата земја. По заклучните согледувања следува прегледот на користената литература и анексот со прашалникот што се користел за спроведување на истражувањето во рамките на докторската дисертација.

Предмет на истражување

Предмет на истражување е дефинирање и утврдување на основните карактеристики на трите основни видови нетрговски бариери во меѓународната трговија (техничите, санитарните и фитисанитарните и административните бариери); анализа на начините на кои тие ја попречуваат слободната трговска размена; начинот на кој тие придонесуваат за дополнително усложнување на надворешнотрговската размена на примерот на функционирањето на Единствениот пазар на ЕУ и компаративна и емпириска анализа на практичните искуства од последиците што од овие бариери произлегуваат за македонските извозни компании.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Во актуелниот момент, подрачјето во кое е работена докторската дисертација доаѓа во фокусот на вниманието заради огромните промени што се случуваат во мултилатералниот трговски систем со стапувањето во сила на Спогодбата за олеснување на трговијата како нова мултилатерална спогодба што има обврзувачко дејство за сите членки на СТО од 2017 година. Техничките, санитарните и фитосанитарните бариери биле предмет на регулирање на СТО уште со нејзиното формирање, но новата Спогодба за олеснување на трговијата за прв пат се обидува да воспостави меѓународни правила за регулирање на употребата на администратините бариери во земјите членки. Во Република Македонија досега се вршени подетални анализи на применуваната царинска политика од аспект на класичните трговски инструменти, но не и посеопфатни емпириско-теоретски истражувања поврзани со функционирањето на нетрговските бариери и последиците од нив врз надворешнотрговската размена и попречувањето на трговската либерлизација. Токму затоа, придонесот на докторската дисертација во избраното истражувачко подрачје е од посебно значење за економската теорија.

Краток опис на применетите методи

Истражувањето спроведено за потребите на оваа докторска дисертација се базира на употреба на неколку истражувачки методи: индуктивно-дедуктивен метод; методите на анализа и синтеза; историски метод; компаративен метод и анализа на секундарни податоци. За остварување на задачите во рамките на истражувањето, изготвен е посебен прашалник, што е дистрибуиран до испитаници од редот на македонските извозни компании. Добиените одговори од вкупниот број на испитаници на кои им е дистрибуиран анкетниот прашалник е соодветен на стандардите за оформување на репрезентативе примерок со што добиените резултати стануваат статистички значајни. Истовремено, се минимизираат субјективноста на истражувачот и грешките при анализа на добиените резултати. При анализата во целост е запазена доверливоста на податоците од анкетираните компании.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од истражувањето спроведено за потребите на изработка на докторската дисертација можат да се сумираат на следниов начин:

- Докторскиот труд прави сеопфатна анализа на досега донесената регулатива во рамките на Светската трговска организација за надминување или за обезбедување минимум неопходна контрола на (зло)употребата на бројните и најразновидни нетрговски бариери, а во функција на овозможувањето на вистинска трговска либерализација во меѓународната стоковна размена.
- Анализата во докторскиот труд јасно укажува на фактот дека во услови кога мултилатералната трговска регулатива не дозволува зголемување на трговската заштита преку зголемување на заштитата со помош на класичните трговски мерки и инструменти, се појавува изразена тенденција не сè поголема употреба на нетрговските барирери. Поновите податоци потврдуваат дека на местото на отстранетите нетрговски бариери со неверојатна брзина се воведуваат нови, а бројот на нововедените нетрговски бариери далеку го надминува бројот на отстранетите од употреба. Така, во современиот мултилатерален трговски систем овој вид бариери сочинува дури 86 % од вкупната применувана трговска заштита.
- Факт е дека развиените економии се лидери во воведувањето на најразлични рестриктивни практики што се извор на нови нетрговски бариери. Со тоа тие ги штитат спствените производства и го ограничуваат пристапот на нивните пазари дури и во услови кога не постојат други, трговски бариери, што би ја попречувале слободната трговска размена. Ова секако многу ги погодува помалку развиените земји, бидејќи тие ниту имаат ресурси, ниту доволен капацитет за да ги следат развиените економии во оваа област.
- Со оглед на значењето и обемот на вкупната размена на нашата земја со трговските партнери од ЕУ, како и со оглед на виртуозноста со која земјите-членки на ЕУ воведуваат нови и вршат постојано надградување на постојните нетрговски бариери, трудот темелно ги анализира постојните нетрговски бариери и начинот на кој тие се регулирани на Единствениот пазар на ЕУ.
- Посебен придонес докторската дисертација прави со истражувањето на видовите нетрговски бариери со кои се соочуваат македонските извозни компании при нивниот настап на пазарот на ЕУ и на пазарите на земјите-членки на ЦЕФТА-2006, како и на последиците врз надворешнотрговската размена што настануваат од постоењето на овие бариери.
- Истражувањето потврди дека нетрговските бариери имаат негативно влијание врз вкупната надворрешнотрговска размена, значително го отежнуваат и го поскапуваат настапот на странските пазари и ги поништуваат ефектите од трговската либерализација постигната со елиминирање на класичните трговски бариери. Негативните ефекти од нивното делување треба да се сфатат многу сериозно, кога се има предвид дека 95 % од надворешнотрговкста размена на нашата земја се одвива со трговските партнери од ЕУ и од ЦЕФТА-2006 под преференцијални услови и со целосно отстранување на царинскиот и на контингентскиот режим кај индустриските и кај најголем дел од земјоделските производи.
- Најголем дел од анкетираните компании се изјасниле дека имаат најголеми проблеми со најразличните административни бариери на пазарите на кои настапуваат, како и со нетранспарентните и нејасни технички прописи, што во многу случаи се извор на дискриминација на македонските производи при извоз.
- За 38-60 % од испитаниците обезбедувањето на различни сертификати за секој одделен извоз предизвикува дополнителни трошоци што го прават македонскит извоз значително поскап, а со тоа и понеконкурентен на странските пазари.
- Во македонската економија е направен сериозен напор за надминување на проблемот на нетрговските бариери во трговијата со нашите најзначајни трговски партнери. Во оваа смисла до крајот на 2018 година биле усвоени вкупно 23.110 европски стандарди во националното македонско законодавство, но сè уште не постои регистар на технички прописи, сите стандарди не се преведени на македонски јазик, а не постои ниту

стратегија за развој на системот за инфраструктура на квалитет. Ова дополнително го отежнува работењето на македонските компании и го попречува процесот на трговска либерализација.

- Во поглед на отстранување на дел од администативните бариери се прави напор за целосно бесхартиено работење на Царината, како и воспоставување на заеднички гранични премини со соседните земји членки на ЦЕФТА-2006, каде што со само едно застанување треба да се заврши комплетната царинска постапка. Меѓутоа, останува проблемот на несоодветната и застарена сообраќајна инфраструктура што создава бројни тесни грла и го забавува протокот на возилата.
- Препораките за надминување на негативните ефекти од функционирањето на нетрговските бариери одат во прилог на неопходноста од зајакнување на соработката меѓу земјите членки на ЦЕФТА-2006 и унапредување на оваа регионална интеграција во регионална економска зона, што ќе овозможи намалување на бројот на потребни документи во регионалната трговската размена и на бројот на царински контроли. Кандидатот м-р Серсемов смета дека дополнително олеснување би било постигнато со создавање на препознатливо пакување и етикетирање на производите на регионално ниво што би го олеснило нивниот проток и би ја зголемило нивната препознатливост и на пазарот во ЕУ. Воедно, потребен е и поголем напор за овозможување на проценка на ризикот при извоз/увоз на стоки од регионален аспект од што полза ќе имаат сите членки на ЦЕФТА-2006.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Благој Серсемов, со наслов „Нетрговски бариери во мултилатералниот трговски систем“, претставува истражување во областа на меѓународната економија. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да ги дефинира и разграничи постоечките трговски од нетрговските бариери. Во докторската теза нетрговските бариери се делат на три одделни јасно разграничени групи, при што јасно и недвосмислено се објаснети карактеристките на секој од утврдените видови, неопходноста од нивното постоење особено од аспект на здравјето на луѓето, животните и растенијата, заштитата на интересите на потрошувачите и еколошките аспекти на заштита. Меѓутоа, истражувањето става посебен акцент на можноста од несоодветна употреба на овој вид барири со цел попречување на слободната трговска размена. Истражувањето во значителна мера се потпира на теоретско-апликативната анализа на специфичностите и карактеристиките на актуелно применуваната царинска политика во земјата, со посебен акцент на влијанието на меѓународното окружување и на преземените обврски во рамките на новата Спогодба за олеснување на трговијата на СТО, која е обврзувачка и за нашата земја. Резултатите од истражувањето на докторската дисертација недвосмислено укажуваат на штетите што настануваат во меѓународната економија, но и на ниво на национална економија, заради сè поизразената тенденција за воведување на сè поброjни и нови нетрговски бариери во услови кога дополнителната заштита не може да се постигне со воведување или зголемување на постојните интервенционистички мерки. Штетите произлегуваат главно од усложнување на процедурите и значителното успорување на трговските стоквни текови, што директно доведува до покачување на трошоците во трговската размена.Овие тврдења во целост се потврдени и со истражувањето направено за нетрговските бариери со кои се соочуваат македонските извозни компании.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Благој Серсемов, со наслов „Нетрговски бариери во мултилатералниот трговски систем“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатот се: 1) напуштање на традиционалните постулати за улогата и значењето на царинската политика како основна заштитничка на предностите на националните индустрии врз принципот на спречување на конкуренцијата од увезените странски производи и пренасочување на фокусот на анализата врз растечката тенденција на воведување бројни нетрговски бариери од кои настануваат многу понеповолни ефекти врз слободната трговска размена; 2) интегрирана анализа на актуелната мултилатерална трговска регулатива, произлезена од Светската трговска организација со воведувањето на Спогодбата за олеснување на трговијата; 3) анализа на регулативата од областа на Европската унија, што е од особена важност за нашите извозници со оглед на доминацијата на партнерите од ЕУ во вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, од една

страна, и потребата за целосна хармонизација на важечките прописи во нашата земја заради идното членство во Унијата, од друга страна; 4) ставање посебен акцент на утврдувањето на нетрговските бариери што особено го отежнуваат работењето на македонските извозни компании на пазарот на ЕУ и пазарите на ЦЕФТА-2006; 5) давање на препораки за надминување на најсериозните проблеми со кои се соочуваат македонските извозници врз основа на извршената анализа во трудот и добиените резултати од неа.

Подрачјето на примена и ограничувањата се: 1) недостаток на развиена и детализирана економска теорија за јасна идентификација и типизација на нетрговските бариери, особено на оние што произлегуваат од брзиот развој на информатичката технологија, што значително го отежнува истражувањето и мерењето на несаканите ефекти од воведување на овој вид бариери во споредба со класичните трговски бариери и 2) мошне ограничена релевантна статистичка база или соодветни веќе спроведени мерења во областа за споредба на добиените резултати.

Трудот дава широка основа за вршење низа нови истражувања од аспект на ефектите од олеснувањето на трговијата.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Благој Серсемов** со наслов **Нетрговски бариери во мултилатералниот трговски систем.**

Скопје, 17.4.2019 година

КОМИСИЈА

Проф. д-р Љубица Костовска, претседател, с.р.

Проф. д-р Ирена Кикеркова, ментор, с.р.

Проф. д-р Владимир Петковски, член, с.р.

Проф. д-р Катерина Тошевска Трпчевска, член, с.р.

Доц. д-р Елена Макревска Дисоска, член, с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА 2 ЛИЦА ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ХИРУРГИЈА И ТРАУМАТОЛОГИЈА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 19.1.2019 година, за избор на 2 лица во сите научни звања во научните области хирургија и трауматологија, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-505/30, донесена на 6.2.2019, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Игор Кафтанџиев редовен професор на Катедра за хирургија при Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Христијан Костов доцент на Катедрата за хирургија при Медицински факултет во Скопје, д-р Владо Јаневски редовен професор на Катедрата за хирургија при Медицинскиот факултет во Скопје.

На објавениот конкурс за избор на 2 лица во сите научни звања во научните области: хирургија и трауматологија, во предвидениот рок се пријавија асистент докторант д-р Андреја Гавриловски и асистент докторант д-р Илир Хасани.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

1. Биографски податоци и образование

Кандидатот ас д-р Андреја Гавриловски е роден на 14.5.1977 година, во Скопје. Средно образование завршил во општа гимназија "Јосип Броз Тито" во Скопје во 1994 година. Со високо образование се стекнал на Медицинскиот факултет при Универзитетот " Св. Кирил и Методиј " во Скопје, Македонија. Дипломирал на 2002 година, со просечен успех 9,1. Кандидатот активно се служи со англискиот(Cambridge English, part of University of Cambridge – level B2) и има познавања од српскиот јазик.

На Универзитетската клиника за трауматологија во Скопје, се вработил во 2003 год. Специјалистичкиот испит по општа хирургија го положил на 13.2.2009 год., со што се стекнал со звањето специјалист по општа хирургија. Супспецијалистичкиот испит по трауматологија го положил на 14.9.2018 год., со што се стекнал со звањето субспецијалист по трауматологија.

Докторска дисертација пријавил на 2011 година на Медицинскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: "Минимално инвазивен третман на платотобијални скршеници со контралатерална елевација-споредба со стандардна хируршка техника" ја одбранил 25.2.2017 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Анастасика Попоска (ментор), ороф. д-р Игор Кафтанџиев, проф. д-р Никола Оровчанец, проф д-р Славчо Стојменски, проф. д-р Насир Бецети. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област Хирургија.

На 12.5.2015 година е избран во звањето асистент докторанд по предметот Хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Медицинскиот факултет, кандидатот д-р Андреја Гавриловски, асистент докторанд, изведува наставно-образовна дејност (клинички вежби) на I циклус студии за студентите по општа медицина – предмет – Хирургија/Трауматологија, како и здравствена клиничка практика. Кандидатот е едукатор на специјализанти од хируршките области при спроведување на турнусите според Правилникот за специјализации и супспецијализации на Медицинскиот факултет.

Научноистражувачка дејност

Д-р Андреја Гавриловски има објавено вкупно 23 научни трудови од областа на трауматологијата, од кои 7 во меѓународни научни списанија. Д-р Андреја Гавриловски учествувал како член во 1 научен проект. Свои секциски предавања одржал на научни/стручни собири во земјата и во регионот.

Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Андреја Гавриловски активно е вклучен во стручно-применувачката работа на Универзитетската клиника за трауматологија како специјалист по општа хирургија и супспецијалист по трауматологија. Стручно усовршување во странство остварил повеќепати, и тоа во Израел,Србија,Хрватска и Словенија со студиски престој од 1 до 9 недели. Коавтор е на книга од стручната област („Специјална хирургија“ при Медицинскиот факултет). Прв пат во државата воведува нова клиничка метода во областа на медицинските науки и здравството (минимално инвазивен третман на платотибијални скршеници со контралатерална елевација).

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:

Андреја Божидар Гавриловски

Институција:

Медицински факултет,Универзитетска клиника за трауматологија при ЈЗУ ТОАРИЛУЦ

Научна област:

КЛИНИЧКА МЕДИЦИНА - ХИРУРГИЈА

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВОНАУЧНО ЗВАЊЕ – **НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува:9,21	да
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: клиничка медицина, поле: хирурија, подрачје: трауматологија. **Минимално инвазивен третман на платотибијални скршеници со контралатерална елевација – споредба со стандардна хируршка техника**	да
3	Објавени најмалку четири научни труда** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	да
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание:Прилози 2. Назив на електронската база на списанија:_Index Medicus and Medline 3. Наслов на трудот: Importance of perioperative prophylaxis with cefuroxime or ceftriaxone in the surgical site infections prevention after cranial and spinal neurosurgical procedures prevention 4. Година на објава: 2017	
3.2	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание:Acta Morphologica 2. Назив на електронската база на списанија:Index Medicus and Medline 3. Наслов на трудот: Minimally invasive treament using contra lateral elevation of Tibial Plateau fractures – results and protocol of treatment. Година на објава: 2016	да
3.3	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 1. Назив на научното списание: Acta Morphologica 2. Назив на електронската база на списанија:Index Medicus and Medline 3. Наслов на трудот: Treatment of Tibial Plateau fractures - Comparative analysis of two operative techiques. 4. Година на објава: 2015	да
3.4	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование 5. Назив на научното списание:Macedonian Medcal review 6. Назив на електронската база на списанија:Index Medicus and Medline 7. Наслов на трудот:Clinical outcomes of three different modes of femoral hamstring graft fixation in anterior cruciate ligament recnstruction.. Година на објава: 2014	да

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји 1. Назив на зборникот: Книга на абстракти 2. Назив на меѓународниот собир: 4 ти Конгресс на Мадот 3. Имиња на земјите:Македонија, Србија, Израел 4. Наслов на трудот: New trend to deep vein thrombosis prophylaxis in trauma patients 5. Година на објава: 2017	да
3.6	Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност 1. Наслов на преведеното капитално дело: Учебник по хирургија - Сабистон 2. Година на објава: 2013 3. Издавач, место на издавање и година: Табернакул, Скопје 2013 година.	да
4	Познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на Универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа 1. Странски јазик:Англиски 2. Назив на документот: Cambridge English Level 1 Certificate in EOSL Intrernational - B2 3. Издавач на документот: University of Cambridge 4. Датум на издавање на документот: 30.06.2015 година	
5	Има способност за изведување на високообразовна дејност	да

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Игор Кафтанциев с.р.

Доц. д-р Христијан Костов с.р.

Проф. д-р Владо Јаневски с.р.

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Андреја Божидар Гавриловски

Институција: Медицински факултет, Универзитетска клиника за трауматологија

Научна област: клиничка медицина - трауматологија

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Одржување на менторска настава за здравствена клиничка пракса - 1320	79.2
2	Одржување на вежби - 640	19.2
3	Едукатор на здравствена едукација, 8 специјализанти - 174 недели	222.72
	Вкупно	321.12

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1	Трудови со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт – фактор за годината во која е објавен трудот, во кое што трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, кое што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journak Citation Report SCImago Journal Rank, MathSCI Net, Zentralblatt fur Mathematik и Референтни журнал “Математика” или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование • The importance of perioperative prophylaxis with cefuroxime or ceftriaxone in the surgical site infections prevention after cranial and spinal neurosurgical procedures prevention. Dimovska-Gavrilovska A, Chaparovski A, Gavrilovski A, Milenkovik Z. Contributions, Sec of Med., XXXVIII 1 2017; 83-96. - 4 автори	3

	• **Minimally invasive treatment using contra lateral elevation of Tibial Plateau fractures – results and protocol of treatment. Gavrilovski A, Dimovska-Gavrilovska A, Nikolov LJ, Kaftandziev I, Poposka A. Acta morphologica. 2015; Vol.12(2):80-83. - 5 автори**	**3**
	• **Treatment of Tibial Plateau fractures – Comparative analysis of two operative techiques. Gavrilovski A, Dimovska-Gavrilovska A, Nikolov LJ, Kostov H, Stojmenski S, Kaftandziev I, Poposka A. Acta morphologica. 2016; Vol.13(2):17-25. - 7 автори**	**3**
	• **Нов пристап кон Тромбопрофилакса во Трауматологија и Ортопедска хирургија кој се базира на ACCP препораките 2008-2012. Стојменски С. Гавриловски А. Костов Х. Трпески С. Арсовски О. Хасани И. Македонско ортопедско-трауматолошки гласник бр 5. Декември 2014 стр. 5-11. - 6 автори**	**3**
	• **Clinical outcomes of three different modes of femoral hamstring graft fixation in ACL reconstruction. Kostov H. Kaftandziev I. Arsovski O. Gavrilovski A. Macedonian medical review 2014; 14 (1) 53 -57. - 4 автори**	
	• **Diagnostic significance of MRI na Arthroscophy findings for lateral an medila meniscal tears Kostov H. Stojmenski S. Gavrilovski A. Kostova E. Hasani I., Physioacta Vol.7-No.3. 2013 51-59. - 6 автори**	**3**
	• **Comparative analysis of clinical and arthroscopic findings in ACL injury of the knee. Kostov H, Stojmenski S, Hasani I, Kostova E, Gavrilovski A., Medicus ISSN 1409-6366 UDC 61 Vol 19(2).2014 257-263. - 5 автори**	**3**
	• **Diagnostic significance of clinical and arthroscopic findings in latrel and medial meniscus of the knee. Kostov H, Hasani I, Gavrilovski A,**	

	Merdzanovski I., Acta Morphologica 2013 39-43 - 4 автори • **Treatment of decubitus ulcer stage IV in the patient with polytrauma and vertical share pelvic fracture, diagnosed Enterocollitis and deep wound infection with Clostridium Difficile with combined negative pressure wound therapy (NPWT) and faecal management system: case report. Stojmenski S, Merdzanovski I, Gavrilovski A, Pejkova S, Dzokic GJ, Tudzarova S. Open access Maced. J. Med. Sci 1-3. - 6 автори**	**3** **3** **3**
		27
2	**Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност -** **Учебник по Хирургија Сабистон Табернакулум 2013 година**	**5**
3	**Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество** • **AO Trauma Course- Lower Limb – 23-24 Ноември 2018 година - 2 предавања** • **Стручен симпозиум на тема “ Дегенеративни заболувања и повреди на колениот зглоб ” 18.3.2016 година**	**4** **2**
		6
4	**Апстракти објавени во зборник на конференција –меѓународна - Книга на апстракти за 4ти Конгрес на Мадот со меѓународно учество** • **Fixation with proximal femoral nail as a method that has been preferred as a treatment in pertrochanteric fractures at the University Clinic of Traumatology in Skopje – Analysis and results of five years clinical experience. Stojmenski S, Gavrilovski A, Merdzanovska I, Jakimovska V, Georgievski G. Конгрес на МАДОТ со меѓународно учество – Книга на абстракти, 26-29. 4. 2018 Охрид, Македонија.** • **New trend to deep vein thrombosis prophylaxis in trauma patients. Stojmenski S, Gavrilovski A,**	**1** **1**

	Merdzanovski I, Petrrovska B, Jakimovska V, Georgievski G. Конгрес на МАДОТ со меѓународно учество – Книга на абстракти, 26 -29 4 2018 Охрид, Македонија. • **Case Report. Retretmeant of Osteomielitis of Proximal Phalang of Right Toe with External Fixateur, XVI Macedonia Medical Congress – Abstract book, 6/2003 Ohrid, Macedonia. Gavrilovski A. Stojmenski S.** • **Treatment of Platotibial Fractures with Minimal Invasive Osteosythesis, Proceedings of Scientific Committee on Human Movement Matters, 2003, Rousse, Bulgaria.** • **Management of Displaced Femoral Neck Fractures in Young Adults, Congress of Bulgarian Orthopedics and Trauma Surgeons with International Participation, 10/2004, Plovdiv/ Bulgaria. Kostov H. Kaftanziev I. Gavrilovski A** • **Treatment of Intertrochanteric Fractures in Elderly, X Congress of Bulgarian Orthopedics and Trauma Surgeons with International Participation, 10/2004, Plovdiv, Bulgaria.** • **Two years experience with BWM Spinal Fixateur System, IX Congress of Bulgarian Orthopedics and Trauma Surgeons with International Participation, 10/2004, Plovdiv, Bulgaria. Stojmenski S. Simeonov M. Gavrilovski A.** • **Tibial Tubercule Transposition for Patelofemoral Arthrosis– a Long Term Study, 08/2006 Buenos Aires, Argentina. Lazarov M. Gavrilovski A.** • **Intertrochanteric Fractures in Elderly, 3rd International Congress of Macedonian Association of Orthopedics and Traumatology 05/(2007) Ohrid, Macedonia. Velkovski G. Stojmenski S. Gavrilovski A.** • **Severe Open Tibial Fractures – the Decision for Salvage or Amputate, 8th Efforth Congress Florence, Italy. May 2007. Stojkovska E. Gavrilovski A.** • **Results of Operative Treatment of 364 Patients with Fracture in Trochanteric region, 3rd International Congress of Macedonian Association of**	**1** **1** **1** **1** **1** **1** **1** **1** **1**

	Orthopedics and Traumatology 05/(2009) Ohrid, Macedonia. Trpeski S. Kaftanziev I. **Gavrilovski A.**	**1**
	• **Нов пристап кон Тромбопрофилакса во Трауматологија и Ортопедска хирургија кој се базира на препораките 2008-2012, Македонско ортопедско-трауматолошки гласник, бр 5. декември 2014 стр. 5-11. Стојменски С. Гавриловски А. Костов Х.**	**1**
	• **Dislocated occipital condyle fracture with unreducable atlanto-occipital dislocation. What to do with the survivor? Spine Expert group annual Meeting, 31 October – 01 November 2017, Istanbul. Hasani I.,Kaftandziev I., Stojkovska Pemovska E., Trpeski S., Nikolov L., Kostov H., Gavrilovski A., Emini S.**	**1**
	• **3rd International Congress of Macedonian Association of Orthopedics and Traumatology, 05/(2009) Ohrid, Macedonia. Gavrilovski A., Nikolov Lj. Treatment of calcanear Fractures**	**1**
	• **3rd International Congress of Macedonian Association of Orthopedics and Traumatology, 05/(2009) Minimal Invasive Treatment for Pipkin Fractures, 3rd International Congress of Macedonian Association of Orthopedics and Traumatology 05/(2009) Ohrid, Macedonia. Gavrilovski A, Simeonov M.**	**1**
		15
	Вкупно	**53**

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. Број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1	**Книга од стручна област – коавтор Специјална хирургија од Катедра на Хирургија публикувана во Скопје 2013 година - 7**	7
2	**Експертски активности: вешт наод и мислење.**	**30**

	• **Потврда од биро од биро за судски вештачења на Република Македонија со регистарски број 03-23/6 - 30 изготвени вешти наоди**	
3	**Завршена специјализација во областа на медицински науки и здравството**	**2**
4	**Завршена супспецијализација во областа на медицински науки и здравството**	**1**
5	**Воведување на нова лабораториска/ клиничка или јавно здравствена метода во областа на медицинските науки и здравството - првпат во државата воведена метода** • **Потврда од Мадот за техниката “Фиксација на акромиоклавикуларна дијастаза со Twin tail систем”** • **Потврда од Мадот за техниката “ Минимално инвазивен третман на платотибијални скршеници со контралатерална елевација ”**	**4** **4**
		8
	Вкупно	**48**
Дејности од поширок интерес		
1	**Студиски престој во странство - до 3 месеци - Клинички центар - Ниш, Универзитетска клиника за неврохирургија, 2017 година - 0.5**	**0.5**
2	**Студиски престој во странство - до 3 месеци - Клиника за спинална хирургија при Клинички центар,Нахарија,Израел 2011 година - 0.5**	**0.5**
3	**Учество во комисии и тела на државни и други органи** • **Решение за комисии за издавање на конзилијарно мислење со наод за остварување на правото на додаток на мобилност прв степен од Министерство за здравство од 25.9.2017 година со бр. 6119/1 - 1**	**1**
	Вкупно	**2**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	**321,12**
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**53**
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	**48**
ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ИНТЕРЕС	**2**
Вкупно	**424,12**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Игор Кафтанџиев с.р
Доц. д-р Христијан Костов с.р
Проф. д-р Владо Јаневски с.р

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот ас д-р Илир Хасани е роден на 23.5.1977 година, во Скопје. Средно образование завршил во општата гимназија " Гоце Делчев " во Скопје во 1994 година. Со високо образование се стекнал на Медицинскиот Факултет при Универзитетот "Св Кирил и Методиј" во Скопје, Македонија. Дипломирал во 2000 година, со просечен успех 8,9. Кандидатот активно се служи со англискиот, албанскиот и српскиот, германскиот јазик.

На Универзитетската клиника за трауматологија во Скопје, се вработил во 2004 год. Специјалистичкиот испит по општа хирургија го положил на 3.2.2011 год., со што се стекнал со звањето специјалист по општа хирургија. Супспецијалистичкиот испит по трауматологија го положил на 26.9.2018 год., со што се стекнал со звањето супспецијалист по трауматологија.

Докторска дисертација пријавил на 20011 година на Медицинскиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: "Евалуација на резултати од примена на оперативна техника на минимално инвазивна остеосинтеза со заклучна плочка во решавање на фрактури на дистална тибија" ја одбранил на 25.2.2017 година, пред Комисија во состав: проф. д-р Ѓорѓи Велковски (ментор), проф. д-р Игор Кафтанциев, проф. д-р Илија Тодоров, проф д-р Милан Самарџиски, проф. д-р Теди Цицвариќ. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област хирургија.

На 12.5.2015 година е избран во звањето асистент докторанд по предметот хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје.

Според гореизнесеното, членовите на Рецензентската комисија имаат чест и задоволство да му предложат на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, **асистент докторанд д-р Вања Џамбазовска Трајковска** да биде избрана во звањето насловен доцент во научните области: анестезиологија, анестезиологија и реанимација и здравствена нега.

Членови на Комисијата

1. Проф. д-р Андријан Карталов, член с.р.

2. Проф. д-р Билјана Кузмановска, член с.р.

Издвоено мислење

Членот на Рецензентската комисија проф. д-р Мирјана Шошолчева, позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на асистент докторанд д-р Вања Џамбазовска Трајковска, ас. д-р Александра Пановска Петрушева, асистент докторанд д-р Дафина Караџова и ас. д-р Весна Дурнев. Врз основа на изнесените податоци за нивната севкупна активност, ас. д-р Александра Пановска Петрушева во однос на сите три критериуми (наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-применувачка дејност) има предност во однос другите кандидати и поседува научни и стручни квалитети, и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето насловен доцент.

Според гореизнесеното, членот на Рецензентската комисија има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, **ас. д-р Александра Пановска Петрушева** да биде избрана во звањето насловен доцент во научните области: анестезиологија, анестезиологија и реанимација и здравствена нега.

Член на Комисијата

1. Проф. д-р Мирјана Шошолчева, претседател с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА **СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА НА КОЖНИ РЕЗОВИ НАПРАВЕНИ СО СКАЛПЕЛ НАСПРОТИ ЕЛЕКТРОХИРУРШКИ КОЖНИ РЕЗОВИ ВО ПРЕДЕЛОТ НА ЛИЦЕВАТА РЕГИЈА: ПРОСПЕКТИВНО РАНДОМИЗИРАНО КЛИНИЧКО КСПИТУВАЊЕ** ОД АС. М-Р СЦИ Д-Р МАРГАРИТА ПЕНЕВА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XVII редовна седница одржана на 15.3.2019 година, со Одлука бр. 0905-1248/38 од 15.3.2019 година, а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии-докторски студии по медицина формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката д-р Маргарита Пенева со наслов „Споредбена анализа на кожни резови направени со скалпел наспроти електрохируршки кожни резови во предел на лицевата регија: проспективно рандомизирано клиничко испитување“, во состав: проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ, (претседател), проф. д-р Владимир Георгиев (ментор), проф. д-р Милчо Пановски (член), проф. д-р Смиља Туџарова Ѓоргова (член) и проф. д-р Билјана Кузмановска (член).
Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката ас. м-р сци. д-р Маргарита Пенева со наслов **Споредбена анализа на кожни резови направени со скалпел наспроти електрохируршки кожни резови во пределот на лицевата регија: проспективно рандомизирано клиничко испитување,** содржи 117 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman со 1,5 проред, големина на букви 12, со 82 библиографски единици. Ракописот е добро осмислен и срочен, напишан со јасен стил, разбирлив и лесно читлив.
Текстот е структуриран во 11 глави: вовед, мотив на студијата, цели на студијата, дизајн на студијата, материјал, метод, статистичка обработка, резултати, дискусија, заклучок и користена литература. Одделните делови се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. Текстот содржи и 46 табели, 41 слика и еден додаток.
На почетокот на текстот, кандидатката изложила **апстракт** на македонски и тој е преведен на англиски јазик. Апстрактот е јасен, концизен и правилно структуриран. Тој дава комплетно резиме на самиот труд.
Во првата глава **вовед,** кандидатката дава дефиниција за електрохирургијата која всушност претставува апликација на високофрекфентна наизменична струја врз биолошкото ткиво со цел да се постигне одреден ефект. Следува краток историјат за употребата на електричната струја во медицински цели, кој завршува со периодот на модерната ера на електрохиругијата. Потоа, кандидатката детално ги опишува основните принципи на работа на електрохирургијата со посебен осврт на нејзините биолошки ефекти.
Во понатамошниот текст, вниманието се насочува кон монополарната електрохирургија која е доминантна и најчесто употребувана опција во електрохирургијата и опција која е користена во оваа студија. Детално се анализирани варијаблите кои го определуваат ткивниот ефект на електрохирургијата. Воведот завршува со опишувањето на опасностите од употребата на монополарната електрохирургија кои кандидатот нагласува дека се најчесто резултат на отсуство на теоретски познавања за електрохирургијата и потценување и занемарување на пропишаните мерки за превенција.
Втората глава на докторската дисертација го анализира **мотивот за изработка на студијата**. И покрај доказите од многу рандомизирани клинички студии во правец на безбедноста и ефикасноста на електрохирургијата, се уште постои отпор кога станува збор за нејзината употреба во креирањето на кожните инцизии дотолку повеќе кога станува збор за кожни инцизии во пределот на лицевата регија. Мотивот на оваа студија е да се покаже дека електрохирургијата може без предрасуди да се употребува како алтернативна метода на хируршкиот скалпел за креирање на кожни резови и во пределот на лицевата регија, секако при правилно избрана електрода и параметри на работа.

Во третата глава се објаснети **целите на студијата,** кои се јасни и дефинирани во 4 одделни цели, кои кореспондираат со донесените заклучоци на крајот од дисертацијата.
Првата цел е да се одреди дали постои значајна разлика во времетраењето на постапката и количината на крвозагубата при работа со хируршки скалпел наспроти работа со електрохирургија. Втората цел е да се одреди видот и инциденцата на интраоперативните и постоперативните компликации при работа со хируршки скалпел наспроти работа со електрохирургија. Третата цел е да се определи дали постои значајна разлика во постоперативната болка и употребата на постоперативна аналгезија кај групата на пациенти третирани со хируршки скалпел наспроти пациентите третирани со електрохирургија. Четвртата и последна цел е да се процени естетскиот изглед на лузната и задоволството на пациентот во однос на крајниот изглед на лузната по постапка изведена со хируршки скалпел и со електрохирургија.
Студијата е дизајнирана како проспективно рандомизирано клиничко испитување. Рандомизација е изведувана со метод на кодирани коверти.
Во петтата глава е презентиран **материјалот** употребен во студијата. Студијата е работена на Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Република Северна Македонија, а по одобрување на Етичката комисија на Медицинскиот факултет, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј”. Детално се објаснети вклучувачките и иклучувачките критериуми на студијата врз база на кои во студијата се регрутирани вкупно 100 пациенти.
Во шестата глава **методи,** експлицитно е опишан протоколот на работа. Пациентите од студиската популација (вкупно 100) се рандомизирани во две групи. Во групата А (скалпел) се рандомизирани 50 пациенти кај кои хируршките резови во пределот на лицевата регија се направени со употреба на конвенционален хируршки скалпел (број 15), а останатите 50 пациенти, група Б (микроигла) се пациенти кај кои хируршките резови во предел на лицевата регија се направени со електрохирургија со електрода во облик на микроигла со димензии на нејзиниот врв од 0,06мм и модусот ,,*pure cut*”. Хемостазата во обете групи е изведувана со помош на електрохирургија со индирекна контактна коагулација преку хируршка Адсон пинцета со употреба на модусот сечење или коагулација. Во студијата е користен електрохируршкиот генератот *KLS Martin Electrosurgical Unit ME MB 2* сетиран така што модусот ,,*pure cut*” има вредност 12W, а модусот ,,*coag*.” 20W.
Кај сите пациенти според стандардните оперативни протоколи се исцртувани кожните резови и протоколарно е аплицирана локална анестезија на лидокаин со адреналин (1%). Димензиите на планираната ексцизија, времетраењето на кожната инцизија, времетраењето на кожната ексцизија и крвозагубата се параметри кои се мерени во текот на испитувањето. Добиените податоци се користени за пресметување на периметарот, површината на ексцизијата и следствено, брзината на инцизијата и брзината на ексцизијата според стандардните математички формули. Посредно преку мерење на масата на гази без крв и гази натопени со крв во текот на оперативниот зафат, определувана е крвозагубата.
По завршувањето на ексцизијата кај пациентите оперирани со електрохирургија барани се макроскопски знаци за постоење на термичка траума на кожата во форма на подгорување и нејзино лупење.
Во сите случаи, постоперативните рани се сутурирани во два слоја со единечни шевови во форма на дирекна сутура онаму каде што немало тензија, а со употреба на локални кожни резенки за растоварување на тензионите линии кај поголемите ексцизии повторно со употреба на истиот сутурен материјал и начин на сутура.
Анализирана е постоперативната аналгезија во првите 24 часа како и постоперативната аналгезија од 2 до 7 постоперативен ден. За време на контролните прегледи следено е постоење на рани постоперативни компликации.
Со користење на ПОСАС скалата за оценка на лузна, верзија 2.0 оценуван е изгледот на лузната од страна на операторот/ набљудувачот интраоперативно и во тек на седум следни контролни прегледи (првиот, третиот, седмиот постоперативен ден, 10-12 постоперативен ден, како и првиот, третиот и шестиот месец постоперативно). Со користење на истата скала, верзија за пациентот, од пациентот е барано самооценување на лузната првиот, третиот и шестиот месец по завршувањето на оперативната процедура.
Статистичката програма *SPSS for Windows* 17.0 е користена за **статистичка обработка** на податоците добиени во текот на истражувањето.

Во осмата глава од докторската дисертација се прикажани **резултатите** од испитувањето. Статистичката анализа на податоците покажува дека испитуваните групи се хомогени во однос на полот и возраста и дека не постои статистички сигнификантна разлика меѓу начинот на решавање на постоперативниот дефект меѓу двете испитувани групи. И во двете испитувани групи малигните кожни промени значајно доминираат како индикација за оперативниот зафат.

Сигнификантно поголема брзина на инцизија, сигнификантно поголема брзина на ексцизија и сигнификантно помала крвозагуба е регистрирана во групата пациенти оперирани со електрохирургија.

Постоперативната аналгезија почесто е индицирана кај пациентите оперирани со конвенционален хируршки скалпел со статистички потврдена сигнификантност. Уште позначаен е податокот дека површината на ексцизијата кај пациентите оперирани со електрохирургија, а кои имаат потреба од аналгезија е сигнификантно поголема споредено со површината на ексцизијата кај пациентите кои повторно имаат потреба од аналгезија, а се оперирани со конвенционална метода.

Во статистичката анализа, пациентите од двете групи несигнификантно се разликуваат во однос на регистрираните одделни типови на постоперативни компликации иако во ова испитување поголем број од постоперативните компликации се асоцирани со хируршки зафат направен со скалпел.

Термичката траума е забележана кај 4%, додека лупењето на кожата е регистрирано кај 6% од пациентите кај кои електрохирургијата е метод на работа.

Лузната е анализирана, пред сè, од страна на набљудувачот/ операторот интраоперативно и на 7 следни контролни прегледи (првиот, третиот, седмиот и десетиот ден постоперативно, како и првиот, третиот и шестиот месец постоперативно) во однос на 6 параметри: васкуларност, пигментација, дебелина, рељеф, еластичност и површина на лузната. Набљудувачот/ операторот дава и генерално мислење за изгледот на лузната на скала од 1 до 10. Добиените резултатите од двете групи меѓусебно се компарирани во секоја од споменатите временски точки.

Генералното мислење на докторите за изгледот на лузната не се разликува сигнификантно за пациентите од скалпел и микроигла групата во текот на целиот анализиран период, но сепак податоците покажуваат дека набљудувачот е позадоволен од изгледот на лузната во групата пациенти оперирани со електрохирургија во текот на целиот период на следење на лузната, без статистичка сигнификантност (повисоки вкупни скорови на ПОСАС скалата во скалпел групата во целиот тек на испитувањето).

Лузната е оценувана и од страна на пациентите првиот, третиот и шестиот месец постоперативно преку ПОСАС скалата за оценка на лузна, верзија за пациент. Добиените резултати од секоја група се компарирани и меѓусебно во споменатите временски точки.

Просечниот скор за севкупното мислење за лузната по 1 и 3 месеци од интервенцијата покажува дека пациентите од микроигла групата се сигнификантно позадоволни од изгледот на лузната. Шест месеци по оперативниот зафат анализата на податоците покажува дека не е најдена статистички сигнификантна разлика во севкупното мислење за изгледот на лузната меѓу пациентите од скалпел и микроигла групата иако просечниот ПОСАС скор во групата пациенти оперирани со скалпел е поголем (полош резултата) за сите прашања освен за прашањето што се однесува до јачината на болка во лузната. Споменатото го наметнува заклучокот дека 6 месеци по оперативниот зафат, пациентите од обете групи се еднакво задоволни од изгледот на својата лузна.

Во деветтата глава **дискусија,** авторката детално и критички ги анализира и ги коментира добиените вредности за сите параметри од ова испитување и нив ги споредува со резултати од досега објавени слични студии, а дава и толкувања на можните причини за сличностите и разликите во резултатите. Кандидатката наведува дека во оваа студија, брзината на инцизијата и брзината на ексцизијата на ткивото се сигнификантно поголеми кај пациентите оперирани со електрохиругија, што корелира со податоците од литературата и е резултат на поголемата брзина на дисекција на ткивата со електрохирургија, вклучително и потребата од помал притисок, но и помалата потреба од хемостаза. Во тој контекст, кандидатката ја објаснува и сигнификнтно помалата крвозагуба во групата пациенти оперирани со електрохирургија.

Повеќе студии ја истакнуваат помалата постоперативна болка како една од главните предности на електрохиругијата. И резултатите од оваа студија се во сооднос со податоците од литературата. Но, оваа студија оди понатаму и прави поврзување меѓу површината на ексцизијата и постоперативната болка во зависност од методот на работа (скалпел/електрохирургија). Анализата на овие податоци покажува дека пациентите оперирани со електрохирургија не само што имале помала потреба од постоперативна аналгезија, тие имале потреба од аналгезија при сигнификантно поголеми површини на ексцизијата.

Не е забележана разлика во дистрибуцијата на постоперативните компликации меѓу испитуваните групи иако повеќето од компликациите се нотирани кај пациентите оперирани со скалпел. Постоперативниот дефект кај сите пациенти кај кои била забележана маргинална некроза како постоперативна компликација бил решен со локална резенка, па оттука д-р Пенева смета дека хируршката техника, а не начинот на работа (скалпел/електрохирургија) е можна причина за настанувањето на споменатата компликација. Инфекција по извршената интервенција незначајно почесто е забележана кај пациентите оперирани со електрохирургија. Д-р Пенева објаснува дека кожните карциноми се најчестата оперативна индикација во ова испитување. Честопати карциномските лезии се колонизирани со бактерии или се воспалителни карциноми по својата природа. Таа смета дека студија со популација кај која би се работело на интактна кожа би дала поверодостојни податоци за инфекцијата како параметар.

Макроскопски знаци за постоење на термичка траума очекувано регистрирани се само во групата пациенти оперирани со електрохирургија. Само кај еден од вкупно трите пациенти со знаци за термичка траума околу инцизионата линија забележана е дехисценција на рана и продолжено зараснување на рана во постоперативниот период. Воедно, објаснува д-р Пенева, споменатите пациенти се и првите пациенти оперирани со електрохирургија и знаците за термичка траума околу инцизионата линија се во рамките на кривата на учење.

Според генералното мислење за лузната, лузните во обете испитувани групи не се разликуваат по својот квалитет во текот на целиот период на следење. Сепак, иако без статистичка сигнификантност, во целиот тек на испитувањето забележани се повисоки вкупни скорови на ПОСАС скалата во скалпел групата, што зборува за полош естетски резултат на лузната кај оваа група на пациенти.

На крајот на испитувањето (6 месеци по оперативниот зафат), пациентите од обете групи се еднакво задоволни од изгледот на својата лузна иако на претходните контрони прегледи (1 и 3 месеци по оперативниот зафат) пациентите од микроигла групата се сигнификантно позадоволни од изгледот на својата лузна.

Добриот квалитет на лузната кога електрохирургијата е користена како начин на работа е забележан и во други студии, а некои автори тоа го објаснуваат со вапоризацијата на клетките која настанува при модусот чисто сечење.

Во десеттата глава на докторската дисератција, докторантката ги претставува **заклучните согледувања** кои се коректно формулирани и ги потврдуваат појдовните цели на истражувањето. Првиот заклучок на ова испитување е дека електрохирургијата е поврзана со побрза дисекција на ткивата споредено со хируршкиот скалпел. Како втор и трет заклучок се наметнуваат помала крвозагуба и помала постоперативна болка соодветно, при работа со електрохирургија. Следува заклучокот дека креирањето на кожните резови во пределот на лицевата регија со електрохирургијата не е оптоварено со поголема инциденца на постоперативни компликации споредено со хируршкиот скалпел. Понатаму, кандидатката заклучува дека нема разлика во квалитетот на лузната оценет од страна на набљудувачот/ операторот кај двете групи испитаници. Следен заклучок на д-р Пенева е дека нема разлики во задоволството од лузната кај двете групи на пациенти самооценувано од страна на пациентите. Последниот, седмиот заклучок од ова испитување е дека за безбедна и ефикасна работа со добри естетски резултати неопходно е хирургот да има јасни познавања за принципите на електрохирургијата и соодветна обука.

Главен заклучок од ова испитување е дека електрохирургијата претставува ефикасен начин на изведување на кожните резови во предел на лицевата регија, но притоа многу е значаен изборот на електрохируршките параметри како и соодветен избор на електрода.

Користената литература е уредно цитирана во последната , единаесетта глава од докторската дисертација. Во изработката на дисертацијата користени се научни трудови,

статии, книги и интернет-ресурси кои се соодветни на содржината на ракописот. Поголемиот дел од цитираната литература е објавена во последниве пет години, што зборува за актуелноста на обработената проблематика.

Предмет на истражување

Основна цел на ова истражување е да се покаже дека електрохирургијата претставува безбеден и ефикасен начин за изведување на кожните резови и во пределот на лицевата регија при соодветно избрани електрохируршки параметри и електрода.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Бројни студии го споредуваат хируршкиот скалпел и електрохирургијата по различни основи. Повеќето од нив се од областа на општата, дигестивната и ортопедската хирургија.

Значењето на оваа студија е во фактот дека при прегледот на литературата не се најдени многу студии кои ја засегаат употребата на електрохиругијата во креирањето на кожни резови во пределот на лицевата регија, а уште помал е бројот на студиите кои го евалуираат естетскиот изглед на лузната.

Во нашата земја досега не е изведена студија која го евалуирала клиничкиот ефект на електрохирургијата во креирањето на кожни резови во пределот на лицевата регија споредено со конвенционалниот хируршки скалпел. Ова истражување е актуелно и има висок потенцијал на апликативност со цел постигнување на поефикасна хиругија.

Краток опис на применетите методи

Со низа статистички анализи во оваа студија направена е корелација меѓу брзината на инцизијата, брзината на ексцизијата, крвозагубата, постоперативната аналгезија и видот и инциденцата на постоперативните компликации меѓу група пациенти оперирани со хируршки скалпел наспроти група пациенти оперирани со електрохирургија. Едновремено со користење на ПОСАС скалата за оценка на лузна , верзија 2.0, анализиран е квалитетот на лузната од страна на набљудувачот/ операторот и независно од страна на пациентот во секоја од испитуваните групи во одредени временски точки, а направена е и компаративна анализа на добиените резултати меѓу двете групи пациенти.

Краток опис на резултатите од испитувањето

Констатирана е поголема брзина на инцизија и поголема брзина на екцизија на ткиво кога електрохирургијата е користена како начин на работа. Помала крвозагуба и потреба од помала постоперативна аналгезија е забележана во групата пациенти оперирани со електрохирургија. Не постои статистички значајна разлика во инциденцата на постоперативните компликации меѓу испитуваните групи. Нема разлика во квалитетот на лузната оценет од страна на набљудувачот/ операторот кај двете групи на испитаници и нема разлики во задоволството од лузната кај двете групи на пациенти оценет од страна на самиот пациент, на последниот контролен преглед (шест месеци по оперативниот зафат).

Оцена на трудот

Докторската дисертација на кандидатката ас. м-р сци. д-р Маргарита Пенева со наслов „Споредбена анализа на кожни резови направени со скалпел наспроти електрохируршки кожни резови во предел на лицевата регија: проспективно рандомизирано клиничко испитување”, претставува истражување во областа на хирургијата, кое има особен научен придонес и потенцијал за голема практична примена во хирургијата.

Јасно дефинирајќи го методот на работа оваа студија овозможува споредба на добиените резултати со претходни или идни истражувања. Ракописот е поткрепен со медицина базирана на докази и содржи современи препораки.

Докторската дисертација на кандидатката ас. м-р сци. д-р Маргарита Пенева со наслов „Споредбена анализа на кожни резови направени со скалпел наспроти електрохируршки кожни резови во предел на лицевата регија: проспективно рандомизирано клиничко испитување” според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. Peneva M et al. Electrosurgical Microneedle Versus Scalpel Skin Incisions In The Facial Region. **SANAMED**, [S.l.], v. 13, n. 3, p. 269-273, dec. 2018. ISSN 2217-8171. Available at:

http://www.sanamed.rs/OJS/index.php/Sanamed/article/view/267. Date accessed: 22 Jan 2019. doi:http://dx.doi.org/10.24125/sanamed.v13i3.267.
2. Peneva M et al. Evaluation of Pain Following the Use of Scalpel Versus Electrosurgery for Skin Incisions in the Facial Regions. Contributions. Sec. of Med Sci. Vol. 39, Issue 2-3, 2018. DOI: https://doi.org/10.2478/prilozi-2018-0048.

Заклучок и предлог

Главниот научен придонес на кандидатот е дека електрохирургијата без предрасуди може да се користи за изведување на кожни инцизии и во пределот на лицевата регија при соодветно избрана електрода и параметри за работа со цел постигнување на поефикасна хиругија. Можните понатамошни истражувања се: спроведување на поопсежни студии со похомогена испитувана популација во кои хируршкиот скалпел и електрохирургијата би се споредувале во однос на видот и инциденцата на постоперативните компликации, студии во кои акцентот би бил ставен на потребата од аналгезија и студии со фокус на естетскиот квалитет на лузната кај пациентите оперирани со електрохирургија.

Изведената студија е прва студија во нашата земја во која се валидира ефикасноста и безбедноста на електрохирургија во изведување на кожни резови во пределот на лицевата регија. Бројот на пациенти вклучени во студијата е компарабилен со слични клинички студии во достапната литература.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката ас. м-р сци. д-р Маргарита Пенева со наслов **Споредбена анализа на кожни резови направени со скалпел наспроти електрохируршки кожни резови во предел на лицевата регија: проспективно рандомизирано клиничко испитување.**

Рецензентска комисија

Проф. д-р Ѓорѓе Џокиќ, с.р.
Проф. д-р Владимир Георгиев, с.р.
Проф. д-р Милчо Пановски, с.р.
Проф. д-р Смиља Туџарова Ѓоргова, с.р.
Проф. д-р Билјана Кузмановска, с.р.

ДО:
- ДЕКАНАТОТ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
- РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА
- НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ
- РЕКТОРАТОТ НА УКИМ

ПРИГОВОР

на Рефератот за избор на два наставника во сите наставно-научни звања во наставно-научната област хирургија и детска хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, објавен во Билтен бр. 1189 од 1.4.2019 година, од ас.д-р Тони Ристески асистент докторанд, вработен на ЈЗУУ Клиника за детска хирургија Скопје.

Предмет на Приговорот: Коригирање на заклучокот на Рецензентската комисија по Рефератот за избор на два наставника во сите наставно-научни звања во наставно-научната област хирургија и детска хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје.
Почитувани, на ден 1.4.2019 година, на веб-страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје беше објавен Билтенот бр. 1189. Составен дел на овој Билтен е Рефератот на Медицинскиот факултет во Скопје за кандидатите ас.д-р Шабан Мемети, д-р. Марјан Камилоски и ас.д-р Тони Ристески, апликанти за избор на 2 наставника во сите наставно-научни звања во наставно-научните области: хирургија и детска хирургија на Медицинскиот факултет во Скопје, во согласност со конкурсот објавен во весниците „Вечер” и „Коха” од 19.1.2019 година.
Во заклучокот потпишан од сите членови, вие, како Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Миле Петровски, доц. д-р Лазар Тодоровиќ и проф. д-р Игор Кафтанџиев, ги предлагате кандидатите д-р Шабан Мемети и д-р Марјан Камилоски да бидат избрани во звањето доцент во наставно-научните области: хирургија и детска хирургија.
Во заклучокот, исто така, наведувате дека тројцата кандидати кои аплицирале ги исполнуваат општите и посебните услови за избор во звањето доцент во сите наставно- научни звања во наставно-научните области: хирургија и детска хирургија, но критериумите според кои се предложени горенаведените кандидати не се елаборирани во целост во Рефератот.
Во заклучокот на Рефератот вие, како рецензентска комисија, изнесувате невистини тврдејќи дека кандидатот д-р Марјан Камилоски ги исполнува општите услови за избор во звањето доцент утврдени во член 166, став 1 од Законот за високото образование и притоа спротивно на овој член од Законот и спротивно на член 11 од Правилникот за избори во звања на УКИМ, му предлагате на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да биде избран во звањето доцент во научната област детска хирургија, од научното подрачје хирургија.
Со член 166, став 1 од Законот за високото образование е утврдено дека во наставно-научно звање доцент може да биде избрано лице кое:

1. има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус;
2. има научен степен доктор на науки од научната област за која се избира;
3. има објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација согласно со овој Закон во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор;
4. има познавање на најмалку еден странски јазик, определен со општ акт на универзитетот, односно на самостојната висока стручна школа;
5. има способност за изведување на високообразовна дејност.

Кандидатот д-р Марјан Камилоски кој е предложен за избор во звањето доцент не ги исполнува општите услови утврдени во членот 166 од Законот за високото образование и членот 11 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно - стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, односно нема завршено втор циклус студии и нема остварено просечен успех од најмалку 8,00 на втор циклус студии кои се бараат согласно со Законот и

Правилникот, а притоа овој кандидат Медицинскиот факултет го има завршено пред воведувањето на интегрираните студии од прв и втор циклус. Спротивно на тоа, мене како кандидат кој ги исполнувам сите услови утврдени во Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно - стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје не ме предлагате за избор во звањето доцент.

Кандидатот д-р Марјан Камилоски во моментов нема никакво звање на Медицинскиот факултет во Скопје и не е во работен однос со Факултетот, за разлика од мене и другиот кандидат кои сме избрани асистенти докторанди и имаме заснован работен однос со Факултетот.

Во изминатата година на конкурси на Медицинскиот факултет во Скопје, за избор во наставно-научни, научни, наставно - стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, не биле предложени кандидати што не ги исполнуваат условите, дури им била напишана и негативна рецензија.

Врз основа на сето гореизнесено, силно аргументирано и поткрепено со факти, очекувам од Рецензентската комисија ДА ГО РАЗГЛЕДА И ДА ГО УВАЖИ МОЈОТ ПРИГОВОР, дека ќе ги земе предвид изложените аргументи и согласно со тоа ќе изврши промена во заклучокот на горенаведениот Реферат и ќе му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ме избере во звањето доцент во научната област детска хирургија, од научното подрачје хирургија, бидејќи ги исполнувам сите законски предвидени критериуми, што не е случај со предложениот кандидат.
Подносител на Приговорот,
АС. Д-Р ТОНИ РИСТЕСКИ, асистент докторанд, с.р.

До
Наставно-научниот совет на
Медицинскиот факултет во Скопје

Предмет: Одговор на Приговор поднесен од страна на д-р Тони Ристески, асистент докторанд, на заклучокот на Рефератот за избор на два наставника во сите наставно-научни звања во наставно-научните области хирургија и детска хирургија, објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, бр. 1189 од 1.4.2019 година.

Во врска со Приговорот од заклучокот на Рецензентската комисија доставен од д-р Тони Ристески, асистент докторанд, Рецензентската комисија го разгледа Приговорот и го дава следниов одговор:

Наводот од Приговорот кој се однесува на тоа дека предложениот кандидат д-р Марјан Камилоски не ги исполнува општите услови утврдени во Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Рецензентската комисија целосно го отфрла. Кандидатот д-р Марјан Камилоски има завршено додипломски студии по општа медицина по студиска програма пред 2005/2006 година која е компатибилна по однос на предметите и предметните програми застапени во студиската програма на интегрирани прв и втор циклус студии. Наставно-научниот совет на факултетот има донесено одлука за еквиваленција на студиските програми по медицина до 2005/2006 година, односно пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем, со студиските програми на интегрирани прв и втор циклус академски студии, акредитирани по европскиот кредит-трансфер систем.

Рецензентската комисија смета дека на кандидат кој има завршено трет циклус студии, не може да му се бара да исполни услов, односно да има завршено постдипломски студии (втор циклус студии) кои во моментов како студиска програма не постојат на територијата на РСМ. Посебните услови утврдени во Правилникот на УКИМ во однос на наставно-образовната, научно/истражувачката и стручно-применувачката дејност, кандидатот ги исполнува.

Рецензентската комисија би сакала да истакне дека во текот на изготвувањето на заклучокот на Рефератот за избор на два наставника во сите звања во наставно-научните области хирургија и детска хирургија во целост се придржуваше до сите одредби предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Согласно со претходно изнесеното, Рецензентската комисија ГО ПОТВРДУВА ЗАКЛУЧОКОТ во Рефератот, односно на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје му предлага ас. д-р Шабан Мемети и д-р Марјан Камилоски да бидат избрани во звањето ДОЦЕНТ во наставно-научните области хирургија и детска хирургија.

Членови на Рецензентската комисија

Проф. д-р Миле Петровски с.р.
Доц. д-р Лазар Тодоровиќ с.р.
Проф. д-р Игор Кафтанџиев с.р.

До:
-Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје
-Рецензентската комисија

П Р И Г О В О Р

на Рефератот за избор на два наставника во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области педијатрија и детски болести со нега на болно и здраво дете објавен во Билтен бр. 1190 од 15.4.2019 година, во согласност со конкурсот објавен во весниците ,,Вечер” и ,,Коха” од 19.1.2019 година.
Од н. сор. д-р Илија Кировски, вработен во ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести-Скопје.
Приговорот се однесува на погрешното бодирање на кандидатите и по однос на заклучокот на Рецензентската комисија за изборот на кандидати кои го предлага до Наставно-научниот совет за избор во звање.
Исти професионални референци на кандидатите за избор во наставно-научно звање, се вреднувани со различен број на поени и спротивно на членовите од Анекс 1 од Правилникот за избор во звања. Бодирањето на кандидатите не е унифицирано.
Во делот Научноистражувачка дејност: апстракти објавени во зборник на меѓународна конференција кај кандидатката Наташа Најданоска Алулоска, апстракти објавени на национална конференција/конгрес во Македонија (студентски конгреси, конгреси на педијатрите на Македонија...), бодирани се како апстракти од меѓународна конференција. Во мојата бодовна листа овој тип на апстракти се бодирани како апстракти од национална конференција, што од своја страна носи значително помал број поени.
Во делот Наставно-образовна дејност: консултација со студенти кај кандидатката Наташа Најдановска Алулоска бодирани се консултации со студенти (180 студенти x 2 семестра) за периодот 2008-2019 година. И покрај идентичен асистентски стаж (2008-2019) тоа не е направено во мојата бодовна листа.
Кај кандидатките Наташа Најдановска Алулоска и Александра Јанчевска во делот одржување настава од прв циклус студии: педијатрија вежби за студенти по медицина за периодот 2008-2011 година, направено е произволно бодирање без постоење соодветна документација. Имено, од Катедрата за педијатрија има соопштување (доставено во прилог) дека не поседува документација за овој тип настава во периодот 2008-2011 година. Од друга страна, за истиот период (2008-2011) ми се доделени помал број бодови и покрај доставената лична документација.
И покрај идентичен асистентски стаж, во периодот од 2014 до 2019 година од страна на Катедрата за педијатрија, на асистентите по педијатрија произволно им беа делени специјализанти за едукација. За овој проблем беше укажувано на состаноците на членовите на Катедрата за педијатрија како и на членовите на Рецензентската комисија по распишувањето на конкурсот. Ваквата произволна распределба е причина за создавање нереална бодовна разлика меѓу кандидатите на овој конкурс. На кандидатката Наташа Најдановска Алулоска, во делот Наставно-образовна дејност: ментор и едукатор на здравствена едукација, поради поголемиот број паушално доделени специјализанти за периодот 2014-2019 година, запишани и се 217,6 бода во споредба со 145,6 бода на мојата бодовна листа. Евидентна е разликата од 72 бода.
Рецензентската комисија кај кандидатката Наташа Најдановска Алулоска бодирала наставно-образовна дејност како член на комисија за испитување колоквиум неонатологија и покрај тоа што нема потребно научно/наставно звање што е во спротивност со законските прописи. Лично, не ми беше дозволено да бидам член на комисија за полагање колоквиум по педијатриска пулмологија се до мојот избор за научен соработник. Објаснувањето од шефот на Катедрата за педијатрија беше дека според Законот за високото образование, за да биде член на комисија за полагање колоквиум, испитувачот мора да има научно (н. соработник) или наставно звање.
Рецензентската комисија во извештајот за дејност од поширок интерес бодирала кај еден од кандидатите потврда за потпретседател, односно секретар на Здружение, при што ја

поистоветува со функција претседател на Здружение поврзано со струката што е спротивно на законските прописи.
Четири труда во кои кандидатката Александра Јанчевска и јас сме автори, односно коавтори, различно се бодирани во нејзината (3 поени по труд), односно во мојата бодовна листа (1,8 поени по труд).
Не е бодирано моето учеството на постдипломските курсеви во Глазгов, Шкотска, во 2004, година за објективни проценки во педијатриската респираторна медицина и пневмонии во детска возраст.
Медицинските семинари во Салцбург кај некои од кандидатите се прикажани како учество во работилница и се вреднувани со 1 поен по семинар, во мојата бодовна листа овие семинари (вкупно 6) се вреднувани со 0,5 поени по семинар.
Во потврдата-списокот за едукација на специјализанти по педијатрија издадена од Катедрата за педијатрија не се внесени месеците на 4 специјализанти.
Извршено е бодирање на магистериум и докторат кај еден од кандидатите што не е во согласност со законските прописи.
Постојат и други грешки во бодирањето при изборот кои битно влијаат на бодовната разлика меѓу кандидатите.
Во воведот за научноистражувачка дејност и стручно усовршување испуштено е дека активно сум се усовршувал и сум ја презентирал својата работа и достигнувањата на Универзитетската клиника за детски болести на семинари, конгреси, постдипломски курсеви и престои во Србија, Бугарија, Косово, Австрија, Германија, Холандија, Данска, Шведска, САД, Англија, Шкотска, Русија, Аргентина, Сингапур, Обединетите Арапски Емирати, Австралија и Малезија.
Во воведот е испуштено дека сум учествувал како истражувач во 2 научноистражувачки проекта од областа на педијатриската пулмологијата и алергологија во една клиничка студија за примена на антибиотици во детска возраст:

1. Проспективна компаративна студија за клиничка употреба на антибиотици во терапија на инфекции на респираторните патишта во детска возраст;
2. Преваленца на астма, алергиски ринитис, егзема и ризик фактори во асоцијација со овие болести во детска возраст во Република Македонија;
3. Проспективна компаративна студија за клиничка примена на антибиотиците во терапијата на инфекциите на респираторниот тракт кај децата.

Се надевам дека Комисијата ќе ги земе предвид горенаведените укажувања и ќе се произнесе позитивно по овој Приговор. Однапред ви благодарам.

Подносител на Приговорот
Н. сор. д-р Илија Кировски с.р.

До:
-Наставно – начниот совет на Медицинскиот Факултет во Скопје

О Д Г О В О Р

на Приговорот за изборот на два наставника во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области педијатрија и детски болести со нега на болно и здраво дете објавен во Билтен бр. 1190 од 15.4.2019 година, во согласност со конкурсот објавен во весниците „Вечер” и „Коха” од 19.1.2019, поднесен од страна на н. сор. д-р Илија Кировски, вработен на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести, Скопје.

Рецензентската комисија го разгледа Приговорот за изборот на два наставника во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области педијатрија и детски болести со нега на болно и здраво дете, поднесен од страна на н. сор. д-р Илија Кировски, а кој се однесува на бодирањето на кандидатите и по однос на заклучокот на Рецензентската комисија за изборот на кандидатите кои ги предлага до Наставно- научниот совет за избор во звање, и го дава следниов одговор:

Бодирањето на кандидатите е направено според Анекс 1 за посебните услови за избор во наставно-научно звање на Правилникот за посебните услови и постаппката за избор во наставно- научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Професионалните референци на кандидатите за избор во наставно-научни звања се вреднувани унифицирано, според членовите од Анекс 1 од Правилникот за избор во звања. Постојат неколку разлики во бодирањето на кандидатите кои се образложени во понатамошниот текст со одговор на сите поединечни ставки.

Во однос на наводот во Приговорот за бодираните апстракти кај кандидатката Наташа Најдановска Алулоска и кај кандидатката Силвана Наунова Тимовска, апстрактите се соодветно бодирани бидејќи се објавени на национални конференции и конгреси во Македонија а се бодирани како апстракти од меѓународна конференција бидејќи сите тие конгреси и конференции се интернационални и со меѓународно учество.

Не е вистинит наводот за бодирањето на едукацијата за специјализантите, бидејќи распределбата на специјализанти кај едукаторите од соодветната област од педијатријата која се работи на секој оддел, беше понеѓу специјалистите кои работат на соодветниот оддел и според правилникот за ментори и деукатори на специјализација. Бројот на распределени кандидати по едукатор зависи од бројот на специјалисти на секој оддел кои имаат право да бидат едукатори. Бодирањето е извршено врз основа на издаден документ за оваа активност од Катедрата за педијатрија за секој кандидат на конкурсот посебно.

Кандидатот Илија Кировски дава приговор за потврдата од Катедрата за педијатрија за едукација во која тој вели дека не се внесени месеците за четири специјализанти. Рецензентската комисија ги бодира кандидатите врз база на документите кои ги доставуваат кандидатите на конкурсот.

Во однос на наводот дека четири труда во кои кандидатот Илија Кировски и кандидатката Александра Јанчевска се автори односно коавтори, им се различно бодирани, Рецензентската Комисија го прифаќа овој навод од Приговорот со предлог тие трудови да се бодуваат секој по1,8 бода, што значи на кандидатката Александра Јанчевска ќе и се одземат вкупно 4,8 бода и наместо досегашните вкупни бодови од научно- истражувачка дејност - 269,18 ќе бидат 264,38 бода.

Во однос на наводот од Приговорот дека е извршено бодирање за одбранет магистериум и докторат кај кандидатката Силвана Наунова Тимовска, Рецензентската комисија го прифаќа наводот и тоа ќе се коригира со минусирање на бодовите за одбранет магистериум и докторат кај кандидатката, и наместо осегашните 114,2 бода, ќе бидат вкупно 102,2 бода.

Останатите наводи во Приговорот, Рецензентската комисија ги отфрла како неосновани и би сакала да истакне дека во текот на изготвувањето на заклучокот на Рефератот за избор на два наставника во сите звања во наставно-научните области педијатрија и детски болести со нега на болно и здраво дете, во целост се придржуваше до сите одредби пердвидени со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор

во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори наУниверзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Согласно со предходно изнесеното, Рецензентската комисија ГО ПОТВРДУВА ЗАКЛУЧОКОТ во Рефератот, односно на Наставно- научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје му предлага ас. д-р Александра Јанчевска и ас. д-р Наташа Најдановска Алулоска да бидат избрани во звањето ДОЦЕНТ во наставно-научните области педијатрија и детски болести со нега на болно и здраво дете.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
Проф. д-р Зоран Гучев, с.р.
Проф. д-р Розана Кацарска, с.р.
Проф. д-р Стојка Фуштиќ, с.р.
Проф. д-р Велибор Тасиќ, с.р.
Проф. д-р Ката Мартинова, с.р.

До:
- деканот на Медицински факултет
- продеканите на Медицински факултет
- Наставно-научниот совет
- Рецензентската комисија

П Р И Г О В О Р

во врска со објавениот конкурс на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 19.1.2019, за избор на 2 наставника по предметите од научните области педијатрија и детски болести со нега на здраво и болно дете.

Комисијата во заклучокот дава предност на кандидати врз основа на бодирање по сите основи со формални активности, не земајќи го предвид како предност бројот на објавени трудови во меѓународни списанија со импакт-фактор.
Имено, од кандидатите кои конкурираат на овој конкурс:
1.Александра Јанчевска има објавено 14 труда со импакт-фактор
2. Николина Здравеска има објавено 10 труда со импакт-фактор
3.Илија Кировски има објавено 6 труда со импакт-фактор
4.Наташа Алулоска има објавено 2 труда со импакт-фактор
5.Силвана Наунова нема наведено трудови со импакт-фактор.
Со оглед на нискиот ранг на Медицинскиот факултет и на Униерзитетот „Св.Кирил и Методиј“, односно неговото непостоење на Шангајската листа на рангирање на светските универзитети со давање предност на кандидати без трудови со импакт-фактор се дестимулираат истражувачите кои имаат волја за научноистражувачка работа и публицирање.
Комисиите, пак, составени од интернационални членови тоа го вреднуваат, на што бев сведок со освоената награда на високо компетитивниот натпревар International Medis Awards for Medical Research во силна конкуренција од 8 држави, за објавен труд со висок импакт, каде што со најголема гордост ги претставував нашата земја, педијатријата и медицинската наука.
Оваа одлука на Комисијата и занемарувањето на научноистражувачката работа несомнено го наметнува прашањето зошто во иднина би пишувале трудови, знаејќи го трнливиот пат на објава во реномирано медицинскосписание со импакт-фактор кога поените се недостижни во споредба со поените што се добиваат од активности како едукаторство кои се дел од редовните работни обрски во работно време.
Овој конкурс е израз на едно необјективно и нереално бодирање. Имено, досега на Катедрата за педијатрија ниту еден кандидат не бил избран во својот прв избор со толку екстремно висок број на бодови (Билтен бр.1125/15.6.2016 – 2 кандидати: 386,08 и 257,07 поени; Билтен бр.1144/13.4.2012- 1 кандидат 327,33 поени; Билтен бр.1091/31.12.2014 – 2 кандидати 332,13 поени и 303,62 поени; Билтен бр.1066/01.12.2013- 5 кандидати: 308,48 поени, 265,98 поени, 286,56 поени, 236,18 поени и 246 поени.
Сето ова побудува сомнение за исправноста на доставеното бодирање што се гледа и во различното табелирање кое не е според официјалниот документ Образец 2 објавен на веб-страницата на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ и достапен на следнава страницаhttp://www.ukim.edu.mk/mk_dok.php?jazik=1&kid=3&gid=1

Со нерамномерното распределување на едукаторството на специјализантите што е евидентно според неговото бодирање, Катедрата за педијатрија најгрубо го прекршила правилникот за специјализации и субспецијализации и Законот за здравствена заштита, каде што јасно е пропишано колку максимално кандидати може да има еден едукатор.
(член 144 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.145/12, Одлука од Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 59-2002 од 24 април 2013 година „Службен весник на РМ“ бр. 65/13,Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен

весник на РМ“ бр.87/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр 164/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.39/14), Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.43/14, Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У. бр. 69/2012 од 11 јуни 2014 година „Службен весник на РМ“ бр. 101/14, Законот за изменување на Законот за здравствената заштита објавен во “Службен весник на РМ“ бр.132/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.188/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.10/15) и Законот за изменување и дополнување на Законот за здравствената заштита, објавен во “Службен весник на РМ“ бр.61/15)

Се надевам дека Комисијата ќе го земе предвид погоре наведеното и ќе го уважи овој Приговор, а и ќе ја смени одлуката за избор.

Со почит,

Подносител на Приговорот
Асс д-р сци Николина Здравеска

До
-Наставно-научниот совет на
Медицинскиот факултет во Скопје

О Д Г О В О Р

на Приговорот за изборот на два наставника во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области педијатрија и детски болести со нега на болно и здраво дете објавен во Билтен бр. 1190 од 15. 4.2019 година, во согласност со конкурсот објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ од 19. 1.2019, поднесен од страна на ас. д-р сци Николина Здравеска, вработена на ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести, Скопје

Рецензентската комисија го разгледа Приговорот за изборот на два наставника во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области педијатрија и детски болести со нега на болно и здраво дете, поднесен од страна на ас. д-р сци Николина Здравеска, а кој се однесува на бодирањето на кандидатите и по однос на заклучокот на Рецензентската комисија за изборот на кандидатите кои ги предлага до Наставно-научниот совет за избор во звање, и го дава следниов одговор:

Бодирањето на кандидатите е направено според Анекс 1 за посебните услови за избор во наставно-научно звање на Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Професионалните референци на кандидатите за избор во наставно-научни звања се вреднувани унифицирано, според членовите од Анекс 1 од Правилникот за избор во звања.

Бодирањето на едукацијата за специјализантите е извршено врз основа на издаден документ за оваа активност од Катедрата за педијатрија за секој кандидат.

Останатите наводи во Приговорот, Рецензентската комисија ги отфрла како неосновани и би сакала да истакне дека во текот на изготвувањето на заклучокот на Рефератот за избор на два наставника во сите звања во наставно-научните области педијатрија и детски болести со нега на болно и здраво дете во целост се придржуваше до сите одреби предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Согласно со претходно изнесеното, Рецензентската комисија ГО ПОТВРДУВА ЗАКЛУЧОКОТ во Рефератот, односно на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје му предлага ас. д-р Александра Јанчевска и ас. д-р Наташа Најдановска Алулоска да бидат избрани во звањето ДОЦЕНТ во наставно-научните области педијатрија и детски болести со нега на болно и здраво дете.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
Проф. д-р Зоран Гучев с.р.
Проф. д-р Розана Кацарска с.р.
Проф. д-р Стојка Фуштиќ с.р.
Проф. д-р Велибор Тасиќ с.р.
Проф. д-р Ката Мартинова с.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА НА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВОВЕДНИ И ТЕОРЕТСКИ ПРАВНИ НАУКИ НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ" ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" при УКИМ во Скопје, со Одлука бр 02-433/3, од 29.3.2019, донесена на седницата одржана на 29.3.2019, формираше Комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област воведни и теоретски правни науки, а врз основа на претходно дадена согласност на предложените членови, и тоа: проф. д-р Димитар Бајалциев (03-450/3 од 28.3.2019), проф. д-р Миодраг Мицајков (03-450/1 од 27.3.2019) и проф. д-р Борче Давитковски (бр.03-450/2 од 27.3.2019).

Комисијата во состав: проф. д-р Димитар Бајалциев, проф. д-р Миодраг Мицајков и проф. д-р Борче Давитковски, едногласно, на Наставно-научниот совет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања на научната област воведни и теоретски правни науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ во Скопје, објавен во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ на 08.3.2019 година се пријави една кандидатка д-р Јасна Бачовска Недиќ, вонреден професор од областа воведни и теоретски правни науки на Правниот факултет „Јустинијан Први" при УКИМ во Скопје.

Кон пријавата кандидатката достави: Одлука за научен степен - доктор на науки и Диплома за научен степен - доктор на науки, издадени од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје; Диплома за научен степен - магистер, издадена од Правниот факултет „Јустинијан Први“ на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, изјава дека ги исполнува општите услови за пријавување на конкурсот, биографија за наставно-научната дејност, истражувачката дејност и стручно-применувачката дејност на кандидатката и документи кои ги потврдуваат наводите во биографијата.

I. Биографски податоци

Јасна Бачовска Недиќ (родена 1974 г.) завршила основно училиште како првенец на генерацијата. Наградувана е на републички натпревари во областите: историја, македонски јазик, физика и ликовна уметност.

Средно образование завршила во 1992/93 година во Економско-правното училиште „Борис Кидрич“, на правната насока. Избрана е за *ученик на годината во 1993 година*.

Во 1993/94 година се запишала на Правниот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, отсек: правни студии. Дипломирала како најдобар студент во својата генерација (мај 1998 година, група: меѓународно право). Во 1997 год. добила награда за најдобар студент на универзитетско ниво со просек 9,80 („26 јули“ од Френк Харкорд Менинг, Лондон, Велика Британија).

Во 2000 год. ги завршила интердисциплинарните постдипломски студии на подрачјето политичко-правни науки и комуникологија со просек 10,00. Во 2002 год. година магистрирала со магистерскиот труд на тема *Медиумите и политичката пропаганда во демократските системи*.

Во 2009 год. година се стекнала со научен степен - доктор на науки, со докторскиот труд на тема *Примена на истражувачките методи во новинарството (социолошко-политиколошки приод)*.

По дипломирањето започнала да одржува вежби на Правниот факултет по предметите *Методологија на правните и политичките науки, Општа социологија, Социологија на право и Современи информациони системи* за студентите од прва година: правни студии, политички студии и студиите по новинарство.

Од 2000 година започнал нејзиниот ангажман во Македонската академија на науките и уметностите, во Центарот за стратегиски истражувања. Како асистент, истражувач, со свои

трудови и истражувања (во прилог на формирањето на целокупната аналитичка документација на Центарот) била дел од следниве макропроекти: *Балкански студии: историските, политичките, економските, културните и демографските аспекти на односите на Република Македонија со соседните земји (Албанија, Бугарија, Грција и Србија)* и Турција; *Населението на Република Македонија*; *Фундаментални долгорочни интереси на Република Македонија и изворите и облиците на нивното загрозување*; *Анализа на развојните индикатори на стопанството на Република Македонија по Втората светска војна*.Како дел од тимот на Центарот за стратегиски истражувања, при МАНУ земала учество на повеќе меѓународни конференции, семинари, предавања итн.

Била член на *Балканската контакт-група* која е формирана во Анкара, во јуни 2005 година на Балканската конференција на стратешките и научно - истражувачките центри, организирана од страна на центрите за стратегиски истражувања на балканските земји.

Во мај 2005 година е избрана за асистент на предметите *Методологија на правни и политички науки* и *Социологија на правото* на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ во Скопје.

Во декември 2009 година била избрана за доцент на воведни правни науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Во септември 2014 година е избрана за вонреден професор на воведни и теоретски правни науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ.

Во 2009 година е именувана за Раководител на студиите по новинарство, медиуми и комуникации. Проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ е иницијатор за формирањето на додипломските студии по односи со јавноста во рамките на Институтот за новинарство, медиуми и комуникации. Моментално е вршител на должноста раководител на Институтот за новинарство, медиуми и комуникации и раководител на мастер студиите по медуми и комуникации и односи со јавност. Во 2018 е именувана за главен и одговорен уредник на Универзитетско радио „Студент ФМ 92,9“, при Универзитет „Св Кирил и Методиј“ Скопје (Одлука бр. 02-384/49 од 15.03.2018). Јасна Бачовска Недиќ е претседател на Меѓународниот академски институт (https://ia-institute.com/category/board/) и член на Македонскиот институт за европски студии. Овие две невладини институции се мошне активни и тоа во меѓународна научна размена во областа на општествените науки и едукација на кадри, а особено во областа на медиумите и комуникациите, евроинтеграциите и владеењето на правото.

II. Наставно-научна, стручно-апликативна и дејности од поширок инресес

Со оглед на интердициплинарноста на постдипломското образование, вонр. проф. Јасна Бачовска Недиќ предава на сите три вида студии (на прв, втор циклус и трет циклус студии) на Правниот факултет „Јустинијан Први“.

Кандидатката има значителен придонес и во неформалното образование во Република Северна Македонија преку учество како предавач во значителен број на семинари, обуки и работилници организирани од страна на невладиниот сектор и агенции за едукација на кадри во областа која е нејзино поле на научен интерес. Кандидатката Јасна Бачовска Недиќ учествувала во следниве семинари, обуки и работилници:

Jasna Bachovska Nedikj*, The Key Concepts in Political Communication,* Konrad Adenauer Stiftung, Political academy, март 2014.

Јасна Бачовска Недиќ *Етика и естетика во современото административно работење*, 14-17.5.2015, Белград, Република Србија, семинар за раководители на служби за човечки ресурси, административни работници, асистенти на менаџери и деловни секретари од владата, министерства и јавни претпријатија.

Јасна Бачовска Недиќ *Актуелни аспекти на PR-от во административното работење во Република Македонија*, семинар за раководители на служби за човечки ресурси, административни работници, асистенти на менаџери и деловни секретари од владата, министерства и јавни претпријатија, 27- 30.9.2015, Сандански, Република Бугарија.

Јасна Бачовска Недиќ *Кризен PR, односи со јавност во услови на криза,* семинар за раководители на служби за човечки ресурси, административни работници, асистенти на

менаџери и деловни секретари од владата, министерства и јавни претпријатија, 3-6.12.2015 Банско, Република Бугарија.

Јасна Бачовска Недиќ ***Комуникациските вештини како предизвик во современото работење,*** семинар за раководители на служби за човечки ресурси, административни работници, асистенти на менаџери и деловни секретари од владата, министерства и јавни претпријатија 20-23.4.201, Нови Сад, Република Србија;

Јасна Бачовска Недиќ ***Подобрување на ангажираноста и продуктивноста на вработените,*** семинар за раководители на служби за човечки ресурси, административни работници, асистенти на менаџери и деловни секретари од владата, министерства и јавни претпријатија, 14-17.9.2017, Софија, Република Бугарија;

Јасна Бачовска Недиќ *Професионализам и јавност,* Биро за метрологија, Министерство за економија на Република Македонија, февруари 2016;

Јасна Бачовска Недиќ, *Протокол бон-тон во јавниот секор*, Бирото за метрологија, Министерство за економија на Република Македонија, март 2017;

Јасна Бачовска Недиќ, *Техники на односи со јавност во јавната администрација,* Бирото за метрологија, Министерство за економија на Република Македонија, февруари 2017;

Јасна Бачовска Недиќ, *Ефективна тимска работа,* Бирото за метрологија, Министерство за економија на РМ, Крушево, декември 2017;

Јасна Бачовска Недиќ *Техники на односи со јавност*, Конранд Аденауер, Скопје, февруари, 2016;

Јасна Бачовска Недиќ *Политичко мислење кај младите,* Конранд Аденауер, Скопје, 2015;

Јасна Бачовска Недиќ, *Клучни концепти во политичката комуникација,* Конранд Аденауер, Скопје 2014;

Јасна Бачовска Недиќ, *„Стратешко планирање во јавниот сектор,* (одржани 4 работилници), Сејфти Консалтинг, Скопје мај, 2018;

Јасна Бачовска Недиќ *Тимска работа,* Генерален секретаријат на влада, Скопје, јуни 2018;

Јасна Бачовска Недиќ, *Концепт за медиумска писменост*, Македонски институт за европски студии, 17.11.2017, Скопје, (проект: Коалиција за медиумска писменост финансиран од Европска Унија)

Јасна Бачовска Недиќ *Дигитална писменост: медиумска колонизација на политиката vs електронска демократија,* Македонски институт за европски студии, 28.11.2017, Скопје, (проект: Коалиција за медиумска писменост финансиран од Европска Унија);

Јасна Бачовска Недиќ *Политичката порака и видот на медиумот,* Македонски институт за европски студии, Скопје, 05.12 2017 (проект: Коалиција за медиумска писменост финансиран од Европска Унија);

Јасна Бачовска Недиќ *Ограничувања на слободата на изразување,* Македонски институт за европски студии, Скопје, 25.12.2017 (проект: Коалиција за медиумска писменост финансиран од Европска Унија);

Јасна Бачовска Недиќ *Етички деловни комуникации,* Агенција за едукација на кадри (КДС), Бугарија, декември 2017 .

Јасна Бачовска Недиќ *Деловна етика и комуникација,* Агенција за едукација на кадри (КДС), Бугарија, јуни 2018 г.

Јасна Бачовска Недиќ, *Дигитализација како социолошки концепт*, прва работилница насловена Дигитално живеење 27. 11. 2018 г., проект на МИЕС: *Не биди медиумска мета*;

Јасна Бачовска Недиќ, *Социјални мрежи-поврзување на граѓаните со политиката,* втора работилница насловена *Визии: медиумска колонизација на политиката vs електронска демократија* 25.12.2018 г. проект на МИЕС: *Не биди медиумска мета*;

Јасна Бачовска Недиќ, *Регулирање на онлајн медиуми и лажни вести* трета работилница насловена *Лажни вести,* проект на МИЕС: *Не биди медиумска мета*, 14.1 2019;

Јасна Бачовска Недиќ, *Јавната сфера во мрежното општество,* Деветта Политичка академија за социјална демократија 2017/2018, Струга, 18-20. 5.2018;

Јасна Бачовска Недиќ, Александар Спасов, Промоција на документ за јавни политики и јавна дебата на тема: „Креирање на младински политики преку локални совети на млади“, Битола, 1.12.2017;

Јасна Бачовска Недиќ, Александар Спасов, *Методологија за документ за јавна политика,* проект за политики втор дел, Мултикултурни аспекти II, Финска фондација Калеви Сорса и Прогрес Институт, Битола, 1-3 декември 2017;

Јасна Бачовска Недиќ, Александар Спасов *Поим на јавна политика и циклус на јавна политика,* Обука за подготовка на проекти и развој на јавни политики на локално ниво, Охрид 7- 9.9.2018;

Јасна Бачовска-Недиќ, Александар Спасов *Вовед во темата јавни политики*, проект за политики, втор дел, (Политики во пракса – Мултикултурни аспекти) Фондација Калеви Сорса, Финска, Прогрес Институт, Охрид, 29.9 - 01.10.2017;

Јасна Бачовска Недиќ, Предавач на работилница: Policies in to Practice –Multicultural aspect на тема „Креирање на политики“ (14-16.10.2016)

Јасна Бачовска Недиќ, *Регулација на нови медиуми*, Центарот за Мултимедијални Производи ИНБОКС 7, 26.12.2018 Штип;

Јасна Бачовска Недиќ, Презентација на проектот *Медиумски писмен студент* во рамките на проектот „Медиумска писменост во ера на наплив од информации“, МИЕС, Висока школа за новинарство и односи со јавност, Институт за различности во медиумите од Лондон, весникот Нова Македонија, подржан од Европската Унија, *ЕУ Инфо Центар,* Скопје, 18.11 2016;

Јасна Бачовска Недиќ, Презентација на проектот *Не биди медиумска мета* во рамките на проектот „Со критичко мислење до граѓани со медиумска умешност-КриТинк“ МИЕС, фондација Метаморфозис и Евротинк – Центар за европски стратегии, подржан од Европската Унија, Граѓански ресурсен центар, Скопје, 19.10.2018;

Јасна Бачовска Недиќ, *Односи со јавност во државниот сектор*, Меѓународен академски институт - МАИ, октомври, Скопје, 15.10. 2018;

Јасна Бачовска Недиќ, *Деловни комуникации*, Меѓународен академски институт - МАИ, октомври, 2018 година, Скопје, 4.12.2018;

Јасна Бачовска Недиќ, *Стратешко планирање во јавниот сектор*, Меѓународен академски институт - МАИ, Скопје 4.3.2019;

Јасна Бачовска Недиќ, Работилница на тема: *Говорот на омраза и известување во медиумите за различностите,* Прогрес Институт, Клуб на новинари, Скопје, 26.12.2014;

Јасна Бачовска Недиќ, *Истражувачкото новинарство како алатка за борба против корупцијата*, Јавна дебата: ЕУ Инфо Центар, Скопје, 25. 03. 2016;

Јасна Бачовска Недиќ, *Предизвиците и проблемите на младите новинари*, тркалезна маса, Клуб на новинари, Скопје, 20.02.2019;

вонр. проф. Јасна Бачовска Недиќ била менторка на неколку кандидати на трет циклус студии, и тоа:

1. „Информациското општество и трговските марки во компаративното право“ (02-578/160, 27.4.2017), докторска дисертација на докторските студии по право на интелектуална сопственост;
2. „Социо-психолошките фактори на добропознатите трговски марки и нивната заштита“, (02-1257/101, 25.11.2016), докторска дисертација на докторските студии по право на интелектуална сопственост;
3. „Комуникација на социјални мрежи“, докторска дисертација на докторските студии на комуниколошки науки;
4. Менторирање на кандидатка на докторски студии на комуниколошки науки (09-9/240, 12.3.2019);
5. Менторирање на кандидат на докторски студии по право на интелектуална сопственост, (09-9/241, 12.32019);

Вонр. проф. Јасна Бачовска Недиќ била член на комисии за оценка или одбрана на следниве докторати:

1. Член на комисија за подобност на тема на докторска дисертација, *„Влијанието на образовните класификации врз успешноста на менаџерите за односи со јавност“,* (02-1524/97, 29.11.2017)*;*
2. Член на комисија за подобност на тема *„Родово сензитивни комуниколошки практики на компаниите во Република Македонија: економско, комуниколошки и социолошки аспекти“,* (02-1129/69)*;*

3. Член на комисија за одбрана на докторска дисертација *„Односите со јавноста и медиумите во Република Македонија“,* (02-410/11, 30.03.2017);

4. Член на комисија за подобност на тема на докторска дисертација *„Односите со јавноста во корпоративниот сектор на Република Македонија“,* (02-1257/100, 25.11.2016).

5. Член на Комисија за оценка на докторска дисертација *„Односите со јавноста и медиумите во Република Македонија“,* (02-1257/4, 25.11.2016);

6. Член на комисија за оценка на докторска дисертација „Современите теории за државниот суверенитет во меѓународниот поредок меѓу правниот позитивизам и државната одговорност“, (02-236/172, 27.02.2015);

7. Член на Комисија за оценка на подобноста и одбрана на темата на докторската дисертација *„Современите теории за државниот суверенитет во меѓународниот поредок меѓу правниот позитивизам и државната одговорност“* (02-1456/102 27.11.2014);

8. Комисија за одбрана на теза *„Информацискоото општество и трговските марки во компаративното право“,* (02-578/160, 27.04.2017);

9. Член на комисија за подобност на тема *„Институциите на Европската унија и европскиот идентитет“,* (02-356/90);

Проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ исто така активно учествувала во вториот циклус на студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“, и тоа преку менторства на магистерски тези и членства во значителен број на Комисии за оценка или одбрана на магистерски тези и исто така била менторка на повеќе кандидати.

Кандидатката вонр. проф. Јасна Бачовска Недиќ е рецензент на универзитетски учебници и книги и тоа:

1. Вовед во безбедноста, Роберт Ј. Фишер, Едвард Халибозек и Гион Грин, Скопје: Арс ламина;

2. Меѓународните односи и Европската унија, Кристофер Хил и Мајкл Смит, Скопје: Арс ламина - публикации;

3. Новата динамика на мултилатерализмот: дипломатијата, меѓународните организации и глобалното управување, Џејмс П. Мулдон, Скопје: Арс ламина;

4. Воспоставување на супрематијата на европското право: создавање на меѓународно владеење на правото на Европа/Карен Алтер, Скопје: Арс ламина;

5. Јавното право за владините договори, А. Ц. Л. Дејвис, Скопје, Арс ламина, 2012;

6. Феноменологија на медиумите, Прилози за можна критичка теорија на медиумите, Денко Скаловски, BIGOSS, 2019;

7. Професионално и одговорно новинарство, Сервис на проверка на фактите во медиумите;

8. Учебник по Реторика од авторот Јован Андоновски (ISBN 978-608-247-902-6)

9. Правен лексикон, Македон Славковски, ISBN 978-9989-2740-1-5;

Вонр. проф. Јасна Бачовска Недиќ учествувала на меѓународни и национални научни и стручни собири на кои имала пленарни и секциски предавања. Темите кои се презентирани на овие научни и стручни собири се битни за македонското општество:

1. Јасна Бачовска Недиќ, *Медиумите и новинарската одговорност – актуелни аспекти,* прв јавен состанок: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 25. 3. 2016;

2. Јасна Бачовска Недиќ, *Методологија на следење на работата на Судскиот совет: транспарентност, отчетност и ефективност,* стручен собир во организација на Институт за човекови права одржан на Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје, 18.10.2018 година;

3. Јасна Бачовска Недиќ, *Собранискиот канал на Република Македонија,* Јавна расправа: Функционирање на Собранискиот канал, Собранието на Република Македонија 16.3.2016;

4. Јасна Бачовска Недиќ, *Методологија на мониторинг на Судски совет*, Втора тркалезна маса со претставници од граѓанскиот сектор на тема: “Развивање на инструменти за мерење на реформите во правосудството“ 29. 2. 2016, Скопје;

5. Јасна Бачовска Недиќ, *Истражувачко новинарство како алатка за борба против корупцијата*, Стручен собир, ЕУ Инфо Центар, 25-ти Март 2016;

1. Јасна Бачовска Недиќ, *Развивање на инструменти за мерење на реформите во правосудството*, Стручен собир со меѓународно учество, Центар за правни истражувања и анализи, 29. 02.2016
2. Јасна Бачовска Недиќ, *Методолошка оправданост на матрицата за мерење на реформите во правосудство*, стручен собир со меѓународно учество, Центар за правни истражувања и анализи, 30.03.2016
3. Јасна Бачовска Недиќ, *Професијата новинар и новите медиуми*, Национална конференција: иднината на медиумите и новинарството во дигиталната ера, Центар за развој на медиуми, Скопје, 27. 06.2018;
4. Conference *New generation investigative journalists – challenges and perspectives*, Skopje, 21.10.2016;
5. Conference *Investigative journalism safeguard of democracy and human rights*, 13.12.2017;
6. Jasna Bacovska Nedikj, *Social Sciences in The Transitions Countries, Education and Social Sciences Conference, Business and Economics Conference* 22-23. 10. 2018 Paris, France;
7. Jasna Bacovska Nedikj, *Social Function in Sport Journalism with Accent of Republic of Macedonia*, 3th International Scientific Conference Research in Physical Education, Sport and Health, 2018, Skopje, Macedonia (31 May - 02 June, 2018);
8. Dr. Jasna Bachovska Nedic, *Sur les aspects classiques de la liberté de religion* - La liberté de religion, Journée de droit compare franco-macédonien, Skopje, 9 décembre 2015;
9. Prof. Jasna Bacovska Nedikj, Ph.D. Ljubinka Andonovska, *EU Media Policies in the Context of Cultural Identity*, Second International Conference of the European Studies Department, Faculty of Philosophy at Sofia University “St. Kliment Ohridski” THE EUROPEAN UNION - A NEW START? May 2015 file:///C:/Users/Jasna/Downloads/eu_studies_department_conference_2015.pdf;
10. Јасна Бачовска Недиќ, *Слобода на изразувањето и медиумските системи* меѓународна научна конференција *Медиумите и човековите права,* Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје 10.12 2015; (09-15/5, 7.12.2015 г) Јасна Бачовска Недиќ, *Истражувачкото новинарство во Република Македонија помеѓу доктринарните аспекти и позитивните практики,* меѓународна научна конференција *Слободата на изразување во 12 век,* Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје 13.12 2017;
11. Jasna Bacovska Nedikj, Milena Apostolovska - Stepanovska ``The Role of the European Institutions in Building the European Identity” 8th Pan-European Conference on the European Union, University of Trento, Italy, 15-18 June 2016;
12. Jasna Bacovska Nedikj, The Role of Law and Civil Society, 5th International Scientific Conference of the Faculty of Law, Faculty of Law-University of Tetova, Iustinianus Primus Faculty of Law – Ss. Cyril and Methodius, University in Skopje, 19.10.2018
13. Jasna Bachovska Nedikj, *Public informing in the Republic of Macedonia and the European type of media system*, Educational & Social Sciences, Italy Roma, 26-27.6.2018
14.. Prof. Jasna Bachovska Nedikj, Challenges of Legal Regulation of Online Media in the Republic of Macedonia, Scientific conference, Law, justice and polititics in the contemporary democratic context, Faculty of Law, Iustinianus Primus Faculty of Law – Ss. Cyril and Methodius, Скопје 10.12 2018;
14. Конференција со меѓународно учество „Нова генерација истражувачки новинари - предизвици и перспективи“, Скопје 26.10.2016„ Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права“ (Проект подржан од ЕУ и Британската амбасада во РМ).

Вонр. проф. Јасна Бачовска Недиќ е авторка на две стручни монографии и два учебници за средно образование, и тоа:

1. Граѓаните и новинарите за професионалноста во медиумите (ISBN 978-608-4818-24-3) (печатена на македонски и албански јазик);
2. Регулација на онлајн медиумите во Република Македонија (ISBN 978-608-4805-04-5)
3. Учебник Право за III година Економско-правна и трговска струка (заеднички предмети за образовните профили: деловен секретар економски техничар и техничар за трговија и маркетинг)

4. Учебник Право за IV година (заеднички предмети за образовните профили: деловен секретар економски техничар и техничар за трговија и маркетинг) (22-215/2 22.03.2018)

Исто така, вонр. проф. Јасна Бачовска Недиќ е авторка на еден универзитетски учебник и пакет материјали два предмети:

1. Политичка пропаганда и убедување, учебник за втора година студии по односи со јавност, Базилика, 2019 ISBN 978-9989-2896-3-7
2. Пакет материјали по предметот Истражувачко новинарство (02-120/12 01.2.2019)
3. Пакет материјали по предметот Телевизиско новинарство (02-120/12 01.2.2019)

Јасна Бачовска Недиќ е еден од авторите на монографијата под наслов *Новинарите на транзицијата во Република Македонија* (03-1481/1 20.11.2017) која е во процес на пишување.

Вонр. проф. Јасна Бачовска Недиќ е иницијатор и еден од креаторите на студиите по новинарство и односи со јавност преку подготовката на елаборати за студиските програми:

1. Студии по односи со јавност (прв циклус) (02-1506/9, 27.11.2017);
2. Студии по новинарство (прв циклус) (02-1506/9, 27.11.2017);
3. Студии по односи со јавност (втор циклус) (02.1506/8);
4. Студии по медиуми и комуникации (втор циклус) (02.1506/8);
5. Докторски студии во областа на комуникациските науки.

Вонр. проф. Јасна Бачовска Недиќ била член на жири-комисија за доделување на наградата „Никола Младенов“ за избор на најдобра истражувачка сторија за 2017 година, Македонски институт за медиуми;

Вонр. проф. Јасна Бачовска Недиќ активно учествувала во промотивните активности за факултетот/институтот и тоа преку:

1. Промоција на студиите по новинарство на Радио „Слободна Македонија“
2. Промоција на студиите по новинарство и односи со јавност, Свечен амфитеатар на Правен факултет „Јустинијан Први“, 04.2016 г.
3. Промотивен настан на Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ 07.03.2019 година
4. Промоција на Зборникот издаден од Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на проф. д-р Лазар Китановски
5. Промоција на Зборникот од меѓународна Конференција „Медиумите и човековите права“, Нова сала за ННС, декември 2016
6. Посета Правниот факултет при Универзитетот Ломоносов во Москва, Русија 04-14.11.2014 г.

Проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ активно се залага за обезбедување на дополнителни активности на студентите на факултетот преку соработка со други институции и официјализирање на таа соработка преку меморандуми и договори како на пример: Меморандум за соработка помеѓу Правен факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ, Институтот за новинарство медиуми и комуникации (една страна) и Институтот за човекови права и Центарот за управување со промени (друга страна). (0307-31/3, 10.05.2016) 03-15/1 9.7.2014; Договор за практична настава на студенти помеѓу Правен факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ и Здружение - Центар за истражувачко новинарство СКУП – Македонија итн.

Како професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ била дел од неколку работни комисии во рамките на, Факултетот, и тоа:

1. Комисија за изработка на акт за систематизација на работните места согласно со Законот за вработени во јавниот сектор, Правен факултет „Јустинијан Први“Скопје („Сл.весник на РМ“ бр.27/2014) (02-181/3, 19.02.2014)
2. Конкурсна комисија за упис на студенти од втор циклус на студии за учебната 2016/2017 г., Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје УКИМ (02-728/92 30.06.2016);
3. Комисија за евалуација, Правен факултет „Јустинијан Први“ (02-1193/8, 21.11.2016)
4. Комисија за изработка на водич за докторски студии на студиската програма-правни науки, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје (02-417/85, 8.4.2015)
5. Конкурсна комисија упис на студенти на прв циклус студии, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје за учебната 2015/2016 (02-829/38 9.7.20150)
6. Комисија за подготовка на елаборат за акредитација на студиските програми по новинарство и односи со јавност – прв циклус студии, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје (02-1506/9, 27.11.2017)

7. Колегиум за акредитација на студиските програми од втор циклус на студии по новинарство и односи со јавност, Институт за новинарство, медиуми и комуникации, Колегиум на постдипломски студии, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје (02.1506/8, 27.11.2017)

Вонр. проф. Јасна Бачовска Недиќ била дел од комисии за избор на помлади колеги од Правниот факултет „Јустинијан Први“ и тоа:

1. Комисија за избор во звање вонреден професор на Даниела Блажевска
2. Комисија за избор во звање доцент на Милена Апостоловска – Степаноска

Вонр. проф. Јасна Бачовска Недиќ е дел од повеќе организациони одбори за организирање на настани на факултетот, кои имале и широко општествено значење. Тоа се следниве одбори:

1. Организационен одбор за организирање на меѓународна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (02-1261/7, 13.10.2017);
2. Организационен одбор за одбележување на 40 - годишнината од студиите по новинарство (02-410/4, 30.03.2017);
3. Организационен одбор на XVIII ораторската вечер „Иво Пухан“ (03-1357/1.3.11.2014);
4. Организационен одбор на XVIII ораторската вечер „Иво Пухан“ (2015)
5. Организационен одбор за организирање на меѓународна конференција: International Academic Institute, Education & Social Sciences, Roma Italy, 26-27.6.2018, https://ia-institute.com/category/conferences/
6. Организационен одбор за организирање на меѓународна конференција: International Academic Institute, Education & Social Sciences, Paris France, 22-23.10.2018, https://ia-institute.com/category/conferences/
7. Организационен одбор за организирање на меѓународна конференција: International Academic Institute, Education & Social Sciences, Vienna Austria, 20.3.2019, https://ia-institute.com/category/conferences/

Таа е уредник и член на повеќе уредувачки одбори на списанија и зборници, имено:

1. Член на Уредувачки одбор на стручно списание *Iustinianus Law Review*, Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ (02-578/14, 27.04.2017г)
2. Член на Уредувачки одбор на Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (меѓународен), УКИМ (02-1347/130, 30.11.2015г) (во чест на проф.д-р Славко Милосавлевски)
3. Член на Уредувачки одбор за издавање на Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје (меѓународен) (02-1082/44, 31.08.2017 г) (По повод 40 години од студиите по новинарство)
4. Член на Уредувачки одбор на Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (02-585/173,27.5.2016) (во чест на проф. д-р Миодраг Мицајков)
5. Член на Уредувачки одбор на Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (02-585/172, 27.05.2016) (во чест на проф. д-р Димитар Бајалџиев)
6. Уредник на Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (03-1136/1 2.10.2015) (во чест на проф. д-р Лазар Китановски)
7. Уредник на Зборник на трудови од меѓународна конференција Правниот факултет „Јустинијан Први“: Медиумите и човековите права) (меѓународен уредувачки одбор) ISBN 978-608-4655-63-3
8. Уредник на Зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор https://ia-institute.com/category/proceedings/

Како експрет била ангажирана во повеќе истражувачки проекти (национални и меѓународни):

1. *Јасна Бачовска Недиќ*, експерт за изработка на документ – нацрт матрица на индикатори за мерење на судските реформи, Центар за правни истражување и анализи - меѓународен истражувачки проект под наслов *Развивање на индикатори за мониторинг на перформансите на правосудството* (временска рамка на проектот 1.5.2015-31.3.2017), Центар за правни истражувања и анализи;
2. *Јасна Бачовска Недиќ*, експерт за изработка на методологија за развивање на индикаторите за следење на итните реформски приоритети во областа на судството, според Одлука за ангажирање на експерт за изработка на методологија бр.0202-54/1 од 11.7.2027 –

национален истражувачки проект под наслов „Заедничка акција за итни реформи во судството“ Институт за човекови права, Скопје (0307-54/4, 14.9.2017);

3. Јасна Бачовска Недиќ, експерт за изработка на методологија за мониторинг на Судскиот совет на Република Македонија

4. *Јасна Бачовска Недиќ,* експерт за анализа од областа на медиумите – анализа на перцепцијата за медиумите од страна на граѓаните и нивната доверба во мекедонските медиуми, како и анализа на улогата на етичкото и професионалното новинарство, во рамките на проектот „Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права“ според покана за доставување на понуди бр. 04/2017 бр. 0901-43/3

5. Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права“ IPA Civil Society Organizations under the Civil Society Facility and Media Freedom Actions 2014“(0307-31/3, 10.05.2016);

6. Евроинтеграција на општествениот, политичкиот и економскиот систем, макро проект на Правен факултет „Јустинијан Први“ УКИМ (еден од договорите 05-12/357. 27.9. 2017)

7. Раководител на национален научен проект за Истражувачко новинарство, Универзитет Св „Кирил и Методиј“

8. Раководител на проект под наслов „Медиумски писмен студент“ во рамките на проектот „Медиумска писменост во ера на наплив од информации“, МИЕС, Висока школа за новинарство и односи со јавност, Институт за различности во медиумите од Лондон, весникот Нова Македонија, подржан од Европската Унија

9. Раководител на проект под наслов „Не биди медиумска мета“ во рамките на проектот „Со критичко мислење до граѓани со медиумска умешност-КриТинк“ МИЕС, фондација Метаморфозис и Евротинк – Центар за европски стратегии, поддржан од Европската Унија

Вонр. проф. Јасна Бачовска Недиќ е авторка или коавторка на повеќе академски трудови кои подетално се опишани во образец 2:

Д-р Татјана Петрушевска, д-р Јасна Бачовска Недиќ, м-р Марјан Попевски*, Реалистичката теорија, јавното мислење и преговорите за разликите околу името на Република Македонија,* Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, (меѓународен одбор)УДК: 34, ISSN 0583-5062, Скопје 2015 г., стр. 141-163

1. Д-р Каролина Ристова-Астеруд, д-р Јасна Бачовска Недиќ, *Од социологијата на правото кон социолошки-ориентирана филозофија на право на правото,* Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, (меѓународен одбор) УДК: 34, ISSN 0583-5062, Скопје 2015 г., стр. 283-303

2. Д-р Јасна Бачовска Недиќ, д-р Александар Љ. Спасов, *За некои аспекти на проблемот на јазикот на омраза и слободата на изразување (компаративна анализа),* Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, (меѓународен одбор) УДК: 34, ISSN 0583-5062, Скопје 2015 г., стр. 303-319

3. Д-р Јасна Бачовска Недиќ, д-р Милена Апостоловска-Степановска, д-р Христина Рунчева Тасев, *Европскиот идентитет и теоријата на Јирген Хабермас за „Уставниот патриотизам“,*Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, (меѓународен одбор) ISSN 0583-5062, Скопје 2016, стр. 341-355

4. Проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, проф. д-р Татјана Петрушевска, *„Социолошките контексти на трансформацијата на медиумските системи во југоисточна Европа во последната деценија од изминатиот милениум“,* Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, (меѓународен одбор) ISSN 0583-5062, том 55, Скопје 2016, стр. 1-19

5. Д-р Јасна Бачовска Недиќ, *Слобода на изразување и медиумските системи, акцент на Република Македонија,* Зборник на Правниот факултет, Скопје 2016, стр. 15-29

6. Д-р Александар Љ. Спасов, д-р Јасна Бачовска Недиќ, *Класичен поим на внатрешниот државен суверенитет,* (изворна научна статија) Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, (меѓународен одбор) ISSN 0583-5062, том 56, Скопје 2017 г. 2017 г. 553-568

7. Д-р Јасна Бачовска Недиќ, д-р Каролина Ристова Астеруд, *Институционализирање на социологијата на правото и социолошкиот метод,* Зборник на

трудови од меѓународна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“, ISSN 0583-5062, том 52, Скопје 2015г. стр 1-15;

8. Jasna Bacovska Nedikj, Milena Apostolovska - Stepanovska ``The Role of the European Institutions in Building the European Identity”, https://ecpr.eu/Filestore/PaperProposal/ca6c95b5-687e-4483-8fc3-9cee3d577b35.pdf

9. Јасна Бачовска Недиќ, *Истражувачкото новинарство во Република Македонија помеѓу доктринарните аспекти и позитивните практики,* Зборник на трудови од меѓународна научна конференција, Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје

10. Prof. Jasna Bacovska Nedikj, Ph.D. Ljubinka Andonovska, *EU Media Policies in the Context of Cultural Identity*, THE EUROPEAN UNION - A NEW START? May 2015 file:///C:/Users/Jasna/Downloads/eu_studies_department_conference_2015.pdf

11. Jasna Bachovska Nedikj, European mechanism of freedom of Exprecion and Hate Speech, https://books.google.mk/books?id=NvpPBgAAQBAJ&pg=PA8&lpg=PA8&dq=jasna+bacovska&source=bl&ots=6YoSmMMsDs&sig=ACfU3U1WOpCpJstKNDKH8GbGOWheQLuTVA&hl=mk&sa=X&ved=2ahUKEwiO9u6EgtjgAhVuxYUKHUJQAjI4ChDoATADegQIBxAB#v=onepage&q=jasna%20bacovska&f=false

V. Заклучок и предлог на Комисијата за избор

Врз основа на изнесените податоци за наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-применувачката дејност, како и извршените дејности од поширок интерес, Комисијата за избор констатира дека вонр. проф. Јасна Бачовска Недиќ **ги исполнува условите и критериумите за избор во наставно-научното звање редовен професор на воведни и теоретски правни науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“** предвидени во Законот за високото образование („Сл. Весник на РСМ“ бр.82/2018) и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно - научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје бр.411, 5.11.2018 година. Кандидатката вонр. проф. Јасна Бачовска Недиќ, целата своја кариера ја гради во научни и високообразовни институции. Имено, по дипломирањето започнува нејзиниот ангажман во Центарот за стратегиски истражувања во МАНУ. Од 1997 како најдобар студент на правните студии во својата генерација, започнува да работи како демонстратор на Правниот Факултет „Јустинијан Први“, а од 2005 се вработува како асистент на факултетот. Во 2002 година магистрира, а докторира во 2009. Во 2009 е избрана во звањето доцент, а во 2014 година во звањето вонреден професор на научната област воведни и теоретски правни науки.

Таа е иницијатор за основањето на додипломските студии по односи со јавност на Институтот за новинарство, медиуми и комуникации. Со Институтот за новинарство, медиуми и комуникации раководи повеќе години и е главна и одговорна уредничка на Универзитетското радио од 2018г. Врз основа на анализа на биографијата на проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, заклучуваме дека:

1. повеќекратно ги исполнува потребните поени за избор во звањето редовен професор;
2. има обемна наставна дејност како на факултетот, така и во областа на неформалното образование и едукацијата на кадри;
2. авторка е на солиден број научни и стручни трудови, објавени во стручни и научни списанија и меѓународни публикации;
3. има значително учество во меѓународни и национални научни проекти;
4. учествувала на меѓународни научни и стручни собири и симпозиуми;
5. има позитивна оценка од спроведената анкета на студентите при самоевалуацијата.
6. со многу активности е вклучена во функционирањето на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за избор му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, да ја избере д-р Јасна Бачовска Недиќ во наставно-научното звање редовен професор од научната област воведни и теоретски правни науки.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Димитар Бајалџиев, с.р

Проф. д-р Миодраг Мицајков, с.р

Проф. д-р Борче Давитковски, с.р

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат:
Јасна Илија Бачовска Недиќ
Институција:
Правен факултет „Јустинијан Први“ - Скопје
Научна област:
ВОВЕДНИ И ТЕОРЕТСКИ ПРАВНИ НАУКИ

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: _____ Просечниот успех на втор циклус изнесува: _____ Просечниот успех изнесува _____за интегрираните студии.	/
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира – политичко-правни науки и комуникологија Назив на научната област општествени науки, правни науки, воведни и теоретски правни науки.	да
3	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	Да (образец 2)
	Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира***	да
3.1	Наслов на учебникот: Политичка пропаганда и убедување Место и година на објава: Скопје, 2019	
3.2	Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј’ 1082 од 15.08 2014	да
3.3	Има способност за изведување на високо образовна дејност	да

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на

интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

ОБРАЗЕЦ 2
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: Јасна Бачовска Недиќ
Институција: Правен факултет „Јустинијан Први“- УКИМ- Скопје
Научна област: воведни и теоретски правни науки

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број		Поени
1.	**Одржување на настава**	/
1.1	**Учебна 2014/2015** ***Прв циклус*** Социологија на правото 90*0,04 Теории на новинарство 26,5*0,04 Социо-психолошки аспекти на односи со јавност 26,5*0,04 Политичка пропаганда и убедување 52*0,04 Уредување во новинарството 36,5*0,04 Агенциско новинарство 26,5*0,04 ТВ новинарство 26,5*0,04 Известување во новинарството 26,5*0,04 ***Втор циклус*** (20% менторски) Медиуми и глобализација 26,5*0,05 Дизајн и огласување во медиуми 26,5*0,05 Новински агенции 52,5*0,05 Техники на односи со јавност 52,5*0,05 Лобирањето и односите со јавноста 52,5*0,05 ***Трет циклус*** Методологија на научно-истражувачка работа 10*0,06	14.08
1.2	**Учебна 2015/2016** ***Прв циклус*** Социологија на правото 90*0,04 Теории на новинарство 26,5*0,04 Социо-психолошки аспекти на односи со јавност 26,5*0,04 Медиуми и глобализација 26,5*0,04 Политичка пропаганда и убедување 52*0,04 Уредување во новинарството 10*0,04 Агенциско новинарство 26,5*0,04 ТВ новинарство 26,5*0,04 Известување во новинарството 26,5*0,04 Истражувачко новинарство 52,5*0,04 ***Втор циклус*** (20% менторски) Медиуми и глобализација 26,5*0,05 Дизајн и огласување во медиуми 26,5*0,05 Нови медиуми 26,5*0,05 Новински агенции 52,5*0,05 Техники на односи со јавност 52,5*0,05 Лобирањето и односите со јавноста 52,5*0,05 ***Трет циклус*** Методологија на научно-истражувачка работа 10*0,06	17,51
1.3	**Учебна 2016/2017** ***Прв циклус*** Социологија на право 90*0,04 Теории на новинарство 26,5*0,04 Медиумите и глобализацијата 26,5*0,04	

	Социо-психолошките аспекти на односите со јавност 26,5*0,04 Политичка пропаганда и убедување (задолжителен) 52,5*0,04 Техники на односи со јавност 52,5*0,04 Истражувачко новинарство 52,5*0,04 Агенциско новинарство 26,5*0,04 ТВ новинарство 26,5*0,04 Уредување во новинарство-Практикум 17,5*0,04 ***Втор циклус*** (20% менторски) Социологија на комуникации 45*0,05 Нови медиуми 22,5*0,05 Теории и техники на односи со јавност 52,5*0,05 Техники на односи со јавност 45*0,05 Агенциско новинарство 26,5*0,05 ТВ новинарство 26,5*0.05 Лобирање и односите со јавност 37,5*0,05 Односи со јавноста во услови на криза 26,5*0,04 ***Трет циклус*** Методологија на научно-истражувачка работа 10*0,06	19,32
1.4	**Учебна 2017/2018** ***Прв циклус*** Социологија на право 90*0,04 Теории на новинарство 26,5*0,04 Медиумите и глобализацијата 52,5*0,04 Социопсихолошките аспекти на односите со јавност 52,5*0,04 Политичка пропаганда и убедување 52,5*0,04 Техники на односи со јавност 52,5*0,04 Истражувачко новинарство 52,5*0,04 Агенциско новинарство 52,5*0,04 ТВ новинарство 26,5*0,04 ***Втор циклус*** (20% менторски) Социологија на комуникации 45*0,05 Нови медиуми 22,5*0,05 Теории и техники на односи со јавност 52,5*0,05 Техники на односи со јавност 45*0,05 Агенциско новинарство 52,5*0,05 ТВ новинарство 26,5*0,04 Лобирање и односите со јавност 37,5*0,05 Односи с јавност во услови на криза 26,5 ***Трет циклус*** Методологија на научно-истражувачка работа 10*0,06	19,9
1.5	**Учебна 2018/2019** ***Прв циклус*** Социологија на право 90*0,04 Теории на новинарство 26,5*0,04 Медиумите и глобализацијата 26,5*0,04 Социо-психолошките аспекти на односите со јавност 26,5*0,04 Политичка пропаганда и убедување 52,5*0,04 Техники на односи со јавност 52,5*0,04 Истражувачко новинарство 52,5*0,04 Агенциско новинарство 52,5*0,04 ТВ новинарство 26,5*0,04 ***Втор циклус*** (20% менторски) Социологија на комуникации 45*0,05 Нови медиуми 22,5*0,05 Теории и техники на односи со јавност 52,5*0,05 Техники на односи со јавност 45*0,05 Агенциско новинарство 52,5*0,05	19,65

	ТВ новинарство 26,5*0,05=1,3 Лобирање и односите со јавност 37,5*0,05 ***Трет циклус*** Методологија на научно-истражувачка работа 10*0,06	
2	**Настава во летни школи и работилници**	/
2.1	Jasna Bachovska Nedikj, *The Key Concepts in Political Communication,* Konrad Adenauer Stiftung, Political academy, март 2014.	1
2.2	Јасна Бачовска Недиќ, *Етика и естетика во современото административно работење*, семинар за раководители на служби за човечки ресурси, административни работници, асистенти на менаџери и деловни секретари од владата, министерства и јавни претпријатија, Белград, Република Србија, 14-17.5.2015	1
2.3	Јасна Бачовска Недиќ, *Актуелни аспекти на PR-от во административното работење во Република Македонија*, семинар за раководители на служби за човечки ресурси, административни работници, асистенти на менаџери и деловни секретари од Владата, министерства и јавни претпријатија, Сандански, Република Бугарија, 27- 30.9.2015	1
2.4	Јасна Бачовска Недиќ *Кризен PR, односи со јавност во услови на криза",* семинар за раководители на служби за човечки ресурси, административни работници, асистенти на менаџери и деловни секретари од владата, министерства и јавни претпријатија, Банско, Република Бугарија, 03-6.12.2015	1
2.5	Јасна Бачовска Недиќ ***Комуникациските вештини како предизвик во современото работење***, семинар за раководители на служби за човечки ресурси, административни работници, асистенти на менаџери и деловни секретари од владата, министерства и јавни претпријатија Нови Сад, Република Србија 20-23.4.2016	1
2.6	Јасна Бачовска Недиќ, ***Подобрување на ангажираноста и продуктивноста на вработените,*** семинар за раководители на служби за човечки ресурси, административни работници, асистенти на менаџери и деловни секретари од владата, министерства и јавни претпријатија, Софија, Република Бугарија 14-17.9.2017	1
2.7	Јасна Бачовска Недиќ, *Професионализам и јавност ,* Биро за метрологија, Министерство за економија на Република Македонија, февруари 2016	1
2.8	Јасна Бачовска Недиќ, *Протокол бон-тон во јавниот сектор*, Бирото за метрологија, Министерство за економија на Република Македонија, март 2017	1
2.9	Јасна Бачовска Недиќ, *Техники на односи со јавност во јавната администрација ,* Бирото за метрологија, Министерство за економија на Република Македонија, февруари 2017	1
2.10	Јасна Бачовска Недиќ, *Ефективна тимска работа ,* Бирото за метрологија, Министерство за економија на РМ, Крушево, декември 2017	1
2.11	Јасна Бачовска Недиќ, *Техники на односи со јавност* , Конранд Аденауер, Скопје, февруари, 2016	1
2.12	Јасна Бачовска Недиќ *Политичко мислење кај младите ,* Конранд Аденауер, Скопје, 2015	1
2.13	Јасна Бачовска Недиќ, *Клучни концепти во политичката комуникација ,* Конранд Аденауер, Скопје, 2014	1

2.14	Јасна Бачовска Недиќ, *Стратешко планирање во јавниот сектор ,* (одржани 4 работилници), Сејфти Консалтинг, Скопје мај, 2018	1
2.15	Јасна Бачовска Недиќ, *Тимска работа ,* Генерален секретаријат на влада, Скопје, јуни 2018	1
2.16	Јасна Бачовска Недиќ, *Концепт за медиумска писменост ,* Македонски институт за европски студии, 17.11.2017, Скопје, (проект: Коалиција за медиумска писменост финансиран од Европска Унија)	1,5
2.17	Јасна Бачовска Недиќ, *Дигитална писменост: медиумска колонизација на политиката vs електронска демократија ,* Македонски институт за европски студии, 28.11.2017, Скопје, (проект: Коалиција за медиумска писменост финансиран од Европска Унија)	1,5
2.18	Јасна Бачовска Недиќ, *Политичката порака и видот на медиумот,* Македонски институт за европски студии, Скопје, 05.12 2017 (проект: Коалиција за медиумска писменост финансиран од Европска Унија)	1,5
2.19	Јасна Бачовска Недиќ, *Ограничувања на слободата на изразување ,* Македонски институт за европски студии, Скопје, 25.12.2017 (проект: Коалиција за медиумска писменост финансиран од Европска Унија)	1,5
2.20	Јасна Бачовска Недиќ, *Етички деловни комуникации,* Агенција за едукација на кадри (КДС), Бугарија, декември 2017	1
2.21	Јасна Бачовска Недиќ, *Деловна етика и комуникација,* Агенција за едукација на кадри (КДС), Бугарија, јуни 2018	1
2.22	Јасна Бачовска Недиќ, *Дигитализација како социолошки концепт*, прва работилница насловена Дигитално живеење проект на МИЕС: *Не биди медиумска мета,* Скопје 27. 11. 2018	1,5
2.23	Јасна Бачовска Недиќ, *Социјални мрежи-поврзување на граѓаните со политиката,* втора работилница насловена *Визии: медиумска колонизација на политиката vs електронска демократија* г. проект на МИЕС: *Не биди медиумска мета*, Скопје, 25.12.2018	1,5
2.24	Јасна Бачовска Недиќ, *Регулирање на онлајн медиуми и лажни вести* трета работилница насловена *Лажни вести,* проект на МИЕС: *Не биди медиумска мета*, 14.1 2019	1,5
2.25	Јасна Бачовска Недиќ, *Јавната сфера во мрежното општество,* Деветта Политичка академија за социјална демократија, Институт Прогрес, Фридрих Еберт-фондација 2017/2018, Струга, 18-20. 5.2018	1
2.26	Јасна Бачовска Недиќ, Александар Спасов, Промоција на документ за јавни политики и јавна дебата на тема: Креирање на младински политики преку локални совети на млади, Битола, 1.12.2017; Јасна Бачовска Недиќ, Александар Спасов, *Методологија за документ за јавна политика ,* проект за политики втор дел, Мултикултурни аспекти II, Финска фондација Калеви Сорса и Прогрес Институт, Битола, 1-3 декември 2017;	1
2.27	Јасна Бачовска Недиќ, Александар Спасов, *Поим на јавна политика и циклус на јавна политика*, Обука за подготовка на проекти и развој на јавни политики на локално ниво, Охрид 7- 9.9.2018;	1
2.28	Јасна Бачовска Недиќ, Александар Спасов, *Вовед во темата јавни политики*, проект за политики, втор дел, (Политики во пракса – Мултикултурни аспекти)	1

	Фондација Калеви Сорса, Финска, Прогрес Институт, Охрид, 29.9 - 01.10.2017;	
2.29	Јасна Бачовска Недиќ, Предавач на работилница: Policies in to Practice –Multicultural aspect на тема Креирање на политики, 14-16.10.2016	1
2.30	Јасна Бачовска Недиќ, *Регулација на нови медиуми*, Центарот за Мултимедијални Производи ИНБОКС 7, Штип, 26.12.2018	1
2.31	Јасна Бачовска Недиќ, Презентација на проектот *Медиумски писмен студент* (МИЕС), во рамките на проектот „Медиумска писменост во ера на наплив од информации“, Висока школа за новинарство и односи со јавност, Институт за различности во медиумите од Лондон, весникот Нова Македонија, подржан од Европската Унија, *ЕУ Инфо Центар,* Скопје, 18.11 2016	1
2.32	Јасна Бачовска Недиќ, Презентација на проектот *Не биди медиумска мета* во рамките на проектот „Со критичко мислење до граѓани со медиумска умешност-КриТинк“ МИЕС, фондација Метаморфозис и Евротинк – Центар за европски стратегии, подржан од Европската Унија, Граѓански ресурсен центар, Скопје, 19.10.2018	1
2.33	Јасна Бачовска Недиќ, *Односи со јавност во државниот сектор*, Меѓународен академски институт - МАИ, октомври, Скопје, 15.10. 2018	1,5
2.34	Јасна Бачовска Недиќ, *Деловни комуникации*, Меѓународен академски институт - МАИ, октомври, 2018 година, Скопје, 4.12.2018	1,5
2.35	Јасна Бачовска Недиќ, *Стратешко планирање во јавниот сектор*, Меѓународен академски институт - МАИ, Скопје 4.3.2019	1,5
2.36	Јасна Бачовска Недиќ, Работилница на тема: *Говорот на омраза и известување во медиумите за различностите,* Прогрес Институт, Клуб на новинари, Скопје, 26.12.2014	1
2.37	Јасна Бачовска Недиќ, *Истражувачкото новинарство како алатка за борба против корупцијата*, Јавна дебата: ЕУ Инфо Центар, Скопје, 25. 3. 2016	1
2.38	Јасна Бачовска Недиќ, *Предизвиците и проблемите на младите новинари*, тркалезна маса, Клуб на новинари, Скопје, 20.2.2019	1
3	**Консултации со студенти**	/
3.1	Консултации со студенти 300*0,002	0,6
4.	**Позитивно рецензиран универзитетски учебник**	/
4.1	Политичка пропаганда и убедување, учебник за втора година студии по односи со јавност, Базилика, 2019 (ISBN 978-9989-2896-3-7)	8
5	**Член на комисија за оценка и одбрана на докторски труд**	/
5.1	Член на Комисија за подобност на тема на докторска дисертација, *Влијанието на образовните класификации врз успешноста на менаџерите за односи со јавност* , (2-1524/97, 29.11.2017)	0,7
5.2	Член на Комисија за подобност на тема *Родово сензитивни комуниколошки практики на компаниите во Република Македонија: економско, комуниколошки и социолошки аспекти,* (02-1129/69)	0,7
5.3	Член на Комисија за одбрана на докторска дисертација *Односите со јавноста и медиумите во Република Македонија,* (02-410/11, 30.3.2017);	0,7

5.4	Член на Комисија за подобност на тема на докторска дисертација *Односите со јавноста во корпоративниот сектор на Република Македонија* (02-1257/100, 25.11.2016)	0,7
5.5	Член на Комисија за оценка на докторска дисертација *Односите со јавноста и медиумите во Република Македонија,*(02-1257/4, 25.11.2016)	0,7
5.6	Член на Комисија за оценка на докторска дисертација *Современите теории за државниот суверенитет во меѓународниот поредок меѓу правниот позитивизам и државната одговорност*, (02-236/172, 27.02.2015)	0,7
5.7	Член на Комисија за одбрана на теза *Информацискоото општество и трговските марки во компаративното право,* (02-578/160, 27.4.2017);	0,7
5.8	Член на Комисија за подобност на тема *Институциите на Европската унија и европскиот идентитет,* (02-356/90)	0,7
6.	**Член на комисија за оценка и одбрана на магистерски труд**	/
6.1	Учество во 17 комисии за оценка на магистерски тези (прилог одлуки)	5,1
7	**Рецензент на универзитетски учебник**	/
7.1	Учебник Реторика, Јован Андоновски (ISBN 978-608-247-902-6)	1
8	**Пакет материјали за одреден предмет**	/
8.1	Пакет материјали по предметот Истражувачко новинарство (02-120/12 01.02.2019)	1
8.2	Пакет материјали по предметот Телевизиско новинарство (02-120/12 01.02.2019)	1
	Вкупно	155,76

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Ментор во докторски труд**	/
1.1	„Информацискоото општество и трговските марки во компаративното право“, докторска дисертација на право на интелектуална сопственост (02-578/160, 27.4.2017)	5
1.2	„Социо-психолошките фактори на добропознатите трговски марки и нивната заштита“, докторска дисертација докторски студии - право на интелектуална сопственост (02-1257/101, 25.11.2016)	5
1.3	„Комуникација на социјални мрежи“, докторска дисертација на докторски студии – комуниколошки науки	5
1.4	Менторирање на кандидатка на докторски студии - комуниколошки науки (09-9/240,12.3.2019)	5
1.5	Менторирање на кандидат на докторски студии – право на интелектуална сопственост, (09-9/241, 12.32019)	5
2.	**Ментор на магистерски труд**	/
2.1	Ментор на 16 кандидати за магистрирање (прилог одлуки)	32
3.	**Раководител на национален научен проект**	/
3.1	Истражувачко новинарство, научно-истражувачки проект УКИМ (02-417/2, 27.11.2018)	6
4.	**Учесник во национални научни проекти**	
4.1	Експерт за изработка на методологија за развивање на индикаторите за следење на итните реформски приоритети во областа на судството, според Одлука за ангажирање на експерт за изработка на методологија бр.0202-54/1 од 11.7.2017 – национален истражувачки проект под наслов „Заедничка акција за итни	3

	реформи во судството“, Институт за човекови права, Скопје (0307-54/4, 14.9.2017)	
4.2	Експерт за изработка на методологија за мониторинг на *Судскиот совет на Република Македонија*, Проект: Акција за поголема транспарентност и отчетност и ефективност на Судскиот совет на РМ, Институт за човекови права, подржан од Британска Амбасада, 1.7.2018 (http://ihr.org.mk/project.php?pid=357)	3
4.3	Експерт за анализа од областа на медиумите – анализа на перцепцијата за медиумите од страна на граѓаните и нивната доверба во македонските медиуми, како и анализа на улогата на етичкото и професионалното новинарство, во ремките на проектот „Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права“ според покана за доставување на понуди бр. 04/2017 бр. 0901-43/3	3
4.4	Експерт на проектот, Истражувачко новинарство – чувар на демократијата и човековите права“ IPA Civil Society Organizations under the Civil Society Facility and Media Freedom Actions 2014“ (0307-31/3, 10.5.2016)	3
4.5	Учесник со трудови од својата област во проектот Евроинтеграција на општествениот, политичкиот и економскиот систем, макро проект на Правен факултет „Јустинијан Први“ УКИМ (05-12/357. 27.092017)	3
4.6	Експерт/Раководител на проект под наслов „Медиумски писмен студент“ во рамките на проектот „Медиумска писменост во ера на наплив од информации“, МИЕС, Висока школа за новинарство и односи со јавност, Институт за различности во медиумите од Лондон, весникот „Нова Македонија“, поддржан од Европската Унија	3
4.7	Експерт/Раководител на проект под наслов „Не биди медиумска мета“ во рамките на проектот „Со критичко мислење до граѓани со медиумска умешност-КриТинк“ МИЕС, фондација Метаморфозис и Евротинк – Центар за европски стратегии, поддржан од Европската Унија	3
5.	**Учесник во меѓународни научни проекти**	/
5.1	Експерт за изработка на документ – нацрт матрица на индикатори за мерење на судските реформи, под наслов *Развивање на индикатори за мониторинг на перформансите на правосудството* (временска рамка на проектот 1.5.2015-31.3.2017), Центар за правни истражувања и анализи - меѓународен истражувачки проект	5
5.2	Експерт на проектот, Crafting the ideal Curricula for Journalism Studies for South East Europe, Проект на Високата школа за новинарство и односи со јавност, подржан од ЕУ и Обединетите нации-УНЕСКО (Crafting the Ideal Curricula for Journalism Studies for South East Europe)	5
6	**Трудови со оригинални научни резултати објавени во научно списание кое нема импакт фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достаона на Интернет како што се EBSCO, Emerland,Scopus, Web of science, Journal citation report, SCImago, Journal Rank…….или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование**	/
6.1	Проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, **Наслов на трудот:** *Јавното информирање во Република Македонија и европските стандарди* **Назив на електронската база на списанието:** EBSCO **Назив на списанието:** Визионе, ISSN 18579221 **Година на објавување:** 2019, стр. 133-150	5
6.2	Jasna Bacovska Nedikj	5

	Наслов на трудот: *European Legal Mechanism of Freedom of Expression and Hate Speech* **Назив на списанието:** Macedonian Political Science Forum **Назив на електронската база на списанието:** EBSCO **Година на објавување**: 2015;	
7	**Трудови со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја неможе да надминува 2/3 од вкупниот број на членови**	/
7.1	Проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, **Наслов на трудот:** *Истражувачкото новинарство во Република Македонија помеѓу доктринарните аспекти и позитивните практики* **Назив на стручното списание:** Годишник на Правниот факултет по повод 40 години од студиите по новинарство „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје	5
7.2	Д-р Александар Љ. Спасов, д-р Јасна Бачовска Недиќ **Наслов на трудот**: *Класичен поим на внатрешниот државен суверенитет,* (изворна научна статија) **Назив на стручното списание**: Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, ISSN 0583-5062, том 56 (меѓународен одбор) **Година на објавување**: 2017 г. стр. 553-568;	4,5
7.3	Проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ, проф. д-р Татјана Петрушевска **Назив на стручното списание:** Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, ISSN 0583-5062, том 55, Скопје **Наслов на трудот: „***Социолошките контексти на трансформацијата на медиумските системи во југоисточна Европа во последната деценија од изминатиот милениум“,* (меѓународен одбор) **Година на објавување:** 2016, стр. 1-19;	4,5
7.4	Д-р Јасна Бачовска Недиќ, д-р Милена Апостоловска-Степановска, д-р Христина Рунчева Тасев **Назив на научното списание:** Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, ISSN 0583-5062; **Наслов на трудот:** *Европскиот идентитет и теоријата на Јирген Хабермас за „Уставниот патриотизам“,*меѓународен одбор) **Година на објавување**: 2016, стр. 341-355;	4
7.5	Д-р Јасна Бачовска Недиќ, д-р Александар Љ. Спасов **Назив на научното списание** Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, УДК: 34, ISSN 0583-5062 **Наслов на трудот:** *За некои аспекти на проблемот на јазикот на омраза и слободата на изразување (компаративна анализа),* Скопје (меѓународен одбор) **Година на објавување:** 2015 , стр. 303-319	4,5
7.6	Д-р Каролина Ристова-Астеруд, д-р Јасна Бачовска Недиќ **Назив на научното списание** Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, УДК: 34, ISSN 0583-5062, Скопје (меѓународен одбор) **Наслов на трудот** *Од социологијата на правото кон социолошки-ориентирана филозофија на право на правото* **Година на објавување:** 2015 г., стр. 283-303	4,5
7.7	Д-р Татјана Петрушевска, д-р Јасна Бачовска Недиќ, м-р Марјан Попевски	4

	Назив на научното списание: Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ (меѓународен одбор), УДК: 34, ISSN 0583-5062 **Наслов на трудот** *Реалистичката теорија, јавното мислење и преговорите за разликите околу името на Република Македонија* **Година на објавување:** 2015, стр. 141-163	
	Д-р Јасна Бачовска Недиќ, д-р Каролина Ристова-Астеруд **Наслов на трудот** *Институционализирање на социологијата на правото и социолошкиот метод* **Назив на стручното списание:** Зборник на трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први“, ISSN 0583-5062, том 52, Скопје **Година на објавување:** 2015г. стр 1-15	4,5
8	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати објавен во зборник на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири кадешто членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**	/
8.1	Jasna Bacovska Nedikj, Milena Apostolovska - Stepanovska **Наслов на трудот:** *The Role of the European Institutions in Building the European Identity*, (https://ecpr.eu/Filestore/PaperProposal/ca6c95b5-687e-4483-8fc3-9cee3d577b35.pdf) **Година на објавување:** 2016	4,5
8.2	Prof. Jasna Bacovska Nedikj, Ph.D. Ljubinka Andonovska **Наслов на трудот**: *EU Media Policies in the Context of Cultural Identity* (file:///C:/Users/Jasna/Downloads/eu_studies_department_conference_2015.pdf) **Назив на списанието** THE EUROPEAN UNION - A NEW START? **Година на објавување**: 2015	4,5
8.3	Проф. д-р Јасна Бачовска Недиќ **Назив на стручното списание:** Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“,од меѓународна конференција-меѓународен одбор Скопје; **Наслов на трудот:** *Слобода на изразување и медиумските системи, акценти на Република Македонија* **Година на објавување:** 2016, стр. 15-29	5
9	**Пленарно предавање на научен/стручен собир**	/
9.1	Јасна Бачовска Недиќ, *Медиумите и новинарската одговорност – актуелни аспекти,* прв јавен состанок: Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, 25. 03. 2016	2
9.2	Јасна Бачовска Недиќ, *Методологија на следење на работата на Судскиот совет: транспарентност, отчетност и ефективност,* стручен собир во организација на Институт за човекови права одржан на Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје, 18.10.2018	2
9.3	Јасна Бачовска Недиќ, *Собранискиот канал на Република Македонија,* јавна расправа: Функционирање на Собранискиот канал, Собранието на Република Македонија 16.03.2016	2
9.4	Јасна Бачовска Недиќ, *Истражувачко новинарство како алатка за борба против корупцијата*, стручен собир, ЕУ Инфо Центар, 25. 3. 2016	2
9.5	Јасна Бачовска Недиќ, *Професијата новинар и новите медиуми*, Национална конференција: иднината на медиумите и новинарството во дигиталната ера, Центар за развој на медиуми, Скопје, 27. 6.2018	2
10	**Пленарни предавања на научени стручни собири со меѓународно учество**	/

10.1	Јасна Бачовска Недиќ , *Развивање на инструменти за мерење на реформите во правосудството*, стручен собир со меѓународно учество, Центар за правни истражувања и анализи, 29. 2.2016	3
10.2	Јасна Бачовска Недиќ, *Методолошка оправданост на матрицата за мерење на реформите во правосудство*, стручен собир со меѓународно учество, Центар за правни истражувања и анализи, 30.3.2016	3
10.3	Jasna Bacovska Nedikj, Conference *Investigative journalism safeguard of democracy and human rights*, 13.12.2017	3
10.4	Jasna Bacovska Nedikj, *Social Sciences in The Transitions Countries, Education and Social Sciences Conference, Business and Economics Conference,* Paris, France, 22-23. 10. 2018	3
10.5	Dr. Jasna Bachovska Nedic, *Sur les aspects classiques de la liberté de religion* - La liberté de religion, Journée de droit compare franco-macédonien, Skopje, 9 décembre 2015	3
10.6	Јасна Бачовска Недиќ, *Слобода на изразувањето и медиумските системи,* меѓународна научна конференција: Медиумите и човековите права, Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје (09-15/5, 7.12.2015 г) 10.12 2015	3
10.7	Jasna Bachovska Nedikj, *Public informing in the Republic of Macedonia and the European Type of Media System*, Educational & Social Sciences, Italy Roma, 26-27.6.2018	3
10.8	Јасна Бачовска Недиќ, *Нова генерација истражувачки новинари - предизвици и перспективи*, Конференција со меѓународно учество, Скопје, 26.10.2016 (Проект поддржан од ЕУ и Британската амбасада во РМ)	3
11	**Секциски предавања на научен стручен собир со меѓународно учество**	/
11.1	Prof. Jasna Bachovska Nedikj, *Challenges of Legal Regulation of Online Media in the Republic of Macedonia*, Scientific conference, Law, justice and polititics in the contemporary democratic context, Faculty of Law, Iustinianus Primus Faculty of Law – Ss. Cyril and Methodius, Скопје 10.12 2018	2
11.2	Jasna Bacovska Nedikj, The Role of Law and Civil Society, 5th International Scientific Conference of the Faculty of Law, Faculty of Law-University of Tetova, Iustinianus Primus Faculty of Law – Ss. Cyril and Methodius, University in Skopje, 19.10.2018	2
11.3	Jasna Bacovska Nedikj, Milena Apostolovska - Stepanovska *The Role of the European Institutions in Building the European Identity,* 8th Pan-European Conference on the European Union, University of Trento, Italy, 15-18 June 2016	2
11.4	Јасна Бачовска Недиќ, *Истражувачкото новинарство во Република Македонија помеѓу доктринарните аспекти и позитивните практики,* меѓународна научна конференција *Слободата на изразување во 12 век,* Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје 13.12 2017	2
11.5	Prof. Jasna Bacovska Nedikj, Ph.D. Ljubinka Andonovska, *EU Media Policies in the Context of Cultural Identity*, Second International Conference of the European Studies Department, Faculty of Philosophy at Sofia University “St. Kliment Ohridski” THE EUROPEAN UNION - A NEW START? May 2015 file:///C:/Users/Jasna/Downloads/eu_studies_department_conference_2015.pdf	2
11.7	Jasna Bacovska Nedikj, *Social Function in Sport Journalism with Accent of Republic of Macedonia*, 3th International Scientific Conference Research in Physical Education, Sport and Health, 2018, Skopje, Macedonia (31 May - 02 June, 2018)	2
12	**Рецензија на монографија**	/
12.1	Феноменологија на медиумите, Прилози за можна критичка теорија на медиумите, Денко Скаловски, BIGOSS, 2019 (978-9989-44-1061)	0,5

12.2	Професионално и одговорно новинарство, Сервис на проверка на фактите во медиумите http://proverkanafakti.mk/chetivo-koe-obrabotuva-sushtinski-problematiki-na-novinarstvoto/	0,5
12.3	Правен лексикон, Македон Славковски, (ISBN 978-9989-2740-1-5)	0,5
	Вкупно	201

СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Стручна монографија**	/
1.1	Регулација на онлајн медиумите во Република Македонија (ISBN 978-608-4805-04-5);	8
1.2	Граѓаните и новинарите за професионалноста во медиумите (печатена на македонски и албански јазик) (ISBN 978-608-4818-24-3);	8
2	**Средношколски учебник**	/
2.1	Учебник Право за III година Економско-правна и трговска струка - заеднички предмети за образовните профили: деловен секретар економски техничар и техничар за трговија и маркетинг (22-215/2 22.3.2018)	6
2.2	Учебник Право за IV година - заеднички предмети за образовните профили: деловен секретар економски техничар и техничар за трговија и маркетинг (22-215/2 22.3.2018)	6
3	**Кординатор во подготовката на елаборатот за нова студиска програма**	/
3.1	Студии по односи со јавност (прв циклус) (02-1506/9, 27.11.2017)	1
3.2	Студии по новинарство (прв циклус) (02-1506/9, 27.11.2017)	1
3.3	Студии по односи со јавност (втор циклус) (02.1506/8)	1
	Студии по медиуми и комуникации (втор циклус) (02.1506/8)	1
4	**Учество во промотивни активности на Факултетот**	/
4.1	Промоција на студиите по новинарство на Радио „Слободна Македонија“	0,5
4.2	Промоција на студиите по новинарство и односи со јавност, Свечен амфитеатар на Правен факултет „Јустинијан Први“, 4.2016 г.	0,5
4.3	Промотивен настан на Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ 07.3.2019 година	0,5
4.4	Промоција на Зборникот издаден од Правниот факултет „Јустинијан Први“ во чест на проф. д-р Лазар Китановски;	0,5
4.5	Промоција на Зборникот од меѓународна Конференција „Медиумите и човековите права“, Нова сала за ННС, декември 2016	0,5
4.6	Посета Правниот факултет при Универзитетот „Ломоносов“ во Москва, Русија 4-14.11.2014	0,5
4.7	Промоција на студиите по новинарство на Радио „Слободна Македонија“	0,5
4.8	Промоција на студиите по новинарство и односи со јавност, Свечен амфитеатар на Правен факултет „Јустинијан Први“, 4.2016	0,5
5	**Член на жири - комисија**	/
5.1	Член на жири-комисија за доделување на наградата „Никола Младенов“ за избор на најдобра истражувачка сторија за 2017 година, Македонски институт за медиуми	1
6	**Уредник на меѓународно стручно списание**	/
6.1	Уредник на Зборник на трудови со меѓународен уредувачки одбор https://ia-institute.com/category/proceedings/	3
7	**Член на уредувачки одбор на меѓународно научно/стручно списание списание**	
7.1	Член на Уредувачки одбор на стручно списание *Iustinianus Law Review*, Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ (02-578/14, 27.4.2017)	1

7.2	Член на Уредувачки одбор на Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (меѓународен урдувачки одбор), УКИМ (02-1347/130, 30.11.2015)	1
7.3	Член на Уредувачки одбор за издавање на Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје (меѓународен уредувачки одбор) (02-1082/44, 31.8.2017 г)	1
7.4	Член на Уредувачки одбор на Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (02-585/173,27.5.2016)	1
7.5	Член на Уредувачки одбор на Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (02-585/172, 27.5.2016)	1
8	**Уредник на Зборник на трудови на високо образовна институција**	/
8.1	Уредник на Зборник на Правниот факултет „Јустинијан Први“- во чест на проф. д-р Лазар Китановски (03-1136/1 2.10.2015)	2
8.2	Уредник на Зборник на трудови од меѓународна конференција Правниот факултет „Јустинијан Први“, со меѓународен уредувачки одбор (ISBN Медиумите и човековите права 978-608-4655-63-3)	2
9.	**Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**	
9.1	Организационен одбор за организирање на меѓународна конференција на Правниот факултет „Јустинијан Први“ (02-1261/7, 13.10.2017)	2
9.2	Организационен одбор за организирање на меѓународна конференција: International Academic Institute, Education & Social Sciences, Roma Italy, 26-27.6.2018, https://ia-institute.com/category/conferences/	2
9.3	Организационен одбор за организирање на меѓународна конференција: International Academic Institute, Education & Social Sciences, Paris France, 22-23.10.2018, https://ia-institute.com/category/conferences/	2
9.4	Организационен одбор за организирање на меѓународна конференција: International Academic Institute, Education & Social Sciences, Vienna Austria, 20.3.2019, https://ia-institute.com/category/conferences/	2
9.5	**Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир**	/
9.6	Организационен одбор за одбележување на 40-годишнината од студиите по новинарство (02-410/4, 30.3.2017)	1
9.7	Организационен одбор на XVIII ораторската вечер „Иво Пухан“ (03-1357/1.3.11.2014)	1
9.8	Организационен одбор на XVIII ораторската вечер „Иво Пухан“ (2015)	1
9.9	Организационен одбор за одбележување на 40-годишнината од студиите по новинарство (02-410/4, 30.3.2017)	1
	Дејности од поширок интерес	
1	**Раководител на внатрешна организациона единица**	/
1.1	Раководител на Институтот за новинарство, медиуми и комуникации (03-230/1,14.2.2018)	3
1.2	Главен и одговорен уредник на Универзитетско радио Студент ФМ 92,9, при Универзитет „Св Кирил и Методиј“ Скопје (Одлука бр. 02-384/49 од 15.3.2018)	3
2	**Член на факултетска комисија**	/
2.1	Комисија за изработка на акт за систематизација на работните места согласно со Законот за вработени во јавниот сектор, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје („Сл.весник на РМ“ бр.27/2014) (02-181/3, 19.2.2014)	0,5
2.2	Конкурсна комисија за упис на студенти од втор циклус на студии за учебната 2016/2017 г., Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје УКИМ (02-728/92 30.6.2016);	0,5
2.3	Комисија за евалуација, Правен факултет „Јустинијан Први“ (02-1193/8, 21.11.2016)	0,5

2.4	Комисија за изработка на водич за докторски студии на студиската програма- правни науки, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје (02-417/85, 8.4.2015)	0,5
2.5	Конкурсна комисија упис на студенти на прв циклус студии, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје за учебната 2015/2016 (02-829/38 9.7.2015)	0,5
2.6	Комисија за подготовка на елаборат за акредитација на студиските програми по новинарство и односи со јавност – прв циклус студии, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје (02-1506/9, 27.11.2017)	0,5
2.7	Колегиум за акредитација на студиските програми од втор циклус на студии по новинарство и односи со јавност, Институт за новинарство, медиуми и комуникации, Колегиум на постдипломски студии, Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје (02.1506/8, 27.11.2017)	0,5
3	**Член на Комисија за избор во звање**	/
3.1	Комисија за избор во звање вонреден професор (02-1358/90, 27.10.2017)	0,2
3.2	Комисија за избор во звање доцент (02-934/39, 26.8.2015)	0,2
4	**Раководител на постдипломски студии**	/
4.1	Раководител на мастер студиите по медуми и комуникации	2
4.2	**Претседател на здружение поврзано со струката**	/
4.3	Претседател на меѓународниот академски институт (МАИ)	2
5	**Член на управен одбор на здружение поврзано со струката**	/
5.1	Член на Управен одбор на Македонскиот институт за европски студии (МИЕС)	0,3
	Вкупно	75,2

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТКАТА ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	155,76
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	201
СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ	75,2
Вкупно	431,96

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОЧЕТОКОТ НА КАРИЕРАТА ДО ИЗБОРОТ ВО ЗВАЊЕ (Билтен на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ број 1082-15.08.2014 година	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	216
НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	210
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	65,9
Вкупно	491,9

ВКУПНИ ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТКАТА ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	**Поени**
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	371,76
НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	411
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	141,1
Вкупно	923,86

Членови на Комисијата

Проф. д-р Димитар Бајалџиев, претседател, с.р
Проф. д-р Миодраг Мицајков, член, с.р
Проф. д-р Борче Давитковски, член, с.р

РЕЦЕНЗИЈА
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СТВАРНИТЕ СЛУЖБЕНОСТИ ВО МАКЕДОНСКОТО И СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО“, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ПЕТАР БАКИЕВСКИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје, на седницата одржана на 1.3.2019 година, со Одлука бр. 02-279/107 од 1.3.2019 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р ПЕТАР БАКИЕВСКИ со наслов СТВАРНИТЕ СЛУЖБЕНОСТИ ВО МАКЕДОНСКОТО И СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО, во состав: проф. д-р Родна Живковска (ментор), проф. д-р Владо Бучковски, проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, проф. д-р Игор Камбовски и проф. д-р Тина Пржеска.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Петар Бакиевски, со наслов СТВАРНИТЕ СЛУЖБЕНОСТИ ВО МАКЕДОНСКОТО И СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО, содржи 354 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 625 фусноти, 206 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во три дела, вовед на секој дел, глави, заклучок и користена литература. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Првиот дел од докторската дисертација е насловен **Историски развој на правото на службеност** (стр. 6-114). Во него со примена на историско-правниот метод се анализирани правната регулатива, правната мисла и обичајните норми во однос на регулирањето на стварните службености. Делот се состои од три глави на начин што во првата глава е прикажано нивното уредување во римското право, втората глава се однесува на средновековното право и во третата глава се прикажани стварните службености во социјалистичкото право.

Во *воведот на првиот дел* (стр. 6) се укажува дека стварните службености претставуваат правен институт чие постоење датира од многу одамна. Притоа се подвлекува дека во продолжение ќе бидат анализирани законодавството, правната мисла и обичаите со кои се уредувале стварните службености согласно со правните системи на државите во чии граници се наоѓала и територијата на нашата држава, но не и според правните правила кои се применувале на останатите делови од тие држави.

Во *првата глава* (стр. 7-37), преку анализа на правните извори во кои е прикажано уредувањето на стварните службености во римското право, уште на почетокот од докторската дисертација кандидатот покажува дека корените на стварните службености како правен институт се наоѓаат во римското право. Во таа насока, се доаѓа до заклучок дека основата на дефинирањето на стварните службености денес е речиси идентична со нивното поимање во римското право, каде што тие биле наречени земјишни службености. Следствено на тоа се укажа дека од римското право потекнува и поделбата на стварните службености на градски и полски, односно во тоа време наречени урбани и рурални службености, како и начелата на вршење на службеностите, за кои е потенцирано дека одредени автори ги прифаќаат како нужни претпоставки за постоењето на правото на службеност.

Втората глава од првиот дел (стр. 38-78) го прикажува натамошното уредување на стварните службености во средниот век кога примената на римските постулати на правото на стварна службеност претрпуваат одредени промени под дејство на правните правила на германските племиња под чија власт паднало западното римско царство. Истовремено се укажува дека на исток во византиската држава доаѓа до независно развивање на правото преку понатамошна примена на Јустинијановиот кодекс, но и со создавање на нови законици на владетелите, односно коментари или прирачници наменети за

изучување на правото и за користење од страна на лицата кои се занимавале со некаква правна професија, помеѓу кои можеби најзначајно место заземал Калабрискиот прохирон. Се добива сознание дека голем број на правни односи кои денес се регулирани со одредби од соседското право, во тоа време биле регулирани со одредби посветени на службеностите. Понатамошното анализирање доведува до заклучок дека византиското право разликувало договорни и законски службености. На крајот од оваа глава се покажа дека примена на територијата на нашата држава нашол и Српскиот граѓански законик, при што се забележа дека во него стварните службености биле дефинирани според целта на која % служеле, а не со познатата класична терминологија.

Во *третата глава од првиот дел* (стр. 79-110) се покажа дека за нашата држава најзначаен правен акт кој ги регулирал стварно-правните односи во социјалистичкиот период бил Законот за основните сопственосно правни односи, кој стварните службености ги нарекол предметни, а притоа предвидел нивна поделба на позитивни и негативни. За овој период се покажа дека овој Закон, како и Српскиот граѓански законик, бил на исто стојалиште со пропишувањето дека правото на стварна службеност се стекнува и врз основа на закон, за разлика од Австрискиот граѓански законик кој се применувал во одредени држави, кој не го предвидел законот како посебен правен основ за засновање право на стварна службеност. Се покажа дека на територијата на нашата држава, стварните службености биле регулирани и со други законски и подзаконски акти, помеѓу кои интересно е забележувањето дека правото на службеност било предвидено како право кое може да го ограничи правото на сопственост, но и правото на користење. Се согледува и постоење сличности, но и значајни разлики кои ги одделуваат стварните службености како граѓанскоправна појава, наспроти други ограничувања на правото на сопственост со административноправна природа. Понатаму се прикажа и значењето на стварните службености при спроведувањето на постапка за експропријација, а се укажа и на постоењето на идејата за донесување закон кој на ниво на нашата држава на подетален начин би ги уредил службеностите, но таа идеја останала само на изработка на Нацрт на Закон за сопственичките и за другите стварно-правни односи кој никогаш не бил донесен.

Во *заклучните согледувања на првиот дел* (стр. 111-114) се потврдува дека генезата на стварните службености се наоѓа во пазувите на римското право, каде што е создадена основната дефиниција на ова стварно право, како и неговите видови, засновање, вршење, престанок и сл. Се покажа дека развојот на службеностите во средновековното право во голема мера се засновал на римските постулати кое се надоградувале согласно со потребите на тогашното општество. Се покажа дека исклучително значаен правен извор на регулирањето на стварните службености во овој период во византиското право е Калабрискиот прохирон. Понатаму се утврди дека во врска со уредувањето на стварните службености на територијата на нашата држава, вреден за анализа е Српскиот граѓански законик. Хронолошки нареден правен извор кој ги уредувал стварните службености во историјата на нашата држава е Законот за основните сопственосно правни односи кој ги уредувал стварните службености за време на социјалистичкиот период.

Вториот дел (стр. 115-253) од оваа докторска дисертација е насловен **Стварните службености согласно со позитивното право на Македонија** содржи четири глави со повеќе точки и потточки во кои се елаборирани поимот, видовите, засновањето, вршењето и престанокот на стварните службености, согласно позитивното право на нашата држава. Добиените индикатори се добиени врз основа на основниот правен акт во кој се регулирани стварните службености, односно Законот за сопственост и други стварни права, кој претставува генерален, општ закон, но и од други закони кои се јавуваат како посебни, специјални закони.

Во *воведот на вториот дел* (стр. 115-116) е наведено дека предмет на анализа во овој централен дел на докторската дисертација ќе биде уредувањето на стварните службености во нашата држава, најпрво согласно со основниот Закон за сопственост и други стварни права, потоа согласно со други специјални закони кои регулираат одредени аспекти од правото на службеност, притоа нагласувајќи ги принципите дека специјалниот закон го дерогира општиот, како и дека секаде каде што не е поинаку уредено со специјалниот, ќе се применува општиот закон. Понатаму се претставува содржината на наредните две глави од овој дел, а тоа е опишувањето на основните карактеристики на личните службености и најзначајните сличности и разлики помеѓу стварните и личните службености, а потоа сличностите и разликите со соседското права како наредниот најблизок правен институт до правото на стварна службеност.

Во *првата глава од вториот дел* (стр. 117-196) се утврди дека правото на стварна службеност во македонскиот правен систем е дефинирано како субјективно стварно ограничено право на туѓа ствар изведено од правото на сопственост, со апсолутно дејство erga omnes, кое го овластува сопственикот на една недвижност, т.н. привилегирана ствар, за потребите на таа недвижност, да врши определени

дејствија врз недвижноста на друг сопственик, т.н. послужна ствар, или од него да бара да трпи и/или да се воздржува од вршење на определени дејствија што инаку би имал право да ги врши на својата недвижност.

Во *втората глава* (стр. 197-216) се елаборирани одредбите од други специјални закони од македонското законодавство во кои главен предмет на уредување е некој друг правен институт, но притоа да има потреба од утврдување некаков правен однос или аспект во врска со право на службеност. Предмет на интерес се Законот за земјоделско земјиште, Законот за шуми, Законот за градежно земјиште, Законот за градење, Законот за експропријација и постапката за непотполна експропријација со ограничување на право на сопственост, но и право на службеност со засновање друго право на службеност, Законот за водостопанство, Законот за вонпарничната постапка, Законот за извршување кој предвидува дека во постапката за присилно намирување на доверител не се гасат стварните службености со продажбата на недвижноста и кој го потенцира задолжителното назначување на постоењето на правото на стварна службеност при продажбата на ствар, слично како што тоа е направено и со Законот за договорен залог.

Третата глава од вториот дел (стр. 217-232) ги содржи приоритетните карактеристики на личните службености и нивните главни разлики и сличности со стварните службености. Се укажа на дефинирањето на личните службености како ограничени стварни права на туѓа ствар, изведени од правото на сопственост, кои го овластуваат одредено лице кое е во посебен однос со сопственикот на одредена ствар, да се служи со таа ствар, без право на менување на супстанцијата на стварта и се посочија трите основни лични службености: плодоуживање, употреба и домување.

Во *четвртата глава од вториот дел* (стр. 233-246) е разгледан односот на стварните службености со соседското право, чија сличност се потенцира во повеќе наврати низ текстот на оваа дисертација. Кандидатот заклучува дека основната сличност помеѓу стварните службености и соседските права е што и двата института предвидуваат ограничување на правото на сопственост, како и тоа што вршењето на овластувањата кои ги даваат овие два институти се прави со примена на начелото на рестрикција. Во однос на разликите помеѓу стварните службености и соседските права, се потенцира дека наспроти стварните службености кои можат да се состојат само од пропуштање или трпење, во содржината на соседските права може да постои и позитивна обврска, односно обврска за одредено сторување.

Во *заклучните согледувања од вториот дел* (стр. 247-253) се утврди дека основата на стварните службености во македонското право се наоѓа во Законот за сопственост и други стварни права, но и дека одредби со кои се уредуваат стварните службености се наоѓаат и во други закони. Во овој дел се заклучи дека се претставени дефинирањето на службеностите во нашата држава, нивните видови, основни карактеристики, објекти, субјекти, засновање, вршење, престанок, заштита итн. Во други специјални закони се уредува посебноста на постапката за засновање, менување и престанок на стварните службености, како последица на посебниот режим врз одредени добра од општ интерес, специфичноста на главниот предмет на уредување со тие закони и сл. Понатаму се укажаа најзначајните сличности и разлики, најпрво со личните службености, а потоа и со соседското право, како правни институти кои го ограничуваат правото на сопственост.

Третиот дел (стр. 254-330) носи наслов **Стварните службености во споредбеното право** е составен од пет глави, а секоја глава содржи точки и потточки со наслови и поднаслови. Со примена на компаративниот метод, кандидатот ги прикажува правата на неколку други држави со што се добива една посеопфатна слика во која јасно се забележуваат мноштво на сличности, но и разлики помеѓу нормирањето на стварните службености во законодавствата на различни држави.

Во *воведот на третиот дел* (стр. 254) се укажа дека по претставувањето на стварните службености низ историјата и денес на територијата на нашата држава, нареден чекор за комплетирање на претставата за стварните службености е нивна анализа согласно со правата на неколку други држави. Се констатира потребата од најпрво да бидат претставени стварните службености согласно со две балкански држави чие право чекори по патот кон европското модерно законодавство, а тоа се хрватското и црногорското законодавство, а потоа и уредувањето на стварните службености во согласност со постари, потврдени правни системи според кои се создавани законодавствата на голем број други држави низ целиот свет, а тоа се француското, германското и швајцарското право.

Во *првата глава од третиот дел* (стр. 255-266) се елаборирани стварните службености согласно хрватското право, со набројување на постапките во кои се заснова право на службеност, како и основот и постапката за престанување на стварните службености.

Втората глава од третиот дел (стр. 267-276) се разгледани карактеристиките на стварните службености во црногорското право, во поглед на дефинирањето на поимот на стварните службености,

начелата за нивно вршење, основите за засновање, концептот за владение на право на стварна службеност итн.

Стварните службености во француското право се уредени во *третата глава од третиот дел* (стр. 277-292). Се констатира дека во француското право не се употребува поимот „стварна службеност“, туку со поимот „службености“ се означуваат правата кои во македонското право претставуваат стварни службености, но и одредени права и обврски, односно ограничувања кои во македонското право се дефинирани како соседски права. Исто така, кандидатот многу темелно ги воочува и разграничува најзначајните карактеристики во француското право, препознатливоста на службеностите во француското право, особено застарувањето на правото на службеност и застарување на начинот на вршење на службеноста, потенцирајќи дека е возможно да застари начинот на вршење на правото, но не и самото право, така што службеноста може да се врши, но на друг начин.

Стварните службености во германското право се образложени во наредната *четврта глава од третиот дел* на трудот (стр. 293-307). Преку анализа на содржината на посочената стручна литература, кандидатот укажа дека германското право не познава единствена дефиниција за службеност, туку содржи посебни дефиниции за одделни службености, меѓу кои и стварните службености, со акцентирање на специфичниот правен институт во германското право наречен службеност за обезбедување. Посебно укажување е ставено на посебниот основ за престанок на стварните службености со застарување на правото кое подразбира да се бара отстранување на некоја инсталација на послужното добро која го спречува извршувањето на службеноста.

Петтата глава од третиот дел (стр. 308-323) содржи неколку специфичности во односот помеѓу стварните и личните службености во швајцарското право, па така правото на градење и правото на пристап до извор или друга водна површина се укажа дека се предвидени како лични службености, а предвидено е и дека може да се засноваат права со содржина на класични стварни службености, но како непренослиби и ненаследиви права во корист на точно определено лице. Во оваа глава се разработени засновањето и основот за престанок на стварните службености, како и односот на стварните службености со соседското право.

Во *заклучните согледувања на третиот дел* (стр. 324-330) се сублимирани најзначајните карактеристики на стварните службености согласно со хрватското, црногорското, француското, германското и швајцарското право и најзначајните меѓусебни сличности и разлики, како и оние во однос на македонското право.

Се согледува дека сите поединечни делови од докторската дисертација кандидатот ги завршува со *заклучни согледувања* и на тој начин го резимира и прецизира најзначајното, аналитички добиено сознание за предметот на истражувањето.

Посебен дел во дисертацијата претставува крајниот *Заклучок* на целата докторска дисертација (стр. 331-341) како сублимат на претходно изнесените заклучни согледувања, каде што кандидатот ги сумира заклучоците до кои е дојдено при проучување на прашањата изложени во тезата. Практично, кандидатот на еден логичен и јасен начин во заклучните согледувања врши истакнување на најважните аспекти од докторската дисертација. Посебно за истакнување е дека кандидатот на крајот од заклучните согледувања воедно предлага и формулира препораки во однос на домашната позитивноправна регулатива и усогласување со стварноправното законодавство на Европската Унија.

На крајот од докторската дисертација се наоѓа прегледот на цитираната и консултирана домашна и странска литература (стр. 342-354).

Предмет на истражување

Предмет на истражувањето се стварните службености како институт во граѓанското материјално право, анализирање на заедничките карактеристики и разликите во нивните манифестни облици, согледување на нивниот хронолошки развој во различните стадиуми на движење на општествените промени и општеството воопшто. Стварните службености кои се предмет на истражување во овој труд, исто така хронолошки се претставени во зависност од општествено-економските формации, имајќи ги притоа предвид истите индикатори кои биле водечки за имплементација на правото на стварна службеност во нашата држава. Направената анализа и добиените резултатите се засноваат врз законските норми, стручната и научна правна мисла и обичајните правила во правните системи на оние држави во чии граници во минатото се наоѓала и територијата на нашата држава. Преку анализа на стварните службености во различните периоди, како и со компаративниот приод и анализа на позитивното македонско право наспроти други споредбени права, целта е да се прикажат развојните форми на стварните службености, почнувајќи од нивните зачетоци во римското право односно во робовладетелскиот период, па преку средновековното

право до правото во социјалистичкиот период, како и нивниот сегашен тренд на развој во домашното законодавство. Во фокусот на истражувањето се недостатоците и проблемите при примената на законодавството во Република Македонија, кои би се надминале со одредени препораки за подобрување или изменување на одделни одредби од нашите закони кои го третираат правото на стварна службеност, а сè со цел подобра имплементација на одредбите од законодавствата на посочените држави, хармонизација со законодавството на ЕУ, надминување на проблематични ситуации и одредени празнини во регулативата, но и следење на трендовите во современото право.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Во однос на состојбата на науката во врска со темата на истражувањето СТВАРНИТЕ СЛУЖБЕНОСТИ ВО МАКЕДОНСКОТО И СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО, може да се забележи дека темата не е доволно обработувана, особено не на нашето поднебје. Станува збор за проблематика која станува сè поактуелна во современото општество каде што развојот на глобалниот и националните правни системи се насочени кон унифицирање на содржината и начинот на решавање на правото на стварна службеност, со цел да се оствари поширок пристап до правдата. За да може да се добие што поцелосна слика за тоа што претставуваат стварните службености и кое е нивното општествено значење, преку направениот теоретски приод и анализа на научните и стручните трудови на светско ниво, се согледа парцијална обработка и недостаток на целосна и сериозна разработка на наведената проблематика. Во нашата држава може да се забележи дека недостасуваат трудови од областа на стварноправната граѓанска материја кои ги разработуваат стварните службености. Како интердисциплинарна тема, регулирана е со Законот за сопственост и други стварни права (ЗСДСП) и одредбите од други специјални закони од македонското законодавство, во кои главен предмет на уредување е друг правен институт кој има правен однос или аспект во врска со правото на службеност, пред сè Законот за земјоделско земјиште, Законот за шуми, Законот за градежно земјиште, Законот за градење, Законот за експропријација и постапката за непотполна експропријација со ограничување на право на сопственост, но и право на службеност со засновање друго право на службеност, Законот за водостопанство, Законот за вонпарничната постапка, Законот за извршување, Законот за договорен залог. Сите овие решенија од компаративното стварно право, пожелно би било да се земат предвид при изработката на ЗСДСП, кој во себе ги уредува и службеностите како стварни права. Заради сè поголемата индустријализација и урбанизација на локално и глобално ниво, стварноправниот систем на нашата држава треба да внесе значителен број на нови видови стварни службености, а пред сè на инфраструктурни заради внесената, позитивноправна регулатива на инфраструктурните објекти каде што нивното градење е поврзано со ограничување на правото на сопственост на туѓи недвижности, за одредено или трајно време. Треба да се земе предвид фактот дека на оваа проблематика во нашата држава не се вршени речиси никакви посериозни истражувања и многу малку е публикувано. А токму сублимираните сознанија, анализи и предлози се неопходен услов за надминување на проблемите кои ја засегаат ефикасноста на познавањето на стварните службености како граѓанскоправна категорија. Поради тоа, оваа дисертација во македонското законодавство не само што ќе ја хармонизира областа на стварните службености, туку истовремено и ќе му се приближи, односно ќе се усогласи со стварноправното законодавство на Европската Унија.

Краток опис на применетите методи

Поради сложеноста на предметот на истражување и поставената цел, потребен е интердисциплинарен пристап, примена на повеќе методи и од различни димензиони видувања. Поради таквата сложена и повеќедимензионална природа, на предметот на истражувањето му се пристапува од неколку аспекти. Кандидатот при изработката на својата докторската дисертација СТВАРНИТЕ СЛУЖБЕНОСТИ ВО МАКЕДОНСКОТО И СПОРЕДБЕНОТО ПРАВО се користел со широк методолошки инструментариум со намера да дојде до целосна и продлабочена анализа и научно оправдани заклучоци. Во таа смисла, се забележува дека кандидатот при спроведувањето на своето истражување ги користел: дескриптивниот метод, историскиот метод, методот на компарација, нормативниот метод, како и методите на анализа, синтеза, индукција и дедукција. Кандидатот врши опсежна анализа на домашната легислатива, домашната правна литература, меѓународните извори, актите на релевантни надлежни институции. Постојните решенија и прописи во Република Македонија се споредени со регулативата на неколку држави, кои се членки на Европската Унија или имаат намера да станат членки на ова европско семејство, од оваа област, на што му претходи историско-правниот пристап на истражуваниот предмет.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Резултатите од истражувањето кандидатот ги прикажува во заклучните согледувања по секој од трите дела на дисертацијата при вршење на компарација за хронолошкиот развој, позитивноправното регулирање во домашното законодавство и споредбено со законодавствата на други држави итн. Преку сеопфатното истражување на стварните службености, проблемите, недостатоците, но и предностите на секој од нив, кандидатот доаѓа до резултатите кои би биле од голема корист за носителите на правата на стварна службеност и за секој субјект кој би можел да биде дел од стварноправниот однос кој настанува по повод правото на стварна службеност. Истражувањето ќе им овозможи на носителите на стварните права и нивните застапници јасен приказ за поимот, видовите, засновањето, вршењето и престанокот на стварните службености, согласно со позитивното право на нашата држава. Се покажа дека основниот правен акт во кој се регулирани стварните службености е Законот за сопственост и други стварни права, кој претставува генерален, општ закон, но и дека одредби во врска со стварните службености содржат и други закони кои се јавуваат како посебни, специјални закони. Во дисертацијата се утврди дека правото на стварна службеност во македонскиот правен систем е дефинирано како субјективно стварно ограничено право на туѓа ствар изведено од правото на сопственост, со апсолутно дејство erga omnes, кое го овластува сопственикот на една недвижност, т.н. привилегирана ствар, за потребите на таа недвижност, да врши определени дејствија врз недвижноста на друг сопственик, т.н. послужна ствар, или од него да бара да трпи и/или да се воздржува од вршење на определени дејствија што инаку би имал право да ги врши на својата недвижност.

Дисертацијата укажува дека во македонското законодавство постојат одредби од други специјални закони во кои главен предмет на уредување е друг правен институт, кој притоа има потреба од утврдување правен однос или аспект во врска со правото на службеност. Познавањето на овие закони, за носителот на правото на стварна службеност и останатите заинтересирани лица, несомнено упатува на нивна целосна информираност и законска заштита. Од друга страна, пак, во дисертацијата се претставени приоритетните карактеристики на личните службености и нивните главни разлики и сличности со стварните службености, како и односот на стварните службености со соседското право, што за сите субјекти кои учествуваат во тој стварноправен однос и имаат личен интерес е од големо значење.

Анализата на предностите, недостатоците и очекуваните проблеми при утврдување на видовите, засновањето, вршењето и престанокот на стварните службености и нивното спроведување, како и заштитата на произлезените права, ќе им овозможи планирање на активностите со кои би ги превенирале споровите, би ги решиле на побрз и поевтин начин, односно би одбрале пат кој е поповолен за нив во конкретната ситуација.

Од друга страна, пак, дисертацијата укажува и на недостатоците и проблемите при спроведувањето на законодавството во Република Македонија, како што е ситуацијата при засновање право на стварна службеност при изведување работи од јавен интерес, кога постојат два или повеќе јавни интереси, дали ограничувањето на едно право на сопственост треба да се изврши со право на стварна службеност или со некој друг правен институт, кои се правата, односно овластувањата на носителот на правото на сопственост кое треба да се ограничи во таква ситуација и сл. Се укажа и на проблемите при дефинирањето на поимот законски службености, кој поим има различно значење во македонското право и во правата на други држави, од што неминовно произлезе прашањето дали неговото постоење е оправдано, па поради тоа се предлага доуредување на ова прашање така што на јасен начин ќе се утврди кога ограничувањето на правото на сопственост по сила на закон може да се третира како законска службеност, а кога ќе дојде до примена на некој друг правен институт. Докторската дисертација содржи и предлог за подобрување или изменување на одделни одредби од нашата регулатива со цел хармонизација на македонското законодавство со прикажаните компаративни стварни права, следење на трендовите во современото стварно право, особено во поглед на сè поголемата урбанизација и индустријализација, во кои услови произлегува нужност од доуредување на стварните службености во поглед на изградбата и користењето на инфраструктурни објекти од јавен интерес.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Кандидатот м-р Петар Бакиевски се определил да истражува една тема од областа на граѓанското право, на која досега во научната и стручна литература не % е посветено доволно внимание.

Во трудот хронолошки е претставен развојот на истражуваниот институт, не само од аспект на анализа на содржината на стручната домашна и странска литература, туку и од аспект на компаративно согледување на појавата и нејзините просторни и временски развојни етапи во домашното, но и во законодавството на Хрватска, Црна Гора, Германија, Швајцарија и Франција. Кандидатот направил нормативна анализа на голем број правни акти од оваа област, почнувајќи од римското право, потоа низ средновековното, и правото во периодот на социјалистичкото општествено уредување, со што дава целосен преглед и анализа на истражуваниот институт, со што кандидатот дава неспорен комплексен научен придонес во правната мисла. Кандидатот забележува дека заради сè поголемата индустријализација и урбанизација, стварноправниот систем на Македонија треба и веќе внесе значителен број на нови видови стварни службености (по примерот на компаративното право), а пред сè на инфраструктурни заради внесената, позитивноправна регулатива на инфраструктурните објекти каде што нивното градење е поврзано со ограничување на правото на сопственост на туѓи недвижности, за одредено или трајно време. На овој начин, македонското законодавство не само што би се хармонизирало во областа на стварните службености, туку истовремено би му се приближило, односно би се усогласило со стварноправното законодавство на Европската Унија.

Комисијата оценува дека трудот е пишуван јасно и со академски стил, со голема прегледност во изразеното, што овозможува лесен и разбирлив увид и пристап на лицата кои имаат интерес од него. Применетиот методолошки приод обезбедува издржаност на обработените содржини, кои се исцрпни, сеопфатни и се однесуваат на еден многу долг временски период. Структурата и содржината на докторската дисертација даваат за право да се констатира дека кандидатот успеал да даде целосна анализа на предметот на истражувањето, така што дисертацијата претставува заокружена целина. Материјата е презентирана на јасен начин, а трудот е сеопфатно обработен, содржински и логично систематизиран. Поставената теоретска и структурна рамка на темата ги следи современите тенденции, а применетиот методолошки пристап им дава значење и издржаност на сознанијата изнесени во трудот. При изработката на дисертацијата, кандидатот се користел со богата и релевантна научна и стручна литература, домашна и странска, од водечките автори во оваа област, за што говори и големиот број на фусноти во текстот на дисертацијата.

Поради тоа, Комисијата оценува дека овој труд дава голем придонес во научната правна мисла која имплицитно се одразува и нуди одговори во практичната примена на истражуваниот институт во нашата држава, а и надвор од неа. Од друга страна, овој научен труд отвора можности за натамошни истражувања и надградба на постулатот на стварните службености.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил како прв автор (самостоен труд), во меѓународни научни списанија и во списание со импакт-фактор, следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. *Адвокатот во ирачанското право на Common Law системот (347.965:32(100),* Списание на научни трудови од Седмата меѓународна научна конференција *„Меѓународен дијалог: Исток-Запад“,* Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“, Меѓународен центар за славјанска просвета, Свети Николе, Република Македонија, 2016, ISSN 1857-9299 (принт) 1857-9302 (онлајн), стр. 109-114.

[2]. *Принципи на судството во САД*,Зборник на трудови од Осмата меѓународна конференција, International journal, Institute of knowledge management KNOWLEDGE, *Scientific papers vol.12.2 Knowledge without borders*, global impact and quality factor 1.023, (2015), Банско, Република Бугарија, 2016, ISSN 1857-92, стр. 157-160.

[3]. *Семејното право како дел од правниот систем на една држава*, Зборник на трудови, *SCFSD '16 Conference Proceedings Vol.2*, International University of Struga, ISBN 978-608-4573-22-7, DOI 10.21520/C.3-2-2016, Nr.3/Korrik, 2016, стр. 486-500.

[4]. *Службеноста во согласност со Законот за експропријација во Република Македонија*, International journal, Institute of knowledge management KNOWLEDGE, *Scientific papers vol.20.3*, global impact and quality factor 1.322, (2016), Банско, Република Бугарија, 2017, UDK 37 ISSN 2545-4439 ISSN 1857-923X No3, стр. 1469-1476.

[5]. *Местото на службеноста помеѓу различните видови стварни права,* Зборник на трудови, International journal, Institute of knowledge management KNOWLEDGE, *Scientific papers vol.26.3*, global impact and quality factor 1.322, (2016), Agia Triada, Greece, 2018, ISSN 2545-4439 ISSN 1857-923X , стр. 901-906.

Кандидатот е (ко)автор и на следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. *Менаџерот-креатор на односите во компаниите*,Зборник на трудови од II меѓународна научна конференција, „Современите менаџерски предизвици и организациските науки“, тема: „Придонесот на човечките ресурси и организациските промени во одржливата компаниска конкурентност“, во организација на Бизнис-академијата „Смилевски“ - БАС, Скопје и Универзитет Булент Еџевит-Зонгулдак, Р Турција, 2013, ISBN 978-608-4729-01-3 COBBIS.MK-ID 95397130 УДК:005.95-051:005.344 (коавтор д-р Мимоза Бакиевска) стр. 579-585;

[2]. *Интелектуалната сопственост во домашното и во ЕУ-законодавството*,Зборник на трудови од Петтата меѓународна научна конференција, „Contemporary management challenges and the organizational sciences“ organized by the BAS Institute of Management Bitola, BAS – Skopje, Faculty of strategic and operational management Belgrade, Macedonian Science Society – Bitola and Association of Economists and managers of the Balkans. Also supported by Regional Chamber Bitola, Municipality of Bitola and REK Bitola, 2018 (коавтор д-р Мимоза Бакиевска) – Зборникот е во фаза на изготвување.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на погоре изнесената оцена за вредноста на докторската дисертација, научниот пристап на кандидатот кон изработката, неговата способност за научна анализа и темелен, критички и јасен став, неговите лични видувања и нормативен пристап кон проблемската рамка, Комисијата смета дека оценуваниот труд е самостоен научен труд кој претставува сериозен придонес во областа на граѓанското, односно стварното право, од каде што произлегува заклучок дека кандидатот поседува способност да се занимава со научна работа.

Главниот научен придонес на кандидатот е на прво место самата изработка на единствен труд во кој на сеопфатен начин се претставени стварните службености согласно со сите закони во нашата држава кои содржат одредби во врска со стварните службености, а притоа се дадени и размислувања на некои од познатите правни теоретичари во нашата држава и пошироко. Придонесите од оваа докторска дисертација уште повеќе се согледуваат во фактот што таа содржи и споредба со други правни системи, со што се заокружува целината на труд од кој може да се добие целосна слика за стварните службености во минатото и денес, во нашата и во други држави. Од анализата на стварните службености во другите држава може да се извлечат и предлози за имплементирање на споредбените законски решенија и во македонското законодавство, доколку се очекува со тоа да биде надминат некој проблем или да биде подобрено регулирањето на одредени аспекти кај стварните службености. Од нив може да се издвојат овластувањето на сопственикот на послужната ствар да бара од носителот на правото на нужен премин да го откупи делот од недвижноста кој служи за премин и повторното воспоставување на престанатата стварна службеност во случај на обновување на пропадната недвижност во црногорското право, правниот институт на службеност за обезбедување, односно комбинација од право на стварна службеност и договор за условно извршување некое дејствие во германското право, прашањето за запишувањето на личните службености во катастарот на недвижности и правните последици од истото и можноста за засновање право на стварна службеност на сопствена ствар во швајцарското право итн.

Подрачјето на примена на оваа докторска дисертација е секој правен однос каде што се јавува потреба од ограничување на правото на сопственост врз една недвижност за потребите на друга соседна недвижност, без разлика дали станува збор за научно истражување или за решавање на конкретен спор во секојдневната правна практика, бидејќи како што се покажа, овој труд содржи приказ на сите одредби од позитивното право на нашата држава и најзначајните видувања од еминентни правни мислители од регионот и пошироко, како и споредбено прикажување на законските решенија во соседството и најразвиените европски држави. Можни ограничувањата на примената е регулирањето на правните односи по повод доставата и користењето на најразлични комунални технички услуги, бидејќи како што се укажа во дисертацијата, вршењето на содржината на стварната службеност се дефинира како владение на право, а според некои правни екперти за оваа проблематика, владение на право треба да се признае и кај употребата на електрична енергија, телефон, вода, плин и сл. Во таков случај би требало одредбите кои се однесуваат за стварните службености да се применуваат и кај овие комунални услуги, кое нешто не е прифатено во македонското законодавство.

Можните понатамошни истражувања сметаме дека се наоѓаат, пред сè, во регулирањето на индустриските службености, односно нивниот законски термин *комунално технички службености*, кои претставуваат стварните службености чија примена се очекува да биде во постојано зголемување, со оглед на континуираниот технолошки развој и потребата од правно регулирање на изведувањето

најразлични градежни зафати за изградба на инфраструктурни постројки за пренос на електрична енергија, вода, плин, телевизија и секакви најразлични податоци преку интернет-комуникациите.

Врз основа на изложената оцена, Комисијата смета дека докторската дисертација ги исполнува условите кои се предвидени во законската регулатива и актите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за стекнување право за усна јавна одбрана и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје му предлага да го усвои овој позитивен извештај и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Петар Бакиевски, со наслов Стварните службености во македонското и споредбеното право.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Родна Живковска, с.р.
Проф. д-р Владо Бучковски, с.р.
Проф. д-р Јадранка Дабовиќ Анастасовска, с.р.
Проф. д-р Игор Камбовски, с.р.
Проф. д-р Тина Пржеска, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СПОЈУВАЊАТА И ПРЕЗЕМАЊАТА НА ТРГОВСКИТЕ ДРУШТВА ВО СПОРЕДБЕНОТО И ВО ПРАВОТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА ПРЕКУГРАНИЧНИТЕ СПОЈУВАЊА И ПРЕЗЕМАЊА“ ОД М-Р САШКА МАМУЧЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ„ЈУСТИНИЈАН ПРВИ” ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот на Правниот факултет ,,Јустинијан Први” во Скопје, на седницата одржана на 1.12.2019 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Сашка Мамучевска со наслов ,,Спојувањата и преземањата на трговските друштва во споредбеното и во правото на Република Македонија, со посебен осврт на прекуграничните спојувања и преземања“, во состав: проф. д-р Димитар Гелев (претседател), проф. д-р Горан Коевски (ментор), проф. д-р Ванчо Узунов (член), проф. д-р Александар Климовски (член) и проф. д-р Дарко Спасевски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот на Правниот факултет ,,Јустинијан Први” му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Сашка Мамучевска, со наслов ,,Спојувањата и преземањата на трговските друштва во споредбеното и во правото на Република Македонија, со посебен осврт на прекуграничните спојувања и преземања“, содржи 347 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 линии проред и големина на букви 12, со 438 фусноти, 323 библиографски единици (меѓу нив научни трудови, статии, книги, меѓународнии европски акти, принципи, директиви, препораки), национални прописи (релевантна законска и подзаконска регулатива), извештаи, интернет-ресурси и три прилози.

Трудот е структуриран во воведни согледувања, пет глави, заклучни согледувања со препораки и користена литература. Главите се правилно означени и распоредени, меѓусебно поврзани и соодветно димензионирани и систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови. Ваквата структурна композиција на трудот овозможува јасно да се препознае проблемот што се обработува и со тоа лесно да се следи неговата елаборација и аргументирање.

Според Извештајот генериран од базата за проверка на плагијати за докторски трудови, во трудот е пронајдено совпаѓање со други документи во износ од 4,74 %.

Во **воведните согледувања** на трудот, изложени се научната и општествената оправданост на истражувањето, предметот, целите и значењето на истражувањето, основната (главна) хипотеза, посебните хипотези, истражувачките прашања, теоретската рамка и методите на истражувањето.

Во **првата глава** со наслов **Општ осврт на процесот на прекугранични спојувања и преземања на компаниите,** се анализираат почетните прашања поврзани со концептот “спојување и преземање на компании”, кој во терминологијата на англиски јазик се означува како “Mergers and Acquisitions” (M&A), со посебен фокус на прекуграничните спојувања и преземања на компаниите. Поточно, се дава опис на поимот, настанувањето и развојот на концептот на спојувањата и преземањата на компаниите; постапката за спроведување на прекугранични M&A како начин за влез на компаниите на странски пазар и во тој контекст се разгледуваат прашања од аспект на причините за спроведување на прекугранични M&A зделки; пристапот како една компанија ја избира таргет-земјата во која сака да го реализира прекуграничното спојување или преземање; како ја избира таргет-компанија за прекуграничната M&A зделка и кои се главните предуслови за успешно спроведување на прекугранична M&A зделка. Освен тоа, се прави и анализа на различни фактори кои влијаат врз прекуграничните M&A зделки, а на крајот од главата се дадени и примери од емпириски анализи, бројки и факти во однос на прекуграничните M&A зделки.

Врз база на анализите во овој дел од докторскиот труд, кандидатката има подготвенно прилог со Листа на чекори (потсетник) кои компанијата инвеститор би можела да ги примени при правењето на длабинска анализа за спроведување на M&A трансакција.

Во **втората глава** со наслов **Контрола на прекуграничните спојувања и преземања на компаниите (M&A)**, се посветува посебно внимание на условите под кои странските директни инвестиции може да бидат полезни за земјата домаќин на инвестицијата, како и за нејзините граѓани. Кандидатката констатира дека голем број на земји имаат воспоставено контролни механизми за да проверат дали прекуграничните спојувања на компаниите се компатибилни со националните интереси. Особено се разгледува прашањето дали државите имаат потреба да спроведуваат контрола на прекуграничните M&A и притоа се анализираат економски и правни прашања во врска со улогата на владите во контролата на прекуграничните спојувања. Анализата продолжува со посочување на неколку меѓународни договори и институции кои имаат важна улога како при спроведувањето, така и при контролата на прекуграничните M&A на домашните компании, а воедно се разгледува и прашањето за потреба за реформа на меѓународната правна рамка за контрола на прекуграничните M&A како форма на странска директна инвестиција.

Во **третата глава** со наслов **Правна рамка за спроведување на прекугранични спојувања, со фокус на искуствата од ЕУ,** се прави анализа на бројни прашања поврзани со спроведувањето на прекуграничните M&A и притоа се започнува со осврт на правната рамка во Соединетите Американски Држави и во Европската Унија во однос на правото за заштита на конкунрецијата, т.е. контрола на прекуграничните спојувања од аспект на заштита на конкуренцијата на пазарот. Бидејќи Република Северна Македонија е дел од Европа и се стреми за стекнување статус на полноправен член на Европската Унија, даден е детален осврт на правната рамка за процедурата за спроведување на прекуграничните спојувања, пред сè преку анализа на ЕУ - директивите со кои се дава наднационалната правна рамка за разни прашања (процедурални, даночни и за заштита на вработените, доверителите и малцинските акционери) поврзани со прекуграничните спојувања на компаниите од Европската Унија и од Европската економска област, со посебен осврт на релевантните теми од законодавствата на Германија, Бугарија и Грција. На крајот од оваа глава, даден е приказ на предлозите за модернизација на ЕУ компаниското право во делот на прекуграничната мобилност на компаниите и дигитализацијата на компаниското право објавени од Европската комисија на 25 април 2018 година.

Во **четвртата глава** со наслов **Анализа на македонското законодавство во доменот на прекугранични спојувања на компаниите,** кандидатката прави анализа на домашното законодавство (Законот за трговските друштва, Законот за работните односи, Законот за заштита на конкуренцијата, Законот за данокот на добивка и Законот за даночна постапка) со кое се опфатени прекуграничните спојувања на компаниите од Република Северна Македонија со компании од Европската Унија, како и краток осврт на Политиката за заштита на конкуренцијата на Република Северна Македонија. Освен анализа на македонското законодавство и неговата усогласеност со релевантните ЕУ - директиви, кандидатката дава и краток осврт на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија, објавен во 2018 година, поточно за наодите во доменот на компаниското право и за други прашања поврзани со темата на докторски труд.

Во **петтата глава** со наслов **Промовирање на прекуграничните M&A како алатка за регионален развој,** кандидатката ја анализира потребата за прекугранична мобилност на македонските компании и нивно спојување со компании од Западен Балкан и од Европската Унија. Притоа се анализираат пораките за овие прашања кои ги упатуваат политичките лидери од регионот на Западен Балкан и претставниците од деловните асоцијации, а воедно се анализира и формата на поддршка која ја овозможуваат меѓународните институции со цел земјите од Западен Балкан да формираат Регионална економска област. Истовремено, кандидатката ја анализира и улогата на банките во кредитирањето, но и при советувањето на компаниите да пристапуваат кон (прекугранични) M&A зделки.

Во **заклучните согледувања**, кандидатката укажува дека прекуграничните спојувања и преземања на компаниите (M&A) имаат позитивно влијание во однос на развивањето на регионалната соработка на македонските компании. Врз основа на извршените анализи во истражувањето, кандидатката доаѓа до заклучок дека

воспоставувањето на соодветна правна рамка на ниво на Република Северна Македонија и на ниво на земјите од Западен Балкан (т.н. “Регионална економска област”) ќе влијае позитивно врз регионалната соработка на компаниите. Резултатите од ова истражување се дадени во форма на Препораки *de lege ferenda* за подобрување на македонската и регионална законодавна рамка кои следат во продолжение на заклучните согледувања.

Во **Препораките *de lege ferenda* за подобрување на македонската и регионална законодавна рамка**, кандидатката констатира дека македонското законодавство во доменот на прекуграничните спојувања е во основа усогласено со Директивата 2005/56 за прекугранични спојувања на капитални компании. Сепак, во севкупната правна рамка со која се регулираат прекуграничните спојувања, кандидатката забележува одредени разлики, недореченост, како и отсуство на правни норми за одредени прашања. Во таа насока, кандидатката дава препораки за усогласување на националното законодавство во делот на заштита на вработените и даночните прашања поврзани со прекуграничните спојувања, како и во однос на Законот за трговски друштва. Во контекст на прекуграничните M&A на компаниите, со цел полесна мобилност на компаниите во рамки на земјите од Западен Балкан, кандидатката предлага да се потпишат меѓународни договори чија содржина би била по примерот на ЕУ правните инструменти со кои се регулира прекуграничната мобилност на компаниите. Склучувањето на овие меѓународни договори, кандидатката смета дека би можело да се одвива како дел од активностите на Регионална економска област на земјите од Западен Балкан кои се спроведуваат во рамки на биеналните Самити во Лондон во Европската банка за обнова и развој, како и во рамки на т.н. “Берлински процес”. Кандидатката заклучува дека со создавањето на сет правила за прекугранични M&A зделки на компаниите во рамките на земјите од Западен Балкан, ќе може да се ползуваат придобивките од прекуграничната мобилност на компаниите, а тоа би придонело и за јакнење на регионалниот развој на земјите од Западен Балкан.

На крајот од докторскиот труд се наоѓа пописот на користена домашна и странска литература и консултираните интернет ресурси.

Предмет на истражувањето

Предмет на истражување на оваа докторска дисертација е релевантната меѓународна и европска регулатива за прекугранични спојувања и преземања на трговските друштва, релевантната законска и подзаконска регулатива во Република Северна Македонија, како и искуствата и практиките кои се креирани од примената на овие регулативи од страна на трговските друштва. Со цел да бидат предложени корисни и применливи решенија што ќе помогнат во правец на понатамошен развој и зголемување на степенот на (прекугранична) мобилност на компаниите, покрај наведеното, земени се предвид и предностите и предизвиците на регионалната соработка на компаниите од Западен Балкан. Основната цел на трудот е да го утврди влијанието на воспоставувањето на соодветна правна рамка на ниво на Република Северна Македонија и на ниво на земјите од Западен Балкан (т.н. “Регионална економска област”) врз регионалната соработка на компаниите.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Темата која се обработува во докторската дисертација и предметот на истражувањето до сега не биле предмет на пошироко проучување низ потребната специфична призма. Во Европската Унија актуелни се истражувањата за тоа дали примената и обврските од Директивата 2017/1132 поврзана со одредени аспекти од компаниското право со која се прави кодификација на дел од компаниското право со кое се регулираат (прекуграничните) спојувања на компаниите целосно ги исполнуваат зададените цели. Како производ на истражувањата се и предлозите за модернизација на ЕУ компаниското право во делот на прекуграничната мобилност на компаниите и дигитализацијата на компаниското право објавени од Европската комисија на 25 април 2018 година. Оттука, во дисертацијата се разгледуваат и предлозите за модернизација на компаниското право на Европската унија, со цел да се дојде до најадекватни и корисни заклучоци. Земајќи ја предвид комплексноста и динамичноста на корпоративното управување, и тоа во делот на (прекуграничните) спојувања

и преземања, фактот дека се работи за релативно нова научна дисциплина, како и фактот дека светската финансиска криза, но и модернизацијата и динамиката на општеството наметнаа нови трендови во оваа научна област, во овој докторски труд е направен обид да се истражи од правен аспект, теоретски и практично, еден значен и актуелен аспект на корпоративното управување за којшто досега во современата правна наука не е направена доволна сеопфатна анализа.

Краток опис на применетите методи

При истражувањето на темата на докторскиот труд користени се вообичаените општи и посебни методи на научно истражување од областите на правото. Методолошкиот приод е позитивистички со цел да се идентификува и оценува секоја појава што е предмет на истражувањето и да се даде научно и практично објаснување. Во голем дел од теоретското истражување е користен *методот на анализа на содржина* со цел продлабочено осознавање на концептот на спојувања и преземања на трговските друштва, со посебен осврт на прекуграничните спојувања и преземања. Од друга страна, фактот што материјата за прекуграничните спојувања и преземања на трговските друштва се уредува со голем број на меѓународни акти, законски и подзаконски акти, кодекси, стандарди, принципи, правилници и одлуки ја налага потребата од примена на методите за истражување кои се специфични за правната наука. Така од голема вредност за истражувањето е примената на нормативно-правниот и споредбеноправниот метод (компаративен метод). Преку користење на *нормативно-правниот метод* детално се анализираат правните акти кои ја нормираат оваа проблематика и се согледува правната поставеност и организираност на концептот на (прекугранични) спојувања и преземања на трговските друштва. Со користење на *споредбеноправниот метод* се прави споредба на релевантната меѓународна регулатива, регулативата во Соединетите Американски Држави, регулативата на Европската Унија, актуелното законодавство во Германија, Бугарија и Грција, како и во Република Северна Македонија, се откриваат сличностите и разликите, предностите и недостатоците на актуелните правила и обврски при спроведувањето на (прекугранични) спојувања и преземања на трговските друштва и се воочува колку напорите за унификација на меѓународно (пред сé европско) ниво се успешни. Имајќи предвид дека една од целите на истражувањето е најдобрите меѓународни и европски норми и искуства (Република Северна Македонија е земја кандидат за членство во Европска Унија) да се искористат во македонското законодавство и практиката, користен е и деонтолошкиот метод. *Деонтолошкиот метод* е користен за укажување на потребата од усогласување на правото со реалните односи, проблеми и потреби на трговските друштва во Република Северна Македонија. За статистичките податоци и примерите што се презентирани во овој труд е употребен *статистичкиот метод*. Во последниот дел од истражувањето е користен *методот на синтеза* преку кој се оформуваат заклучоци во однос на степенот на усогласеност на националното законодавство со меѓународната и европската регулатива и се предлагаат легислативни измени, мерки и активности за негово подобрување de lege ferenda.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Во докторската дисертација на тема „Спојувањата и преземањата на трговските друштва во споредбеното и во правото на Република Македонија, со посебен осврт на прекуграничните спојувања и преземања”, врз база на спроведените истражувања, кандидатката м-р Сашка Мамучевска утврдува дека прекуграничните спојувања и преземања на компаниите (M&A) имаат позитивно влијание во однос на развивањето на регионалната соработка на македонските компании. Преку сеопфатна тероретска анализа и анализа на практичните искуства и аспекти на темата на истражувањето, кандидатката формира заклучоци кои ја докажуваат основната (главна) хипотеза на која се заснова истражувањето, а тоа е дека: воспоставувањето на соодветна правна рамка на ниво на Република Северна Македонија и на ниво на земјите од Западен Балкан (т.н. “Регионална економска област”) влијае позитивно врз регионалната соработка на компаниите. Во полза на ова се и неколку други резултати до кои кандидатката доаѓа во петте глави од докторскиот труд.

Поточно, во првата глава од докторски труд, кандидатката утврдува дека правилното разбирање на концептот на (прекугранични) M&A и постапката за нивно спроведување е неопходно за компаниите да спроведуваат успешни M&A. Отвореноста на компаниите кон M&A како стратегија за влез на странски пазар, според кандидатката претставува поттик за компаниите да ги следат импулсите на пазарот, особено промените во технологијата поврзани со блокчејн (blockchain) и криптовалутите, како и севкупните случувања во врска со ФинТех (FinTech) бидејќи според мислењето на кандидатката, истите може да предизвикаат нов, седми, бран на M&A во одреден сектор на индустријата, на пример во банкарството или во полето на некои други алтернативни начини за финансирање. Во однос на состојбите и карактеристиките на земјите од Западен Балкан, кандидатката заклучува дека културолошката и географска блискост, како и сличното политичко, правно и институционално опкружување, претставуваат позитивни сигнали во однос на воспоставувањето и функционирањето на Регионалната економска област, под покровителство на Европската банка за обнова и развој и во рамки на “Берлинскиот процес”, со цел меѓусебна соработка на земјите од Западен Балкан, вклучително и соработка и прекугранична мобилност на компаниите од овие земји.

Во втората глава од докторскиот труд, кандидатката утврдува дека воспоставувањето на адекватна контрола на прекуграничните M&A од страна на државите е потребна за лесна прекугранична мобилност на компаниите. Притоа, според кандидатката, генерална контрола на влезните странски директни инвестиции не може да им се препорача на државите. Единствен исклучок е во полето на националната безбедност, кој термин мора да биде дефиниран многу тесно и прецизно.

Во третата глава од докторскиот труд, кандидатката ги согледува придобивките од развиената правната рамка на САД и на ЕУ за прекугранични M&A. Бидејќи, Република Северна Македонија е земја со аспирации за полноправно членство во Европската унија, а и со оглед на географската, политичката, културолошка блискост со ЕУ во споредба со САД, фокусот во анализите на кандидатката е ЕУ правната рамка како концепт за развивање на соодветна правна рамка потребна за прекугранични M&A на компаниите во рамките на земјите од Западен Балкан (т.н. “Регионална економска област”).

Во четвртата глава од докторскиот труд, кандидатката оценува дека македонското законодавство, во основа е усогласено со релевантните ЕУ правни акти и се воспоставени основните за мобилност на македонските компании на пазарите на ЕУ. Сепак, останува потребата за усогласување на законодавството во делот на заштита на вработените и даночните прашања поврзани со прекуграничните спојувања, како и во однос на Законот за трговски друштва. Предлозите за воведување на законски измени кандидатката ги дава во Препораките *de lege ferenda* за подобрување на македонската и регионалната законодавна рамка.

Во петта глава од докторскиот труд, кандидатката констатира дека постојат јасни и недвосмислени пораки од клучните политички и бизнис - лидери од земјата, регионот, но и од европските институции и меѓународни банки, дека прекуграничната мобилност на компаниите, а со тоа и прекуграничните M&A, претставуваат важна алатка за поттикнување на регионалниот развој на компаниите од Западен Балкан. При тоа, кандидатката констатира дека во контекст на прекуграничните M&A на компаниите, со цел полесна мобилност на компаниите во рамки на земјите од Западен Балкан, би можеле да се потпишат меѓународни договори чија содржина би била по примерот на ЕУ - правните инструменти со кои се регулира прекуграничната мобилност на компаниите, и пример од нив кандидатката презентира во Препораките *de lege ferenda* за подобрување на македонската и регионалната законодавна рамка.

Во **Препораките *de lege ferenda* за подобрување на македонската и регионалната законодавна рамка,** врз основа на анлизата на повеќе национални законски решенија во доменот на (прекуграничните) спојувања и преземања на компаниите, кандидатката констатира дека македонското законодавство во доменот на прекуграничните спојувања е во основа усогласено со Директивата 2005/56 за прекугранични спојувања на капитални компании. Сепак, во севкупната правна рамка со која се регулираат прекуграничните спојувања, кандидатката забележува одредени разлики, недореченост, како и отсуство на правни норми за одредени прашања.

Поточно, во однос на Законот за трговските друштва (ЗТД), во делот за прекуграничните спојувања на компаниите, кандидатката констатира неколку забелешки и предлага нивно подобрување.

Кандидатката констатира дека нашиот законодавец останува недоречен во однос на посеопфатна заштита на правата на доверителите во случај на прекугранични спојувања. Притоа, таа посочува пример од германскиот Закон за реорганизација во кој се предвидува дека доверителите на компаниите имаат право во рок од еден месец од спроведувањето на активностите за јавно објавување на намерата односно предлогот со условите за прекугранично спојување да бараат дополнително обезбедување (гаранции) на своите побарувања кои биле настанати пред објавата на предлогот со условите за прекугранично спојување и кои до тогаш не биле доспеани.

Во однос на правната заштита на вработените при спроведување на прекугранични спојувања, кандидатката констатира дека Законот за трговските друштва не предвидува одредби во однос на учеството на вработените во процесот на донесување на одлуката за прекугранично спојување во смисла на член 16 од Директивата 2005/56 за прекугранични спојувања. Заштита на правата на вработените во случај на промени на работадавачот како резултат на статусни промени, кандидатката ги нотира во Законот за работните односи. Исто така, кандидатката заклучува дека за разлика од законските решенија во Германија, во македонското закондавство не се предвидени одредби за учество на вработените по пат на формирање на посебно тело за преговори при спроведување на прекуграничните спојувања, ниту за посебна правна заштита на синдикалните претставници на вработените.

Кандидатката констатира дека во Република Северна Македонија не е донесен посебен закон за усогласување на националното закондавство со Директивата 2009/133 која се однесува на заедничкиот систем за оданочување применлив на спојувања, поделби, делумни поделби, пренос на ***имотот и замена на акции во компании на земјите-членки на ЕУ и на преместувањето од една во друга земја-членка на регистрираното седиште на Европско друштво и на Европска задруга (*Council Directive 2009/133/EC of 19 October 2009 on the common system of taxation applicable to mergers, divisions, partial divisions, transfers of assets and exchanges of shares concerning companies of different Member States and to the transfer of the registered office of an SE or SCE between Member States*)*** и останува обврската за усогласување на националното законодавство или преку донесување на посебен закон.

Со цел постигнување на усогласување на законодавствата и поедноставен проток на производи, услуги, луѓе и капитал помеѓу земјите од Западен Балкан (Регионалната економска област), препораката на кандидатката е дека е неопходно да се склучат меѓународни договори помеѓу земјите од Западен Балкан, по примерот на уредбите (регулативите) и директивите кои се носат во европски рамки.

Склучувањето на овие меѓународни договори, кандидатката посочува дека би можело да се одвива како дел од активностите на Регионална економска област на земјите од Западен Балкан кои се спроведуваат во рамки на биеналните самити во Лондон во Европската банка за обнова и развој, како и во рамки на т.н. “Берлински процес”. Со создавањето на сет правила за прекугранични M&A зделки на компаниите во рамки на земјите од Западен Балкан, кандидатката смета дека ќе може да се ползуваат придобивките од прекуграничната мобилност на компаниите, кои воедно би придонеле и за јакнење на регионалниот развој на земјите од Западен Балкан.

Оцена на трудот

Докторскиот труд на кандидатката м-р Сашка Мамучевска, со наслов ,,Спојувањата и преземањата на трговските друштва во споредбеното и во правото на Република Македонија, со посебен осврт на прекуграничните спојувања и преземања“, претставува самостојно истражување во научното подрачје на општествените науки, научно поле: правни науки, научна област: трговско право. Изработката на темата на оваа докторска дисертација дава

голем научен и апликативен придонес кон истражувањето на еден значен и актуелен аспект на корпоративното управување за којшто досега во современата правна наука не е направена доволна сеопфатна анализа. Истражувањето, истовремено, може да послужи и за понатамошно подобрување на слабостите и недостатоците кои постојат и се појавуваат во (прекугранично) спојување и преземање на трговските друштва како круцијален сегмент од системот на корпоративно управување на трговските друштва. Трудот несомнено дава значаен научен придонес во домашната деловно-правна литература, има прагматична вредност и ќе претставува солидна основа за натамошни истражувања во областа на копоративното управување, не само на кандидатката, туку и на сите други кои во иднина ќе се посветат на оваа област.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Сашка Мамучевска, со наслов ,,Спојувањата и преземањата на трговските друштва во споредбеното и во правото на Република Македонија, со посебен осврт на прекуграничните спојувања и преземања“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

Заклучок и предлог

Главни научни придонеси на кандидатката се: идентификување на постоење јасни и недвосмислени пораки од клучните политички и бизнис-лидери од земјата, регионот, но и од европските институции, дека прекуграничната мобилност на компаниите, а со тоа и прекуграничните спојувања и преземања, претставуваат важна алатка за поттикнување на развојот на компаниите од Западен Балкан; културолошката и географската блискост, како и сличното политичко, правно и институционално опкружување, претставуваат позитивни сигнали во однос на воспоставувањето и функционирањето на т.н. „Регионалната економска област“ во рамки на “Берлинскиот процес”, со цел меѓусебна соработка на земјите од Западен Балкан, вклучително и соработка и прекугранична мобилност на компаниите од овие земји; воспоставување на адекватна контрола на прекуграничните спојувања и преземања од страна на државите е потребна за лесна прекугранична мобилност на компаниите.

Подрачје на примена се: подобрување на македонската законодавна рамка, врз основа на анлизата на повеќе национални и меѓународни легислативни решенија во доменот на прекуграничните спојувања и преземања на компаниите.

Можните понатамошни истражувања се: развивање на кохерентна правна рамка на ниво на Република Северна Македонија, но и на ниво на земјите од Западен Балкан за прекугранична мобилност на компаниите позитивно која ќе влијае врз регионалната соработка на компаниите; би можеле да се потпишат меѓународни договори чија содржина би била по примерот на правните инструменти на Европската Унија со кои се регулира прекуграничната мобилност на компаниите; иако македонското законодавство, во основа, е усогласено со релевантните ЕУ - правни акти и се воспоставени основните за мобилност на македонските компании на пазарите на ЕУ, сепак, останува потребата за усогласување на законодавството во делот на заштита на вработените и на доверителите, како и во поглед на даночните прашања поврзани со прекуграничните спојувања.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први“ да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Сашка Мамучевска со наслов ,,Спојувањата и преземањата на трговските друштва во споредбеното и во правото на Република Македонија, со посебен осврт на прекуграничните спојувања и преземања“.

КОМИСИЈА,

Проф. д-р Димитар Гелев, претседател с.р.
Проф. д-р Горан Коевски, ментор с.р.
Проф. д-р Ванчо Узунов, член с.р.
Проф. д-р Александар Климовски, член с.р.
Проф. д-р Дарко Спасевски, член с.р.

П Р Е Г Л Е Д
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови на Правниот факултет „Јустинијан Први„ во Скопје Н.Н.С од 29-03-2019 година

Кандидат	Тема	Ментор	Датум	Одлука број
Сенада Сали	Ромите-апатриди во државите од регионот на поранешна Југославија: правна положба и фактори кои влијаат на појавата на лица без државјанство **(**Roma-stateless Persons in the Countries of Former Yugoslavia: Legal Positions and Factors that Influence the Appearance of Stateless Persons)	проф. д-р Јелена Трајковска Христовска	29.03.2019	02-433/67
Наташа Мановска	Изборните модели во македонската парламентарна практика (The Election Models in the Macedonian Parliamentary Practice)	проф. д-р Марика Ристовска	29.03.2019	02-433/68
Симона Симоновска	Однос на трговските марки и нелојалната конкуренција (The relationship between trademarks and unfair competition)	проф. д-р Владо Бучковски	29.03.2019	02-433/69
Гургица Милошева	Правна рамка и економско значење на трговските марки во Република Северна Македонија и СР Германија (Legal framework and economic significance of the trademarks in the Republic of North Macedonia and the Federal Republic of Germany)	проф. д-р Александар Стојков	29.03.2019	02-433/70
Кристина Ивановска	Државната ревизија во Република Северна Македонија и компаративното право со државите членки на Европската унија (State Audit in the Republic of North Macedonia and the Comparative Law in the EU Member States)	проф. д-р Весна Пендовска	29.03.2019	02-433/71
Дарко Тодоровски	Одаточување на приходите од капитал кај физичките лица во	проф. д-р Весна Пендовска	29.03.2019	02-433/72

	правото на Република Северна Македонија (Taxation of the Capital Income of Individuals According the Law in the Republic of North Macedonia)			
Бенита Елмази Адеми	Хармонизација на ревизорските стандарди во Република Северна Македонија согласно меѓународните ревизорски стандарди INTOSAI (Harmonization of Audit Standards in the Republic of North Macedonia with the INTOSAI International Audit Standards)	проф. д-р Александра Максимовска Стојкова	29.03.2019	02-433/73
Кристина Ивановска	Фискалните правила на Европската унија и нивна имплементација во буџетската политика во домашното законодавство (EU Fiscal Rules and Their Implementation in Budget Policy in the National Legislation)	проф. д-р Александра Максимовска Стојкова	29.03.2019	02-433/130
Катерина Ивановска	Управување со јавните приходи и јавните расходи преку трезорскиот систем на Република Северна Македонија (Public Revenues and Public Expenditures Management Through the Treasury System in the Republic of North Macedonia)	проф. д-р Александар Стојков	29.03.2019	02-433/74
Магдалена Симовска	Управување со ризици во банкарското работење со посебен осврт на кредитниот ризик (Risk Management in the Bank Functioning with Special Emphasis on the Credit Risk)	проф. д-р Александар Стојков	29.03.2019	02-433/75
Станиша Дишлиевски	(Не)оданочување на приходот на спортистите – правна анализа на случаи од практиката ((Non)Taxation of Sportsmen` Income – Legal Analysis of Recent Case Study)	доц.д-р Елена Нешовска Ќосева	29.03.2019	02-433/76
Велика Цветкова	Резидентството како клучен критериум во меѓународното даночно	доц.д-р Елена Нешовска Ќосева	29.03.2019	02-433/77

	право со посебен осврт на измените на ОЕЦД Модел даночната конвенција од 2017 година (Residency as a Key Criteria in the International Tax Law with Special Emphasis on the 2017 OECD Model Tax Convention Updates)			
Маргарета Велковска	Данокот на задршка во даночно-правната теорија и практика со посебен осврт на решенијата во македонското даночно законодавство (Withholding Tax in the Tax Theory and Practice with Special Emphasis on the Solutions in the Macedonian Tax Legislation)	доц.д-р Елена Нешовска Ќосева	29.03.2019	02-433/78
Ана-Марија Иванова	Мигрантите и бегалците низ призмата на кривичното право и политиката – македонскиот случај (Migrants and refugees trough the lenses of criminal law and politics: the Macedonian case)	проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова	29.03.2019	02-433/79
Светлана Тодоровска	Пријателството како легитимна цел на надворешната политика (Friendship as a legitimate goal of foreign policy)	доц.д-р Ана Чупеска Станишковска	29.03.2019	02-433/80
Ема Тасевска	Видови на управување со акционерски друштва (Types of Governing Systems of Shareholding Companies)	проф.д-р Биљана Петревска	29.03.2019	02-433/81
Аница Јаневска	Стечајна постапка кај друштвата со ограничена одговорност – специфики (Specificity of Insolvency Proceedings for Private Companies)	Димитар Гелев	29.03.2019	02-43382/
Драгана Малчева	Специфики на малите и средните претпријатија (Specifics of Small and Medium Enterprises)	проф.д-р Биљана Петревска	29.03.2019	02-433/83
Јасна Стојанова	Акции и видови акции (Shares and Types of Shares)	проф.д-р Биљана Петревска	29.03.2019	02-433/84
Лепосава Веноска	Инструменти на фискална политика (Instruments of Fiscal Policy)	проф.д-р Биљана Петревска	29.03.2019	02-433/85

Сашка Талевска	Анализа на правните последици и правото на намирување на побарувањата на доверителот по отварањето на стечајната постапка во македонското право (Analysis of Legal Consequences and Right to Collect Payment for Claims in Insolvency Proceeding in Macedonian Law)	проф.д-р Димитар Гелев		02-433/86
Марија Бриндевска	Новиот концепт на управен спор (The New Concept for Administrative Dispute)	Ана Павловска Данева	29.03.2019	02-433/87
Јана Ангелова	Заштита на правата на корисниците пред Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (Health Care Fund Client' Rights Protection)	Ана Павловска Данева	29.03.2019	02-433/88
Коста Ѓорѓиев	Правниот статус на Управата за јавни приходи (Legal Status of the Public Revenue Office)	проф.д-р Борче Давитковски	29.03.2019	02-433/89
Изабела Смилевска	Договорното наследување како фактички основ за наследување во македонското наследно право (Contractual Inheritance as a Factional Basis for Inheritance in the Macedonian Inheritance Law)	проф.д-р Ангел Ристов	29.03.2019	02-433/90
Маја Блажевска	Хармонизација на наследното право (Harmonization of the Inheritance Right)	проф.д-р Ангел Ристов	29.03.2019	02-433/91
Софија Деркоска	Потребата од усогласување на брачниот имотен режим во македонското семејно законодавство со европските принципи на семејното право (The Need for Harmonization of the Matrimonial Property Regime in the Macedonian Family Legislation with the Principles of European Family Law)	проф.д-р Ангел Ристов	29.03.2019	02-433/
Ана Весова	Потребата од реформи во уредувањето на нужното наследување во македонското наследно	проф.д-р Ангел Ристов	29.03.2019	02-433/93

	право (On the Need for Reform in the Regulation of the Forced Share in the Macedonian Inheritance Law)			
Сара Маркоска	Концептот на најдобриот интерес на детето и вршењето на родителското право (The Concept of Child's Best Interest and the Parental Right)	проф.д-р Дејан Мицковиќ	29.03.2019	02-433/94
Катерина Арнаудова	Регулирање на абортусот во македонското законодавство (Regulation on Abortion in the Macedonian Legislation)	проф.д-р Дејан Мицковиќ	29.03.2019	02-433/95
Стевица Младеноски	Имотни односи помеѓу брачните партнери inter vivos – mortis causa (Property Issues between Spouses Inter Vivos – Mortis Causa)	проф.д-р Дејан Мицковиќ	29.03.2019	02-433/96
Ана Печкова	Регулирање на последиците од развод на брак во Република Северна Македонија и во споредбеното право (Regulating the Consequences of Divorce in the Republic of North Macedonia an in Comparative Law)	проф.д-р Дејан Мицковиќ	29.03.2019	02-433/97
Симона Станоева	Статусот на бракот во Република Северна Македонија денес (The Status of Marriage in the Republic of North Macedonia)	доц.д-р Елена Игновска	29.03.2019	02-433/98
Димитар Димоски	Поништување на арбитражна одлука во практиката на Основниот Суд Скопје 2 – Скопје (Setting Aside of an Arbitral Award in the Practice of the Primary Court Skopje 2 Skopje)	доц.д-р Милка Ракочевиќ	29.03.2019	02-433/99
Петар Митрески	Институтот на променети околности во Конвенцијата на ООН за меѓународна продажба на стоки од 1980 година и Принципите на Меѓународниот институт за унификација на приватното право (UNIDROIT) (The Concept	проф.д-р Тони Дескоски	29.03.2019	02-433/100

	of Hardship in the Convention of the UN for the International Sale of Goods from 1980 and the Principles of the International Institute for the Unification of Private Law (UNIDROIT)			
Златица Шемова	Правото на живот и неговите ограничувања (смртна казна, абортус и евтаназија) (The Right to Life and Its Limitations (Death Penalty, Abortion and Euthanasia)	проф.д-р Елена Михајлова Стратилати	29.03.2019	02-433/101
Емилија Пецаноска	Употребата на хемиско оружје согласно меѓународното хуманитарно право – случајот на Сирија (The Use of Chemical Weapons under International Humanitarian Law – The Case of Syria)	проф.д-р Елена Михајлова Стратилати	29.03.2019	02-433/102
Моника Степановска	Нуклеарната дипломатија и користењето на нуклеарното оружје како алатка за преговарање – случајот на Северна Кореја (Nuclear Diplomacy and the Use of Nuclear Weapons as a Nagotiation Tool - The Case of North Korea)	доц.д-р Илина Ценевска	29.03.2019	02-433/103
Филип Јовиќ	Принципот на пропорционалност низ призмата на јуриспруденцијата на Судот на правдата на Европската унија (The Principle of Proportionality through the Prism of the Case Law of the Court of Justice of the European Union)	доц.д-р Илина Ценевска	29.03.2019	02-433/104
Горан Зечевиќ	Надворешната политика на Руската Федерација кон Република Македонија (во периодот од 1991 до 2019 година (The Foreign Policy of the Russian Federation towards the Republic of Macedonia (in the period from 1991 untill 2019)	проф.д-р Јулија Брсакоска Базеркоска	29.03.2019	02-433/105
Алија Ќазими	Влијанието на шеријатското семејно	проф.д-р Ангел Ристов	29.03.2019	02-433/106

	право на семејните односи во современото општество (The Influence of Sharia Law on Family Relationships in the Contemporary Society)			
Игор Вељановски	Правната положба на замешувачот во парничната постапка (Legal Status of the Intervener in the Litigation Procedure)	проф.д-р Татјана Зороска Камиловска	29.03.2019	02-433/107
Владимир Цветаноски	Извршување врз недвижности заради наплата на парично побарување во македонското право и практика (Enforcement over immovable Property for Collection of a Monetary Claim in the Macedonian Law and Practice)	проф.д-р Татјана Зороска Камиловска	29.03.2019	02-433/108
Филип Пишмановски	Извршување врз подвижни предмети заради наплата на парично побарување во македонското право и практика (Enforcement over Movable Objects for Collection of a Monetary Claim in the Macedonian Law and Practice)	проф.д-р Татјана Зороска Камиловска	29.03.2019	02-433/109
Стефан Јаневски	Склучување на брак: суштествени услови и брачни пречки во Република Северна Македонија (Essential Conditions for Concluding Marriage and Marital Impediments in the Republic of North Macedonia)	доц. д-р Елена Игновска	29.03.2019	02-433/110
Аљоша Кацаров	Трговија со влијание – практични аспекти во Република Северма Македонија (Trading of Influence – practical aspects in the Republic of North Macedonia)	проф.д-р Никола Тупанчески	29.03.2019	02-433/111
Дејан Михаилов	Нарко криминалитетот во Република Северна Македонија-контекстуален дискурс (Narcotic Crimes in Republic of North Macedonia-contextual discourse)	проф.д-р Никола Тупанчески	29.03.2019	02-433/112

Екрем Хајдари	Влијанието на процесот на евроинтеграција врз казнено-правниот систем во Република Северна Македонија (EU Integration Process' Impact to the Criminal Justice system of Republic of North Macedonia)	проф.д-р Никола Тупанчески	29.03.2019	02-433/113
Ѓорѓи Рајчиноски	Криминална политика – нови тенденции (Criminal Policy – New Trends)	проф.д-р Никола Тупанчески	29.03.2019	02-433/114
Ерол Омери	Карактеристики на субјективното битие на привилегираните убиства (Mens Rea Characteristics of the Privileged Murders)	проф.д-р Никола Тупанчески	29.03.2019	02-433/115
Бојана Здравковска	Злоупотреба на детски труд и деца во вооружен судир (Child Labor Exploitation and Children in Armed Conflicts)	проф.д-р Гордана Лажетиќ	29.03.2019	02-433/116
Ивона Нанева	Новиот концепт на Државната комисија за спречување на корупција заради унапредување на системот за спречување на корупција (New Concept of the State Commission for Prevention of Corruption for Improvement of the System for Fight Against Corruption)	проф.д-р Гордана Лажетиќ	29.03.2019	02-433/117
Даниел Насевски	Етички и криминолошки аспекти на евтаназијата (Ethical and Criminological Aspects of the Euthanasia)	проф.д-р Гордана Лажетиќ	29.03.2019	02-433/118
Марио Сибиновиќ	Криминолошки аспекти на перење пари (Criminological Aspects of Money Laundering)	Александра Груевска Дракулевски	29.03.2019	02-433/119
Бобан Зафировски	Криминолошки аспекти на компјутерски криминал (Criminological Aspects of the Cyber Crime)	Александра Груевска Дракулевски	29.03.2019	02-433/120
Давид Божинов	Улогата на Советот на Европа во сузбивањето на трговијата со човечки органи и ткива (CoE's Impact to the Fight Against Trade with Human Organs and Tissues)	проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова	29.03.2019	02-433/121
Филип Павловски	Амнестијата и помилувањето како криминално политички инструменти (Amnesty and	проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова	29.03.2019	02-433/122

	Pardon as Criminal Policy Instruments)			
Андреа Здравковска	Педофилијата и казнено-правниот одговор од споредбеноправна перспектива (Comparative Criminal Law Perspective of the Pedophilia)	проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова	29.03.2019	02-433/123
Кристина Јакимовска	Новините во законската регулатива и казнено-правните аспекти на прекинувањето на бременоста (Novelties within the Legal and Criminal Law Regulation of the Abortion)	проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова	29.03.2019	02-433/124
Бранислав Бранковиќ	Концептуалните разлики на институтот нужна одбрана во Европа и САД (Conceptual Diferences of the Self-defence in the Europe and in the USA)	проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова	29.03.2019	02-433/125
Моника Најдовска	Согласноста во медицинските интервенции како екскулпирачка основа (Consent in the Medical Interventions as Exculpatory Basis)	проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова	29.03.2019	02-433/126
Симона Кардашовска	Казниви дела од областа на асистираната репродукција (Crimes in the Area of Assisted Reproduction)	проф.д-р Александра Деаноска Трендафилова	29.03.2019	02-433/127
Горазд Ралев	Истражни центри во кривичната постапка (Investigative Centers in the Criminal Procedure Code)	проф.д-р Гордан Калајџиев	29.03.2019	02-433/128
Артан Раховица (стара програма)	Правниот статус на нотарската служба во Република Северна Македонија со компаративен преглед на балканските земји (Public Notary Status in Republic of North Macedonia and Comparative Overview of Balkan States)	проф. д-р Борче Давитковски	29.03.2019	02-433/129

Д Е К А Н,

_____

Проф.д-р Горан Коевски

Изработил : Хамди Весели Советник за студентски прашање

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ОПТИКА И ФИЗИКА НА ИНСТИТУТОТ ЗА ФИЗИКА ПРИ ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Природно-математички факултет, Институт за физика, објавен во весниците ,,Нова Македонија” и ,,Коха” од 12.3.2019 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од наставно-научните области оптика и физика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1109/3, донесена на 28.3.2019 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Љиљана Јаниќијевиќ, редовен професор (во пензија) на Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, д-р Доне Гершановски, редовен професор (во пензија) на Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје и д-р Јулијана Велевска, редовен професор на Природно-математичкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од наставно-научните области оптика и физика, во предвидениот рок се пријави само д-р Сузана Топузоски, вонреден професор на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

1. Биографски податоци и образование

Кандидатката д-р Сузана Топузоски е родена на 28.5.1974 година во Зеница, Р. Босна и Херцеговина. Средно образование (природно-математичка гимназија) завршила во Струга во 1993 година како најдобар ученик на својата генерација. Во учебната 1993/94 год. се запишала на студиите по применета физика на Природно-математичкиот факултет (ПМФ) во Скопје. Дипломирала на 23.4.1999 година со просечен успех 9,79 како најдобар студент на Институтот за физика за таа академска година, здобивајќи се со стручен назив - дипломиран инженер по физика. Паралелно со применетата насока ги ислушала и ги положила и испитите од наставната насока, стекнувајќи се со уверение од ПМФ за еквивалентност со завршена наставна насока на студиите по физика.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик, а има познавање и од италијански и француски јазик.

Во учебната 1999/2000 година, д-р С. Топузоски се запишала на постдипломски студии на физика, насока - физичка оптика. Сите предвидени испити ги положила со просечен успех 9,75, а на 8.11.2003 година успешно го одбранила својот магистерски труд на тема: ,,Оптички истражувања на дифракциони апертурни елементи со косинусно-закривени рабови”, стекнувајќи се со научниот степен магистер на физички науки.

Докторска дисертација пријавила на 24.10.2005 година на Природно-математичкиот факултет во Скопје. Дисертацијата на тема: ,,Дифракциони оптички елементи кои генерираат зраци со фазни сингуларности” ја одбранила на 10.6.2009 година пред Комисија во состав: д-р Љиљана Јаниќијевиќ (ред. проф. на ПМФ во пензија), д-р Мирјана Јоноска (ред. проф. на ПМФ во пензија), д-р Доне Гершановски (ред. проф. на ПМФ), д-р Dan Cojoc (научен советник во Националниот институт за физика на материјата, Трст, Италија), д-р Зора Митреска (ред. проф. на ПМФ во пензија) и д-р Благоја Вељаноски (ред. проф. на ПМФ, како резервен член). Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област физика.

Д-р Сузана Топузоски двапати реализирала научни престои во Франција, на Универзитетот во Каен, Нормадија и институтот ISMRA-ENSI, во 2000 и 2001 година, кадешто изработила и експериментален дел од својата магистерска работа. Во 2006 година, од страна на Централно-европската иницијатива (CEI) и Интернационалниот центар за теориска физика (ICTP) ѝ бил доделен десетмесечен грант за изработка на експерименталниот дел од

докторската дисертација. Овој грант бил реализиран со престоите на С. Топузоски во Лабораторијата за оптичко манипулирање при Националниот институт за физика на материјата, CNR-IOM, во Трст, Италија, и тоа 3 месеци во 2006 год. и 7 месеци во 2007 година. Д-р С. Топузоски, исто така, има добиено 5 грантови за учество на меѓународни конференции и 10 грантови за учество на меѓународни школи по оптика. Како резултат на воспоставената соработка со проф. д-р Alexander Dreischuh од Факултетот за физика при Универзитетот ,,Св. Климент Охридски” во Софија, Бугарија, таа реализирала неколку кратки научни престои во лабораторијата за фемтосекундни ласери при Факултетот за физика во Софија (5-8.8.2014 год., 9-13.10.2017 год., и 31.8-2.9.2018 год.). Неколку пати престојувала и во Интернационалниот центар за теориска физика ICTP, во Трст, Италија.

Првото вработување на д-р С. Топузоски датира од 1.10.1999 година како стручен соработник во Заводот за методика на наставата по физика и општа физика на Институтот за физика при ПМФ. Со Одлука на Наставно-научниот совет (ННС), на 14.2.2000 година е избрана, а на 18.11.2002 година е реизбрана во звањето помлад асистент во истиот Завод. Со Одлука на ННС при ПМФ од 10.11.2004 година кандидатката е избрана, а на 13.7.2007 година е реизбрана во звањето асистент на Институтот за физика. Со Одлука на ННС при ПМФ од 11.2.2010 година, д-р С. Топузоски е избрана во звањето доцент за предметите од областа оптика и општа физика, при што ѝ беше доверена изведба на наставата по оптика и општа физика.

Со Одлука на ННС при ПМФ од 1.10.2014 година, д-р С. Топузоски е избрана во звањето вонреден професор по група предмети од областа на оптиката и општата физика, на која работна позиција се наоѓа и денес. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1082 од 15 август 2014 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтени бр. 769 (27.12.2000 год.), 811 (30.9.2002 год.), 858 (10.10.2004 год.), 921 (1.6.2007), 977 (31.12.2009 год.) и 1082 (15.8.2014 год.), како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Институт за физика при Природно-математичкиот факултет, кандидатката д-р Сузана Топузоски изведува настава по предметите: *Електромагнетизам и оптика*, *Електромагнетизам*, *Оптика* - на прв циклус студии на студиската програма по математика-физика; *Форензичка слика и видео* (заедно со проф. Мимоза Ристова), *Физичка и квантна оптика* - на прв циклус студии на студиската програма по физика и *Биофизика* – на интегрирани студии од прв и втор циклус на Факултетот за ветеринарна медицина. Исто така, изведувала нумерички вежби и лабораториски вежби по *Оптика* за студентите на физика и на математика-физика, како и лабораториски вежби по *Биофизика* за студентите на Медицинскиот факултет и на Факултетот за ветеринарна медицина. Во рамките на вториот циклус студии, таа е вклучена во областа на теориската физика, преку предметот *Вовед во фотоника,* и во областа на форензичката физика, преку предметот *Форензичка слика и видео* (заедно со проф. д-р М. Ристова). Исто така, таа е акредитиран ментор за трет циклус на студии по физика, кадешто е одговорен наставник за предметите: *Физичка оптика* и *Модулирање на ласерска светлина и примена*.

Како што може да се види во табелата за наставно-образовна дејност, во извештајниот период д-р С. Топузоски одржала 8 предавања на школи и научно-популарни настани (повеќето од нив посветени на одбележувањето на *Годината на Светлината 2015*) и објавила 4 статии во стручно-методски списанија. Подготвила предавања и вежби по два нови предмета и една интерна скрипта предавања.

Д-р С. Топузоски е еден од авторите на 2 објавени збирки на решени задачи од натпревари по физика под наслов: Збирка решени задачи од натпревари по физика – Книга 1 (издавач: Друштво на физичарите на Република Македонија-ДФРМ, Скопје, 2016 година) и

Збирка решени задачи од натпревари по физика – Книга 2 (издавач: Друштво на физичарите на Република Македонија, Скопје, 2016 година).

Од наставно-образовната дејност во изборниот период, д-р С. Топузоски има освоено вкупно 62,00 поени (подетални информации има во Образецот кон извештајот за избор – Анекс 2).

Научноистражувачка дејност

Области на научен интерес на кандидатката се теориските и експерименалните истражувања од физичката оптика, дифракција на ласерска и хомогена светлина, сингуларна оптика и Фуриеова оптика.

Освен магистерскиот труд и докторската дисертација, досега д-р Сузана Топузоски има објавено вкупно 29 труда со оригинални научни резултати. Од нив, 13 се печатени во референтни оптички списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 2 во странски научни списанија, 6 во зборници на трудови на меѓународни конференции и 8 во домашни научни списанија.

Според базата Scopus, нејзините трудови се цитирани 135 пати.

Во извештајниот период, д-р С. Топузоски објавила 10 рецензирани научни труда во референтни научни публикации, од кои 7 се во референтни списанија со импакт-фактор (на 2 од нив е самостоен автор), а 3 се труда во зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни конференции (на еден од нив е самостоен автор). Исто така, има објавено 9 апстракти на меѓународни конференции.

Трудовите објавени во извештајниот период се наведени во Анекс 2, кој е составен дел на овој Извештај.

Досега, д-р С. Топузоски учествувала во 3 национални научноистражувачки проекти. Од нив, 2 се во извештајниот период, при Институтот за физика, ПМФ-УКИМ: ,,Теориски истражувања од сингуларна оптика” (2014-2016) и ,,Просторно модулирање на ласерски модови и генерирање на оптички вортекси” (2017-2020), и на нив се јавува во својство на раководител.

С. Топузоски досега презентирала научни трудови на вкупно 30 научни конференции, школи и работилници (од кои 23 се меѓународни надвор од земјава, 7 се во земјава), со 13 усни и 15 постерски презентации, а на уште 6 била коавтор.

Во извештајниот период, презентирала 12 научни труда (со 7 усни презентации од кои 2 се поканети, со 3 постерски презентации, и со 2 постерски и кратки усни презентации) на 12 научни собири (од кои 9 се меѓународни во странство, а 3 се меѓународни во земјава во организација на ДФРМ). Исто така, коавтор е на 4 усно презентирани труда на меѓународни конференции.

Со својата научна работа, С. Топузоски ја заслужила довербата да биде рецензент на научни трудови во реномираните оптички списанија со импакт-фактор: Optics Communications, Optical and Quantum Electronics; Journal of Optics; Journal of Modern Optics, Journal of the Optical Society of America A и Optics Letters.

Во извештајниот период, д-р С. Топузоски направила 12 рецензии на научни трудови за оптички списанија со импакт-фактор и 1 рецензија за меѓународно оптичко списание.

Од научноистражувачката дејност во изборниот период, д-р С. Топузоски има освоено вкупно 112,56 поени (подетални информации има во Образецот кон извештајот за избор – Анекс 2).

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Сузана Топузоски е активно вклучена во стручно-апликативната работа на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет.

Таа е активен член на Друштвото на физичарите на Р Македонија (ДФРМ), а по еден мандатен период била благајник (2003-2005 година) и секретар (2005-2007 година).

Во извештајниот период, д-р С. Топузоски учествувала во комисија за регионален натпревар (2015 год.) и државен натпревар (2016 год.) по физика за средно образование, како и во подготовката (експерименти од оптика) на ученици за Олимпијада, во 2015 и 2016 година. Исто така, била член на комисија за оцена на демонстрации по физика за 4-та година на настанот *Ноември-месец на науката*, во 2017 година. Како избран надворешен соработник на Центарот за стручно образование и обука – Скопје, за изработка на наставни програми за

квалификацијата *техничар за очна оптика*, од секторот Лични услуги, направила ревизија на 8 наставни предмети.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во научни институции до 3 месеци: во Интернационалниот центар за теориска физика ICTP, Трст, Италија (13-24.02.2017 год., 05-16.02.2018 год., и 11-22.02.2019 год.) и на Факултетот за физика при Универзитетот ,,Св. Климент Охридски", Софија, Бугарија (5-8.8.2014 год., 9-13.10.2017 год., и 31.8-2.9.2018 год.).

Д-р С. Топузоски покажува активност и во дејностите од поширок интерес. Била член на Комисијата за психофизичка способност на пријавените кандидати на студиите за математика-физика и наставна физика во 2014, 2015, 2016, 2017 и 2018 година. Исто така, кандидатката била член и на комисијата за попис на заводот за атомска физика и спектроскопија со оптика (2014, 2015, 2016, 2017 и 2018 година). Д-р С. Топузоски била координатор и активен учесник на настанот ,,Меѓународна година на светлината 2015", за Р Македонија, преку чии активности ги промовирала науките оптика и фотоника, како и Институтот за физика при ПМФ. Член е на Уредувачкиот одбор на „Импулс“ во 2018 година.

Од стручно-апликативната дејност во изборниот период, д-р С. Топузоски има освоено вкупно 23,50 поени (подетални информации има во Образецот кон извештајот за избор – Анекс 2).

Оценка од самоевалуација

Кандидатката д-р Сузана Топузоски, во извештајниот период, има добиено позитивна оценка од спроведените процеси на евалуација, преку анонимно анкетирање на студентите за предметите кои ги предавала.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Сузана Топузоски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Сузана Топузоски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор по група предмети од наставно-научните области оптика и физика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, д-р Сузана Топузоски да биде избрана во звањето редовен професор по група предмети од наставно-научните области оптика и физика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

1. Проф. д-р Љиљана Јаниќијевиќ, редовен професор на ПМФ – Скопје (во пензија), претседател, с.р.

   _____

2. Проф. д-р Доне Гершановски, редовен професор на ПМФ – Скопје (во пензија), член, с.р.

   _____

3. Проф. д-р Јулијана Велевска, редовен професор на ПМФ – Скопје, член, с.р.

   _____

ОБРАЗЕЦ 1

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: д-р Сузана Неде Топузоски
(име, татково име и презиме)

Институција: Институт за физика, Природно-математички факултет - Скопје
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: оптика и физика

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

Ред. број	**ОПШТИ УСЛОВИ**	**Исполнетост на општите услови да/не**
1	Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,79 Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,75 Просечниот успех изнесува 9,77 за интегрираните студии.	**Да**
2	Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира Назив на научната област: Физичка оптика, поле: Физика, подрачје: Природно-математички науки.	**Да**
3	Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор	**Да**
3.1	Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование	**Да**
	3.1.1 1. Назив на научното списание: Optics Communications. ($IF_{/2015}$=1,48) 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of science, ISI Science Citation Index, SCImago Journal Rank и др. 3. Назив на трудот: Far field diffraction of an optical vortex beam by a fork-shaped grating 4. Датум на објава: 1.9.2015 (Vol. 350, p.p. 301-308). (Издавач: Elsevier)	**Да**
	3.1.2. 1. Назив на научното списание: Journal of Modern Optics ($IF_{/2016}$=1,33)	**Да**

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of science, SCImago Journal Rank и други. 3. Назив на трудот: Gaussian laser beam transformation into an optical vortex beam by helical lens 4. Датум на објава: 2016 год. (Vol. 63, Issue 2, p.p.164-176). (Издавач: Taylor &Francis)	
	3.1.3 1. Назив на научното списание: Optical and Quantum Electronics. ($IF_{/2016}$=1,06). 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, EBSCO, SCImago Journal Rank (SJR), Science Citation Index Expanded (SciSearch), Journal Citation Reports/Science Edition, Web of science и други. 3. Назив на трудот: Generation of optical vortices with curved fork-shaped holograms 4. Датум на објава: февруари, 2016 (Vol. 48, Issue 2, Article 138) (Издавач: Springer)	**Да**
	3.1.4. 1. Назив на научното списание: Optics Communications ($IF_{/2017}$=1,89) 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of science, ISI Science Citation Index, SCImago Journal Rank и др. 3. Назив на трудот: Diffraction of a Gaussian beam by a four-sector binary grating with a shift between adjacent sectors 4. Датум на објава: 15.4.2017 (Vol. 389, pp. 203-211.)	**Да**
	3.1.5. 1. Назив на научното списание: Optics Communications. ($IF_{/2018}$=1,89) 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of science, ISI Science Citation Index, SCImago Journal Rank и др. 3. Назив на трудот: Five-vortex spot patterns generated by diffraction of azimuthally X-shaped beam from a fork- shaped grating 4. Датум на објава: 1.12.2018 (Vol. 428, pp. 206-215).	**Да**
	3.1.6. 1. Назив на научното списание: Optical and Quantum Electronics. ($IF_{/2018}$=1,17) 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, EBSCO, SCImago Journal Rank (SJR), Web of science, Science, Science Citation Index Expanded (SciSearch), Journal Citation Reports/Science Edition и други. 3. Назив на трудот: Fraunhofer diffraction of a Gaussian beam by a four-sector binary grating with a half period fringes shift between adjacent sectors 4. Датум на објава: 1.3.2019 (Vol. 51, Issue 3, Article 71)	**Да**
	3.1.7. 1. Назив на научното списание: Optics Communications ($IF_{/2014}$=1,45) 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, Web of science, ISI Science Citation Index, SCImago Journal Rank и др.	**Да**

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
	3. Назив на трудот: Fraunhofer diffraction of Laguerre–Gaussian laser beam by helical axicon 4. Датум на објава: 1.11.2014 (Vol. 330, p.p. 184-190).	
3.5	Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји Кандидатката има објавено 3 труда во вакви зборници, кои се наведени и оценети во Анекс 2.	**Да**
4	Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира *** 1.1. Назив на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Збирка решени задачи од натпревари по физика - Книга 1 (издавач: Друштво на физичарите на Република Македонија) (С. Топузоски-еден од авторите) 1.2. Место и датум на објава: Скопје, 2016 година. 2.1. Назив на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: Збирка решени задачи од натпревари по физика - Книга 2 (издавач: Друштво на физичарите на Република Македонија)(С. Топузоски-еден од авторите). 2.2. Место и датум на објава: Скопје, 2016 година.	**Да**
5	Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 15.8.2014 година, Билтен бр. 1082.	**Да**
6	Има способност за изведување на високообразовна дејност	**Да**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

4. Проф. д-р Љиљана Јаниќијевиќ, редовен професор на ПМФ – Скопје (во пензија), претседател, с.р.

   _____

5. Проф. д-р Доне Гершановски, редовен професор на ПМФ – Скопје (во пензија), член, с.р.

   _____

6. Проф. д-р Јулијана Велевска, редовен професор на ПМФ – Скопје, член, с.р.

   _____

АНЕКС 2

ОБРАЗЕЦ
КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Сузана Неде Топузоски**
(име, татково име и презиме)
Институција: **Природно-математички факултет - Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: **оптика и физика**

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Ред. број	Назив на активноста:	Поени
1.	**Одржување на настава од прв циклус студии**	
	Зимски семестар 2014	
	Електромагнетизам (за Математика-Физика) (4+3+2), предавања 4 часа/нед.	2,4
	Биофизика за Ветеринарна медицина (2+2), интегрирани студии од прв и втор циклус, предавања 2 часа/нед.	1,2
	Летен семестар 2015 и зимски семестар 2015	
	Оптика (за Математика-Физика) (4+3+2), предавања 4 часа/нед.	2,4
	Биофизика за Ветеринарна медицина (2+2), интегрирани студии од прв и втор циклус, предавања 2 часа/нед.	1,2
	Електромагнетизам и Оптика (за Математика-Физика) (4+3+2) предавања 4 часа/нед.	2,4
	Летен семестар 2016 и зимски семестар 2016	
	Форензичка слика и видео (3+4) (заедно со проф. М. Ристова), предавања 1,5 часа/нед.	0,9
	Биофизика за Ветеринарна медицина (2+2) интегрирани студии од прв и втор циклус, предавања 2 часа/нед.	1,2
	Летен семестар 2017 и зимски семестар 2017	
	Форензичка слика и видео (3+4) (заедно со проф. М. Ристова), предавања 1,5 часа/нед.	0,9
	Физичка и квантна оптика (3+1), предавања 3 часа/нед.	1,8
	Биофизика за Ветеринарна медицина (2+2), интегрирани студии од прв и втор циклус, предавања 2 часа/нед.	1,2
	Електромагнетизам (за Математика-Физика) (4+3+2), предавања 4 часа/нед.	2,4
	Летен семестар 2018 и зимски семестар 2018	
	Оптика (за Математика-Физика) (4+3+2), предавања 4 часа /неделно.	2,4
	Физичка и квантна оптика (3+1), предавања 3 часа/нед.	1,8
	Форензичка слика и видео (3+4) (заедно со проф. М. Ристова), предавања 1,5 часа/нед.	0,9

	Биофизика за Ветеринарна медицина (1+2), интегрирани студии од прв и втор циклус, предавања 1 час/нед.	0,6
	Електромагнетизам (за Математика-Физика) (4+3+2), предавања 4 часа/нед.	2,4
2.	**Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиториски или изработка на семинарски труд)[1]**	
	2014 - Биофизика за Ветеринарна медицина (2+2), интегрирани студии од прв и втор циклус, лаб. вежби 2 часа/нед., I група (14 студенти).	0,9
	2014 - Биофизика за Медицински Факултет, прв циклус студии, лаб. вежби 4 часа/сем., 2 групи *25 студенти.	0,24
	2015 - Оптика (за Математика-Физика и за Физика), прв циклус студии, нум. вежби 2 часа/нед., (4+21) студенти.	0,9
	2015 - Биофизика за Ветеринарна медицина (2+2), интегрирани студии од прв и втор циклус, лаб. вежби 2 часа/нед., I група (14 студенти).	0,9
	2016 - Форензичка слика и видео (3+4) (заедно со проф. М. Ристова), прв циклус студии, вежби 2 часа/нед.	0,9
	2016 - Оптика (за Физика), прв циклус студии, лаб. вежби 2 часа/нед. + нумер. вежби 2 часа/нед.	1,8
	2016 - Биофизика за Ветеринарна медицина (2+2), интегрирани студии од прв и втор циклус, лаб. вежби 2 часа/нед., I група (14 студенти).	0,9
	2017 - Форензичка слика и видео (3+4) (заедно со проф. М. Ристова), прв циклус студии, вежби 2 часа/нед.	0,9
	2017 - Физичка и квантна оптика (3+1), прв циклус студии, вежби 1 час/нед.	0,45
	2018 - Оптика (Математика-Физика и Физика), прв циклус студии, нум. вежби 2 часа/нед.	0,9
	2018 - Физичка и квантна оптика (3+1), прв циклус студии, нум. вежби 1 час/нед.	0,45
	2018 - Форензичка слика и видео (3+4), (со проф. М. Ристова), прв циклус студии, вежби 2 часа/нед.	0,9
	2018 - Биофизика за Ветеринарна медицина (1+2), интегрирани студии од прв и втор циклус, вежби 2 часа/ нед., I група (12 студенти).	0,9
3.	**Консултации со студенти[2] (180 студенти*0.002)**	0,36
	Зимски семестар 2014, 45 студенти	
	Летен и зимски семестар 2015, 33 студенти	
	Летен и зимски семестар 2016, 29 студенти	
	Летен и зимски семестар 2017, 35 студенти	
	Летен и зимски семестар 2018, 38 студенти	
4.	**Подготовка на нов предмет**	
	Физичка и квантна оптика (3+1), предавања и вежби Форензичка слика и видео (3+4) предавања и вежби	1,5 1,5

5.	**Интерна скрипта од предавања** Оптика (за студентите на Математика-Физика)	4
6.	**Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа** Марко Шунтов, Бозонски системи во оптички решетки (јуни 2017 год.)	0,1
7.	**Настава во школи и работилници**	
	1. Предавање на 17. Зимска школа по астрономија (27-28.3.2015, ПМФ, Скопје) -С. Топузоски, *2015 - Меѓународна година на светлината и на технологиите базирани на светлина*	1
	2. Предавање на 17. Зимска школа по астрономија (27-28.3.2015, ПМФ, Скопје) - С. Топузоски, *Некои примени на оптичките вортексни снопови во астрономијата*	1
	3. Предавања за наставници на натпреварите по физика (25.4.2015, ПМФ, Скопје) - С. Топузоски, *2015 - Меѓународна година на светлината и на технологиите базирани на светлина*	1
	4. Предавање на XL школа „Млади физичари“ (27-28.11.2015, ПМФ, Скопје) -С. Топузоски, *Дигитална холографија и нејзина примена*	1
	5. Предавање и организација на настанот *Патување со светлината* (23.12.2015, ПМФ, Скопје) -С. Топузоски, *За годината на светлината; Некои оптички демонстрациони експерименти*	1
	6. Предавање на научно-популарниот настан *Light Talks* (Holiday Inn, Скопје, 25.3.2016) -С. Топузоски и Љ. Јаниќијевиќ, *Модулирање на ласерски снопови и нивна примена во науката и индустријата*	1
	7. Предавање на научно-популарниот настан *Light Talks* (хотел „Епинал“, Битола, 9.4.2016) - С. Топузоски, *Некои модерни теми од фотоника*	1
	8. Предавање на 42. Школа „Млади физичари“ (9-10.11.2018, ПМФ и Скопје City Mall, Скопје) - С. Топузоски, *За Нобеловата награда по физика за 2018 година*	1
8.	**Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание**	
	1. С. Топузоски, *2015 - Меѓународна година на светлината и на технологиите базирани на светлина*, Астрономски алманах (2015) 5-9.	1
	2. С. Топузоски, *Некои примени на оптичките вортексни снопови во астрономијата*, Астрономски алманах (2015) 11-19.	1
	3.С. Топузоски, *За дифрактограмот на молекулата на Б- ДНК*, Импулс бр. 56 (декември 2018) 22-23.	1
	4. С. Топузоски, *За Нобеловата награда по физика за 2018 година,* 42. Школа „Млади физичари“ (9-10.11.2018, Скопје) 30-36.	1

9.	**Позитивно рецензирана збирка задачи или практикум**	
	С. Топузоски-една од повеќето автори, Збирка решени задачи од натпревари по физика - Книга 1 (Издавач: Друштво на физичарите на Република Македонија, Скопје, 2016).	3
	С. Топузоски-една од повеќето автори, Збирка решени задачи од натпревари по физика - Книга 2 (Издавач: Друштво на физичарите на Република Македонија, Скопје, 2016).	3
	Вкупно	**62.00**

НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Раководител на национален научен проект**	
	Просторно модулирање на ласерски модови и генерирање на оптички вортекси, **п**роект при Институтот за физика, ПМФ-УКИМ (2017-2020).	6
	Теориски истражувања од сингуларна оптика, проект при Институтот за физика, ПМФ-УКИМ (јануари 2014-јануари 2016).	6
2.	**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование[9]**	
	1. **S. Topuzoski**, “Fraunhofer diffraction of Laguerre-Gaussian laser beam by helical axicon”, Optics Communications 330 (2014) 184-190 ($IF_{/2014}$=1,45)	**8+** и.ф. =9,45
	2. L. Stoyanov, **S. Topuzoski**, I. Stefanov, Lj. Janicijevic and A. Dreischuh, “Far field diffraction of an optical vortex beam by a fork-shaped grating”, Optics Communications 350 (2015) 301-308 ($IF_{/2015}$=1,48)	5,69
	3. Lj. Janicijevic and **S. Topuzoski**, “Gaussian laser beam transformation into an optical vortex beam by helical lens”, Journal of Modern Optics 63 (2016) 164-176 (IF_{2016}=1,33).	8,40
	4. **S. Topuzoski**, “Generation of optical vortices with curved fork-shaped holograms”, Optical and Quantum	9,06

	Electronics, Vol. 48, Issue 2, Article 138 (2016) ($IF_{/2016}$=1,06).	
	5. Lj. Janicijevic, **S. Topuzoski**, L. Stoyanov and A. Dreischuh, “Diffraction of a Gaussian beam by a four-sector binary grating with a shift between adjacent sectors”, Optics Communications 389 (2017) 203-211. ($IF_{/2017}$=1,89).	5,93
	6. **S. Topuzoski**, Lj. Janicijevic, L. Stoyanov, I. Stefanov and A. Dreischuh, “Five-vortex spot patterns generated by diffraction of azimuthally X-shaped beam from a fork-shaped grating”, Optics Communications 428 (2018) 206-215 ($IF_{/2018}$=1,89)	5,93
	7. Lj. Janicijevic, **S. Topuzoski**, L. Stoyanov and A. Dreischuh, “Fraunhofer diffraction of a Gaussian beam by a four-sector binary grating with a half period fringes shift between adjacent sectors”, Optical and Quantum Electronics, Vol.51, Issue 3, Article 71 (2019). ($IF_{/2018}$=1,17)	5,50
3.	**Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји[9]**	
	1. **S. Topuzoski**, “Transformation of a Laguerre-Gaussian LG(l,0) beam by the combination of axicon and fork-shaped grating”, BPU 10 International Physics Conference of the Balkan Physical Union (26-30.08.2018, Sofia, Bulgaria), AIP Conference Proceedings 2075 (2019) 030004 (1-5). (ISBN 978-0-7354-1803-5, објавен во февруари 2019). (Членови на научен одбор: Бугарија (11), Кипар (1), Р. Македонија(1), Грција(2), Црна Гора (1), Молдавија(1), Турција(3))	5
	2. **S. Topuzoski**, Lj. Janicijevic, L. Stoyanov and A. Dreischuh, “Transformation of HG(1,0) and HG(1,1) modes into beams with multiple vortices by the fork-shaped grating”, Proceedings of the 12. Conference of the Society of Physicists of Macedonia (27-30.09.2018, Ohrid, R. Macedonia) 28-31. (ISBN 978-608-4711-08-7, објавен во февруари 2019). (Русија(2), Р. Македонија(5), Италија(1), Германија(2), Бугарија(3), САД (1), Хрватска(2), Србија(2), Австралија(1), Англија(1), Бразил(1), Р. Чешка(1), Украина(1), Словенија(1))	3
	3. **S. Topuzoski** and Lj. Janicijevic, “Transformation of circularly obstructed Bessel beam by the spiral phase plate”, Proceedings of the International Workshop on Advances in Nanomaterials (17-19.09.2018, Măgurele - Bucharest, Romania) 49-56. (ISBN: 978-606-94603-6-8, објавен во декември 2018).	4,5

	(Италија(1), Р. Македонија(1), Романија(2), Србија(1), Хрватска(1), Молдавија(1))	
4.	**Апстракти објавени во зборник на конференција[1]**	
	1. A. Dreischuh, L. Stoyanov, G. Maleshkov, M. Zhekova, I. Stefanov, **S. Topuzoski**, Lj. Janicijevic, P. Hansinger G. G. Paulus: “Manipulating the topological charges of singular optical beams”, BPU 10 International Conference of the Balkan Phisical Union (26-30.08.2018, Sofia, Bulgaria).	1
	2. L. Stoyanov, G. Maleshkov, M. Zhekova, I. Stefanov, A. Dreischuh, **S. Topuzoski**, Lj. Janicijevic, P. Hansinger and G.G. Paulus, "Far-field beam reshaping by optical vortices and vortex lattices", 12. Conference of Macedonian Physics Society (25-28.09.2018, Skopje, R. Macedonia).	1
	3. **S. Topuzoski** and Lj. Janicijevic, “Near and far field diffraction of a Laguerre-Gaussian laser beam by fork-shaped grating”, 11. Conference of Macedonian Physics Society (22-25.09.2016, Ohrid, R. Macedonia).	1
	4. G. Maleshkov, N. Dimitrov, L. Stoyanov, I. Stefanov, A. Dreischuh, P. Hansinger, G.G. Paulus, **S. Topuzoski** and Lj. Janicijevic, “Characteristics, interactions and control of optical vortices and vortex lattices”, International workshop “Advances in Nanophysics and Nanophotonics” (31.08-02.09.2015, Magurele-Bucharest, Romania).	1
	5. **S. Topuzoski**, Lj. Janicijevic, D. Cojoc, Lj. Stoyanov, I. Stefanov and A. Dreischuh, “Optical vortex beams generated with diffractive optical elements”, International workshop “Advances in Nanophysics and Nanophotonics”, (31.08-02.09.2015, Magurele-Bucharest, Romania).	1
	6. L. Stoyanov, G. Maleshkov, I. Stefanov, A. Dreischuh, **S. Topuzoski**, Lj. Janicijevic, I.L. Garanovich, D.N. Neshev, D.V. Skryabin, P. Hansinger and G.G. Paulus, “Singular optics revisited: Algebraic operations with topological charges of optical vortices”, 23rd annual International Laser Physics Workshop (14-18.07. 2014, Sofia, Bulgaria).	1
	7. L. Stoyanov, **S. Topuzoski**, I. Stefanov, Lj. Janicijevic and A. Dreischuh, “Fraunhofer diffraction of an optical vortex beam by fork-shaped grating”, 23rd International Laser Physics Workshop (14-18. 07.2014, Sofia, Bulgaria).	1
	8. L. Stoyanov, **S. Topuzoski**, G. Maleshkov, I. Stefanov, Lj. Janicijevic and A. Dreischuh, “Far-field diffraction of singular dark beams by computer-generated holograms with encoded optical vortices”, 18. International School on Quantum Electronics: "Laser Physics and Applications" (29.09-03.10, 2014, Sozopol, Bulgaria).	1
	9. **S. Topuzoski** and Lj. Janicijevic, “Diffraction of a Gaussian laser beam by inclined fork-shaped hologram”, 10. Conference of Macedonian Physics Society (25-28.09.2014, Skopje, R. Macedonia).	1

5.	**Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**	
	1. **S. Topuzoski**, “Transformation of a Laguerre-Gaussian LG(*l*,0) beam by the combination of axicon and fork-shaped grating”, BPU 10-International Physics Conference of the Balkan Physical Union (26-30.08.2018, Sofia, Bulgaria).	2
	2. **S. Topuzoski**, Lj. Janicijevic, L. *Stoyanov*, I. Stefanov and A. Dreischuh, “Shaping Laguerre-Gaussian laser modes (with or without phase singularities) by using fork-shaped gratings”, International Workshop on Advances in Nanomaterials (17-19.09.2018, Magurele-Bucharest, Romania). Покането предавање.	2
	3. **S. Topuzoski**, L. Stoyanov, Lj. Janicijevic, I. Stefanov and A. Dreischuh, “Transformation of Hermite-Gaussian mode (1,1) into a beam with multiple vortices”, 12. Conference of Macedonian Physics Society (27-30.09.2018, Ohrid, R. Macedonia).	2
	4. **S. Topuzoski,** Lj. Janicijevic, Lj. Stoyanov and A. Dreischuh, “Generation of coupled optical vortices by computer-constructed gratings”, Winter College on Optics: Advanced Optical Techniques for Bio-imaging, (13-24.02.2017, ICTP, Trieste, Italy).	2
	5. **S. Topuzoski** and Lj. Janicijevic, “Near and far field diffraction of a Laguerre-Gaussian laser beam by fork-shaped grating”, 11. Conference of Macedonian Physics Society (22-25.09.2016, Ohrid, R. Macedonia).	2
	6. **S. Topuzoski**, Lj. Janicijevic, D. Cojoc, L. Stoyanov, I. Stefanov and A. Dreischuh, “Optical vortex beams generated with diffractive optical elements”, International workshop “Advances in Nanophysics and Nanophotonics” (31.08-02.09.2015, Magurele-Bucharest, Romania). Покането предавање.	2
	7. **S. Topuzoski** and Lj. Janicijevic, “Diffraction of a Gaussian laser beam by inclined fork-shaped hologram”, 10. Conference of Macedonian Physics Society (25-28.09.2014, Skopje, R. Macedonia).	2
	8. L. Stoyanov, G. Maleshkov, I. Stefanov, A. Dreischuh, **S. Topuzoski**, Lj. Janicijevic, I.L. Garanovich, D.N. Neshev, D.V. Skryabin, P. Hansinger and G.G. Paulus, “Singular optics revisited: Algebraic operations with topological charges of optical vortices”, 23rd annual International Laser Physics Workshop (14-18.07. 2014, Sofia, Bulgaria) пленарно пред.	2
	9. A. Dreischuh, L. Stoyanov, G. Maleshkov, M. Zhekova, I. Stefanov, **S. Topuzoski**, Lj. Janicijevic, P. Hansinger G.G. Paulus: “Manipulating the topological charges of singular optical beams”, BPU 10 Conference (26-30.08.2018, Sofia, Bulgaria). Покането пред.	2

	10. L. Stoyanov, G. Maleshkov, M. Zhekova, I. Stefanov, A. Dreischuh, **S. Topuzoski**, Lj. Janicijevic, P. Hansinger and G.G. Paulus, "Far-field beam reshaping by optical vortices and vortex lattices", 12. Conference of Macedonian Physics Society (25-28.09.2018, Skopje, R. Macedonia) пленарно пред.	2
	11. G. Maleshkov, N. Dimitrov, Lj. Stoyanov, I. Stefanov, A. Dreischuh, P. Hansinger, G.G. Paulus, **S. Topuzoski** and Lj. Janicijevic, “Characteristics, interactions and control of optical vortices and vortex lattices”, International workshop “Advances in Nanophysics and Nanophotonics” (31.08-02.09.2015, Magurele-Bucharest,) покането пред.	2
6.	**Учество на научен/стручен собир со реферат**	
	1. **S. Topuzoski**, “Fraunhofer diffraction of Laguerre-Gaussian laser beam of mode (*l*,*n*) by a fork-shaped grating”, Winter College on Applications of Optics and Photonics in Food Science (11-22.02.2019, ICTP, Trieste, Italy) кратка усна и постерска презентација.	0,5+1
	2. **S. Topuzoski**, Lj. Janicijevic, L. Stoyanov, I. Stefanov and A. Dreischuh, "Five-vortex spots patterns generated from azimuthally X-shaped beam" Winter College on Extreme Non-linear Optics, Attosecond Science and High-field Physics" (05-16.02.2018, ICTP, Trieste, Italy) кратка усна и постерска презентација.	0,5+1
	3. **S. Topuzoski**, “Curved fork-shaped hologram for producing optical vortex beams”, PHOTONICA 2015, the Fifth international school and conference on photonics (24- 28.08. 2015, Belgrade, Serbia). постер.	0,5
	4. L. Stoyanov, **S. Topuzoski**, I. Stefanov, Lj. Janicijevic and A. Dreischuh, “Fraunhofer diffraction of an optical vortex beam by fork-shaped grating”, 23rd annual International Laser Physics Workshop (14-18.07.2014, Sofia, Bulgaria)-постер.	0,5
	5. L. Stoyanov, **S. Topuzoski**, G. Maleshkov, I. Stefanov, L. Janicijevic and A. Dreischuh, “Far-field diffraction of singular dark beams by computer-generated holograms with encoded optical vortices”, 18. International School on Quantum Electronics: "Laser Physics and Applications" (29.09-03.10, 2014, Sozopol, Bulgaria)-I *Награда од **SPIE** за најдобар постерски презентиран труд*.	0,5
7.	**Рецензија на научен/стручен труд**	
	Вкупно 12 рецензии на научни трудови за списанија со импакт - фактор: Optics Letters (3), Journal of the Optical Society of America A (2), Optical and Quantum Electronics (2), Optics Communications (2), Journal of Optics (2), Journal of Modern Optics (1), и 1 рецензија за меѓународното списание Optica Pura y Aplicada (1).	13*0.2= 2.6
	Вкупно	**112,56**

СТРУЧНО - ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Ред. број	**Назив на активноста:**	**Поени**
1.	**Експертски активности-евалуација, стручна ревизија** Надворешен соработник на Центарот за стручно образование и обука - Скопје, за изработка на наставни програми за квалификацијата техничар за очна оптика, од секторот Лични услуги (2018 год.) (ревизија на 8 предмети)	8*1=8
2.	**Учество во промотивни активности на факултетот/институтот** (2016 год. и 2017 год.)	1
3.	**Учество во работата на комисии за државни натпревари**	
	Член на комисија за општински, регионални и државни натпревари, 2016 год.	1
	Член на комисија за подготовка на ученици за Олимпијада (експерименти од оптика) во 2015 год. и 2016 год.	2
	Член на комисија за оценување на натпреварот по демонстрации по физика (за 4-та година средно образование) на настанот „Ноември-месец на науката“, 2017 год.	1
	Дејности од поширок интерес	
4.	**Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание**	
	Член на Уредувачки одбор на Импулс (2018 година)	0,5
5.	**Студиски престој во странство**	
	Факултет за физика при Унив. ,,Св. Климент Охридски”, Софија, Бугарија (5-8.08.2014 год.) (9-13.10.2017 год.) (31.8-2.9.2018 год.)	3*0,5=1.5
	ICTP (International Centre for Theoretical Physics), Trieste, Italy (13-24.2.2017 год.) (5-16.2.2018 год.) (11-22.2.2019 год.)	3*0,5=1,5
6.	**Член на факултетска комисија**	
	Член на Комисија за оценување на психофизичка способност на пријавените кандидати на Математика-Физика и Физика (наставна насока): 2014,2015, 2016, 2017 и 2018 година.	5*0.5=2.5
	Член на Комисија за попис на оптика и спектроскопија - 2014, 2015, 2016, 2017 и 2018 година.	5*0,5=2.5
7.	**Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект**	
	Просторно модулирање на ласерски модови и генерирање на оптички вортекси, проект при Институт за физика, ПМФ-УКИМ (2017-2020), носител на проект.	1
8.	**Претседател на организационен или програмски одбор на научен/стручен собир**	
	Координатор на настанот „Меѓународна година на светлината“ 2015, за Р Македонија	1
	Вкупно	**23,50**

ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ	Поени
НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ	62,00
НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ	112,56
СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ	
СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ	23,50
Вкупно	198,06

Членови на Рецензентската комисија

1. Проф. д-р Љиљана Јаниќијевиќ, редовен професор на ПМФ – Скопје (во пензија), претседател, с.р.

2. Проф. д-р Доне Гершановски, редовен професор на ПМФ – Скопје (во пензија), член, с.р.

3. Проф. д-р Јулијана Велевска, редовен професор на ПМФ – Скопје, член, с.р.

РЕЦЕНЗИЈА

ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СИНТЕЗА И КАРАКТЕРИЗАЦИЈА НА ТЕНКИ ЕЛЕКТРОХРОМНИ ФИЛМОВИ ОД МЕТАЛ ХЕКСАЦИЈАНОФЕРАТИ“ ОД М-Р ИСАК АЛИЈИ, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 28.3.2019 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Исак Алији со наслов „Синтеза и карактеризација на тенки електрохромни филмови од метал хексацијаноферати“, во состав: д-р Мимоза Ристова, редовен професор на ПМФ (претседател), д-р Јулијана Велевска, редовен професор на ПМФ (ментор), д-р Методија Најдоски, редовен професор на ПМФ (член), проф. д-р Атанас Танушевски, редовен професор на ПМФ (член) и проф. д-р Ратка Нешковска, редовен професор на Техничкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Исак Алији, со наслов „Синтеза и карактеризација на тенки електрохромни филмови“, содржи 137 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, со 216 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии и книги.

Трудот е структуриран во 3 глави, вовед и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето. На крајот од докторската дисертација има авторезиме на македонски и на англиски јазик.

Воведот на трудот кандидатот го започнува со еден од најголемите проблеми на овој век, а тоа е зголеменото загадување на воздухот и зголемената температура на климата на Земјата. Проблемот со загадувањето на воздухот не е „привилегија“ само на развиените земји, туку и на земјите во развој и неразвиените земји. Особено овој проблем е присутен во зима кога имаме зголемена потрошувачка на енергија. Според истражувањата, зградите, кои користат енергија за осветлување, греење и ладење, имаат поголемо влијание врз околината од индустријата и транспортот, бидејќи тие трошат повеќе од една третина од вкупната енергија во целиот свет. Овој „горлив“ проблем на 21 век наметнува и еден од најголемите предизвици во светот, а тоа е заштитата на животната средина. Се разбира дека овој предизвик е премногу комплексен и бара повеќекратни истовремени одговори и решенија, но како и да е, очигледно е дека дел од решението на проблемот со загадувањето на животната средина мора да биде и намалувањето на потрошувачката на енергија во зградите. Модерната урбана архитектура се карактеризира со големи застаклени површини на зградите, не само поради модерниот и убав изглед на зградите, туку првенствено заради позитивното влијание што го има светлината врз здравјето на луѓето и нивната благосостојба. Меѓутоа, зградите со голем степен на застакленост тешко се загреваат во зима, а во лето имаат тенденција да се прегреат, а тоа значи дека постигнувањето на удобност кај овие згради најчесто е по цена на зголемената потрошувачка на енергија. Стаклото, како една од помалку енергетски ефикасните компоненти, има огромно влијание врз потрошувачката на енергија во зградите. Заради тоа, покрај изборот на фасада, изборот на прозорци игра клучна улога во намалувањето на потрошувачката на енергија во зградите. Кандидатот укажува дека контролата на сончевото зрачење кое навлегува низ прозорците е многу важна за да се постигне удобен престој во внатрешноста на една зграда, а со тоа и поголема енергетска ефикасност во пеа. Сè поголемото внимание кон проблемите за визуелен комфорт и енергетска ефикасност доведе до развиток на иновативни технологии за динамично застаклување, насочени не само кон намалување на загубата на топлина, но исто така и на контрола на влезното сончево зрачење, со цел тоа да биде максимално во зима, а минимално во лето, како и обезбедување на најдобри природни услови на осветлување без отсјај. Една од тие технологии е електрохромното застаклување, познато уште и како „паметни прозорци“ кои го контролираат флуксот на сончевото зрачење кој влегува во зградите преку контролирање на провидноста (транспарентноста) на стаклата. Круцијална

улога кај паметните прозорци имаат тенки филмови направени од специјални материјали кои го пројавуваат феноменот наречен **електрохромизам**.

Првата глава од докторската дисертација е насловена „ТЕОРИСКИ ОСНОВИ“. Таа се состои од 3 поднаслови: 1. Електрохромизам, 2. Методи за депозиција на тенки филмови и 3. Електрохромни филмови од метал хексацијаноферати.

Првиот поднаслов „Електрохромизам“ се состои од четири точки: 1.1. Електрохромни материјали, 1.2. Електрохромни уреди, 1.3. Примена на електрохромните уреди и 1.4. Карактеристики на електрохромните уреди.

Во првата точка, кандидатот го објаснува феноменот електрохромизам како реверзибилно менување на бојата на дадени материјали под дејство на електрично поле, и дава краток историски осврт околу откривањето на овој феномен. Понатаму тој се задржува на материјалите кои го пројавуваат феноменот електрохромизам, наречени електрохромни материјали. Денес, достапни се голем број на материјали кои покажуваат реверзибилна промена на бојата со примена на електрично поле. Електрохромните материјали се групирани во две главни категории: органски и неоргански електрохромни материјали. Во зависност од потенцијалот при кој се случува процесот на обојување, електрохромните материјали можат да се поделат во два вида, и тоа: **катодни** и **анодни** електрохромни материјали. Катодните електрохромни материјали покажуваат електрохромизам при негативен напон, т.е. тие се обојуваат со внесување (инјекција) на полнежи (процес на редукција), додека пак, анодните електрохромни материјали покажуваат електрохромизам при позитивни потенцијали, т.е. тие се обојуваат со извлекување (екстракција) на полнежи (процес на оксидација). Понатаму кандидатот се задржува на неорганските електрохромни материјали. Најголем дел од неорганските електрохромни материјали се оксиди на преодните метали во форма на тенки филмови. Покрај оксидите на преодните метали, електрохромни својства пројавуваат и хексацијаноферати на преодните метали за кои во последниве години нагло е зголемен интересот заради нивните специфични физичко– хемиски својства како: електрокатализа, својства на јонска размена, способности за складирање на полнеж, магнетни својства, како и својства на термохромизам и електрохромизам.

Во втората точка, кандидатот дава опис на електрохромен уред. Електрохромните уреди претставуваат еден вид на електрохромни ќелии. Основната структура на еден електрохромен уред се состои од подлога обложена со филм од транспарентен спроводник, електрохромен филм, електролит, филм кој служи како складиште за јони (кој може исто така да биде електрохромен, но со комплементарен електрохромизам од оној на првиот електрохромен филм), втор транспарентен спроводник и подлога. Понатаму, во 4 потточки кандидатот накратко го разгледува секој елемент од структурата на еден електрохромен уред.

Во третата точка, кандидатот ја разгледува примената на електрохромните уреди. Од неговото откривање како феномен, па сè до ден денес, електрохромизмот е активна област на фундаментални и применети истражувања со големи можности за апликација во нови технологии кои постојано се развиваат. Некои од апликациите се веќе развиени на технолошко ниво и се успешно комерцијализирани, додека, пак, некои се се уште во развојна фаза. Неколку од нив веќе се достапни на пазарот, како што се електрохромните прозорци (за згради и автомобили), ретровизорите без отсјај (за возила) и електрохромните дисплеи со голема површина на екранот. Некои други апликации, како на пример: електрохромни очила, визири за кациги, електрохромна хартија и др., се очекува да бидат достапни во блиска иднина. Понатаму се објаснети двата основни мода во кои вообичаено работат електрохромните уреди, а тоа се мод на трансмисија и мод на рефлексија, како и принципот на кој работат тие. Кандидатот дава опис електрохромен прозорец како претставник на електрохромен уред кој работи во мод на трансмисија и електрохромно огледало како претставник на електрохромни уреди кои работат во мод на рефлексија.

Во четвртата точка се анализирани карактеристиките на електрохромните уреди. Постои огромен број на материјали за кои денес знаеме дека пројавуваат електрохромизам. Овие материјали најверојатно ќе си го најдат своето место во електрохромните уреди почнувајќи најпрвин како прототипови во научните лаборатории, а потоа и напредувајќи сè до конечен комерцијално достапен производ. За да можат да се споредуваат електрохромните уреди, а со тоа и употребените електрохромни материјали, научниците формулирале квантитативно мерливи параметри (карактеристики) кои овозможуваат споредување на различни уреди и материјали. Во 7 потточки кандидатот ги објаснува најчесто употребуваните електрохромни карактеристики: модулација на трансмитанца, контраст, ефикасност на обојување, време на одговор, ефект на меморија, издржливост и ефикасност на запис и бришење.

Вториот поднаслов „Методи за депозиција на тенки филмови“ се состои од 2 точки: 2.1. Физички методи за депозиција на тенки филмови и 2.2. Хемиски методи за депозиција на тенки филмови.

Во првата точка во 6 потточки, кандидатот дава краток опис на шест физички методи за депозиција на тенки филмови, и тоа: метод на испарување во вакуум, метод на ласерска аблација, епитаксија на молекуларен сноп, магнетронско распршување со примена на еднонасочна струја, радиофреквентно распршување и распршување со електронски сноп.

Во втората точка, во 8 потточки, кандидатот дава краток опис на осум хемиски методи за депозиција на тенки филмови, и тоа: хемиска депозиција од парна фаза, епитаксија на атомски слој, електрохемиска депозиција, метод на сол-гел депозиција, депозиција со извлекување, спин депозиција, спреј пиролиза и метод на хемиска депозиција од раствор.

Третиот поднаслов „Електрохромни филмови од метал хексацијаноферати“ се состои од 3 точки: 3.1. Пруско сино, 3.2. Кобалт хексацијаноферат и 3.3. Никел хексацијаноферат.

Метал хексацијанофератите спаѓаат во класата на соединенија со мешана валентност и имаат општа формула $A_xM_y[Fe(CN)_6]_k$, кадешто M претставува преоден метал, x, y и k се стехиометриски коефициенти, а A е јон на алкален метал кој е потребен за да обезбеди електронеутралност (во формулата е изоставена интеркалираната вода во кристалот). Прототип на класата на метал хексацијанофератните соединенија е железо(III) хексацијаноферат(II) познат уште и како „пруско сино“. Кај него преодниот метал M е исто така железо, но со различен оксидационен број: $AFe^{III}[Fe^{II}(CN)_6]$. Ако се замени координатното железо во пруското сино со други преодни метали, се добиваат други соединенија сродни на пруско сино кои се наречени аналози на пруското сино (PBA) кои покажуваат различни бои. На пример, PBA базиран на кобалт (Co-PBA) пројавува електрохромизам менувајќи ја бојата помеѓу бледо зелена и црвеникаво кафена, PBA базиран на бакар (Cu-PBA) електрохромно ја менува бојата помеѓу бледо жолта и црвена, PBA базиран на никел (Ni-PBA) помеѓу безбојна (транспарентна) и жолта а PBA базиран на рутениум (Ru-PBA) помеѓу транспарентна и виолетова (пурпурна). Токму заради ваквите својства пруското сино и неговие аналози сеуште привлекуваат големо внимание кај научниците. Понатаму, преку контрола на соодносот на валентните јони кај пруското сино и неговите аналози, може да се добиваат различни оптички карактеристики со што се овозможуваат различни избори за апликација кај електрохромни уреди. Во трите точки кандидатот поединечно ги разгледува пруското сино како прототип на метал хексацијанофератите и два од неговите аналози: кобалт хексацијаноферат и никел хексацијаноферат. Дадени се редокс реакциите на обојување и обелување за овие материјали како и методите по кои вообичаено се добивани тенки филмови од овие материјали. На крај од третиот поднаслов се дадени целите на оваа дисертација: да се развие едноставен метод на хемиска депозиција од два раствора за синтеза на тенки филмови од кобалт хексацијаноферат и никел хексацијаноферат, да се истражат нивните електрохромни својства, како и можноста за модулација на сончевото зрачење со помош на овие филмови.

Втората глава насловена како ЕКСПЕРИМЕНТАЛЕН ДЕЛ се состои од 1 поднаслов: 4. Методи за карактеризација на тенките филмови. Во овој поднаслов во 5 точки се опишани пет методи за карактеризација на тенки филмови кои се користени во докторската дисертација. Даден е опис на следниве методи: Метод на дифракција на рендгенски зраци, метод на скенирачка електронска микроскопија, метод на микроскопија заснован на меѓуатомски сили, метод на циклична волтаметрија и спектрофотометриски метод. На крајот од оваа глава е дадена блок шема на етапите на подготовка и карактеризација на електрохромните тенки филмови кои се истражувани во докторската дисертација.

Третата глава има наслов „Резултати и дискусија“. Таа се состои од следниве 3 поднаслови: 5. Приготвување и карактеризација на тенки електрохромни филмови од кобалт хексацијаноферат, 6. Приготвување и карактеризација на тенки електрохромни филмови од никел хексацијаноферат и 7. Електрохромни филмови од хексацијаноферати и модулација на сончевата светлина.

Првиот поднаслов се состои од 4 точки: 5.1. Приготвување на тенки филмови од кобалт хексацијаноферат, 5.2. Структурни својства и идентификација, 5.3. Електрохемиски својства и 5.4. Електрохромни својства.

Во првата точка, во 4 потточки кандидатот ги дава потребните хемикалии и прибор за приготвување на тенки филмови од кобалт хексацијаноферат и детално ги опишува приготвувањето на растворите за хемиска депозиција и подготовката на супстратите врз кои се нанесуваат филмовите. Понатаму, кандидатот дава детален опис на методот и условите на хемиска депозиција со кои се приготвени тенките филмови од кобалт хексацијаноферат. Филмовите се приготвувани со хемиска депозиција од два раствора: раствор од кобалт(II) хлорид и раствор од калиум хексацијаноферат(II). Како супстрати за нанесување на тенки електрохромни филмови, во оваа работа се користени

комерцијално достапни стакла врз кои е нанесен тенок филм од калај оксид допингуван со флуор (FTO) со трансмисија од 80% во видливиот дел од спектарот и мал електричен отпор од 10 - 20 Ω/cm². Хемиската депозиција е изведувана на собна температура со последователно потопување на супстратот во двата раствора. Експерименталните параметри, како што се pH, концентрацијата и бројот на потопувања, се оптимизирани во согласност со најдобриот квалитет на тенките филмови. Претходно исчистен супстрат е потопуван во едниот раствор за време од 2 до 3 секунди а потоа исто така и во другиот раствор, каде што е задржуван исто време. Овие две потопувања во растворите се сметаат како еден циклус на депозиција. Дебелината на филмот се зголемува со зголемување на бројот на циклуси на депозиција. Финалната дебелина на филмот може да се контролира и приближно да се определи со броење на потопувањата на супстратот во еден од растворите. За време на таложењето, после десетина циклуси на хемиска депозиција, а потоа по секој дваесетти циклус на хемиска депозиција, супстратот е исплакнуван со вода и нежно, со памук, е бришен тенкиот филм, со цел да се обезбеди чистење на површината со отстранување на микрокристали кои се карактеризираат со мала атхезија и добивање транспарентни филмови. Истражувањето е спроведено со два вида примероци подготвени со 100 и 200 циклуси на хемиска депозиција. Дебелината на добиените филмови е определена со скенирачка електронска микроскопија .

Во втората точка се прикажани и анализирани резултатите добиени со методот на дифракција на рендгенски зраци (XRD), методот на скенирачка електронска микроскопија (SEM) и метод на микроскопија заснован на меѓуатомски сили (AFM). Ананлизата на рендгенските дифрактограми покажува дека добиените филмови имаат кристална структура. Дел од регистрираните дифракциони пикови одговараат на кобалт хексацијаноферат (за 2Θ: 17,620 °, 25,020 °, 35,580 °, 40,060 ° и 44,040 °), а останатите на FTO-супстратот. Сите дифракционите максимуми кои припаѓаат на кобалт хексацијаноферат претставуваат типична кубична структура (fcc) т.е. кубично центрирана структура. Од позицијата на дифракционите пикови е определено растојанието помеѓу кристалните рамнини d_{hkl} , а со помош на пресметаните вредности е определена константата на решетката a. Според дифрактограмот, константата на решетката е определена со вредност 10,07 Å. Оваа решетка според добиената вредност лежи помеѓу состојбата Co(III)-Fe(II) (9,98 Å) и Co(II)-Fe (III) (10,33 Å), што претставува, всушност, структурата на мешана валентност. Идентификацијата на хемиските елементи на добиените филмови е направена со енергетски дисперзивна спектроскопија (EDS). Резултатите од оваа анализа го потврдуваат хемискиот состав на кобалт хексацијанофератот и успешната синтеза на филм од кобалт хексацијаноферат со метод на хемиска депозиција од два раствора. Површинската морфологија на филмовите од кобалт хексацијаноферат е испитувана со скенирачки електронски микроскоп (SEM) и микроскопија заснована на меѓуатомски сили (AFM). Анализата на овие резултати покажува дека се добиени филмови кои се карактеризираат со груба, релативно рапава површина, формирана од добро дефинирани кристали или кристални кластери со димензии помеѓу 50 - 350 nm.

Во третата точка е дадена анализа на резултатите добиени со мерења во рамките на циклична волтаметрија. Испитувањата се изведени во електролит којшто претставува воден раствор од калиум хлорид со c = 1 mol/dm³ (малку закиселен со две капки на концентрирана HCl на 100 mL од растворот) во стандардна триелектродна електрохемиска ќелија составена од тенок филм од кобалт хексацијаноферат нанесен на FTO-супстрат како работна електрода, жица од платина како помошна електрода и Ag/AgCl како референтна електрода. Мерењата се направени во ранг на потенцијали од -0,7 V до -0,2 V и назад до -0,7 V со брзина на скенирање на потенцијалот од 10 mV/s. Работната површина на филмовите е 1 cm². Анализата на добиените волтамограми покажува јасна редукционо оксидациона реакција, што укажува на осцилирање помеѓу две редокс состојби. Имено, едната е редуцираната (обелена) Co(II)-Fe(II) состојба во која електрохромниот филм е транспарентен (prosирен), а другата е оксидираната (обоена) Co(III)-Fe(II) / Co(II)-Fe(III) состојба во која електрохромниот филм има кафена боја. Испитувањата не покажавуаат манифестација на повеќебоен електрохромизам, во согласност со единствениот пик на цикличниот волтамограм. Од цикличните волтамограми се проценети коефициентите на дифузија низ анодните и катодните циклуси со равенката на Рендлис –Шевчик.

Четвртата точка ги анализира електрохромните својства на добиените тенки филмови од кобалт хексацијаноферат. За таа цел се направени два типа на оптички мерења. За спроведување на оптичките мерења е конструиран електрохромен тест-уред, кој претставува рачно изработена стаклена ќелија (кивета) исполнета со електролит во кој се потопени две електроди. Едната електрода (работна) е тенок филм од кобалт хексацијаноферат нанесен на стаклена подлога на која претходно е нанесен филм од FTO, а другата електрода (помошна или спротивна) е стаклена подлога само со филм од FTO (без електрохромен филм). Електрохромниот тест-уред преку електродите се поврзува на извор на прав напон кој може да се менува. Како електролит е користен 1 mol/dm³ воден раствор на калиум хлорид.

Првиот тип на оптички мерења претставува мерење на спектралната трансмитанца ($T(\lambda)$) на електрохромните филмови во обелена и обоена состојба, во ранг на бранови должини 350 – 900 nm. Обелувањето и обојувањето на електрохромните филмови беше направено со примена на негативен ($-E$) и позитивен ($+E$) прав напон респективно. Во вториот тип на оптички мерења е мерена промената на трансмитанцата (на определена бранова должина λ) од времето - $T(t)$, при скоковита промена на напонот помеѓу две определени вредности ($\pm E$). Заедно со овие мерења се извршени и хроноамперометриски мерења, т.е. мерена е промената на јачината на струјата од времето $I(t)$ при скоковита промена на напонот помеѓу две определени вредности ($\pm E$). Од мерењата на трансмитанцата ($T(\lambda)$ и $T(t)$) и хроноамперометриските мерења ($I(t)$), се определени ширината на забранетата зона, оптичката густина, времето на одговор и ефикасноста на обојување на испитуваните електрохромни тенки филмови од кобалт хексацијаноферат.

Вториот поднаслов се состои од 4 точки: 6.1. Приготвување на тенки филмови од никел хексацијаноферат, 6.2. Структурни својства и идентификација, 63. Електрохемиски својства и 6.4. Електрохромни својства.

Во првата точка, во 3 потточки, кандидатот ги дава потребните хемикалии и прибор за приготвување на тенки филмови од никел хексацијаноферат и детално ги опишува приготвувањето на растворите за хемиска депозиција. Понатаму, кандидатот дава детален опис на методот и условите на хемиска депозиција со кои се приготвени тенките филмови од никел хексацијаноферат. Филмовите се приготвувани со хемиска депозиција од два раствора: раствор од никел(II) хлорид и раствор од калиум хексацијаноферат(II). Како супстрати за нанесување на тенки електрохромни филмови, во оваа работа се користени комерцијално достапни стакла врз кои е нанесен тенок филм од калај оксид допингуван со флуор (FTO) со трансмисија од 80% во видливиот дел од спектарот и мал електричен отпор од 10 - 20 Ω/cm^2. Хемиската депозиција е изведувана на собна температура со последователно потопување на супстратот во двата раствора. Експерименталните параметри, како што се pH, концентрацијата и бројот на потопувања, се оптимизирани во согласност со најдобриот квалитет на тенките филмови. Истражувањето е спроведено со два вида примероци подготвени со 100 и 200 циклуси на хемиска депозиција. Дебелината на добиените филмови е определена со скенирачка електронска микроскопија.

Втората точка ги прикажува и анализите на резултатите добиени со методот на дифракција на рендгенски зраци (XRD), методот на скенирачка електронска микроскопија (SEM) и метод на микроскопија заснован на меѓуатомски сили (AFM). Анализата на рендгенските дифрактограми покажува дека добиените филмови имаат кристална структура. Филмовите од никел(II) хексацијаноферат(II) покажуваат три главни пикови за вредности на 2Θ: 17,680 °, 25,100 ° и 35,780 °, кои одговараат на (200), (220) и (400) кристалографски рамнини на никел(II) хексацијаноферат(II), а останатите интензивни дифракциони максимуми припаѓаат на FTO-супстратот. Овие резултати потврдуваат формирање на филмови од никел(II) хексацијаноферат(II) врз FTO-супстрат. Од рендгенските дифрактограми може да се види дека сите дифракциони максимуми кои припаѓаат на никел(II) хексацијаноферат(II) претставуваат кубично центрирана структура. Од позицијата на дифракционите пикови е определено растојанието помеѓу кристалните рамнини d_{hkl} , а со помош на пресметаните вредности е определена константата на решетката a. Идентификацијата на хемиските елементи на добиените филмови е направена со енергетски дисперзивна спектроскопија (EDS). Резултатите од оваа анализа го потврдуваат хемискиот состав на никел хексацијанофератот и успешната синтеза на филм од никел хексацијаноферат со метод на хемиска депозиција од два раствора. Површинската морфологија на филмовите од никел хексацијаноферат е испитувана со SEM и AFM анализа. Анализата на овие резултати покажува дека се добиени филмови кои се карактеризираат со груба, релативно рапава површина, формирана од добро дефинирани кристали или кристални кластери со димензии помеѓу 80 - 800 nm. Треба да се одбележи дека на површината исто така се појавуваат и некои пукнатини што се чини дека е честа појава кај филмовите од никел(II) хексацијаноферат(II) која настанува најверојатно како резултат на собирање на филмовите во текот на сушењето

Во третата точка е дадена анализа на резултатите добиени со мерења во рамките на циклична волтаметрија. Испитувањата се изведени во електролит, кој претставува воден раствор од калиум хлорид со c = 1 mol/dm^3 (малку закиселен со две капки на концентрирана HCl на 100 mL од растворот) во стандардна триелектродна електрохемиска ќелија составена од тенок филм од никел хексацијаноферат нанесен на FTO-супстрат како работна електрода, жица од платина како помошна електрода и Ag/AgCl како референтна електрода. Мерењата се направени во ранг на потенцијали од -0,7 V до -0,2 V и назад до -0,7 V со брзина на скенирање на потенцијалот од 10 mV/s. Работната површина на филмовите е 0,8 cm^2. Анализата на добиените волтамограми покажува дека кај филмовите од никел(II) хексацијаноферат(II) приготвени со хемиска депозиција од два раствора се појавува добро дефиниран

пар од редокс пикови, на -0,41 V и -0,57 V. Пикот што кореспондира на позитивни вредности за густината на струјата се однесува на оксидација на филмот и деинтеркалација на калиумови јони K^+, додека пак пикот што кореспондира на негативни вредности за густината на струјата се однесува на редукција на филмот и интеркалација на калиумови јони K^+. Втора карактеристика која се забележува кај цикличните волтамограми на филмовите од никел хексацијаноферат е големиот оксидациски пик и релативно помалиот редукциски пик. Оваа појава најверојатно се должи на присуството на HCl во електролитот и одвивање на процес на електрокаталитичка оксидација, својство по кое се разликува NiHCF од другите хексацијаноферати.

Четвртата точка ги анализира електрохромните својства на добиените тенки филмови од никел хексацијаноферат. За таа цел се направени истите два типа на оптички мерења како и кај филмовите од кобалт хексацијаноферат. За спроведување на оптичките мерења е конструиран електрохромен тест уред кој се разликува од претходниот само по тоа што во овој случај како работна електрода се користи тенок филм од никел хексацијаноферат нанесен на стаклена подлога на која претходно е нанесен филм од FTO. Од мерењата на трансмитанцата ($T(\lambda)$ и $T(t)$) и хроноамперометриските мерења ($I(t)$), определени се ширината на забранетата зона, оптичката густина, времето на одговор и ефикасноста на обојување на испитуваните електрохромни тенки филмови од никел хексацијаноферат.

Третиот поднаслов се состои од 2 точки:7.1. Електрохромни тест-уреди со еден електрохромен филмм и 7.2. Електрохромни-тест уреди со два електрохромни филмови со комплементарен електрохромизам. Овде е анализирана можноста за модулација на сончевото зрачење со помош на тенките филмови од кобалт хексацијаноферат, никел хексацијаноферат и пруско сино добиени со метод на хемиска депозиција од два раствора. За да се испита модулацијата на сончевото зрачење пропуштено низ електрохромниот уред, мерена е спектралната трансмитанца во обоена и обелена состојба на електрохромниот филм. Притоа, како слепа проба се користеа вредностите за трансмитанцата добиени кога во електрохромниот уред се потопени два FTO супстрати без филм. Како упадно зрачење е користен сончевиот спектар AM 1,5 кој ја дава распределбата на сончевото спектрално зрачење кое доаѓа на површината што се наоѓа на 0 m надморска височина под агол од 37^0, при 14,2 mm водена пареа и 3,4 mm озон. Со помош на спектарот на сончевото зрачење AM 1,5 и трансмисионите спектри на електрохромните филмови во обелена и обоена состојба, земени како влезни параметри, се пресметувани излезните спектрални интензитети пропуштени низ електрохромните филмови, а од нив модулацијата на интегралниот интензитет и заштедената енергија. За таа цел се конструирани два типа на тест уреди. Во првиот тип како работна електрода се користени испитуваните филмови од хексацијаноферати, а како спротивна електрода е користен само FTO супстрат, додека во вториот тип на електрохромни тест уреди како спротивна електрода е користен тенок филм од волфрам оксид нанесен врз FTO супстрат.

Во заклучните согледувања, претставени се најважните резултати на дисертацијата,.

Предмет на истражување

Предмет на истражување во оваа докторска дисертација е електрохромизмот кај тенки филмови од кобалт хексацијаноферат и никел хексацијаноферат. Познато е дека електрохромните карактеристики кај тенките филмови строго зависат од методите и условите со кои се приготвени. Електрохромни филмови од кобалт хексацијаноферат воглавно се добивани со различни варијации на метод на електрохемиска депозиција. Цел на оваа докторска дисертација е да се развие едноставен метод на хемиска депозиција од два раствора за синтеза на тенки филмови од кобалт хексацијаноферат и никел хексацијаноферат, да се истражат нивните електрохромни својства, како и да се испита можноста за модулација на сончевото зрачење со помош на овие филмови.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Електрохромизмот претставува реверзибилно менување на бојата на дадени материјали под дејство на електрично поле. Една од главните предности на електрохромизмот е тоа што електрично поле е потребно само за време на процесот на обојување или обезбојување (обелување) и овој процес може да биде контролиран на било која меѓусостојба. Покрај тоа, за одвивање на овој процес е потребен мал напон (од 1 до 5 V) и може да се добие голема палета на бои како сина, сива, кафена, зелена, црвена, виолетова и тн.

Историјата на обојувањето нè враќа на почетокот на 18 век (1704 г.) кога Дисбах (Diesbach) го открил пруското сино (железо хексацијаноферат), кој ја менува бојата од транспарентна до темно сина, како резултат на оксидација на железото. Еден век подоцна (1815), Берзилиус (Berzelius) објавил дека чист волфрам триоксид ја менува својата боја кога се загрева во присуство на водородна гасна атмосфера. Оваа промена на бојата од темно- сина до транспарентна се должи на навлегување и излегување на јони. Во 1928 година, во Лондон е претставен електрохромен уред (EXУ) од страна на Смит (Smith). Во 1930

година, Кобосев (Kobosew) и Некрасов (Nekrassow) први набљудувале електрохемиско обојување во масивен волфрам оксид. Тие нашле дека прашок на волфрам оксид може да се обои сино со електрохемиска редукција во кисел раствор. Во 1951 година, Брим (Brimm) и соработниците набљудувале реверзибилна промена во бојата за време на електрохемиски третман на натриум волфрамова бронза. Во 1953 година, додека работел во Балзерс во Лихтенштајн, Краус (Kraus) дал детален опис на електрохемиско обојување во филм од волфрам триоксид (WO_3). Теориско објаснување на феноменот електрохромизам бил даден од Плат (Platt) во 1961 година. Тој објаснил дека со примена на електрично поле, апсорпционите и емисионите спектри на одредени бои може да се поместат и може да се набљудува остра промена во бојата како резултат на Штарков ефект.

Во 1969 година, Деб (Deb) демонстрирал електрохромно обојување со примена на електрично поле низ тенок филм од волфрам триоксид. Всушност, вистинското „раѓање“ на електрохромната технологија вообичаено се припишува на трудот на Деб објавен во 1973 година, во кој тој го објаснува механизмот на обојување во WO3. По објавувањето на овој труд, WO_3 е еден од најистражуваните електрохромни материјали. Од моментот на неговото откритие, електрохромизмот е област на активен интерес на истражување и е постигнат значителен прогрес во синтезата и примената на електрохромните материјали, подобрувањето на електрохромните карактеристики и производството на електрохромни уреди. Денес електрохромните материјали имаат многу интересни технолошки примени, како на пример „паметните прозорци“, ретровизори без отсјај, дисплеи и камуфлажи.

Првите истражувања во областа на електрохромизмот во Република Македонија, се започнати на Институтот за физика при ПМФ-Скопје, од академик проф. д-р М. Ристов и проф. д-р М. Ристова, и се прават веќе дваесетина години наназад. Неколку години подоцна, истражувања во областа на електрохромизмот започнуваат да се вршат и на Институтот за хемија при ПМФ - Скопје, под раководство на проф. д-р М. Најдоски. Во рамките на овие истражувања, на институтите за физика и хемија досега се одбранети 4 докторски и 2 магистерски работи, а се објавени и над 50 труда во меѓународни и домашни списанија и релевантни списанија со импакт-фактор.

Краток опис на применетите методи

Во своето истражување, кандидатот користи повеќе експериментални методи. Составот на приготвените филмови од кобалт хексацијаноферат и никел хексацијаноферат е испитувана со методот на дифракција на рендгенски зраци (X-Ray Diffraction или популарно XRD- метод). Дифракцијата на рендгенски зраци е многу важна аналитичка техника за карактеризација на материјалите. Секој материјал произведува уникатен рендгенски „отпечаток“ на интензитетот на рендгенски зраци во однос на аголот на расејување, кој е карактеристичен за неговата кристална структура. Кристалните супстанции делуваат како три – димензионални дифракциони решетки за брановите должини на рендгенските зраци кои се споредливи со растојанијата помеѓу кристалните рамнини во решетката. Рендгенските зраци заемно дејствуваат со електроните во атомите и еластично се расејуваат. Расеаните бранови од повеќе атоми во атомската рамнина можат да интерферираат едни со други и доколку овие бранови се во фаза, интерференцијата ќе биде конструктивна, т.е. рендгенските зраци меѓусебно ќе се засилуваат. Овие дифрактирани зраци содржат информација во врска со дистрибуцијата на електрони во материјалите. Дифрактираните снопови се во специфични насоки (θ) кои се определени со законот на Брег (Bragg), кој ја поврзува брановата должина на упадните рендгенски зраци (λ) со растојанието помеѓу атомските (дифракциони) рамнини (d).

Површинската морфологија на филмовите и идентификацијата на хемиските елементи на добиените филмови се извршени со микроскопија заснована на меѓуатомски сили (AFM), микроскопија со скенирачки електронски микроскоп (SEM) енергетски дисперзивна спектроскопија (EDS). Микроскопот заснован на меѓуатомски сили (AFM од **A**tomic **F**orce **M**icroscope) е еден вид на микроскоп со скенирачка сонда (scanning probe microscope) во кој може да се постигне топографска слика на површината на примерок врз основа на взаемодејствија на врв (тип) и површината на испитуван примерок. Типичен AFM се состои од: кантилевер (конзола) со мал врв (сонда) на слободниот крај, ласер, четириделна фотодиода и пиезоелектричен скенер. Карактеристиките на површината може да се испитуваат со многу точна резолуција во дијапазон од 100 μm до помалку од 1 μm. Основен принцип на работа на SEM се состои од следениве чекори: флукс од електрони се формира во висок вакуум со електронски топ. Овој флукс, со помош на позитивен електричен потенцијал, се забрзува кон испитуваниот примерок и притоа со помош на метални апертури и магнетни леќи се ограничува и фокусира во тенок фокусиран монохроматски сноп. Примерокот се озрачува со овој електронски сноп при што се случуваат заемни дејствија внатре во озрачениот примерок кои влијаат врз електронскиот сноп. Овие заемни дејствија се детектираат и трансформираат во слика. Кога електронски зрак заемно дејствува со атомите

во примерокот, индивидуалните упадни електрони се подложени на два типа на расејување: еластично и нееластично расејување. Нееластичното расејување го поставува атомот во ексцитирана (нестабилна) состојба. Ексцитираниот атомот „тежнее“ да се врати во основната (неексцитирана) состојба. Заради тоа, по извесно време, атомите ќе се релаксираат оддавајќи го притоа вишокот на енергија. Трите начини на релаксација се рендгенски зраци, катодолуминисценција и Оже (Auger) електрони. Енергијата на релаксација е отпечаток на секој елемент. Кога примерокот е бомбардиран од електронскиот зрак на скенирачкиот електронски микроскоп, се исфрлаат електрони од атомите врз површината на примерокот. Добиеното празно место од исфрлениот електрон се пополнува со електрон од повисока обвивка, при што се емитира рендгенски зрак за да се балансира енергетската разлика помеѓу двата електрона. Детекторот за рендгенски зраци кај енергетски дисперзивната рендгенска спектроскопија (Energy-dispersive X-ray spectroscopy, скратено: EDS, EDX, EDXS или XEDS) го мери бројот на емитирани X-зраци во однос на нивната енергија. Енергијата на X-зраците е карактеристика на елементот од кој е емитиран X-зракот. Во практиката, EDS најчесто се користи за квалитативна анализа на елементите, едноставно за да се утврди кои елементи се присутни и нивниот релативен интензитет.

Цикличната волтаметријата (CV) е метод за истражување на електрохемиското однесување на некој систем и нашироко се користи за добивање на квалитативна информација за електрохемиските реакции. Моќта на овој метод произлегува од неговата способност брзо да обезбеди информации за термодинамиката на процесите на оксидација и редукција во различни средини, атсорпционите процеси на површини, трансферот на електрони и механизмите на реакција, кинетиката на процесите на трансфер на електрони, и т.н. цикличната волтаметрија се сведува на мерење на струја добиена со примена на контролиран потенцијал меѓу електродите. За разлика од потенциометриските мерења кај кои се користат само две електроди, кај волтаметриските мерења се користат електрохемиски ќелии со три електроди. Употребата на три електроди (работна, помошна или спротивна и референтна) заедно со потенциостатски инструмент овозможува точна примена на потенцијалните функции и мерење на добиената струја. Резултантниот приказ струја-напон се нарекува волтамограм.

За определување на оптичките карактеристики на електрохромните тенки филмови кои се предмет на ова истражување е користен спектрофотометриски метод. Спектрофотометрискиот метод се базира на мерење на трансмисионите или рефлексионите својства на даден материјал како функција од брановата должина. Овој метод вклучува користење на спектрофотометар, кој всушност е фотометар кој може да мери интензитет на светлина како функција од брановата должина на изворот на светлина. Спектрофотометарот општо се употребува за мерење на трансмитанца или рефлектанца на раствори, провидни или непровидни цврсти материјали и гасови. Во оваа работа е мерена трансмитанцата на електрохромните филмови во видливото подрачје од електромагнетниот спектар, или поточно од 350-900 nm. Спектрофотометрискиот метод за ова подрачје се нарекува UV-VIS спектрометрија, а самиот спектрометар – UV/VIS спектрометар.

<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>

Во оваа докторска дисертација се презентирани две нови хемиски методи за депозиција на електрохромни филмови од хексацијаноферати. Дизајнираните методи се економични и едноставни, не бараат употреба на софистицирана опрема, погодни се за депозиција и врз мали и врз големи површини, што ги прави перспективни за изработка на материјали за апликација во електрохромни уреди.

Првиот метод е метод за добивање на тенки филмови од кобалт хексацијаноферат, а вториот за добивање на тенки филмови од никел хексацијаноферат. И во двата случаја, електрохромните филмови се приготвуваа со хемиска депозиција од два раствора. Со цел да се добијат информации за структурните својства и идентификација на филмовите, беа направени испитувања со рендгенска дифракција (XRD), скенирачка електронска микроскопија со енергетски дисперзивна рендгенска спектроскопија (SEM и EDS) и микроскопија заснована на меѓуатомски сили (AFM). EDS-анализата на овие филмови го потврди хемискиот состав на кобалт хексацијаноферат и никел хексацијаноферат, со што беше потврдена успешната синтеза на тенките филмови од овие материјали. Рендген дифрактограмите покажаа дека добиените филмови и од кобалт хексацијаноферат и од никел хексацијаноферат се кристални со типична кубична структура (fcc) т.е. кубично центрирана структура. Површинската морфологија на филмовите испитувана со SEM и AFM-анализа покажа дека тие се карактеризираат со груба, релативно рапава површина, формирана од добро дефинирани кристали или кристални кластери со димензии, помеѓу 50 - 350 nm за филмовите од кобалт хексацијаноферат и помеѓу 80 – 800 nm за филмовите од никел хексацијаноферат. На површината на филмовите од никел хексацијаноферат исто така се појавуваа и некои пукнатини што се чини дека е честа појава кај овие филмови која настанува најверојатно како резултат на собирање на филмовите во текот на сушењето. Електрохемиските својства

на приготвените филмови беа испитувани со методот на циклична волтаметрија. Овие испитувања покажаа јасна редукционо оксидациона реакција и кај филмовите од кобалт хексацијаноферат и кај филмовите од никел хексацијаноферат, што укажува на осцилирање помеѓу две редокс состојби: редуцирана (обелена) во која и CoHCF и NiHCF-филмовите беа транспарентни, и оксидирана (обоена) во која CoHCF филмовите имаа кафена, а NiHCF-филмовите жолта боја. Резултатите од мерењата на спектралната трансмитанца покажаа значителен визуелен контраст при што максимална разлика во трансмитанцата меѓу редуцираната и оксидираната состојба кај CoHCF-филмовите беше регистрирана на 450 nm, а кај NiHCF филмовите на 400 nm. Овие мерења беа искористени за да се определи ширината на забранетата зона кај CoHCF и NiHCF-филмовите. Резултатите од анализата укажаа на постоење на механизам на директен електронски премин и во двете состојби (избелена и обоена) и кај CoHCF и кај NiHCF филмовите. Обоената состојба на CoHCF-филмовите покажа присуство на две оптички ширини на забранети зони, што би можело да се припише на коегзистирање на двете оксидирани состојби со различни спин конфигурации: Co(III)-Fe(II) и Co(II)-Fe(III). Од мерењата на промената на трансмитанцата (на определена бранова должина λ) од времето - $T(t)$, при скоковита промена на потенцијалот помеѓу две определени вредности, беа определени времињата на обелување и обојување на филмовите, а во комбинација со хроноамперометриските мерења беше определена и нивната ефикасност на обојување. Резултатите покажаа дека и кај CoHCF и кај NiHCF филмовите, времето на обелување скоро и да не се менува со растењето на дебелината на филмовите, додека пак времето на обојување кај CoHCF филмовите се зголемуваше, а кај NiHCF филмовите се намалуваше со растењето на дебелината на филмовите. Ефикасноста на обојување (η) кај CoHCF филмовите беше определена за 550 nm, бранова должина на која окото е најосетливо при фотопичен режим на гледање, а кај NiHCF филмовите за 400 nm, брановата должина на најголем визуелен контраст. Добиените резултати покажаа дека со растење на дебелината, кај CoHCF филмовите ефикасноста на обојување се намалува, додека пак кај NiHCF филмовите се зголемува. На крај, беше испитано какви се можностите на приготвените CoHCF и NiHCF-филмови, како и филмови од FeHCF приготвени исто така со хемиска депозиција од два раствора, за модулација на сончевото зрачење. За таа цел беа конструирани два типа на електрохромни тест уреди: со еден електрохромен филм и со два електрохромни филма со комплементарен електрохромизам. Како електрохромен филм со комплементарен електрохромизам на FeHCF, CoHCF и NiHCF-филмовите се користеше волфрам(VI) оксид. Резултатите покажаа дека FeHCF и CoHCF-филмовите покажуваат значителни вредности на модулацијата на сончевото зрачење и заштедената енергија во електрохромните тест уреди со еден електрохромен филм, додека кај NiHCF-филмовите овие вредности беа незначителни. Кај електрохромните тест уреди со два електрохромни филма, сите хексацијанофератни филмови покажаа зголемување на овие параметри, особено кај NiHCF-филмовите, кај кои ова зголемување беше драстично (од 10% на 59% за модулацијата и од 53 W/m^2 на 257 W/m^2 за заштедената енергија) што укажува дека овие два материјали имаат одлична компатибилност (областа со минимален контраст на едниот е област на максимален контраст на другиот материјал). На крај ќе заклучиме дека развиените методи за добивање на електрохромни филмови од кобалт хексацијаноферат и никел хексацијаноферат, заедно со сите претходно испитани карактеристики на овие филмови, ги прави овие филмови атрактивни за примена во електрохромни уреди чија намена би била контрола на упадното сончево зрачење.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатот м-р Исак Алији, со наслов „Синтеза и карактеризација на тенки електрохромни филмови од метал хексацијаноферати“, претставува оригинално научно истражување во научното подрачје физика, потесна област: електрохромизам. Изработката на темата на оваа докторска дисертација е фокусирана на добивање на тенки електрохромни филмови од кобалт хексацијаноферат и никел хексацијаноферат со нови дизајнирани хемиски методи, истражување на нивните електрохромни карактеристики и можностите за апликација во електрохромни уреди за контрола на упадното сончево зрачење и заштеда на енергија. Со оглед на актуелноста на областа и квалитетот на добиените резултати, оваа докторска дисертација дава значаен научен придонес во областа на електрохромизмот.

Докторската дисертација на кандидатот м-р Исак Алији, со наслов „Синтеза и карактеризација на тенки електрохромни филмови од метал хексацијаноферати“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[3]. I. Aliji, J. Velevska, M. Najdoski: „ Energy Efficiency with Electrochromic Prussian Blue Thin Films“, *American Scientific Research Journal* **36** (1) (2017) pp 325-332.

[4]. I. Aliji, M. Najdoski, J. Velevska „A Simple Chemical Method for Deposition of Electrochromic Cobalt Hexacyanoferrate Thin Films“, *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research* **40** (1) (2018) pp 242-257.

[5]. I. Aliji, J. Velevska, M. Najdoski, A. Tanuševski, „Chemicaly Deposited Electrochromic Films and Solar Light Modulation“, *Radiation & Applications* **3** (2) (2018) pp 138-142.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

М-р Исак Алији со овој докторски труд дава голем научен придонес во научноистражувачката работа од областа на електрохромизмот. Трудот ги содржи сите елементи на научен труд со јасно дефинирани цели, методи, резултати, дискусија и заклучоци кои даваат одговори на поставените цели. Главни научни придонеси на кандидатот се дизајнирањето на две едноставни хемиски методи за депозиција на тенки филмови од кобалт хексацијаноферат и никел хексацијаноферат со кои се добиени филмови со квалитетни електрохромни карактеристики.

Резултатите од оваа докторска дисертација можат да најдат примена во областа на електрохромните уреди. Имено, познато е дека електрохромните карактеристики на добиените тенки филмови силно зависат од методот за депозиција и условите во кои се одвива истата, што значи дека тенки филмови од ист материјал добиени со различни методи, имаат различни електрохромни карактеристики. Електрохромните филмови имаат големи можности за апликација во најразлични електрохромни уреди, од кои некои се веќе развиени на технолошко ниво и се успешно комерцијализирани, додека пак некои се сеуште во развојна фаза. Дали некој електрохромен филм ќе може да се инкорпорира во електрохромен уред зависи од неговите електрохромни карактеристики, но и од начинот (методот) на добивање кој не треба да е премногу сложен и скап. Во своите истражувања, м-р Исак Алији развива две едноставни хемиски методи за добивање на тенки електрохромни филмови од кобалт хексацијаноферат и никел хексацијаноферат. Добиените методи се едноставни, не бараат софистицирана опрема, се одвиваат на собна температура и се погодни за депозиција на тенки филмови како врз мали, така и врз големи површини. Филмовите добиени со овие методи покажаа добри електрохромни карактеристики и беа тестирани во електрохромни тест уреди од два типа: со еден електрохромен филм и со два електрохромни филма со комплементарен електрохромизам. Резултатите добиени од електрохромните уреди со еден електрохромен филм покажаа дека со филмови од кобалт хексацијаноферат како работна електрода во електрохромниот уред се добива модулација на сончевото зрачење од 55% која одговара на заштедена енергија од 243 W/m^2. Од друга страна, филмовите од никел хексацијаноферат тестирани со електрохромен уред со еден електрохромен филм покажаа ниска модулација на сончевото зрачење од само 10% која одговара на заштедена енергија од 53 W/m^2 . Меѓутоа, тестирањето на овие филмови во електрохромни уреди со два електрохромни филма со комплементарен електрохромизам, каде како втор електрохромен филм беше употребен филм од волфрам оксид, покажа одлични резултати како за филмовите од кобалт хексацијаноферат, така и за филмовите од никел хексацијаноферат. Првите покажаа модулација на сончевото зрачење од 74% и заштедена енергија од 343 W/m^2 , а вторите – модулација од 59% и заштедена енергија од 257 W/m^2.

Добиените резултати во оваа докторска дисертација даваат можности за практична примена на истражуваните филмови. Се разбира, за да се оствари ова, потребно е да се продолжи со истражувањата. Можните понатамошни истражувања се: 1) да се испитаат електрохромните карактеристики на филмовите во уреди со цврст електролит, 2) да се направи мал прототип на електрохромен прозорец и да се испитаат карактеристиките и со течен и со цврст електролит, 3) да се развијат едноставни хемиски методи за добивање на тенки филмови од хексацијаноферати на други преодни метали, на пр. бакар хексацијаноферат кој пројавува катоден електрохромизам и е комплементарен со кобалт хексацијанофератот и никел хексацијанофератот, 4) да се конструира електрохромен уред во кој и двата електрохромни филма ќе бидат од метал хексацијаноферати со комплементарен електрохромизам, и.т.н.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Исак Алији** со наслов **„**Синтеза и карактеризација на тенки електрохромни филмови од метал хексацијаноферати**“.**

КОМИСИЈА

Д-р Мимоза Ристова, редовен професор на ПМФ,Скопје (претседател), с.р.
Д-р Јулијана Велевска, редовен професор на ПМФ,Скопје (ментор), с.р.
Д-р Методија Најдоски, редовен професор на ПМФ,Скопје (член)с.р.
Д-р Атанас Танушевски, редовен професор на ПМФ, Скопје (член), с.р.
Д-р Ратка Нешковска, редовен професор на Технички факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“, Битола (член), с.р.

РЕЦЕНЗИЈА
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
„НЕКОИ РЕЗУЛТАТИ ОД ТЕОРИЈА НА АНАЛИТИЧКА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ФУНКЦИИ И ДИСТРИБУЦИИ“
ОД М-Р ЕГЗОНА ИСЕНИ,
ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на седницата одржана на 31.1.2019 година, донесе одлука бр. 02-1545/11 за избор на Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Егзона Исени, со наслов „Некои резултати од теорија на аналитичка репрезентација на функции и дистрибуции”, во состав:

1. д-р Никита Шекутковски (претседател), редовен професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје;
2. д-р Весна Манова – Ераковиќ (ментор), редовен професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје;
3. д-р Љупчо Настовски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје;
4. д-р Билјана Јолевска - Тунеска, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје;
5. д-р Васко Речкоски, вонреден професор на Факултетот за туризам и угостителство при Универзитетот „Св. Климент Охридски” во Битола.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација, и на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

АНАЛИЗА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Егзона Исени, со наслов „Некои резултати од теорија на аналитичка репрезентација на функции и дистрибуции”, содржи 70 страници компјутерски обработен текст во кириличен фонт Times New Roman со големина на букви 12, А4 формат со 1,5 проред со 27 библиографски единици (од научни трудови, статии и книги).

Докторската дисертација се состои од четири глави. Деловите се систематизирани, со што се обезбедува прегледно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **првата глава** е даден краток историски развој на теоријата на дистрибуции, со објаснување за оправданоста и брзото развивање на оваа теорија, основни поими и тврдења од теоријата на дистрибуции, разни простори на дистрибуции со најважните теореми што ги карактеризираат овие простори, а кои се неопходни во понатамошниот дел од докторската дисертација.

Во продолжение се дадени ознаките, основните дефиниции на поимите, како и некои простори на дистрибуции со основни тврдења содржани во првата глава од докторската дисертација, а кои се неопходни за овој Извештај.

Носач на функкцијата $f(x)$ на $\mathbb{R}^n$ е затворачот во $\mathbb{R}^n$ на множеството точки $\{x \in \mathbb{R}^n \mid f(x) \neq 0\}$ и се означува со supp f .

За мултииндексот $\alpha=(\alpha_1,\alpha_2,...,\alpha_n)$, редот е $|\alpha|=\alpha_1+\alpha_2+...+\alpha_n$, а диференцијалниот оператор $D^\alpha=D_t^\alpha$, $t\in\mathbb{R}^n$ е:

$$D^\alpha f=D_t^\alpha f(t)=\left(-\frac{1}{2\pi i}\right)^{|\alpha|}\frac{\partial^{|\alpha|}f}{\partial t_1^{\alpha_1}...\partial t_n^{\alpha_n}}.$$

Со $C_0^\infty(\mathbb{R}^n)$ е означен просторот од сите бесконечно диференцијабилни комплексно вредносни функции кои имаат компактен носач.

Во $C_0^\infty(\mathbb{R}^n)$ е воведена конвергенција на следниов начин: низата $\{\varphi_j\}$ од функции $\varphi_j\in C_0^\infty$ конвергира кон $\varphi\in C_0^\infty$ кога $j\to\infty$ ако постои компактно множество $K\subset\mathbb{R}^n$ така што $\operatorname{supp}(\varphi_j)\subseteq K$ за секој j, $\operatorname{supp}(\varphi)\subseteq K$ и за секој мултииндекс α, низата $\{D_t^\alpha\varphi_j(t)\}$ рамномерно конвергира кон $D_t^\alpha\varphi(t)$ на K кога $j\to\infty$.

Просторот $C_0^\infty(\mathbb{R}^n)$ со вака дефинираната конвергенција се означува со $D=D(\mathbb{R}^n)$.

Линеарен непрекинат функционал на D се нарекува дистрибуција, а множеството дистрибуции на D се означува со D'.

Со $E=E(\mathbb{R}^n)$ е означен просторот од сите комплексно вредносни функции $\varphi\in C^\infty(\mathbb{R}^n)$, во кој е воведена конвергенција на следниов начин: низата $\{\varphi_j\}$ од функции $\varphi_j\in C^\infty(\mathbb{R}^n)$ конвергира кон $\varphi\in C^\infty(\mathbb{R}^n)$, при $j\to\infty$, ако за секој мултииндекс α, низата $\{D_t^\alpha\varphi_j(t)\}$ конвергира кон $D_t^\alpha\varphi(t)$ рамномерно на секое компактно подмножество од $\mathbb{R}^n$, при $j\to\infty$.

Множеството од сите линеарни, непрекинати функционали на E е множество дистрибуции на E и се означува со E'.

Со $S=S(\mathbb{R}^n)$ е означен векторскиот простор од сите комплексно вредносни функции $\varphi\in C^\infty(\mathbb{R}^n)$ такви што, за секои мултииндекси α,β, постои константа $M_{\alpha,\beta}$ и важи:

$$\sup_{t\in\mathbb{R}^n}\left|t^\beta D^\alpha\varphi(t)\right|\le M_{\alpha,\beta},$$

и во кој е воведена конвергенција на следниов начин: низата $\{\varphi_j\}$, $\varphi_j\in S$ конвергира кон функција $\varphi\in S$, при $j\to\infty$, ако за секои мултииндекси α,β важи:

$$\lim_{j\to\infty}\sup_{t\in\mathbb{R}^n}\left|t^\beta D^\alpha(\varphi_j(t)-\varphi(t))\right|=0.$$

Линеарен, непрекинат функционал на S се нарекува дистрибуција на S или темперирана дистрибуција. Просторот од темперирани дистрибуции се означува со $S'=S'(\mathbb{R}^n)$.

D_{L^p}, $1\le p<\infty$ е просторот од сите бесконечно диференцијабилни функции φ такви да $D^\beta\varphi\in L^p$ за секој мултииндекс β од ненегативни цели броеви.

$B=D_{L^\infty}$ е просторот од сите бесконечно диференцијабилни функции кои се ограничени на $\mathbb{R}^n$.

B е потпросторот од B кој се состои од сите функции $\varphi\in B$ коишто, заедно со сите свои парцијални изводи, исчезнуваат во бесконечност.

Низата $\{\varphi_j\}$ конвергира кон функцијата φ во D_{L^p}, $1 \le p < \infty$ при $j \to \infty$, ако секој $\varphi_j \in D_{L^p}$, $\varphi \in D_{L^p}$, и

$$\lim_{j\to\infty} \left\| D_t^\beta \varphi_j(t) - D_t^\beta \varphi(t) \right\|_{L^p} = 0,$$

за секој мултииндекс β.

Низата $\{\varphi_j\}$ конвергира кон функцијата φ во $\dot{B}$ при $j \to \infty$ ако секој $\varphi_j \in \dot{B}$, $\varphi \in \dot{B}$, и

$$\lim_{j\to\infty} \left\| D_t^\beta \varphi_j(t) - D_t^\beta \varphi(t) \right\|_{L^\infty} = 0.$$

$D'_{L^p}, 1 < p \le \infty$ е просторот од сите непрекинати линеарни функционали на D_{L^q}, каде $\frac{1}{p} + \frac{1}{q} = 1$. D'_{L^1} е просторот од сите непрекинати линеарни функционали на $\dot{B}$.

За $f \in L_{loc}(\mathbb{R}^n)$, функционалот T_f од D во $\mathbb{C}$, дефиниран со

$$< T_f, \varphi >= \int_{\mathbb{R}^n} f(x)\varphi(x)dx, \ \varphi \in D$$

е дистрибуција на D и се нарекува регуларна дистрибуција.

За дистрибуцијата $f \in D'$, дистрибутивниот извод $D^\alpha f$ се дефинира со

$$< D^\alpha f, \varphi >= (-1)^{|\alpha|} < f, D^\alpha \varphi >,$$

за $\varphi \in D$.

Пример. Диракова делта дистрибуција е дефинирана со:

$$< \delta(x - x_0), \varphi(x) >= \varphi(x_0), \ x_0 \in \Omega, \ \varphi \in D(\Omega),$$

и е дистрибуционен извод на Хевисајдова функција $H(t) = \begin{cases} 0, & t \le 0 \\ 1, & t > 0 \end{cases}$.

Следнава теорема ја дава структурата на D'_{L^p}.

Теорема. Дистрибуцијата Λ припаѓа на класата D'_{L^p}, $1 \le p \le \infty$ ако и само ако Λ е конечна сума од дистрибутивни изводи на функции од L^p.

Втората глава е посветена на аналитичка репрезентација на дистрибуции. На почеток е дадена мотивацијата за развојот на теоријата на аналитичката репрезентација на функции и дистрибуции. Да разгледаме функција $f(x)$ на $\mathbb{R}$, којашто е непрекината и со компактен носач. Да претпоставиме дека сакаме да ја продолжиме аналитички на $\mathbb{C}$, т.е. нека $g(z)$ е аналитичка функција на $\mathbb{C}$ таква што $g(x) = f(x), x \in \mathbb{R}$. Ова значи дека $g(x) = 0$ на $\mathbb{R} / \text{supp}(f)$, па од теоремата за единственост на аналитички функции ќе следува дека $g(z) = 0$ за $z \in \mathbb{C}$. Значи, не е можно аналитичко продолжение на $f(x)$. Но, ако наместо да бараме функцијата $g(z)$ да е аналитичка на цело $\mathbb{C}$, бараме функција, која е аналитичка на $\mathbb{C}$ со исклучок на реалната оска, тогаш $f(x)$ може да ја претставиме со скок $f(x+i\varepsilon) - f(x-i\varepsilon)$, односно позната е следната теорема.

Теорема. Нека $f(t)$ е функција од $\mathbb{R}$ во $\mathbb{C}$. Нека $f(t)$ е непрекината и нека $f(t) = O\left(\frac{1}{|t|^\alpha}\right)$, за некое $\alpha > 0$ при $|t| \to \infty$. Нека $\hat{f}(z)$ е функција дефинирана со:

$$\hat{f}(z)=\frac{1}{2\pi i}\int_{-\infty}^{\infty}\frac{f(t)}{t-z}dt,\ z\in\{z\in\mathbb{C},\ \mathrm{Im}\,z\neq 0\}.$$

Тогаш

$$\lim_{\varepsilon\to 0^{+}}\left[\hat{f}(x+i\varepsilon)-\hat{f}(x-i\varepsilon)\right]=f(x)$$

рамномерно на секое компактно подмножество од $\mathbb{R}$.

Функцијата $\hat{f}(z)$ се нарекува Кошиев интеграл на f, а лимесот се нарекува аналитичка репрезентација на f.

Оваа теорема е основа во развојот на теоријата за аналитичка репрезентација на дистрибуции.

Нека $T\in D'(\mathbb{R})$. Тогаш постои функција $f(z)$, аналитичка на комплексната рамнина освен на носачот K на T, така што:

$$\lim_{\varepsilon\to 0^{+}}\int_{-\infty}^{\infty}[f(x+i\varepsilon)-f(x-i\varepsilon)]\varphi(x)dx=<T,\varphi>$$

за сите $\varphi\in D$, и се нарекува аналитичка репрезентација на T.

Потоа се наведени, без доказ, некои поважни досегашни резултати за аналитичка репрезентација на функции и дистрибуции. Во продолжение се наведени и докажани новите резултати што се однесуваат на конвергенција на низа од функции преку нивните аналитички репрезентации. Имено, се разгледува прашањето дали од рамномерната конвергенција на низата од аналитички репрезентации на функции од соодветни простори следува конвергенција на низата од функции, и дополнително, дали од граничната вредност на низата од аналитички репрезентации следува аналитичка репрезентација на граничната функција на низата од функции. Некои досегашни резултати за конвергентни низи од функции кои даваат конвергентна низа од дистрибуции со наоѓање на аналитичката репрезентација на дистрибуциите преку граничните вредности се докажани на поинаков начин, и за истите се дадени соодветни примери.

Во **третата глава** се разгледува конволуција на функции и дистрибуции. Во делот 3.2 се дадени и докажани нови резултати што се однесуваат на аналитичка репрезентација на конволуција на некои функции и дистрибуции, како и за конвергенција на низи од аналитичките репрезентации на конволуциите од соодветно избрани функции.

Четвртата глава е посветена на скок на дистрибуции. Дадени се основните поими и дефиниции за скок на дистрибуции.

Ако постои константа C така што за секоја $\varphi\in C_0(\mathbb{R}^n)$ важи:

$$\lim_{\varepsilon\to 0}<f(x_0+\varepsilon x),\varphi(x)>=<C,\varphi>,$$

тогаш велиме дека дистрибуцијата $f(x)$ има вредност во точка $x=x_0$ и дека тоа е C. Симболично, означуваме $f(x)|_{x=x_0}=C.$

На пример, не постои вредност на дистрибуција $\delta(x)$ во точката $x_0=0$.

Велиме дека дистрибуцијата $f\in D'(\mathbb{R})$ има дистрибутивно скок однесување во точката $x=x_0\in\mathbb{R}$ ако се исполнува асимптотското равенство за дистрибуции:

$$f(x_0+\varepsilon x)=\gamma_{-}H(-x)+\gamma_{+}(x)H(x)+o(1),$$

кога $\varepsilon\to o^{+}$ во $D'(\mathbb{R})$, кадешто H е Хевисајдова функција и $\gamma_{\pm}$ се константи. Скок на дистрибуција f во $x=x_0$ се дефинира како $[f]_{x=x_0}=\gamma_{+}-\gamma_{-}$.

Исто така, се добиени и резултати за врската меѓу аналитичка репрезентација на дистрибуции и скок на дистрибуции.

На крајот од докторската дисертација е наведена литературата која е користена при истражувањата и при изработка на докторската дисертација.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Предмет на истражување

Предмет на истражување на оваа докторска дисертација е аналитичка репрезентација на функции и дистрибуции.

Истражувањето се однесува на конвергенција на низи од функции од соодветно избрани простори преку нивните аналитички репрезентации, како и за соодветните гранични вредности.

Докторската дисертација опфаќа истражувања за аналитичката репрезентација на конволуции.

Скокот на дистрибуции преку аналитичка репрезентација, исто така, е дел од истражувањата.

Проблемите на аналитичка репрезентација на функции и дистрибуции, граничните вредности на аналитички функции и граничните вредности на аналитички функции во смисла на дистрибуции се едни од најистражуваните проблеми во математичката анализа. Оваа проблематика има многу важна примена во физиката, особено во квантната механика.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Теоријата на дистрибуции се појавила како резултат на обидите на многу математичари и физичари да им дадат математичко значање на бројни концепти во физиката и инженерството кои до тогаш биле сфаќани на интуитивен начин. Основите на теоријата на дистрибуциите ги поставил советскиот математичар С. Л. Соболев во 1936 година во својата работа *Methode nouvelle a resoudre le problem de Cauchy pour les equations linears hyporboliques normales,* Матем. сб.1 (1936) 39-72. Францускиот математичар L. Shwartz, во својата монографија *Theory des distributions*, I-II, Paris, 1950-1951, направил систематично поставување на теоријата на дистрибуции и укажал на некои важни примени на оваа теорија. Дистрибуциите поседуваат многу важни својства кои што ги прошируваат можностите на класичната математичка анализа. Брзото развивање на теоријата на дистрибуции било стимулирано од потребите на математиката и теориската физика, посебно теоријата на диференцијалните равенки и квантната физика.

Аналитичката репрезентација на функции и дистрибуции наоѓа голема примена во анализа и решавање на различни проблеми во математиката, но, и пошироко, во науката и во техниката, поради што за нејзино истражување интересот кај научниците е голем.

Во додатокот од докторската дисертација, кој се однесува на користената литература при истражувањето, може прецизно да се согледа состојбата на научното поле на кое припаѓа таа.

Краток опис на применетите методи

Докторската дисертација е од теоријата на дистрибуции и аналитички функции. Во изработката на дисертација е користен математичкиот апарат на функционална и комплексна анализа. Во истражувањата кои се дадени во докторската дисертација се користи стандардна методологија на истражување која ја има во најголем дел од современите трудови на други автори што работат во оваа област.

Краток опис на резултатите од истражувањето

Во втората глава од докторската дисертација се наведени и докажани резултати кои се однесуваат на конвергенција на низи од функции од соодветно избрани простори преку нивните аналитички репрезентации, како и за соодветните гранични вредности.

Резултатите се дадени со следниве теореми:

Теорема 2.3.1. Нека $\{f_n\}$ е ограничена низа во D_{L^p}, $1 \le p < \infty$ и нека $\{\hat{f}_n(z)\}$ е низа од аналитички репрезентации за секој член f_n, соодветно.

Тогаш:

а) Ако низата $\{\hat{f}_n(z)\}$ од аналитички репрезентации конвергира рамномерно кон функцијата $\hat{f}(z)$ на множества од облик $\mathbb{R}\times(0,T)$ или $\mathbb{R}\times(-T,0)$, за $T>0$ кога $n\to\infty$, тогаш постои функција $f \in D_{L^p}$ така што $f_n \to f$ кога $n\to\infty$ во D_{L^p}.

б) Граничната функција $\hat{f}(z)$ е аналитичка репрезентација за граничната функција $f \in D_{L^p}$.

Сличен резултат е даден и за просторот на дистрибуции $D'_{L^p,\eta}$, кој го генерализира просторот D'_{L^p}.

Теорема 2.3.2. Нека $\{f_n\}$ е ограничена низа од $D_{L^p,\eta}$ за $1 \le p < \infty$ и нека $\{\hat{f}_n(z)\}$ е низа од аналитичките репрезентации за секој f_n, соодветно. Тогаш се исполнети следниве тврдења:

а) Ако низата $\{\hat{f}_n(z)\}$ од аналитички репрезентации конвергира рамномерно на множества од облик $\mathbb{R}\times(0,T)$ или $\mathbb{R}\times(-T,0)$, тогаш постои функција $f \in D_{L^p,\eta}$ така што $f_n \to f$ во $D_{L^p,\eta}$.

б) Граничната функција $\hat{f}(z)$ е аналитичка репрезентација за граничната функција f.

Во докторската дисертација се наведени и некои претходни резултати во врска со конвергентни низи од функции кои даваат конвергентна низа од дистрибуции во D'. Еден од нив е **Теорема 2.4.1.**, за која е даден нов доказ и се наведени два примера.

Пример 2.4.2. Нека f е функција од класа $C^1(\mathbb{R})$ и $f(t)=O(|t|^{\alpha})$ за $\alpha<0$. Тогаш $\lim\limits_{y\to 0^+} \hat{f}(x+iy)=F(x)$, кадешто $F(x)$ е непрекината функција на $\mathbb{R}$.

Во третата глава се дадени и докажани нови резултати што се однесуваат на аналитичка репрезентација на конволуција на некои функции и дистрибуции.

Со користење на **Теорема 3.2.2.** и теореми од досегашни резултати за аналитичка репрезентација на дистрибуции, се добиени резултати за конвергенција на низи од аналитичките репрезентации на конволуциите од соодветно избрани функции, односно се дадени и докажани следниве две теореми:

Теорема 3.2.3. Нека низата $\{f_n\}$ конвергира кон f во L^1 смисла, $g \in L^1$ и нека $h_n = f_n * g$. Тогаш низата $\{h_n\}$ конвергира кон $h = f * g$ во L^1. Ако $\hat{h}_n(z)$ е аналитичка репрезентација за секој h_n за $n = 1,2,3,...$ тогаш низата $\{\hat{h}_n(z)\}$ конвергира рамномерно кон $\hat{h}(z)$ на компактни подмножества од $\mathbb{C} \mid \mathbb{R}$ и $\hat{h}(z)$ е аналитичка репрезентација на h.

Теорема 3.2.4. Нека $f \in L^1$ и низата $\{g_n\}$, $g_n \in L^p$ за $1 \le p < \infty$ конвергира кон g во L^p. Тогаш низата $\{h_n\}$, $h_n = f * g_n$ конвергира кон $h = f * g$ во L^p за $1 \le p < \infty$. Ако $\hat{h}_n(z)$ е аналитичка репрезентација на h_n за $n = 1,2,3,...$ соодветно, тогаш низата $\{\hat{h}_n(z)\}$ конвергира рамномерно кон $\hat{h}(z)$ на компактни подмножества од $\mathbb{C} \mid \mathbb{R}$ и $\hat{h}(z)$ е аналитичка репрезентација на h.

Во продолжение се дадени и докажани и следниве теореми:

Теорема 3.2.5. Нека $f \in L^1(\mathbb{R})$, Q е рационална функција без реални корени и g е мерлива функција во $\mathbb{R}$ која му припаѓа на просторот L^p_Q. Конволуцијата на функциите $f \in L^1$ и $\frac{g}{Q} \in L^p$, $h = f * \left(\frac{g}{Q}\right)$ е таква да $h \in L^p$, $\|h\|_p \le \|f\|_1 \left\|\frac{g}{Q}\right\|_p$ и h има Кошиева репрезентација $\hat{h}(z) = \frac{1}{2\pi i} < h, \frac{1}{t-z} >$.

На сличен начин, може да се даде и друга верзија на оваа теорема. Ако $g \in L^p$ и f е мерлива функција таква да $\frac{f}{Q} \in L^1$ тогаш конволуцијата $\left(\frac{f}{Q}\right) * g \in L^p$ и, како и претходно, има Кошиева репрезентација.

Теорема 3.2.6. Нека $f \in D'_{L^p}$ и $g \in D'_{L^q}$, кадешто $1 \le p < \infty, 1 \le q < \infty$. Тогаш конволуцијата на дистрибуциите f и g, $h = f * g$, има Кошиева репрезентација.

Во четвртата глава, резултатите се однесуваат на скок на дистрибуција преку аналитичка репрезентација и се дадени со следниве теореми:

Теорема 4.1.1. Нека $T_f \in D'_{L^2}$ е регуларна дистрибуција генерирана од $f \in L^2$ и има скок однесување, т.е.

$$f(x_0 + \varepsilon x) = \gamma_- H(-x) + \gamma_+ H(x) + o(1)$$

кога $\varepsilon \to 0^+$ во $x = x_0$.

Да претпоставиме дека F е аналитичка репрезентација на f за $\operatorname{Im} z \ne 0$. Тогаш за секој $0 < \theta \le \pi/2$,

$$\lim_{z \to x_0,\, z \in \Delta\theta^{\pm}(x_0)} (z - x_0)^k F^{(k)}(z) = (-1)^k \frac{(k-1)!}{2\pi i} [f]_{x=x_0} .$$

Теорема 4.1.2. Нека $T_f \in D'_{L^2}$ е дистрибуција генерирана од $f \in L^2$ и има скок однесување $f(x_0 + \varepsilon x) = \gamma_- H(-x) + \gamma_+ H(x) + o(1)$ кога $\varepsilon \to 0^+$ во $x = x_0$. Нека U е

хармониска репрезентација на f, за $\operatorname{Im} z > 0$, а V е хармониско-конјугирана функција на U. Тогаш:

$$\frac{\partial^k U}{\partial x^k}(z) = \frac{(k-1)!}{(-1)^k \pi}[f]_{x=x_0} \operatorname{Im} \frac{1}{(z-x_0)^k} + o(|z-x_0|^{-k}),$$

$$\frac{\partial^k V}{\partial x^k}(z) = \frac{(k-1)!}{(-1)^{k+1} \pi}[f]_{x=x_0} \operatorname{Re} \frac{1}{(z-x_0)^k} + o(|z-x_0|^{-k}),$$

кога $z \to x_0$ во $\Delta_\theta^+(x_0)$, $0 < \theta \le \pi/2$.

ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација на кандидатката м-р Егзона Исени, со наслов **Некои резултати од теорија на аналитичка репрезентација на функции и дистрибуции**, претставува истражување во областа на математиката, поконкретно комплексната анализа, функционалната анализа и теоријата на дистрибуции.

Изработката на темата на оваа докторска дисертација ги постигна целите и очекуваниот научен придонес наведени во нејзината пријава.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Егзона Исени, со наслов **Некои резултати од теорија на аналитичка репрезентација на функции и дистрибуции**, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува потребните услови и стандарди за успешна изработка на докторски труд.

ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги има објавено следниве рецензирани научноистражувачки трудови:

[1]. V. Reckovski, V. Manova Erakovikj , E. Iseni, Convergence of sequences of functions in D_{L^p} and $D_{L^p,\eta}$, $1 \le p < \infty$ through their analytic representations, International Journal of Mathematics Trends and Technology (IJMTT), Volume 45, Number 2, 2017, Seventh Sense Research Group, ISSN: 2231- 5373, p.p. 62-70.

[2]. V. Reckovski, E. Iseni, V. Manova Erakovikj, Some results concerning the analytic representation of convolution, Математички Билтен, 42 (LXVIII), No. 1, 2018, СММ, ISSN 0351-336X (print), ISSN 1857-9914 (online), p.p. 38-45.

[3]. V. Reckovski, V. Manova Erkovikj, B. Bedjeti, E.Iseni, For some boundary value problems in distributions, Journal of Advances in Mathematics, Volume 16, 2019, Khalsa Publications, ISSN: 2347-1921, p.p. 8331-8339.

[4]. E.Iseni, S. Rexhepi, B. Bedzeti, Jump of distribution of D'_{L^2} through the analytic representation, International Journal of Mathematical Sciences and Engineering Applications, (IJMSEA), Volume 12, Number III, 2018, Ascent Publication, ISSN: 0973-9424, p.p. 23-27.

Докторската дисертација успешно ја помина проверката на системот за анализа и пронаоѓање на плагијати во трудови (http://plagijati.mon.gov.mk/).

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главни научни придонеси на кандидатката се резултатите наведени **во Краткиот опис на резултатите од истражувањето**.

Подрачјето на примена и ограничувањата се од научното подрачје математика, со потесна област – функционална анализа, односно комплексна анализа и теорија на дистрибуции.

Планот е понатамошните истражувања да бидат насочени кон поврзаноста на аналитичките репрезентации и скокот на дистрибуции, како и кон разни гранични проблеми кои можат да се применат во различни области од математиката, и пошироко, во останатите технички науки и практиката.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да го усвои Извештајот, како и да овозможи јавна одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Егзона Исени, со наслов **Некои резултати од теорија на аналитичка репрезентација на функции и дистрибуции.**

КОМИСИЈА

1. Д-р Никита Шекутковски(претседател), редовен професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, с.р.

_____

2. Д-р Весна Манова – Ераковиќ (ментор), редовен професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, с.р.

_____

3. Д-р Љупчо Настовски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје с.р.

_____

3. Д-р Билјана Јолевска-Тунеска, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, с.р.

_____

5. Д-р Васко Речкоски, вонреден професор на Факултетот за туризам и угостителство при Универзитетот „Св. Климент Охридски” во Битола, с.р.

_____

РЕЦЕНЗИЈА
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОДРЕДУВАЊЕ НА СТАБИЛНОСТА НА ИМПЛАНТИТЕ И ВЛИЈАНИЕТО НА РИЗИЧНИТЕ ФАКТОРИ ВРЗ УСПЕШНОСТА НА ТЕРАПИЈАТА“ ОД М-Р ДЕНИС БАФТИЈАРИ, ПРИЈАВЕНА НА СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 7.3.2019 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот **м-р Денис Бафтијари** со наслов „**ОДРЕДУВАЊЕ НА СТАБИЛНОСТА НА ИМПЛАНТИТЕ И ВЛИЈАНИЕТО НА РИЗИЧНИТЕ ФАКТОРИ ВРЗ УСПЕШНОСТА НА ТЕРАПИЈАТА**“, во состав: проф. д-р Владимир Поповски (претседател), проф. д-р Алберто Бенедети (ментор), проф. д-р Даница Поповиќ Моневска (член), проф. д-р Ќиро Ивановски (член) и проф. д-р Билјана Капушевска (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатот м-р Денис Бафтијари, со наслов „Одредување на стабилноста на имплантите и влијанието на ризичните фактори врз успешноста на терапијата“, содржи 166 страници, компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1.5 проред и големина на букви 12. Содржината е поткрепена со 60 табели и 38 графикони. Во обликувањето на докторската дисертација се искористени 224 референции од литература од понов датум, претежно од странски автори (меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси).

Трудот е структуриран во 9 дела: вовед, преглед од литература, цели на истражувањето, хипотези на истражувањето, материјал и метод, резултати, дискусија, заклучоци и користена литература. Деловите се систематизирани во наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во првиот дел – воведот на трудот, презентирани се клучните фактори за успешноста во терапијата со дентални импланти. Следува осврт за начините и клиничките мерења кои можат да му помогнат на лекарот за одредување на примарна и секундарна стабилност на поставените импланти. Авторот го потенцира неинвазивниот метод со употреба на Osstell IDX-апарат кој се користи за квантитативно-интегрирана дијагностика во било која фаза од третманот. Разработен е предоперативниот дијагностички протокол и техника на анализа за мерење на стабилност на денталните импланти кој се користи во оваа студија. Притоа авторот посочува дека компликациите за загуба на имплантот се дискутирани од повеќето литературни рефентни податоци и со посебно внимание, образложувајќи го интензитетот на хируршката траума, микродвижењата и системските нарушувања. Посебен осврт е ставен на факторите кои влијаат во загубата на имплантите, како и неуспехот на имплант-терапијата. Поради константниот напредок и развој на методи за одредување на стабилност на денталните импланти, предметот на ова истражување е актуелен и битен за областа на оралната и максилофацијална хирургија. Поглавјето завршува со податоци за медицински и орално-поврзани ризик-фактори, според соодветни научни центри кои го појаснуваат или истражуваат ризик-факторот кој потенцијално би влијаел врз осеоинтегративниот процес кај денталните импланти што всушност, претставува и поттик за понатамошни истражувања во тој правец.

Вториот дел од докторската дисертација е насловен: „Литературен преглед”. Кандидатот обработил и цитирал понови литературни податоци од повеќе еминентни светски автори. Тој, воедно, ги цитира Branemark и Meredith, кои се меѓу првите истражувачи што ја проучиле остеоинтеграцијата кај имплантите, чија вредност е од посебно значење за секој орален и максилофацијален хирург. Литературниот преглед е претставен на 16 страници и опфаќа неколку сегменти. Најпрво се започнува со хронолошки преглед на нивните досегашни истражувања, по што следува групирање на овие податоци. Следуваат податоци од литературата кои се однесуваат на ризик-факторите, како и потребни информации за примарна и секундарна стабилност кај денталните импланти, вклучително и техниката на поставување. Авторот, според литературните податоци од официјална медицинска дата-база, ни укажува на фактот дека постојат различни ставови и искуства поврзани со употребата на Osstell уредот, кој се користи во неговиот научен труд. Наведени се и современи гледишта за вреднување и евалуација

на резултатите кај различни групи на пациенти, со различни заболувања и различен дизајн на дентални импланти. Во современата литература, авторот ни потенцира на неколку ризик-фактори кои можат да го нарушат опстанокот на имплантот, а меѓу позначајните ги набројува следниве: локација на имплантот во вилицата (фронталниот дел наспроти постериорниот регион и максила наспроти мандибула), димензиите на имплантот (во однос на должина, дијаметар и дизајн) или постапки за аугментација на коскената маса, коскена густина на местото на поставување на имплантот и како што се возраст, пушење, историја на пародонтална болест, дијабетес мелитус и остеопороза. Во рамките на овој втор дел од научниот труд, кандидатот прави обид и за препознавање на потенцијалните ризик фактори кај имплантната терапија се со цел да помогне во намалување на неуспех и да се спречи рано губење на имплантот. Завршно во ова поглавје, се прикажани истражувања на повеќе автори во евалуација и детекција на ризик фактори поврзани со дентални импланти. На овој начин, направена е исцрпна анализа на испитуваната проблематика и оттука произлезени се и целите на оваа докторска дисертација.

Во поглавјето „Цели на трудот“, респектирајќи ги бројните современи стручно-научни литературни податоци, кандидатот ги дефинира целите на докторската дисертација, односно:

- да се утврди примарната и секундарната стабилност на денталните импланти кај пациентите со MIS дентални импланти;
- да се утврди разликата помеѓу примарната и секундарната стабилност на денталните импланти кај пациентите со MIS дентални импланти;
- да се утврди примарната и секундарната стабилност на денталните импланти кај пациентите со Straumann дентални импланти;
- да се утврди разликата помеѓу примарната и секундарната стабилност на денталните импланти кај пациентите со Straumann дентални импланти;
- да се утврди разликата помеѓу примарната и секундарната стабилност на денталните импланти помеѓу пациентите со MIS и Straumann дентални импланти;
- да се одреди примарната и секундарната стабилност кај сите поставени дентални импланти во студијата;
- да се утврдат предиктивните вредности на анализираните ризик фактори врз примарната и секундарната стабилност на денталните имплантите.

Во четвртиот дел – се прикажуваат и работните хипотези:

Хипотеза 1 - X_1.Анализата на резонантната фреквенција со Osstell уредот дава ефикасни и валидни резултати во мерење на примарната и секундарната стабилност на денталните импланти.

Хипотеза 2 - X_2.Со прецизното мерење на стабилноста на имплантот се утврдуваат разликите во квалитетот и трајноста и издржливоста на денталните импланти.

Хипотеза 3 - X_3.Потврдување на ризик-факторите како можен етиолошки причинител во намалување на стабилноста на применетите дентални импланти.

Предмет на истражување. Предмет на истражувањето во докторската дисертација на м-р д-р, Денис Бафтијари е утврдување на примарната и секундарната стабилност, кај пациенти со MIS и Straumann дентални импланти.

Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата

Од поднесокот на докторската дисертација, може да се забележи дека кандидатот добро ја владее проблематиката во областа во која е спроведено истражувањето. Имено, ги познава и следи современите научноистражувачки трендови од областа на денталната имплантологија. Изборот на апаратот со кој била спроведена анализата на резонантна фреквенција-Osstell IDX претставува добар клинички метод за одредување на остеоинтеграцијата на денталните импланти. Литературата која е цитирана е од понов датум, а искуствата кои се користени за оформување на неговата идеја потекнуваат од напредните европски и светски истражувачки центри.

Краток опис на применетите методи – петтиот дел е презентиран примерокот врз кој е спроведено истражувањето и е даден опис за истото истражување, сочинет од 2 групи, според тоа каков дентален имплант бил поставен. Кај сите испитаници биле вградени дентални импланти од производителот MIS или Straumann, каде што се анализирани параметрите од резултатите добиени за стабилноста на имплантите во моментот на поставување и по шест месеци од имплантација со помош на апаратот за интегрирана дијагностика Osstell IDX™ (Osstell AB, Gothenburg, Sweden). Во следниот дел се опишани рутински иследувања за испитуваните групи, анамнестички протокол, клинички преглед, рентгенографски снимки и протокол за поставување на дентални импланти. Наведени се и мерните единици за овој дијагностички инструмент, како и техники за мерење кои се базираат на еден мал

трансдуцер кој според спецификациите на производителот се базираат на 10 N-cm вртежен момент. Податоците од испитаниците во оваа дисертација се обработени во соодветни статистички програми (Statistica for Windows 7,0 и SPSS верзија 14).

Краток опис на резултатите од истражувањето – шести дел

Во овој дел од трудот прикажани се резултатите (табеларно и графикони), добиени од испитувањата кои се однесуваат на проценката на примарната и секундарната стабилност на испитуваните дентални импланти спроведено за периодот 2014 - 2019 година. Резултатите се обработени според типот на имплант кој е поставен кај пациентите, а потоа е направена и нивна компарација. Од добиените резултати може да се согледа вредноста за примарна и секундарна стабилност на имплантите. Следува споредбената анализа помеѓу резултатите добиени за примарна и секундарна стабилност, како и резултатите од извршената кростабулација на вредностите добиени за денталните импланти со ниска, средна и висока стабилност. Врз основа на добиените податоци во прикажаната дистрибуција на резултати за Fisher Exac-тест, постои значајна разлика во наодите кои се однесуваат на примарната и секундарната стабилност на имплантите. Авторот потенцира дека во делот од трудот е опишан и презентиран соодносот на примарната и секундарната стабилност во зависност од локализацијата (долна или горна вилица). Пресметаните вредности по принципот на мултипла линеарна регресија за влијанието на ризик-факторите врз примарната и секундарната стабилност на денталните импланти за поставените MIS дентални импланти, била регистрирана јака значајна корелација и тоа со најголемо влијание на пушењето врз примарната и секундарната стабилност кај дентални импланти.

Во седмиот дел – прикажана е дискусијата во која се прави компарација на ставовите од литературата со наодите до кои е дојдено со примена на материјалите и методите за потребите на оваа докторска дисертација. Во дискусијата се објаснуваат теориите за делување на стабилноста на поставените дентални импланти, но исто така е направена анализа на влијанието на ризик-факторите врз успешноста на имплантната терапија на одредена испитувана група со цел да се исполнат поставените цели. Станува збор за студија на пресек и сите резултати презентирани во неа се оригинални. По прикажувањето на резултатите од одредена целина, кандидатот ги коментира и ги компарира со резултати и наоди од соодветни или слични испитувања од други автори. Дискусијата на резултатите е организирана и направена во однос со поставените цели на испитувањето. Направена е и исцрпна анализа и дискусија на резултатите добиени со аналитичкиот инструмент.

Во осмиот дел, авторот, врз основа на испитувањата и прикажаните резултатите кои се во корелација со поставените цели од оваа дисертација, ја потенцира супериорноста на примарната стабилност кај двата типа на импланти поставени во долната вилица во однос на имплантите поставени во горната вилица, секундарната стабилност на двата типа на импланти е сигнификантно поголема од примарната стабилност. При мерење на примарната стабилност, најголем дел од MIS Seven имлантите имаат ниска стабилност, додека при мерење на секундарната стабилност, најголем дел од поставените импланти имаат средна стабилност. При мерењето на примарната стабилност најголем дел од Straumann имлантите имаат средна стабилност, додека при мерењето на секундарната стабилност, доминантен дел од поставените импланти имаат висока стабилност. Секундарната стабилност на Straumann денталните импланти значајно е поголема од секундарната стабилност на MIS-денталните импланти.

Кај најголем дел од испитанците, авторот сугерура дека наведените ризик-фактор во овој докторски труд можат да влијаат во намалување на примарната и секундарната стабилност на имплантите, со тоа што пушачите имаат сигнификантно пониска примарна и секундарна стабилност компаративно споредени со непушачите.

Во деветтиот дел е даден приказ на користената литература од понов датум. Во дисертацијата е користена современа и релевантна литература. Правилно се применети техниките на прибирање на податоците, нивна обработка и анализа кои соодветствуваат на проблематиката обработена во истражувањето.

Оцена на трудот

Докторската дисертација поднесена од кандидатот м-р д-р Денис Бафтијари, со наслов „Одредување на стабилноста на имплантите и влијанието на ризичните фактори врз успешноста на терапијата“, претставува современ, самостоен научен труд од областа на стоматолошка наука, потесна област: орална и максилофацијална хирургија. Изработката на темата на оваа докторска дисертација е утврдување на примарната и секундарната стабилност, кај пациенти со MIS и Straumann дентални импланти. Резултатите кои произлегуваат од ова истражување се очекува да влијаат со свој придонес во современите научни цели во денталната имплантологија. Примарната стабилност на имплантите и анализата на оваа стабилност, како и следењето до достигнување на секундарната стабилност имаат

значајна улога во прогресија на клиничката практика. Научниот придонес на оваа студија се гледа во ефектот на апликативна примена на Osstell уредот како важно дијагностичко средство за утврдување на стабилноста на имплантите во која било фаза од третманот. Резултатите од оваа дисертација се значајно проширување и продлабочување на сознанијата за ова дијагностичко средство.

Воедно, стекнатите сознанија можат да послужат како база за понатамошни истражувања кои се поврзани со успешноста на имплант-терапијата, како и за влијанието на ризичните фактори врз третманот.

Докторската дисертација на кандидатот м-р д-р Денис Бафтијари, со наслов „Одредување на стабилноста на имплантите и влијанието на ризичните фактори врз успешноста на терапијата“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Baftijari D, Benedetti A, Kirkov A, Iliev A, Stamatoski A, Baftijari F, Deliverska EG, Gjorgievska E. Assessment of Primary and Secondary Implant Stability by Resonance Frequency Analysis in Anterior and Posterior Segments of Maxillary Edentulous Ridges. *J of IMAB*. 2018 Apr-Jun;24(2):2058-2064. DOI: 10.5272/jimab.2018242.2058. **SJIF (Scientific Journal Impact Factor): 2017 - 7,61.**

[2]. Baftijari Denis, Benedetti A, Baftijari F, Murtezani A, Veljanovski D. Implant stability in SLA and SLA Active implants in patients with poorly controlled type 2 diabetes mellitus – a randomized controlled trial. Clin Oral Impl Res.2018;29(Suppl. 17):471-471. doi.org/10.1111/clr.356_13358.

Заклучок и предлог

Главните научни придонеси, кои произлегуваат од резултатите од оваа студија, очекуваме да имаат придонес во современата имплантологија. Примарната стабилност на имплантите и анализата на оваа стабилност, како и следењето до достигнување на секундарната стабилност, имаат значајна улога во прогресија на клиничката практика.

Научните сознанија од ова истражување претставуваат значајни параметри во дијагностиката и третманот на имплант-терапијата. Добиените резултати се очекува да имаат широка апликативна примена во секојдневната клиничка практика со посебен осврт кон групата на пациенти кои имаат одредени заболувања, за кои се смета дека се ризик-фактори со потенцијално отежнато интегрирање на имплантот.

Можни понатамошни истражувања: Истражувања кои би оделе во правец на примена на овој дијагностички инструмент како негово усовршување и надградба. Во иднина се очекува овој инструмент да се применува кај сите идни потенцијални пациенти кои имаат потреба од хируршки третман со дентални импланти.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот **м-р Денис Бафтијари** со наслов **Одредување на стабилноста на имплантите и влијанието на ризичните фактори врз успешноста на терапијата**.

КОМИСИЈА

Проф. д-р Владимир Поповски, претседател с.р.
Проф. д-р Алберто Бенедети, ментор с.р.
Проф. д-р Даница Поповиќ Моневска, член с.р.
Проф. д-р Ќиро Ивановски, член с.р.
Проф. д-р Билјана Капушевска, член с.р.

До:
-Рецензентската комисија
-деканот
-продеканите
-Наставно-научниот совет
на Стоматолошкиот факултет во Скопје

П Р И Г О В О Р
на Рефератот за избор на 2 (два) наставника во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје, објавен во Билтен број 1190 од 15.4.2019 година

Од **н.сор.д-р Сашо Јовановски**, вработен на Стоматолошкиот факултет во Скопје, Катедра за стоматолошка протетика и Клиника за фиксна стоматолошка протетика при ЈЗУ УКЦ ,,Св. Пантелејмон” во Скопје,
наРефератот објавен во Билтен број 1190 од 15.4.2019 година на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје, подготвен врз основа на конкурсот објавен во дневните весници ,,Вечер” и ,,Лајм” од 14.11.2018 година.
Согласно со член 177 од Законот за високото образование, го поднесувам Приговорот кој се однесува на:

1. **непочитување на законските одредби;**
2. **пропусти во бодирањето, пристрасноста и необјективноста во изнесеното на донесениот заклучок на Рецензентската комисија**

1.Непочитување на законските одредби:

1.1. Законска регулатива за високо образование

Имено, на самиот почеток сакам да посочам дека е формирана Рецензентска комисија по распишаниот конкурс за избор во наставно-научно звање на Катедрата за стоматолошка протетика за 2 (две) лица од 14.11.2019 година, во состав: 1) проф. д-р Весна Коруновска - Стефковска, 2) проф. д-р Јадранка Бундевска и проф. д-р Сашо Еленчевски, а истата комисија претходно била формирана и по распишаниот конкурс за избор во научно звање на Катедрата за стоматолошка протетика за 1 (едно) лице, од септември 2018 година, која ја нема спроведено постапката согласно со пропишаната законска регулатива и покрај целосно исполнетите услови за спроведување на регуларен избор.
Тука сакам да напоменам дека јас не конкурирав на распишаниот конкурс во септември 2018 година поради укажувањето на правната служба на нашиот Факултет дека не исполнувам услови за распишување на конкурс за мој реизбор поради моите боледувања во претходен период кои беа резултат на мои сериозни здравствени проблеми(операции, зрачења и хемотерапии).
Потоа, на распишаниот нов конкурс од 14 ноември 2018 година за избор на 2 (две) лица на Катедрата за стоматолошка протетика за избор во сите наставно-научни звања, конкурирав и јас заедно со уште четири колеги. Од страна на Рецензентската комисија не сум предложен за избор и покрај целосно исполнетите услови за избор, што согласно со законската регулатива, значи **престанување на мојот работен однос на Стоматолошкиот факултет**.
Сакам да посочам дека по моето осознавање за неусогласено толкување на законската регулатива од страна на стручните служби за моите боледувања, односно на член 176, став 3 од Законот за високото образование и веќе основани сомневања за фаворизирање на одредени кандидати, јас лично побарав толкување на наведениот член и регулативата за постапката и начинот на избор од страна на Министерството за образование и наука. Добив толкување со појаснување (архивски број 18-2643 од 25.2.2019 година) од МОН, кое беше спротивно на укажувањата за начинот на пресметување на боледувањата што ми беа посочени од страна на стручните служби на Стоматолошкиот факултет. Толкувањето го приложив на 26.2.2019 година во архивата на Стоматолошкиот факултет заедно со моето лично барање за

непродолжување на рокот за распишување на конкурс за избор по пресметани боледувања, што значеше исполнување услови за еквивалентност и во избор на повисоко наставно-научно звање. Овие документи се доставени пред рокот на подготвување на рефератот, со предлог за избор од страна на Рецензентската комисија за постапување по конкурсот од 14 ноември 2019 година. И покрај доставените документи со толкување на важечката регулатива за високо образование за регуларно постапување, како и во целост исполнетите услови за мој избор, сепак Рецензентската комисија тенденциозно предложи други кандидати, што доведува до **нецелосно почитување на законската регулатива од областа на високото образование, односно на Законот за високото образование.**

3. **Пропусти во бодирањето, пристрасноста и необјективноста во изнесеното на донесениот заклучок на Рецензентската комисија**

Рецензентската комисија била пристрасна и фаворизирала одредени кандидати и преку направени пропусти, односно спровела пристрасно и необјективно бодирање на одредени активности искажани во пропишаните темплејти и бодирањаза изнесените активности при спроведени наставно-образовна дејност, научноистражувачка дејност и стручно-апликативна дејност. Врз основа на направена анализа и споредба на бодираните активности, ги изнесувам следниве утврдени неправилности:

- Рецензентската комисија не ги земала предвид вежбите од прв циклус студии за предметите Претклиника и Клиника на фиксна протетика во учебните 1997/98, 1998/99 и 1999/2000 година иаково практиката во тој период имавме дадена планирана обврска од надлежните да држиме вежби по двајца колегикако прв и втор асистент, иако се уште не бев избран за асистент. Впрочем, тоа го знае и може да го провери и самата Рецензентска комисија која беше присутна во тој период на Клиниката.
- По предметитеПретклиникаи Клиника на фиксна протетика, за период од 5 години, од 2003/04 до 2007/08 година, во бодирањето за сите години скратена ми е по една група.
- По предметот Претклиникаи Клиника на фиксна протетика и предметот ВЗТ Гнатологија, во учебните 2008/09, 2009/10, 2010/11 како и 2013/14 година, не ми е бодирано учеството на вежби за време на моите стручни престои на Катедрата за стоматолошка протетика на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, иако за тоа имам приложено документи до Рецензентската комисија за мое учество во теоретската и практичната настава издадени од проф. д-р Љубо Марион, кој во тој период (2008/09, 2009/10, 2010/11) беше шеф на Катедрата за стоматолошка протетика и продекан на Медицинскиот факултет при Универзитетот во Љубљана и проф. Петер Јевникар (2013/14), шеф на Катедрата за стоматолошка протетика. Имајќи ја предвид, соработката на проф.Марион и проф. Јевникар со нашиот факултет и фактот што претставуваат еминентни имиња од областа на протетиката, доколку не се работи за превид, сметам дека непрофесионално е да се отфрлат нивните одобрени документи.
- Бодовите за консултациите со студентите во рамките на здравствената клиничка практиката според бројот на години исто така аналогно на горе изнесеното ми се намалени.
- Следните студиските престои не се земени предвид:

  - 10.10.1994–25.12.1994 год, факултативна посета на Стоматолошки факултет, Торонто, Канада;

  - 10.6.2001 – 1.8.2001 година, UMDNJ, USA, Departmant of General Dentistry, Medical School, Robert Wood Johnson Hospital - Head: Jayson B. Huneycutt, и Department of Prosthodontics, Dental School - Head: Prof. Robert Flinton, Dean, и Prof. Dr. Richard A. Hesby – Chairman;

  - 20.2.2008 – 10.4.2008 година, Department of Prosthodontics, Dental Division, Head: Prof. dr.sc Ljubo Marion, Vicedean, Faculty of Medicine, University of Ljubljana, Slovenia:

  - 2008/2009 година, - 2009/2010 година, - 2010/2011 година:

  1. A. Center of Fixed Prosthodontics and Occlusion, Clinic for Fixed Prosthodontics, UKC-Ljubljana, Head: Prof. dr.sc Ljubo Marion, Vice Dean, MF, UL, Slovenia

  1. B. Department of Prosthodontics, Dental Division, Head: Prof. dr.sc Ljubo Marion, ViceDean, Faculty of Medicine, University of Ljubljana, Slovenia

  2. A. Center of Dental Research at Institut “Josef Stefan”, Head: Prof. Dr. Peter Jevnikar, Ljubljana, Slovenia

  2. B. Department of Engineering Ceramics, Head: Prof. Tomaz Kosmac, Institut “Josef Stefan”, International PhD School, Ljubljana, Slovenia.

Бодиране само еден студиски престој во 2013/14 година во Љубљана според Правилникот за избор во посебните услови и постапката за избор во научно-наставни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, член 11, во кој стои дека при избор во звањето се вреднуваат само активностите по изборот во претходното звање.

Но во случајот кај фаворизирани колеги, овој услов не е испочитуван бидејќи земени се предвид и години пред тој период, што создава погрешна слика за вкупниот број поени, на моја штета.

Па затоа, во Приговорот ги допишувам следните небодирани мои активности, за да се има предвид колку погрешна слика се создава во однос на другите кандидати:

- Не се земени предвид следниве сертификати:
  - 2014: Катедра за максилофацијална хирургија, Медицински факултет, Универзитет во Љубљана, Словенија:
  - Življenska implantologija, сертификат: Dentsply Implants, Prodent International http://www.prodent.si/documents/flipbook/Izobrazevanja/simpozij-implants-for-life/files/assets/basic-html/index.html#page1
  - 2014: сертификат - Медицински факултет, Љубљана, Словенија: Onbeing a scientist : Essentialskillsof a biomedicalinvestigator. Prof. dr. Tung-TienSun-a, NYU.
  - Katalog CMK, BiomedicinaSlovenica
  - Spletna orodja za povečanje odmevnosti raziskovalnega dela
- Не се бодирани два меѓународни проекта во кои учествувам како истражувач, помеѓу УКИМ, Скопје и Гент - универзитет, Брисел, финансирани од Европската комисија :
  - academicyear: 2010/11, EMPA 2 (EMECW) Basileus II Project, 6 + 4 месеци
  - academicyear: 2013/14, EMPA 2 (EMECW) Basileus IV Project, 10 месеци

  Соодветна документација за овие проекти постои и во УКИМ.
- Многу пати активно и пасивно имам учествувано на стручни манифестации од републичко и меѓународно значење. Уште како студент учествував со усни презентации на два конгреса на медицина и стоматологија на Југославија, и тоа:
  - 1990 и 1991 година (32. и 33. КСМСЈ) во Бања Лука и Сараево.
- Повеќе пати имам учествувано во работата на FDI - конгреси:
  - 1994-Ванкувер; 1995-Хонг Конг; 1996-Орландо; 1997-Сеул; 1998-Барселона.
- Балкански (BaSS) стоматолошки конгреси:
  - 1997 и 2014-Белград; 1999-Истанбул; 2000-Солун, 2004-Охрид, 2013-Скопје, 2015-Букурешт, 2016-Бања Лука;
- 1994, 1998, 2002, 2006, 2009, 2012 и 2015-Македонски стоматолошки конгреси во Охрид.
- 1999 и 2003 - учествовав во работата на два конгреса на лекари на Македонија во Охрид.
- 2009, 2011, 2013 и 2015 (18. 19. 20. и 21.), симпозиуми по стоматолошка протетика, Словенија.
- 2014, Симпозиум по лабораториска протетика, Љубљана, Словенија.
- 2012 и 2013 (19. и 20.), Симпозиум по стоматолошка протетика во Србија.
- 2005 - Курс по протетика-оклузија, МСД.
- 2006 - 2. DAAD SymposiumonDentalImplantology, МСД.
- 2008 – Курс по мобилна протетика, Катедра за стоматолошка протетика, Љубљана, Словенија.
- 2008 – Семинар за леани надградби, Катедра за стоматолошка протетика, Љубљана, Словенија.
- 2008 - семинар за Биоматеријали во стоматологијата.
- 2008 - Семинар за Construction of All-ceramic Zirconium Restorations Using Cercon Smart Ceramics, Стоматолошки факултет - Скопје.
- 2011 - курс, Керамички радови – тераписки концепти од А до Ж (проф. д-р. Александар Гутовски), Опатија, Хрватско друштво за стоматолошка протетика.
- 2005, 2007, 2012 - предавач на Симпозиумот на Здружението на специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија во Кавадарци, Радовиш и Скопје.
- 2013 – поканет предавач на Симпозиумот на Здружението на специјалисти на заби и ендодонтот.
- 2014, 2015 и 2017 година - активно учествовав во работата на IADR/PER, во Дубровник, Анталија и Виена.

- **С. Јовановски.** Конзервативна реставација на забни супстанции. Conservative restoration of rooth substance. 32 КСМСЈ (Апстракт) Бања Лука. 1990:261 *(студентска тема).*
- **Јовановски С**. Циклоспорин условена гингивална хиперплазија 33 КСМСЈ (Апстракт) Сараево 1991: 169 *(студентска тема).*
- Ковачевска И. **Јовановски С**.Расцементирање на леани надградби под постоечки коронки. КСМ, Струмица, 2003 *(студентска тема).*
- Kostoska I., Kostoska E., **Jovanovski S**.. In vitro евалуација на силата на атхезија помеѓу композитниот материјал за надградба и цирконium оксидни колчиња. 22. меѓународен научен студентски конгрес. Охрид. 2015: 22-24 мај.
- Stanishlevic T. Saveva E. **Jovanovski S**. Најчести грешки при изработка на коронки. 23. меѓународен научен студентски конгрес Охрид. 2016: 20-22 мај.
- Grozdanovska M., Stamenkova A., Jovanovski S. Естетска реставрација на горни фронтални заби со CAD-CAM – приказ на случај. Меѓународен научен студентски конгрес. Охрид. 2016: 20-22 мај.
- ***семинарски трудови:***
- **Jovanovski S.** Прецизноста на леани надградби изработени по директна и индиректна метода. Семинар, Катедра за протетика, УКЦ, Љубљана, април, 2008.
- **Jovanovski S.** Употреба на циркниум оксидна керамика за реставрација на ЕТТ. Семинар, Катедра за протетика, Медицински факултет, Љубљана, Словенија, декември, 2013.
- Antanasova M., **Jovanovski S.** Титаниум – употреба во протетиката, Семинар, Катедра за протетика, Медицински факултет, Љубљана, Словенија, јануари, 2014.
- Malgaj T., **Jovanovski S.** Цврстината на атхезијата на титаниумски ортодонстки брикети цементирани на природни заби и цирконium оксидна керамика. Семинар, Катедра за протетика, Медицински факултет, Љубљана, Словенија, јануари, 2014.
- Jamshek J., **Jovanovski S**. SynCone концепт (Gold и Co-Cr alloy) – употреба во мобилна протетика, Семинар, Катедра за протетика, Медицински факултет, Љубљана, Словенија, септември, 2014.
- Исто така, и во делот на усни презентации, поканет предавач и пленарни предавања, направено е неправилно бодирање.
- Во 2002 година, конгресниот одбор на III конгрес на стоматолози на Македонија со меѓународно учество, ми доделиБлагодарница за придонес во реализацијата на научната програма.
- Член на организационен одбор на Здружението на специјалисти по протетика за Симпозиум во Кавадарци, 2005 година и Радовиш, 2007 година.
- Член на организационен одбор на симпозиум ,,Функционално-естетскапротетска рехабилитација”, Стоматолошки факултет, Скопје, 2011 година.
- Член на програмски одбор на XIII балкански стоматолошки конгрес, Скопје, 2013 година.
- Член на програмски одбор на XIII балкански стоматолошки конгрес, Бања Лука, 2016 год.
- Во јуни 2013 добив Благодарница за најуспешна тематика од Секцијата за стоматолошка протетика, СЛД, Србија.
- Член сум на FDI World DentalFederation од 2000 година под број 45010.
- Член сум на IADR од 2014 година под број 780119.
- Член сум на Здружението на доктори специјалисти по стоматолошка протетика на Македонија (ЗДССПМ).
- Член сум на Македонското стоматолошко друштво (МСД).
- Член сум на Стоматолошката комора на Македонија.
- Член сум на Балканската стоматолошка асоцијација (БаСС)
- Добитник сум на Благодарница во 2000 година од Македонското лекарско друштво.
- Во 2003 година, градоначалникот на Општина Кавадарци ми додели Признание за посебен придонес и афирмација на градот во Републички и меѓународни рамки.
- За посебни заслуги во развојот и унапредувањето на Македонското стоматолошко друштво по повод 10 години од осамостојувањето, во 2014 година доделена ми е Благодарница.

Сето ова говори за особено високо долгогодишно наставно-педагошко, клиничко и посебно високо експериментално истражувачко искуство.

Со целосна почит кон Рецензентската комисија, по доведената незавидна ситуација поднесувам Приговор поради автоматски прекин на мојот работен однос на Факултетот, при

што сакам да нагласам дека се чувствувам непријатно и дискриминирано и покрај моето долгогодишно залагање за унапредување и развој на стоматолошката протетика на повисоко ниво. Се надевам дека комплетната раководна структура на Стоматолошкиот факултети Рецензентската комисија ќе преземат одговорност и при изборот на предлогот ќе се земат предвид сите аспекти и нема дасе доведат во ситуација на прекин на работен однос на факултет и дасе девалвира моето знаење и професионалностпоради нечие смислено форсирање на одредени кандидати, со што ќе овозможи висока професионалност и поволна атмосвера за работа во нашата институција.

По консултациите со Ректоратоти документираниот запис од МОН за појаснување на законот за начинот на пресметка на боледувањаспоред кои ги исполнувам сите услови за еквивалентност за избор во повисоко наставно-научно звање како што го исполнуваа и колегите од другите катедри за кои Факултетот изнајде решение, се надевам дека истото ќе се случи и на мојата катедра, а Рецензентската комисија ќе ја надмине пристрасноста со фаворизирањето на одредени кандидати,разгледувајќи ја моменталната ситуација, моите години на работно искуство, професионалниот стручно-научен и педагошки ангажман иќе го коригира заклучокот.

Се надевам дека Комисијата ќе примени исти критериуми во бодирањето кај сите кандидати, а необјективноста во оценувањето и носењето на заклучоци ќе биде надмината во согласност со професионалноста на високо универзитетско ниво.

За доброто на сите, сакам уште еднаш да замолам да останеме во академските рамки и на висина на нашата професија, аргументите и објективноста да бидат наша водилка. Доколку бодирањетои носењето на заклучок е ненамерен превид и пропуст на Рецензентската комисија поради преобемниот материјал или непознавањето на одредени законски одредби, се надевам дека тоа ќе биде коригирано и ќе се постапи согласно со пропишаната важечка регулатива,а со тоа и запазување на угледот на Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Однапред ви благодарам,
Скопје, 22.4.2019 година

Подносител на Приговорот
Н.сор. д-р Сашо Јовановски с. р.

До:
- Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје и
- Кандидатот,н.сор. д-р Сашо Јовановски

ОДГОВОР НА ПРИГОВОРОТ

поднесен од н.сор. д-р Сашо Јовановски

1. Во врска со изнесените ставови на кандидатот дека не е почитувана законската регулатива, Рецензентската комисија заклучи дека **тие се неосновани**. Имено, Рецензентската комисија во целост ги има почитувано одредбите од Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Во однос на ставовите на кандидатот за постапката и начинот за објавување на конкурси за избор во звања, Рецензентската комисија нема ингеренции да навлегува во работата на Стручната служба на Факултетот.Рецензентската комисија констатира дека целата постапка предвидена со Правилникот е испочитувана. Имено, Наставно-научниот совет донесе одлука за формирање на Рецензентска комисија;во рокот предвиден со Правилникот, до Комисијата е доставена целокупната документација;Комисијата во предвидениот рок поднесе и потпиша реферат, при што ја ценеше целокупната приложена документација; Комисијата во предвидениот рок достави одговор на приговор.
Врз основ на наведеното, не е извршена повреда на одредбите на Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапка за избор во настанов-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.
2. Во врска со изнесените наводина кандидатот во поднесениот Приговор, кои се однесуваат на пропусти во бодирањето, пристрасноста и необјективноста на донесениот заклучок на Рецензентската комисија**,** Комисијата во целост смета дека**тие се неосновани.**

Имено, на Рецензентската комисијаѝ беше доставен преобемен материјал кој требаше да го класифицира и анализира. Но сепак, и покрај обемноста и техничките проблеми со кои се соочивме, Рецензентската комисија во предвидениот рок, во целост го обработи и го достави обработениот материјал во форма на реферат.

Бодирањето за одржани вежби кај сите кандидати беше извршено од нивниот прв избор во звањето помлад асистент, од кога се и вклучени официјално во одржувањето на наставата на Факултетот.

За наводите во Приговорот кои се во врска со одржаната настава на кандидатот на Универзитетот во Љубљана, ваквата активност на кандидатот не беше земена предвид, бидејќи нема доставено валиден документ за добиена согласност од Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет во Скопје, како и согласност одРекторската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопјеза вршење високообразовна дејност на универзитет во странство. Овие активности на друг универзитет се вршени спротивно од одредбите на Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” и од тие причини не се земени предвид.

Во однос на сите други активности, бидејќи бодирањето е извршено за повисоко звање од претходното, бодирани се активностите од последниот избор во 2014 год. до 14.11.2018 год., а дотогаш тие се објавени во Билтен број 1071 од 17.2.2014год., кога е и последниот избор во звањето научен соработник на д-р Сашо Јовановски.Ваквото бодирање е во согласност со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје.

Во однос на изнесеното мислење за пристрасност,необјективност и фаворизирање на одреден кандидат при изборот од страна на Рецензентската комисија, сметаме дека тоа е апсолутно неосновано и паушално. Сите пријавени кандидати ги исполнуваат условите за избор во звања во кои имаат конкурирано, но Комисијата при предлогот за избор на кандидати во **сите наставно-научни звања**, освен научните достигнувања од областа на стоматолошката протетика, го зеде предвид и **континуираното активно присуство и ангажман на кандидатите во одржување на наставата,** односно вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатите кои се релевантни за избор во звање.

Во интерес на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, Стоматолошкиот факултет – Скопје, нашите меѓусебни, човечки и професионални односи, апелираме да останеме во академските и етичките рамки и на висина на нашата професија, кои се наша водилка. Остануваме на ставот дека бодирањето и заклучокот од дадениот Реферат се апсолутно точни и вистинити и во согласност со пропишаната важечка регулатива.

Рецензентска комисија,

1. Проф. д-р Весна Коруноска-Стевковска с.р.
2. Проф. д-р Јадранка Бундевска с.р.
3. Проф. д-р Сашо Еленчевскис.р.

РЕФЕРАТ
ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ 10300-ФИЗИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 26.3.2019 година, за избор на асистент по предметите од наставно-научната област 10300-физика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, бр. 02-804/5, донесена на 17.4.2019, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Христина Спасевска, редовен професор, д-р Верка Георгиева, редовен професор и д-р Маргарита Гиновска, редовен професор на Факултетот за електротехника и информациски технологии.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистент по предметите од наставно-научната област 10300-физика, во предвидениот рок се пријави еден кандидат.

3. Биографски податоци

Кандидатката м-р Ивана Сандева е родена на 30.4.1988 година, во Кратово. Основното образование го завршила во родниот град со просечен успех 5,00. Средно образование завршила во ПСУ„Јахја Кемал“ во Скопје, на природно-математичката насока, со просечен успех 5,00. Како ученик во основно и средно образование учествувала и била наградувана на повеќе натпревари од областа на математиката и природните науки.

Со високо образование се стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет, на насоката применета физика, модул: медицинска физика. Дипломирала на 4.4.2012 година, со просечен успех 9,03, по што е прогласена за студент на генерацијата.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик и има одлични познавања на турскиот јазик.

Во учебната 2012/2013 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на насоката метрологија и менаџмент на квалитет. Студиите ги завршила во 2014 година, со просечен успех 9,88. На 16.9.2014 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Примена на фотостимулирана луминисценција за испитување на храна третирана со јонизирачко зрачење“.

Во учебната 2014/2015 година се запишала на трет циклус (докторски) студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на студиската програма Метрологија.

4. Оценка за остварувањето на кандидатката во согласност со општите и посебните услови за избор во звањето асистент

Кандидатката м-р Ивана Сандева има завршено прв и втор циклус академски студии со 300 ЕКТС-кредити; се стекнала со назив – магистер по електротехника и информациски технологии; има остварено просечен успех од 9,03 на прв циклус студии и просечен успех од 9,88 на втор циклус студии; има познавање на англиски јазик, степен Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), со што ги исполнува општите услови за избор во звањето асистент. Кандидатката, со објавени 3 труда со оригинални научни резултати како автор/коавтор во научни списанија со фактор на влијание и 1 оригинален труд од објавен во зборник на трудови од научен собир со меѓународен уредувачки одбор, учество во 8 проекти, 8 секциски предавања на научни собири со меѓународно учество, 8 апстракти објавени во зборник на конференција и 24 учества на работилници, школи, обуки и студентски конференци, ги исполнува посебните услови за избор во звањето асистент.

5. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА ОД ПОЧЕТОКОТ НА КАРИЕРАТА ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

Наставно-образовна дејност

Во учебната 2011/2012 година кандидатката била ангажирана како демонстратор на Институтот за физика, Природно-математички факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Како демонстратор на Природно-математичкиот факултет била ангажирана за изведување лабораториски вежби по предметите Општа физика и Биофизика за студенти од повеќе факултети, како и за аудиториски вежби по предметот Електромагнетизам за студенти на студии по физика.

Од учебната 2012/2013 година била ангажирана како демонстратор на Институтот за математика и физика на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за електротехника и информациски технологии, кандидатката, како демонстратор, изведувала аудиториски и лабораториски вежби по предметите физика 1, физика 2 и електрооптика на прв циклус студии.

Кандидатката м-р Ивана Сандева учествувала во подготовката на следниве интерни скрипти од вежби:

1. Упатство за лабораториски вежби по предметот физика 1, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии, Скопје, 2015;
2. Упатство за лабораториски вежби по предметот електрооптика, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии, Скопје, 2015;
3. Упатство за лабораториски вежби по предметот физика 2, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје , Факултет за електротехника и информациски технологии, Скопје, 2016.

   М-р Ивана Сандева е коавтор на учебното помагало:

   Верка Георгиева, Маргарита Гиновска, Христина Спасевска, Лихнида Стојановска-Георгиевска, Ивана Сандева, Збирка задачи по предметот Физика 2, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за електротехника и информациски технологии, Скопје, 2019.

Кандидатката учествувала во комисијата на натпреварот на младите истражувачи од Република Македонија – Наука на младите во 2013 и 2014 година и на натпреварите по физика организирани од Друштвото на физичарите на Република Македонија во 2015 година.

Кандидатката во август 2016 година е избрана во звањето помлад асистент во наставно-научната област 10300-физика на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Кандидатката учествувала во изведување на подготвителна настава по физика на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје во 2016 и 2018 година.

М-р Ивана Сандева била член на комисија на 2 дипломски работи и се донесени решенија за член на комисија за преглед и одбрана на 3 дипломски работи.

<u>Научно-истражувачка дејност</u>

М-р Ивана Сандева има објавено вкупно 4 научни труда, од кои 3 научни труда во научни списанија со фактор на влијание и 1 труд во зборник од меѓународен научен собир.

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор

[1] L. Stojanovska-Georgievska, **I. Sandeva**, H. Spasevska, An empirical survey on the awareness of construction developers about green buildings in Macedonia, Thermal Science 2018 Volume 22, Issue Suppl. 3, pp. 897-907,
https://doi.org/10.2298/TSCI170915023S (IF=1.433)
Во овој труд се анализирани резултатите од спроведеното структурирано анкетирање на дизајнери, архитекти, градежни инженери, техничари, работници од градежниот сектор, инвеститори и претставници од надлежните институции на прашања што се однесуваат на зелените градби во Македонија.

[2] **I. Sandeva**, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, Effects of radiation doses on the photostimulated luminescence response of certain herbs and spices, Metrology and Measurement Systems 2017, Volume 24, Issue1, pp. 143-151, https://doi.org/10.1515/mms-2017-0003 (IF=1.523)
Во овој труд се дадени резултатите од испитувањето на различни примероци од билки и зачини третирани со различна вредност на дозата на јонизирачко зрачење. Испитувањето е правено со

методот на фотостимулирана луминисценција, при што е добиена зависноста на интензитетот на луминисценција од големината на дозата со која биле третирани примероците.

[3] M. Ginovska, H. Spasevska, L. Stojanovska-Georgievska, **I. Sandeva**, M. Kochubovski, Procedure for detection and control of irradiated food, Journal of Environmental Protection and Ecology 2016, Volume 17, No 1, pp. 402–412 (IF=0.774).
Овој труд ги опишува предизвиците за етаблирање на лабораторија за испитување на материјали со луминисцентни методи, со посебен осврт кон контролата на квалитетот на храната.

Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир со меѓународен уредувачки одбор

[1] **И. Сандева**, Х. Спасевска, М. Гиновска, Л. Стојановска – Георгиевска, Развој на постапка за испитување храна третирана со јонизирачко зрачење со методот на фотостимулирана луминисценција, 12th International conference ETAI 2015, Ohrid, September 2015.
Во овој труд детално е опишана постапката за испитување храна третирана со јонизирачко зрачење со методот на фотостимулирана луминисценција, вклучувајќи ги легислативата и експерименталниот дел.

Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество

[1] **I. Sandeva**, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, Detection of irradiated components in mixtures of herbs and spices by thermoluminescence, 19-th International meeting on radiation processing – IMRP19, Strasbourg, France, 1-5 April 2019.
Резултатите од испитувањето направено со луминисцентни методи на мешавини од материјал третиран со јонизирачко зрачење со нетретиран материјал се презентирани со постер.

[2] A. Krleski, M. Ginovska, H. Spasevska, S. Petkovska, **I. Sandeva**, Determination of dose limit for a group of LiF dosimeters with Risø TL/OSL DA-20 under the standard and different optical conditions of the reader, 19-th International meeting on radiation processing – IMRP19, Strasbourg, France, 1-5 April 2019.
Со постер се презентирани резултатите добиени со испитување на дозиметри со луминисцентни методи при различни услови на читачот за термолуминисценција и оптички стимулирана луминисценција.

[3] **I. Sandeva**, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, Effects of storage on the luminescence response of certain spices, 6-th International Conference on Radiation and Applications in Various Fields of Research – RAD 2018, Ohrid, Macedonia, 18-22 June 2018.
Во ова усно излагање се презентирани резултатите од испитувањата направени на примероци од зачини третирани со јонизирачко зрачење кои се изложени на различни услови на околината за подолг временски период, при што се испитани луминисцентните карактеристики.

[4] **I. Sandeva**, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, Detection of irradiated spices by thermoluminescence – an intercomparison study, NUTECH 2017 – International Conference on Developments and Applications of Nuclear Technologies, Krakow, Poland, 10-13 September 2017.
Во оваа усна презентација се дадени резултатите од интеркомпарациските мерења направени со методот на термолуминисценција на различни примероци од зачини третирани со јонизирачко зрачење.

[5] **I. Sandeva**, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, Luminescence dating, 7-th International Symposium on IN Situ Nuclear Metrology as a tool for radioecology – INSINUME 2017, Ohrid, Macedonia, 24-28 April 2017.
Во усната презентација за ова истражување се презентирани резултатите што се добиени при анализата на староста на примерок од песок со помош на луминисцентни методи.

[6] **I. Sandeva**, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, Light-induced fading of the photostimulated luminescence signal for irradiated herbs and spices, GREDIT 2016 – Green Development Infrastructure Technology, Skopje, Macedonia, 31 March - 1 April 2016.
Во ова предавање се дадени резултатите од испитувањата направени на различни примероци од тревки и зачини третирани со јонизирачко зрачење. Направена е споредба на сигналот добиен при фотостимулирана луминисценција по изложување на примероците на различни светлински услови за различни временски периоди.

[7] **I. Sandeva**, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, Establishing a procedure for detection of irradiated food by photostimulated luminescence, 12-th International Conference ETAI 2015, Ohrid, Macedonia, 24-26 September 2015.

Во овој труд, детално е опишана постапката за испитување храна третирана со јонизирачко зрачење со методот на фотостимулирана луминисценција, вклучувајќи ги легислативата и експерименталниот дел. Резултатите од трудот се презентирани со усно излагање.

[8] **I. Sandeva**, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, Establishing a procedure for detection of irradiated food by photostimulated luminescence, 3-rd International Conference on Radiation and Applications in Various Fields of Research – RAD 2015, Budva, Montenegro, 8-12 June 2015.
Во оваа усна презентација се прикажани основите на техниката за испитување храна третирана со јонизирачко зрачење со методот на фотостимулирана луминисценција.

[9] **I. Sandeva**, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, Detection of irradiated spices by photostimulated luminescence, 10-th Conference of the Society of Physicists of Macedonia, Skopje, Macedonia, 25-28 September 2014.
Во ова усно излагање се презентирани физичките основи на фотостимулираната луминисценција и како таа наоѓа примена како метод за испитување храна третирана со јонизирачко зрачење.

Апстракти објавени во зборник на конференција

[1] **I. Sandeva**, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, Investigating luminescence characteristics of silicate minerals for dosimetric purposes, 12-th Conference of the Society of Physicists of Macedonia – CSPM 2018, Ohrid, Macedonia, 27-30 September 2018.
Резултатите од ова истражување што вклучува анализа на различни примероци што содржат силикатни минерали со луминисцентни методи се презентирани со постер.

[2] **I. Sandeva**, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, Effects of storage on the luminescence response of certain spices, 6-th International Conference on Radiation and Applications in Various Fields of Research – RAD 2018, Ohrid, Macedonia, 18-22 June 2018.
Во овој апстракт се дадени резултатите од испитувањата направени на примероци од зачини третирани со јонизирачко зрачење кои се изложени на различни услови на околината за подолг временски период, при што се испитани луминисцентните карактеристики.

[3] **I. Sandeva**, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, Detection of irradiated spices by thermoluminescence – an intercomparison study, NUTECH 2017 – International Conference on Developments and Applications of Nuclear Technologies, Krakow, Poland, 10-13 September 2017.
Во овој апстракт се дадени резултатите од интеркомпарациските мерења направени со методот на термолуминисценција на различни примероци од зачини третирани со јонизирачко зрачење.

[4] **I. Sandeva**, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, Luminescence dating, 7-th International Symposium on IN Situ Nuclear Metrology as a tool for radioecology – INSINUME 2017, Ohrid, Macedonia, 24-28 April 2017.
Во овој апстракт се дадени резултатите што се добиени при анализата на староста на примерок од песок со помош на луминисцентни методи.

[5] **I. Sandeva**, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, Light-induced fading of the photostimulated luminescence signal for irradiated herbs and spices, GREDIT 2016 – Green Development Infrastructure Technology, Skopje, Macedonia, 31 March - 1 April 2016.
Во овој апстракт се дадени резултатите од испитувањата направени на различни примероци од тревки и зачини третирани со јонизирачко зрачење. Направена е споредба на сигналот добиен при фотостимулирана луминисценција по изложување на примероците на различни светлински услови за различни временски периоди.

[6] H. Spasevska, L. Stojanovska-Georgievska, **I. Sandeva**, Survey about implementation od energy efficiency measures in construction sector in Macedonia, GREDIT 2016 – Green development infrastructure technology, Skopje, March 2016.
Овој апстракт претставува истражување направено во градежниот сектор во Македонија во поглед на имплементација на мерки за енергетска ефикасност.

[7] **I. Sandeva**, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, Establishing a procedure for detection of irradiated food by photostimulated luminescence, 3-rd International Conference on Radiation and Applications in Various Fields of Research – RAD 2015, Budva, Montenegro, 8-12 June 2015.
Во овој апстракт се дадени основите на техниката за испитување на храна третирана со јонизирачко зрачење со методот на фотостимулирана луминисценција.

[8] **I. Sandeva**, H. Spasevska, M. Ginovska, L. Stojanovska-Georgievska, Detection of irradiated spices by photostimulated luminescence, 10-th Conference of the Society of Physicists of Macedonia, Skopje, Macedonia, 25-28 September 2014.
Во овој апстракт се претставени физичките основи на фотостимулираната луминисценција и како таа наоѓа примена како метод за испитување храна третирана со јонизирачко зрачење.

Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес
Учество во проекти

М-р Ивана Сандева учествува во реализацијата на следниве проекти:

1. TowaRd market-based skills for sustAINable Energy Efficient construction - TRAINEE, H2020, 2018-2020.
2. Анализа и математичко моделирање на луминисцентни криви добиени со оптички стимулирана луминисценција и термолуминисценција, Факултет за електротехника и информациски технологии, 2017-2018.
3. Датирање на археолошки артефакти со луминисцентни методи – Министерство за култура на Република Македонија, 2017.
4. Improving capabilities for the application of luminescence techniques, IAEA 2016.
5. Испитување на материјали со техники за оптичка и топлински стимулирана луминисценција, Факултет за електротехника и информациски технологии, 2014-2016.
6. BUILD UP Skills - Builders' Energy Efficiency Training – BEET, EC - Intelligent Energy – Europe, 2014-2016.
7. Assessing and enabling the implementation of food irradiation technologies, IAEA Technical Cooperation Project - МАК 5007, 2012-2014.
8. BUILD UP Skills MK, EC - Executive Agency for competitiveness and innovation, 2012-2014.

Учество на работилници, школи, обуки и студентски конференции

Кандидатката м-р Ивана Сандева учествувала на повеќе работилници, школи и обуки во земјата и во странство:

1. Dosimetry workshop, Strasbourg, France, 1 April 2019
2. Pre IMRP2019 training course on radiation processing for advanced materials, University of Reims Champagne-Ardenne, Reims, France, 27-29 March 2019
3. Training on Internal audits according to standards EN ISO/IEC 17025:2018 and EN ISO 19011:2018, Skopje, Macedonia, 8-9 November 2018
4. ME-RER1019-1804025 Regional Workshop on Radiation processing for advanced polymeric materials, Warsaw, Poland, 15-19 October 2018
5. Dosimetry and quality control procedures for advanced radiation technologies for materials processing, Faculty of Electrical Engineering and Information Technologies, Skopje, Macedonia, 11-12 September 2018
6. WIN 2018 Second International Conference Women in Energy 2018, Skopje, Macedonia, 4-5 June 2018
7. I. Sandeva, Light-induced fading of the photostimulated luminescence signal for irradiated herbs and spices, Докторска школа на УКИМ, Скопје, Македонија, 2017
8. Just Beam it - electron beam technology as a platform technology, Texas A&M University & Faculty of Electrical Engineering and Information Technologies, Skopje, Macedonia, 14 June 2017
9. WIN 2017: International Conference Women in Energy, Skopje, Macedonia, 5 June 2017
10. Training on Detection of irradiated food by thermoluminescence, Aarau, Switzerland, January 2017
11. Training on Luminescence dating, Roskilde, Denmark, 17-27 May 2016
12. I. Sandeva, Dependence of the photostimulated luminescence response on radiation doses, Докторска школа на УКИМ, Скопје, Македонија, 2016
13. Eight Student School on Nuclear Physics, Borovets, Bulgaria, 19-22 May 2015
14. I. Sandeva, Detection of irradiated food by potostimulated luminescence, Докторска школа на УКИМ, Скопје, Македонија, 2015
15. Build up skills – Обука за Инструктор на обучувачи за надградба на вештини на градежни работници, за имплементација на мерки за енергетска ефикасност, Скопје, Македонија, 2015
16. Конференција на организациите од техничката култура од балканскиот регион и воспоставување Балканска платформа за соработка, Скопје, Македонија, 16-19 мај 2014
17. Workshop on Food treated with ionising radiation, TAIEX event AGR 54676, Food and Veterinary Agency, Skopje, Macedonia, 17 April 2014

18. Национална работилница „Можност за имплементација на техники за третирање на храната со јонизирачко зрачење во Македонија“, Скопје, Македонија, 25 март 2014
19. Workshop on Radiation technologies for materials processing, Faculty of Electrical Engineering and Information Technologies, Skopje, Macedonia, 23 March 2014
20. Workshop on Food treated with ionizing radiation, Skopje, Macedonia, 17 March 2014
21. Meeting “A country-based consultation for boosting the growth of local economies by production of advanced bio-fuels and rural innovation stakeholders”, Skopje, Macedonia, 20 November 2013
22. Workshop “The role of CEI to enhance cooperation of Western Balkan Countries on green energy production”, Skopje, Macedonia, 2-5 June 2013
23. Инфрацрвена термографија, Прва студентска конференција за енергетска ефикасност и одржлив развој, Скопје, Македонија, 16-18 мај 2013
24. Sixth Spring School on Nuclear Physics, Blagoevgrad, Bulgaria, 14-16 May 2013

Дејности од поширок интерес

Кандидатката м-р Ивана Сандева е назначена за извршител и заменик-менаџер за квалитет во Лабораторијата за контрола на храна третирана со јонизирачко зрачење акредитирана од Институтот за акредитација на Република Македонија со Сертификат за акредитација бр. ЛТ-074.

М-р Ивана Сандева е член на Центарот за нови студенти на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

М-р Ивана Сандева била член на Пописна комисија на Факултетот за електротехника и информациски технологии во 2016 и 2017 година.

Оценка од самоевалуација

Кандидатката м-р Ивана Сандева, во учебната 2014/2015 година, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии.

Образец 1
ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

Кандидат: Ивана Драган Сандева
Институција: Факултет за електротехника и информациски технологии
Научна област: 10300-физика

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

Ред. број	ОПШТИ УСЛОВИ	Исполнетост на општите услови да/не
1	Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити	да
2	Стекнат назив – магистер од соодветната област Назив на научната област: магистер по електротехника и информациски технологии	да
3	Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,03 Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,88	да
4	Има познавање на најмалку еден странски јазик 1. Странски јазик: англиски, ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR) 2. Назив на документот: Уверение 3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ - Скопје 4. Датум на издавање на документот: 25.3.2019	да

6. ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Ивана Сандева.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од почетокот на кариерата до денес, Комисијата заклучи дека м-р Ивана Сандева поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент во научната област 10300-физика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, м-р Ивана Сандева да биде избрана во звањето асистент во научната област 10300-физика.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
Проф. д-р Христина Спасевска, с.р.
Проф. д-р Верка Георгиева, с.р.
Проф. д-р Маргарита Гиновска, с.р.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет„Св. Кирил и Методиј” - Скопје
Факултетот за електротехника и информациски технологии

ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на магистерски трудови (**март** 2019)

1. Проектен менаџмент

Ред. бр.	Студент	Тема на македонски јазик	Тема на англиски јазик	Предложен ментор	Одлука ННС бр.
1	Валентина Колева	Пристапи, методи и техники за управување со конфликти и нивното влијание врз проектите	Approaches, methods and techniques for conflict management and the impact in projects	проф. д-р Вангел Фуштиќ	02-602/18 од 20.3.2019

2. Електроенергетика

Ред. бр.	Студент	Тема на македонски јазик	Тема на англиски јазик	Предложен ментор	Одлука ННС бр.
1	Борис Петрески	Анализа на ризици и пресметка на доверливост на електроенергетски објекти	Risk analysis and reliability calculation in power system facilities	вон. проф. д-р Невенка Китева Роглева	02-602/19 од 20.3.2019

3. Еко-информатика

ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор	Одлука ННС бр.
1	Марина Божинова	Анализа и визуализација на аерозагадувањето со ПМ честички во внатрешни простории	Analysis and visualization of indoor air pollution with PM particles	проф. д-р Коста Митрески	02-602/20 од 20.3.2019

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет„Св. Кирил и Методиј” - Скопје
Факултетот за електротехника и информациски технологии

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на магистерски трудови (**април** 2019)

1. Енергетска ефикасност, животна средина и одржлив развој (ECOP)

Ред. бр.	Студент	Назив на темата		Име и презиме на ментор	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Александар Тодоровски	Автоматизација на современи трговски центри	Automation of modern shopping malls	проф. д-р Миле Станковски	02-804/12 од 17.04.2019

2. Автоматика, роботика и системско инженерство

ред. бр.	студент	Назив на темата		Име и презиме на ментор	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Филип Дончевски	Фазни интеракции кај индуктивен сензор за мерење на ротациона позиција на мотори кај возила на електричен погон	Phase Interactions of Indictive Sensor for Rotary Position in Electric Vehicle Motors	проф. д-р Миле Станковски	02-804/13 од 17.04.2019

3. Компјутерски мрежи - Интернет на нешта

ред. бр.	студент	Назив на темата		Име и презиме на ментор	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Тамара Митевска	Дизајн, имплементација и проценка на перформанси на концепт за паметна продавница	Smart store concept design, implementation and performance measurement	вон. проф. д-р Марија Календар	02-804/14 од 17.04.2019

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет„Св. Кирил и Методиј” - Скопје
Факултетот за електротехника и информациски технологии

ПРЕГЛЕД

на прифатени теми за изработка на докторска дисертација (**март 2019**)

Студиска програма: **Метрологија**

Ред. бр.	студент	тема на македонски јазик	тема на англиски јазик	предложен ментор	Бр. на одлука од ННС
1	**м-р Ивана Сандева**	Развој на протокол за испитување на храна третирана со јонизирачко зрачење која содржи силикатни минерали со примена на метод на термолуминисценција	Development of a protocol for thermoluminescence detection of irradiated food containing silicate minerals	проф. д-р Христина Спасевска	02-602/7 од 20.3.2019

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Универзитет„Св. Кирил и Методиј” - Скопје
Факултетот за електротехника и информациски технологии

ПРЕГЛЕД
на прифатени теми за изработка на докторски труд (**април** 2019)

1. **СП: Електротехника и информациски технологии (ЕИТ)**

Ред. бр.	Студент	Назив на темата		Име и презиме на ментор	Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	м-р Марија Марковска	Анализа на квалитетот на електричната енергија во реално време	Real-time quality analysis	Проф. д-р Димитар Ташковски	02-804/7 од 17.04.2019

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ-РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ПО ПРЕДМЕТИТЕ ОД СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ОБЛАСТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОЛЕ ИНФОРМАТИКА И НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОЛЕ КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на својата седница од 28.3.2019 година, нè избра за членови на Рецензентската комисија за избор во наставно-научно звање-редовен професор по предметите од сите наставно научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

На објавениот конкурс во весникот „Нова Македонија” од 14.3.2019 година, за позиција 1 се пријави кандидатот Анастас Мишев, доктор по информатички науки, вработен како вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје. Врз основа на приложените документи и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија го поднесува следниов

ИЗВЕШТАЈ

1. Биографски податоци

Анастас Мишев е роден во Охрид, на 2.6.1971 г. Основното и средното училиште ги завршил во Охрид, со континуиран одличен успех и како добитник на повеќе награди и признанија од републички и од сојузни натпревари по математика, информатика и физика. Во 1990 година се запишал на Воено-техничкиот факултет во Загреб, каде што ја завршил првата година на студиите, а од учебната 1991/92 година школувањето го продолжил во Скопје, на Природно-математичкиот факултет при Институтот за информатика. За време на студиите бил ангажиран како демонстратор во информатичките лаборатории на Факултетот, како и за неколку помали програмски решенија во Службата за студентски прашања и сметководство. Студиите ги завршил во 1996 година.

Во учебната 1997/98 се запишал на постдипломски студии при Институтот за информатика. По положувањето на сите испити, го пријавил магистерскиот труд со наслов: „Преименување на регистри“. Со неговата одбрана на 11.12.2002 година се стекнал со академскиот степен магистер по информатика.

Во 2007 година, ННС при ПМФ му одобрува изработка на докторска теза под наслов „Процесни текови кај грид пресметувањата–управување, извршување и распределување“. По добивањето на позитивна рецензија, докторската дисертација ја одбранил на 9.10.2009 година, со што се стекнал со академскиот степен доктор на информатички науки.

На Природно-математичкиот факултет, на Институтот за информатика, вработен е како стручен соработник во 1998 година. Во 2000 година избран е за помлад асистент, а во 2003 за асистент на истиот Факултет. Во 2009 година е избран во звањето доцент на Природно-математичкиот факултет во Скопје, а подоцна во 2011 се префрла на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Во 2014 е избран во звањето вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

2. Наставна дејност

Во периодот на работа како вонреден професор организирал и одржувал предавања и вежби по предметите: алгоритми и податочни структури (на англиски и на македонски јазик), мрежни оперативни системи, квалитет на софтвер и тестирање, компјутерски мрежи,

безжични и мобилни системи, дизајн на компјутерски мрежи, управување со техничка поддршка, мрежна безбедност, управување со мрежи и основи на сајбер-безбедност, од првиот циклус студии. Исто така, учествувал и во настава на вториот циклус студии на предметите мрежни оперативни системи, софтверско инженерство за критични системи, вреднување и тестирање на софтвер, квалитет на софтвер и тестирање, системска интеграција, грид и научно пресметување, безжични компјутерски мрежи, интернет безбедност и приватност и управување со квалитет на софтвер. Во рамките на третиот циклус студии бил вклучен во наставата по предметот грид и пресметување со високи перформанси. Наставната дејност ја извршува совесно, професионално, со коректно однесување спрема студентите. Учествувал и во процесот на подготовка на нов предмет, односно пакет материјали за даден предмет.

Во текот на изминатите пет години, кандидатот бил ментор на 14 дипломски работи и како и член на повеќе комисии за одбрана на дипломски, магистерски и докторски работи. Под менторство на кандидатот се одбранети и 8 магистерски тези. Кандидатот бил ментор и на 2 докторски дисертации.

Според извештајот за само-евалуација усвоен од страна на наставно-научниот совет на Факултетот, кандидатот има добиено позитивна оценка од спроведената анкета на студентите.

3. Научна и стручна дејност

3.1. Научни трудови

Кандидатот досега објавил 85 научни трудови, од кои првите 4 се рецензирани во првиот извештаен период (Билтен бр. 708). Во вториот извештаен период рецензирани се уште 4 труда (Билтен бр. 758). Во третиот извештаен период, по неговото магистрирање, рецензирани се уште 4 труда (Билтен бр. 833). Во следниот извештаен период, рецензирани се уште 8 труда (Билтен бр. 905). До докторирањето и изборот во звањето доцент, рецензирани се уште 9 труда (Билтен бр. 974). Во рефератот за избор во звањето вонреден професор, рецензирани се уште 22 труда (Билтен бр. 1081). Во текот на работата како вонреден професор има објавено уште 34 труда во научни списанија, стручни монографии и зборници од конференции.

Објавени трудови по изборот за вонреден професор:

[1] Bojana Koteska, Anastas Mishev, Ljupco Pejov. “Formal Specification of Scientific Applications Using Interval Temporal Logic”. 3rd Workshop on Software Quality Analysis, Monitoring, Improvement and Applications SQAMIA 2014, Lovran, Croatia; 09/2014

Главната цел на овој труд е вклучување формални методи во процесот на тестирање на научните апликации. Се прави приспособување на интервалната темпорална логка како нотација за опишување на софтверски апликации. Конкретно се користи рамката Темпура и алатката Ана Темпура за одредување на својствата на научниот софтверски систем. За да се потврди овој концепт, се прави формален опис на кодот за пресметување на сврзани состојби на Морзеовиот осцилатор.

[2] Nikov, Aleksandar, Igor Kulev, Pance Cavkovski, Anastas Misev, Vladimir Trajkovik, and Dimitar Trajanov. "CodeFu: coding competition as a tool for industry university collaboration." In Proceedings of the 2014 international workshop on Long-term industrial collaboration on software engineering, pp. 63-68. ACM, 2014.

Во трудот е дадена анализа на натпреварот во програмирање CodeFu, како и неговата корисност како алатка за соработка помеѓу академската средина и информатичката индустрија.

[3] Mihaela Carina Raportaru, Jane Jovanovski, Boro Jakimovski, Dragan Jakimovski, Anastas Mishev. “ANALYTICAL DESCRIPTION OF THE NONLINEAR DYNAMICS OF BOSE-EINSTEIN CONDENSATES BY MEANS OF GENETIC ALGORITHMS”. Romanian Journal of Physics 09/2014; 59(7-8):677-685. 0.75 Impact Factor.

Во трудот е дадена анализа на можностите за користење на генетски алгоритми при аналитичко решавање на нелинеарни динамички аспекти на Bose-Einsten кондензати.

[4] Bojana Koteska, Boro Jakimovski, Anastas Mishev. “Building Scientific Workflows on the Grid: A Comparison between OpenMole and Taverna”. RO-LCG 2014 Conference, Bucharest, Romania; 11/2014.

Во овој труд се анализираат карактеристиките на два система за градење на научни текови: OpenMole и Taverna. Со цел да се прикажат и проверат сличностите и разликите помеѓу овие два система, дизајниран е работен тек и е имплементиран во двата система.

[5] Bojana Koteska, Anastas Mishev, Ljupco Pejov. “Magnetic Response Properties of Aqueous Aluminum(III) Ion: A Hybrid Statistical Physics Quantum Mechanical Approach Implementing the Map-Reduce Computational Technique”. ICT Innovations 2014, 311 edited by Ana Madevska Bogdanova, Dejan Gjorgjevikj, 01/2015: chapter Advances in Intelligent Systems and Computing: pages 33-43; Springer International Publishing., ISBN: 978-3-319-09878-4.

Темата на истражувањето е откривање на својствата на алуминиум III јон во вода, притоа користејќи хибриден статистички квантномеханички пристап и Map-reduce пресметковна техника. Поконкретно се испитуваат магнетните својства на Al^{3+} јон правејќи статистичко физичка Монте Карло-симулација на Al^{3+} водни раствори, проследена со последователни квантномеханички пресметки на магнетни својства на наелектризирани кластери со различна големина и комплексност.

[6] Bojana Koteska, Anastas Mishev, Ljupco Pejov. “Framework for Developing Scientific Applications: Solving 1D and 2D Schrödinger Equation by using Discrete Variable Representation Method”. SOFTENG 2015, Barcelona, Spain; 04/2015

Целта на овој труд е креирање на предлог рамка за развој на научни апликации и нејзина практична примена при развој на апликација за решавање на еднодимензионална и дводимензионална Шредингерова равенка со користење на методот на претставување со дискретни променливи. Се опишува моделот на развој на софтверот и сите фази од процесот.

[7] Bojana Koteska, Anastas Mishev, Ljupčo Pejov. “Comparative Study of Two Approaches for Solving the Torsional Schrödinger Equation: Fourier Grid Hamiltonian Method and Hamiltonian Diagonalization Method”. The 12th Conference for Informatics and Information Technology, Macedonia; 04/2015.

Во трудот е дадена компаративна анализа на два пресметувачки пристапа за решавање на торзионата Шредингерова равенка.

[8] Bojana Koteska, Anastas Mishev, Ljupco Pejov. “Scientific Software Testing: A Practical Example”. SQAMIA 2015 Software Quality Analysis, Monitoring, Improvement, and Applications, Maribor, Slovenia; 06/2015.

Во овој труд се опишуваат практики од софтверското инженерство кои имаат за цел да го подобрат процесот на тестирање на научните апликации. Корисноста на практиките се потврдува преку тестирање на научна апликација за решавање на еднодимензионална и дводимензионална Шредингерова равенка со користење на методот на претставување со дискретни променливи.

[9] Sonja Filiposka, Anastas Mishev, Carlos Juiz, “Opportunities and Challenges for Green HPC”, ICT Innovations 2014, Springer, January 2015

Трудот прави анализа на енергетската потрошувачка на 100-те најдобри HPC-компјутери на светот врз основа на официјално објавените листи во последните 10 години. Направена е анализа на зависноста на потрошувачката на енергија во зависност од главните фамилии на процесори и нивни архитектури, како и во зависност од позначајните елементи како што се магистрали и куќишта и системи за ладење. Воочени се неколку трендови кои се јавуваат како резултат на напредокот на технологиите, како што е падот во потрошувачка со воведување на графичките копроцесирачки јадра.

[10] Sonja Filiposka, Anastas Mishev, Carlos Juiz, “Current prospects towards energy-efficient top HPC systems”, Computer Science and Information Systems 13(00):63-63 (IF), January 2015

Во рамките на трудот е направена стандардна анализа на корелација на различни карактеристики на најпознатите HPC-системи со резултатите добиени од потрошувачката на енергија при обработка на стандардните тестови за мерење на перформансите на овие системи. Воведена е мерка за корелација која е комбинација од повеќе системски карактеристики и дискутирани се добиените резултати со цел да се посочи на најоптималната конфигурација на систем која ќе доведе до максимални перформанси, а минимална потрошувачка на енергија.

[11] Sonja Filiposka, Anastas Mishev, Carlos Juiz, “Community-based VM placement framework”, The Journal of Supercomputing, 71(12):1-25 (IF), October 2015

Трудот ја изложува проблематиката на одлучување за тоа каде да се постават ново креирани

виртуелни машини во рамките на еден податочен центар кој нуди услуги во облакот. Предложена е нова работна рамка и група на алгоритми кои се засноваат на принципот на групирање на заедници за да ја оптимизираат распределбата на виртуелните машини. Во резултатите се анализирани перформансите на предложената работна рамка во споредба со други традиционални пристапи.

[12] Filiposka, Sonja, Yuri Demchenko, Daniel Arbel, Anastas Mishev, Migiel de Vos, Tasos Karaliotas, and Damir Regvart. "Enabling high performance cloud computing using zero touch provisioning." In 2015 23rd Telecommunications Forum Telfor (TELFOR), pp. 67-70. IEEE, 2015.

Централна тема на трудот е имплементација на автоматска конфигурација на мрежни сервиси кои треба да понудат високи перформанси за специјално множество на услуги во облакот кои побаруваат голем капацитет на мрежата и пренос во реално време со минимално доцнење и варијабилност. Прикажана е архитектурата на системот како и пример имплементација за избрана услуга во облакот и постигнатите перформанси.

[13] Demchenko, Yuri, Sonja Filiposka, Raimundas Tuminauskas, Anastas Mishev, Kurt Baumann, Damir Regvart, and Tony Breach. "Enabling automated network services provisioning for cloud based applications using zero touch provisioning." In 2015 IEEE/ACM 8th International Conference on Utility and Cloud Computing (UCC), pp. 458-464. IEEE, 2015.

Во рамките на овој труд е дадена анализа на различните можности за автоматизација на мрежните сервиси и нивната достава до крајниот корисник со цел корисникот да може да ги контролира параметрите на мрежата кои дефинираат како ќе се третира услугата во облак која ја користи корисникот. Прикажани се потребните технологии за имплементација на овие можности во една мрежа, заедно со начинот на оркестрација на секое поединечно решение од една централизирана точка.

[14] Sonja Filiposka, Anastas Mishev, Carlos Juiz, “Balancing Performances in Online VM Placement”, ICT Innovations 2015, Springer, January 2016

Трудот ги анализира проблемите на имплементација на алгоритми за одредување на кои физички машини ќе се постават ново побарани виртуелни машини во реално време. Прикажани се главните недостатоци на традиционалните пристапи кои не нудат оптимално искористување на дадените ресурси и можат да доведат до ситуации кога се воведува непотребно користење на дополнителна моќност со цел да се гарантираат високи перформанси.

[15]Koteska, Bojana, Anastas Mishev, Ljupco Pejov, Maja Simonoska Crcarevska, Jasmina Tonic Ribarska, and Marija Glavas Dodov. "Computational Vibrational Spectroscopy of Hydrophilic Drug Irinotecan." In Proceedings of the Eighth International Conference on Advances in System Simulation-SIMUL, pp. 11-16. 2016.

Спроведена е пресметковна студија за структурни и вибрациски спектроскопски својства на хидрофилниот лек иринотекан. Разгледани се и статички и динамички пристапи кон проблемот.

[16] Koteska, Bojana, Ljupco Pejov, and Anastas Mishev. "Pharmaceutical Software Quality Assurance System Architecture." In SQAMIA, pp. 41-46. 2016.

Во овој труд се претставува архитектурата и моделот на податоци на систем за обезбедување на квалитет на софтверски решенија во фармацевтската индустрија. Главната цел е да се обезбеди софтверско решение во облак со зголемување капацитет за складирање на податоци и постојан авторизиран пристап за проверка на квалитетот на софтверот.

[17]Kostadin Mishev, Sonja Filiposka, Anastas Mishev, “Integrated HPC Data-log Monitoring System”, ICEST, Ohrid, Macedonia, June 2016

Во рамките на овој труд е прикажан систем кој се користи за мониторирање на работата на еден систем со високи перформанси. Целта на предложениот систем е да собира информации од повеќе различни сензори и да создаде графички пристап до колекцијата на податоци која е консолидирана на една заедничка локација и е корелирана врз основа на времето на земање примероци од различните сензори.

[18] Sonja Filiposka, Anastas Mishev, Frank Wein, Jerry Sobieski, “Customer-centric Service Provider Architecture for the R&E Community”, IEEE International Conference on Cloud Computing Technology and Science (CloudCom), December 2016

Главната цел на трудот е да ги постави темелите на архитектура на систем за автоматско управување и работење со оперативните и бизнис процесите во рамките на една мрежа која се користи за достава на услуги потребни за научните и образовните организации во една земја и, пошироко, во Европа. Дадена е детална анализа на барањата за овој систем и направен е дизајн на главните компоненти и нивната улога во системот.

[19] Koteska, Bojana, Goran Velinov, and Anastas Mishev. "A Novel Model for Measuring Component-Based System Agility." In Proceedings of the 8th Balkan Conference in Informatics, p. 5. ACM, 2017.

Во овој труд се предлага нов модел за мерење на агилност на компонентно базиран развој на системот. Идејата за овој модел е да обезбеди квантитативно мерење на агилноста со мерење на атрибути кои влијаат на агилноста на компонентата. Практичната примена на моделот е потврдена со мерење на агилноста на различните компоненти: компоненти на Sparqube Picture Column, Swing, AWT и Google Web Kit.

[20] Koteska, Bojana, Elena Karafiloski, and Anastas Mishev. "Blockchain Implementation Quality Challenges: A Literature." In SQAMIA 2017: 6th Workshop of Software Quality, Analysis, Monitoring, Improvement, and Applications, pp. 11-13. 2017.

Во овој труд се анализираат тековните проблеми на квалитетот при имплементацијата на Blockchain и се идентификуваат атрибутите за квалитет на Blockchain. Направен е детален преглед на литературата за да се испитаат сегашните барања за квалитет за имплементација на Blockchain.

[21] Karafiloski, Elena, and Anastas Mishev. "Blockchain solutions for big data challenges: A literature review." In IEEE EUROCON 2017-17th International Conference on Smart Technologies, pp. 763-768. IEEE, 2017.

Во трудот е направен опсежен литературен преглед на Blockchain базираните решенија за обработка на големи податоци и предизвиците со кои тие се соочуваат.

[22] Sonja Filiposka, Anastas Mishev, Katja Gilly, “Balancing high performance and energy efficiency in cloud allocation problems”, IEEE EUROCON 17th International Conference on Smart Technologies, Ohrid, Macedonia, July 2017.

Трудот ја анализира можноста за имплементација на решение кое ќе оптимизира две спротивставени цели: високите перформанси и минималната потрошувачка на енергија. Направена е имплементација на модифициран алгоритам кои ги зема предвид двете барања и анализирани се резултатите и нивната можност да доведат до оптимално распоредување.

[23] Koteska, Bojana, Anastas Mishev, and Ljupco Pejov. "Computational approach towards vibrational spectroscopic detection of molecular species relevant to atmospheric chemistry and climate science: The formic acid rotamers." In IEEE EUROCON 2017-17th International Conference on Smart Technologies, pp. 926-931. IEEE, 2017.

Во овој труд се имплементира пресметковен пристап кој има за цел да обезбеди фундаментална теоретска основа за подлабоко разбирање на вибрационите спектроскопски својства на молекуларните системи релевантни за атмосферската хемија и климатологијата. Како пример се земени конформери на мравја киселина.

[24] Koteska, Bojana, Anastas Mishev, Marija Glavas Dodov, Maja Simonoska Crcarevska, Jasmina Tonic Ribarska, Vesna Petrovska Jovanovska, Monika Stojanovska, and Ljupco Pejov. "Modeling the solid-state vibrational spectroscopic properties of morphine-based formulations with hybrid meta density functional theory." In IEEE EUROCON 2017-17th International Conference on Smart Technologies, pp. 938-943. IEEE, 2017.

Трудот вкучува комбинација на експериментални и теоретски пристапи на вибрационните спектроскопски карактеристики на морфин сулфат пентахидрат во цврста состојба. Од теоретска страна, спроведена е детална студија за главните можни состојки на испитаните молекуларни кристали.

[25] Kakasevski, Gorgi, and Anastas Mishev. "Optimization and scheduling algorithm for data intensive workflows in distributed data mining architecture." In IEEE EUROCON 2017-17th International Conference on Smart Technologies, pp. 775-780. IEEE, 2017.

Во трудот е даден опис на алгоритмите за обработка на големи податоци при податочно рударење и нивна оптимизација, при нивно извршување на грид платформи.

[26] Koteska, B., A. Mishev, and L. J. Pejov. "Computational study of intramolecular oh stretching vibrations in the two rotamers of free formic acid." Romanian Reports in Physics 70, no. 3 (2018), Impact Factor 1.582.

Во овој труд се проучуваат O-H вибрациите на двата конформера на мравјата киселина користејќи статички пристап, врз основа на пресметка на соодветната 1D-вибрационен потенцијал и последователно решение на Шредингерова вибрациона равенка и динамички пристап базиран на Борн-Опенхајмерерови молекуларно динамички симулации.

[27] Sonja Filiposka, Anastas Mishev, Katja Gilly, “Community-based allocation and migration strategies for fog computing”, IEEE Wireless Communications and Networking Conference (WCNC), Barcelona, Spain, April 2018.

Во рамките на трудот е даден предлог на група алгоритми кои нудат решение на проблемот на алокација и миграција на виртуелни машини во еден систем за пресметки на работ на мрежата, односно пресметки во маглата. Направена е анализа на успешноста на предлог-стратегиите, како и споредба со традиционалните методи.

[28] Anastas Mishev, Sonja Filiposka, Ognjen Prnjat, Ioannis Liabotis, “Improving Service Management for Federated Resources to Support Virtual Research Environments”, Scalable Computing 19(2):203-214, May 2018.

Трудот претставува преглед на имплементација на процесите на управување со сервиси во една федеративна околина од научни и образовни институции кои нудат комбинирани, комплексни услуги кои зависат едни од други. Целта на имплементацијата е остварување на единечна платформа, т.н. виртуелна околина за истражувачи, во која истражувачите ќе имаат пристап до сите достапни сервиси и до сите информации поврзани со сервисите како што се барања за користење на сервисот, информации за користениот сервиси и историски податоци.

[29] Koteska, Bojana, Verce Manevska, Anastas Mishev, and Ljupco Pejov. "Dynamic versus Static Approach to Theoretical Anharmonic Vibrational Spectroscopy of Molecular Species Elevant to Atmospheric Chemistry: A Case Study of Formic Acid." Scalable Computing: Practice and Experience 19, no. 2 (2018): 119-130.

Вибрациските спектри на двата конформера на слободната молекула на мравја киселина се пресметуваат со два пристапа. Пресметаните особини се споредуваат со достапните експериментални податоци и предностите на динамичкиот наспроти статичкиот. Се анализираат во контекст на откривање на индивидуални и не-ковалентно врзани молекуларни видови релевантни за климатските науки и атмосферската хемија.

[30] Koteska, Bojana, Anastas Mishev, and Ljupco Pejov. "Quantitative Measurement of Scientific Software Quality: Definition of a Novel Quality Model." International Journal of Software Engineering and Knowledge Engineering 28, no. 03 (2018): 407-425. Impact Factor 0.299

Во овој труд е претставен нов модел на квалитет со кој се прави квантитативна проценка на атрибутите оценети во секоја фаза од развојот на научните апликации. Овој модел е дефиниран со избирање на множество на атрибути и метрики кои влијаат на квалитетот на апликациите. Се заснова на воспоставените стандарди за квалитет. Практичната примена и верификацијата на моделот за квалитет е потврдена со две студии на случај.

[31] Bojana Koteska, Monika Simjanoska and Anastas Mishev, Quantitative Quality Analysis of Scientific Software – Case Study, Seventh Workshop on Software Quality Analysis, Monitoring, Improvement, and Applications At: Novi Sad, Serbia Volume: 2217, 2018.

Во трудот се прави анализа на развој на конкретен софтвер за обработка на податоци од електрокардиограми, од аспект на користењето на формалниот пристап и предностите што тоа ги нуди.

[32] Katja Gilly, Sonja Filiposka, Anastas Mishev, “Supporting Location Transparent Services in a Mobile Edge Computing Environment”, Advances in Electrical and Computer Engineering 18(4):11-22 (IF), November 2018.

Во рамките на трудот се разгледува имплементација на работна рамка за решавање на проблемот на оптимално користење на ресурсите во мрежа која поддржува пресметки на работ од мрежата. Целта на оптимизација е корисникот да се здобие со можноста да ги користи понудените услуги со ист квалитет на сервис без разлика на неговата локација, така што виртуелните машини кои ги нудат услугите што тој ги користи постојано ќе го следат како што се движи низ областа на достава на услуга.

[33] Vojdan Kjorveziroski, Sonja Filiposka, Anastas Mishev, Boro Jakimovski, “Designing a PaaS Solution for Large Scale Deployment of Student Projects”, 26th Telecommunication Forum – TELFOR, Belgrade, Serbia, November 2018.

Во рамките на трудот се презентираат барањата, спецификацијата и имплементацијата на решение кое претставува платформа за изработка на веб-ориентирани решенија на

студентски проекти кои се бараат од одреден број предмети на факултетот. Анализирани се начините на кои може да се постигне висока скалабилност на системот со цел да се поддржат голем број на корисници, но и потребата за изолација на корисниците и безбедност на решението од надворешни и внатрешни напади.

[34] Sonja Filiposka, Anastas Mishev, Katja Gilly, “Multidimensional hierarchical VM migration management for HPC cloud environments”, The Journal of Supercomputing (IF), Springer, March, 2019.

Трудот се занимава со проблемот на управување со миграцијата на виртуелни машини во специјализирана околина на пресметки во облакот во која се имплементираат решенија кои бараат постојано голема процесирачка моќ. Предложено е решение за проблемот на миграција кое не ги намалува перформансите и се заснова на имплементација на хиерархиска оптимизација земајќи предвид поголем број на клучни фактори во одлуката, со што значително се зголемуваат димензиите на просторот на пребарување.

3.2. Учество во научноистражувачки проекти

Во текот на неговата работа како вонреден професор, кандидатот учествува во следниве научноистражувачки проекти:

1. *ViSEEM - VRE for regional Interdisciplinary communities in Southeast Europe and the Eastern Mediterranean, Horizon 2020 e-infrastructure, 2015-2018; национален координатор.*

Како национален координатор на проектот, кандидатот активно соработува истражувачките заедници и обезбедувачите на услуги при дефинирање на процесите за управување со сервисите и формирање на платформа за е-наука.

1. *EnCySec – Enhancing Cyber Security, EU IcSP Horizon 2020, 2014-2016; член.*

Во рамките на проектот, кандидатот е вклучен во процесот на градење на локалните капацитети за соодветна превенција и одговор на сајбер-напади или падови на ИКТ-системите сè со цел да се зголеми нивната безбедност и надежност. Како дел од проектот има учествувано и во соработка со странски универзитети со цел да се подобри изработката на наставни содржини од областа на сајбер безбедноста.

2. *GEANT4-3 – WP3T1 Partner Relations and Engagement; WP8T1 Incident management, Horizon 2020 e-infrastructure, 2019-2022; член.*

Кандидатот учествува и активностите поврзани со градењето и јакнењето на националните академски мрежи во делот на Западниот Балкан и нивно приклучување кон GEANT. Исто така е дел од работната група за безбедност, во рамките на која работи на рамка за воспоставување на бизнис-континуитет и справување со инциденти.

3. *GEANT4-2 – JRA1T3: Integration with other e-Infrastructures, Horizon 2020 e-infrastructure, 2016-2018; член.*

Кандидатот работи на проектирање и градење на софтверско решение за овозможување на поврзување на корисниците од институциите, преку нивните академски мрежи и GEANT до обезбедувачите на услуги во облак.

4. *GEANT4-1 –NA: Green ICT, Horizon 2020 e-infrastructure, 2015-2016; член.*

Во рамките на овој проект кандидатот работи во групата фокусирана на најдобрите практики и искуства за намалување на потрошувачката на енергија во образовните и научните институции, со посебен осврт на нивните податочни центри и други компјутерски ресурси.

5. *Linnaeus-Palme partnership FINKI-DSV, Government of Sweden, 2015 – 2016; член.*

Овој проект се занимава со градење на доверба помеѓу двете институции ФИНКИ и DSV кој е дел од Универзитетот во Стокхолм во Шведска. Во текот на проектот се разгледувани специфичностите на изработка и имплементација на наставните програми на двете институции, и беше дискутирано за можностите за градење на заеднички студиски програми или предмети кои би биле признаени од две институции. Како дел од проектот е реализирана и мобилност на кандидатот во посета на DSV во траење од 3 недели.

6. *ASCII – Advanced Scientific Computing Infrastructure Implementation, Faculty of Computer Science and Engineering, Ss. Cyril and Methodius University, Sept. 2015 – Aug. 2016; раководител.*

Во рамките на овој проект се прави адаптација на рамките и процесите за развој на апликативен софтвер за примена во развојот на научни апликации. Целите се поефикасно искористување на расположливите ресурси, поефективен развоен процес, скратување на времето за добивање на релевантни научни резултати, повторна искористливост на софтверот и слично. Изградбата на научни апликации со следење на ваквата адаптирана постапка е верифицирано низ различни примери на развиени апликации од областа на компјутерската хемија, физичката хемија и др.

7. *SciNetCloud – Support for the research communities for network cloud connectivity optimization, Faculty of Computer Science and Engineering, Ss. Cyril and Methodius University, Sept. 2016 – Aug. 2017; раководител.*

Целта на проектот е поддршка на истражувачките заедници преку обезбедување на соодветни мрежни сервиси за нивно поврзување кон ресурсите на добавувачите на пресметување во облак. Во рамките на проектот се прави и оптимизација на ресурсите во облак, како и дефинирање рамки за оптимално распределување на ресурсите во облак за решавање на проблеми од истражувачките заедници. Конечната цел е градење на сервисна рамка за поддршка на истражувачките заедници.

8. *SEAR – Security Awareness Raising, Faculty of Computer Science and Engineering, Ss. Cyril and Methodius University, Sept. 2018 – Aug. 2019; раководител.*

Проектот вклучува воспоставување на механизми за делување, како што се тимови за одговор на компјутерски инциденти, едукација, публикации на популарни текстови, сè со цел корисниците на ИТ-сервисите да можат подобро да ги разберат предизвиците што ги носат овие сервиси и начините како да се заштитат од заканите кои тие ги овозможуваат. Запознавањето на корисниците со новите технологии, како на пример blockchain и задржување на приватноста во интернет просторот се дел од темите на обработка. Дополнително се прави подобрување и на управувањето со сервисите дополнително го олеснува нивното користење и приближување до крајните корисници.

9. *EYESPOT – Energy Efficiency versus Performance Optimisation, Faculty of Computer Science and Engineering, SS. Cyril and Methodius University, Sept. 2014 – Aug. 2015; член.*

Целта на проектот е испитување на меѓусебната врска на оптимизацијата на потрошувачката на енергија и оптимизацијата која се прави со цел за зголемување на перформансите на даден систем. При тоа, разгледувани се различни видови на комплексни системи: мрежни системи каде главните перформанси се однесуваат на навремена и квалитетна достава на бараните сервиси до корисниците, мрежни системи каде перформансите се однесуваат на алокацијата и дистрибуирањето на ресурсите според барањата на клиентите, и други. Главното внимание е посветено на дефинирање на алгоритми и методи чија крајна цел е систем со високи перформанси и минимална потрошувачка на енергија кај податочни центри во облакот.

10. *DIGITS – Design and Analysis of Green ICT systems, Faculty of Computer Science and Engineering, SS. Cyril and Methodius University, Sept. 2015 – Aug. 2016; член.*

Во рамките на проектот е предложена работна рамка за резервација и работа со ресурсите во податочни центри која ќе обезбедува комплексна оптимизација на целокупниот систем изградена како комбинација од повеќе фактори засновани на идејата на максимални перформанси и минимизирана потрошувачка. Исто така, предложени се и нови модели за дизајн на поврзувањето на добавувачките со корисниците на ресурсите со цел да се максимизираат перформансите на системот. Со анализа на различно распоредување на барањата за пресметки е одредено и оптималното распоредување кое ќе обезбедува високи перформанси со избегнување на hot spots во системот и одржување на минимална работа на системите за ладење.

11. *NG SPA – Next Generation Service Provider Architecture, Faculty of Computer Science and Engineering, SS. Cyril and Methodius University, Sept. 2016 – Aug. 2017; член.*

Во рамките на проектот е направен дизајн на архитектура на еден модерен добавувач на комуникациски сервиси, која ќе биде базирана на концептите на сервисно ориентирана архитектура, вклучувајќи сервисна магистрала за размена на пораки меѓу компонентите кои се генерираат врз основа на различни видови настани што се појавуваат во системот. Архитектурата користи стандарди кои ќе обезбедат интероперабилност со други системи, но е и флексибилно изградена од компоненти кои лесно можат да се заменат со други без влијание на остатокот од системот. Комуникацијата меѓу компонентите се одвива преку отворени интерфејси, а оркестрацијата е овозможена на бизнис и оперативно ниво со имплементација на бизнис-процеси и користење на шеми за интеграција.

12. *FOAM – Fog based mobile services migration architecture, Faculty of Computer Science and Engineering, Ss. Cyril and Methodius University, Sept. 2017 – Aug. 2018; член.*

Во рамките на проектот е предложена архитектура на пресметки во маглата каде што проблемот се дели на два дела, така што резултатите кои се потребни во скоро реално време се добиваат со користење на пресметковни ресурси блиску до работ на мрежата, додека останатите се вршат на ресурсите во оддалечениот податочен центар на добавувачот на услуги во облакот. Направен е дизајн на решение за миграција на сервисите во маглата така што тие ќе го следат движењето на корисникот, со што постојано ќе бидат достапни во неговата непосредна околина.

13. *NOA – Network services Orchestration and Automation, Faculty of Computer Science and Engineering, Ss. Cyril and Methodius University, Sept. 2018 – Aug. 2019; член.*

Главната цел на проектот е да се анализира архитектурата на системите за оперативна поддршка на сервиси со цел да се постигне ефикасна и ефективна имплементација на целосно автоматизирана оркестрација на мрежните сервиси кои се нудат на крајниот корисник. Како пример сервиси ќе се разгледуваат мрежни сервиси за поврзување (виртуелни кола) или пак апликативни сервиси кои се нудат во рамките на една или повеќе виртуелни машини или контејнери. Во фокусот на проектот се процесите кои обезбедуваат оркестрација на акциите на поединечните компоненти на системот, како и дефинирање на поединечни компоненти на системот и начин на комуникација со нив преку стандардизирани апликациски интерфејси.

3.3. Други активности

2018/2019	летен	Електронска и мобилна трговија	2				232	0,64	0,46
		Оперативни системи	2				144	0,64	0,29
		Архитектура и организација на компјутери	2		1		111	0,88	0,22
						Вкупно		**58,0**	**5,48**

Втор циклус студии

ПОЕНИ

Година	Семестар	Предмет	Предавања	Аудиторски	Лабораториск	Подготовка	Студенти	**Одржување настава**	**Консултации со**
2018/2019	зимски	Напредни мобилни и веб-апликации	1			1	10	0,75	0,02
		Системи за аквизиција и обработка на податоци	1				1	0,75	0,00
2018/2019	летен	Дигитален маркетинг	1				7	0,40	0,01
						Вкупно		**1,90**	**0,04**

Подготовка на нов предмет -предавања

ПОЕНИ

1	Мултимедиски мрежи	1
2	Мобилни ИП-мрежи	1

3	Комуникациски технологии	1
3	Напредни мобилни и веб апликации	1
	Вкупно	**4**

Подготовка на нов предмет -вежби

		ПОЕНИ
1	Мултимедиски мрежи	0,5
2	Мобилни ИП-мрежи	0,5
3	Комуникациски технологии	0,5
	Вкупно	**1,5**

Дипломски работи, Магистерски, Докторати - Менторства и Учество во комисии за одбрана

		Студенти	**ПОЕНИ**
1	Ментор на дипломска работа	3	0,6
2	Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа	43	4,3
3	Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура	7	2,1
4	Член на комисија за оцена или одбрана на докторат Susana Ruano, Universidad Politecnica de Madrid (UPM), 2018	1	0,7
		Вкупно	**7,7**

Настава во школи и работилници- учесник

1	Microsfot Академија - Developing .NET 4 MVC Apps	2017	1
2	Microsfot Академија - Querying Microsoft SQL Server	2017	1
		Вкупно	**2**

Список на стручни и научни трудови и други публикации

													НА					
	Автори	**Наслов**	**Списание/Конференција/Монографија**	**Година**	**Национ.**	**Меѓунар.**	**Меѓ.Моног.**	**Списание**	**Списание со IF**	**Студија**	**Бр.авт.**	**Бодување**	**П.нац.**	**П.меѓ.**	**П.моног**	**П.Спис.IF**	**Опр.През.**	**П.Книга**

1	S. Gramatikov, F. Jauregizar	Modelling and analysis of non-cooperative peer-assisted VoD streaming in managed networks	Multimedia Tools and Applications	2015				Да	1,541		2	90%	0	0	0	8,741		
2	S. Gramatikov	Energy Consumption Analysis of Peer-assisted Video-on-Demand Streaming in Managed Networks.	Web Proceedings of the 7th International Conference ICT Innovations 2015, October 2015, Ohrid, R. Macedonia	2015		Да					1	100%	0	3	0	0	1	
3	S. Gramatikov	Overview of Decision Algorithms for HTTP Adaptive Streaming	13th International Conference on Informatics and Information Technologies, April 2015, Bitola, R. Macedonia.	2016	Да						1	100%	2	0	0	0	1	
4	S. Gramatikov	Analysis of server and network performance for HTTP-based streaming	14th International Conference on Informatics and Information Technologies, April	2017	Да						1	100%	2	0	0	0	1	

			2015, Bitola, R. Macedonia.															
5	S. Gramatikov	Network-dependent Server Performance Analysis of HTTP Adaptive Streaming	9th International Conference ICT Innovations 2015, October 2015, Ohrid, R. Macedonia	2017			Да				1	100%	0	0	6	0	1	
6	R. Stojanov, S. Gramatikov, I. Mishkovski, D. Trajanov	Linked Data Authorization Platform	IEEE Open Access	2018				Да	3,557		4	60%	0	0	0	8,357		
7	H. Mandal, M. Mirchev, S. Gramatikov, I. Mishkovski	Multilayer link prediction in online social networks	26th Telecommunications Forum (TELFOR), 2018, Belgrade, Serbia	2018			Да				4	60%	0	0	3,6	0	1	
8	R. Stojanov, S. Gramatiko, O. Popovski, D. Trajanov	Semantic-Driven Secured Data Access in Distributed IoT Systems	26th Telecommunications Forum (TELFOR), 2018, Belgrade, Serbia	2018			Да				4	60%	0	0	3,6	0	1	
9	I. Mishkovski, M. Mirchev, S. Scepanovic, S. Gramatikov	Anti-virus Tools Analysis Using Deep Web Malwares	10th International Conference on Internet Engineering & Web Services InWEs	2018			Да				4	60%	0	1.8	3,6	0	1	

Вкупно	**4**	**4,8**	**16,8**	**17,098**	7		**49,7**

Апстракт објавен во зборник на конференција- национална

1	S. Gramatikov	Urban Traffic Simulation for Smarter and Greener Cities	CIIT	2018	0,5
				Вкупно	**0,5**

Раководител на национален научен проект

Реден број	**Име на проектот**	**Финансиран од**	**Период на траење**	**ПОЕНИ**
1	PAssVoDS, Оптимална достава на VoD содржини потпомогната од јазлите во управувани мрежи	ФИНКИ	2014 - 2015	6
2	SADMCC, Достава и донесување на одлуки при анализа на мултимедиски содржини	ФИНКИ	2015 - 2016	6
3	EEAVS, Енергетска ефикасност на адаптивно доставување на видеа	ФИНКИ	2016- 2017	6
4	IACT, Влијание на автономен транспорт на урбаната околина	ФИНКИ	2017 - 2018	6
5	Flow2OD, Генерирање на универзални податоци за симулација врз база на реални податоци за проток на возила	ФИНКИ	2018 - 2019	6
			Вкупно	**30**

Учесник во национален научен проект

Реден број	**Име на проектот**	**Финансиран од**	**Период на траење**	**ПОЕНИ**

1	Подготовка на проектна документација за информационен систем за шумарство	МЗШВ на РСМ	2016	3
			Вкупно	**3**

Учесник во меѓународен научен проект

1	COST Action IC1401 Information and Communication Technologies Memristors - Devices, Models, Circuits, Systems and Applications (MemoCiS)	2014-2018	5
2	COST Action IC1404 Information and Communication Technologies Multi-Paradigm Modelling for Cyber-Physical Systems (MPM4CPS)	2014-2018	5
3	COST Action CA16222 Wider Impacts and Scenario Evaluation of Autonomous and Connected Transport (WISE-ACT)	2017-2021	5
		Вкупно	**15**

Секциско предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество

1	COST IC1404 Action MPM4CPS - WG2.1 CoSim4 Meeting in Skopje	2018	2
		Вкупно	**2**

Рецензија на научен/стручен труд

1	Конференција ICT Innovations	2015	2	0,4
2	Конференција CIIT	2015	3	0,6
3	Конференција ICT Innovations	2017	4	0,8
4	Конференција CIIT	2017	3	0,6
5	Конференција CIIT	2018	2	0,4
			Вкупно	**2,8**

Стручно-применувачка дејност

Дизајн или изработка на информациски систем

1	Cinesquare – веб-платформа за администрација и дистриубција на видео содржини на барање	2
2	Seeshorts – веб-апликација за дистриубција на кратки видеа	2
3	SEEOnline – веб-апликација за онлајн филмски фестивали	2
4	Cine-neoTV - интеграција на веб-платформа за дистриубција на видеа на пбарање со НеоТВ (IPTV)	2
5	Timetracker - веб-апликација за следење на работата на проекти на вработените	2
6	Bizmatch - веб-апликација за организирање и координација на B2B настани	2
7	MAMEI - веб-апликација за евиденција и комуникација со компании	2

	Вкупно	**1 4**

Член на факултетска комисија

1	Комисија за самоевалуација на студиска програма ПЕТ	0, 5
2	Пописна комисија 2016	0, 5
3	Пописна комисија 2015	0, 5
4	Комисија за упис на студенти на ФИНКИ во учебната 2016/2017	0, 5
	Вкупно	**2**

Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект - носител

1	Виртуелен туристички водич - апликација за подгрантови за организации од туристичкиот сектор, образовни установи и центрите за обука од страна на Македонски центар за одржлив развој и конкурентност Скопје	2017	1
		Вкупно	**1**

Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект - соработник

1	MENTOR (Making Entrepreneurs in New and emerging Technological fields in the crOss border - Interreg IPA CBC (GR-MK)	2016	1
1	InnoEMBARQ - Innovation Enhancement in the Balkan Mediterranean Area through Networking of Quadruple Helix Actors - Interreg	2016	1
		Вкупно	**2**

Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир

1	Зборник на трудови на конференцијата CIIT	2016	1
		Вкупно	**1**

Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир

1	Конференција CIIT	2016	2
		Вкупно	**2**

Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир

1	Конференција ICT Innovations	2015	1
2	Конференција CIIT	2015	1
3	Конференција ICT Innovations	2017	1
4	Конференција CIIT	2017	1

5	Конференција CIIT	2018	1
		Вкупно	**5**

Член на Управен одбор на здружение поврзано со струката

1	Потпретседалтел и член на управниот одбор на ICT-ACT	2019	0,3

П Р Е Г Л Е Д
на пријавени и прифатени теми за изработка на магистерски труд на Факултетот за ликовни уметности во Скопје

Ред. бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата		Име и презиме на менторот	Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата
		на македонски јазик	на англиски јазик		
1	Зехра Карaташ	Влијанието на експресионизмот врз современата скулптура	The Influence of Expressionism on Contemporary Sculpture	Проф. м-р Беди Ибрахим	02-73/3-2 од 18.4.2019 год
2	Лилјана Кекеновска	Истражувачки и конзерваторско реставраторски интервенции на две двослојни икони од црквата Св. Атанасиј Д.Дупени-Битолско	Research and conservatory restoration interventions of two icons, one over the other painted layers from the church St.Atanasy D.Dupeni-Bitolsko	Проф. м-р Блаже Кузмановски	02-73/3-1 од 18.4.2019 год

ПРИФАТЕНИ МЕНТОРИ И МАГИСТЕРСКИ ПРОГРАМИ И НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ, НА НАСТАВНО-НАУЧНИОТ И УМЕТНИЧКИ СОВЕТ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ - СКОПЈЕ, ОДРЖАН НА 12.4.2019 ГОДИНА

	Име и презиме на студентот	**Магистерска програма/Наслов на тема за магистерски труд**	**Ментор**	**Датум и број на Одлука на ННУС**
1.	**Ана Абрамовиќ**	J.S.Bach: Suite no.1 for Unaccompanied violoncello (Transcribed for Horn by Wendell Hoss) - prelude, allemande, courante, sarabande, minuetto I, minuetto II, Gigue G.Rossini: Prelude, Theme and Variations for Horn and Piano P.Hindemith: Sonata for Horn and Piano P.Dukas: Villanelle for Horn and Piano	Вонр. проф. м-р Александар Гошев	02-292/1 од 12.4.2019
2.	**Маша Тулиќ**	W. A. Mozart: Horn Concerto No.2 in E flat Major, K.417 - Allegro Maestoso - Rondo Piu Allegro L. van Beethoven: Sonata for Horn and Piano Op.17 in F Major - Allegro Moderato - Poco Adagio, quasi Andante - Rondo (Allegro Moderato) V. Buyanovsky: Scandinavia for solo Horn Glier: Nocturno Y. Desportes: Balada Normande A.Glazunov: Reviere F. Strauss: Introduction theme and variations Op.13	Вонр. проф. м-р Александар Гошев	02-292/2 од 12.4.2019
3.	**Рамадан Османи**	G. Rossini: Introduction, Theme and Variations for clarinet and orchestra P. Jean Jean: Arabesque C. Debussy: Premiere rhapsodie for Clarinet and orchestra M. Arnold: Sonatina for Clarinet and Piano E. Chausson: Andante et Allegreto	Проф. м-р Стојан Димов	02-292/3 од 12.4.2019
4.	**Валмире Мехмети**	B. Dvarionas: Theme and Variation for bassoon A. Vivaldi: Sonata No. 3 – RV 43 E. Elgar: Romansa for bassoon F. David: Concertino for bassoon R. Dhomi: Rondo for bassoon	Вонр. проф. м-р Марјан Милошевски	02-293/1 од 12.4.2019
5.	**Велимир Колевски**	A. Glazunov: Concerto for saxophone J. Brahms: Sonata in E flat major for viola R. Schumann: Marchenbilder J. Brahms: Scherzo for viola and piano E. Bloch: Suite Hebraique for viola and piano (1 mvt)	Проф. м-р Фросина Балова	02-293/2 од 12.4.2019
6.	**Фиторе Думница**	G.Verdi: "Non t'accostare all'urna" (Циклус) G.Verdi: "More, Elisa, lo stanco poeta" G.Verdi: "In solitaria stanza" G.Verdi: "Nell'orror di notte oscurra" G.Verdi: "Perduta ho la pace" G.Verdi: "Deh, pietoso, oh addolorata" P.Mascagni: "Ave Maria" P.Mascagni: "Serenata" R.Hahn: "A Chloris" R.Hahn: "L'enamouree" R.Hahn: "Si mes vers avaient des ailes" S.Donaudy: "O del mio amato ben"	Проф. м-р Марија Наумовска	02-293/3 од 12.4.2019

		S.Donaudy: "Quando ti riverdo" S.Donaudy: "Amorosi miei giorni" F.Poulenc: "Les chemins de l'amour"		
7.	**Фиона Шабани**	M.Ravel: "Kaddish" M.Ravel: "L'emigie eternelle" G.Faure: "Mandoline "op.58 G.Faure: "Chanson d'amour " G.Faure: "Reve d'amour " G.Faure: "Le pappilon et la fleur " C.Debussy: "Nuit d'etoiles" C.Debussy: "Beau Soir " C.Debussy: "Romanze" C.Debussy: "Les cloches" J.Brahms: "Zigeuenerlieder" op.103 (7 songs) Manuel de Falla: siete canciones	Проф. м-р Марија Наумовска	02-294/1 од 12.4.2019
8.	**Фјола Исени**	G.Puccini: "A te" G.Puccini: "Sole amore" G.Puccini: "E Lucelino" G.Puccini: Mimi's aria "Donde liete… "("La Boheme") G.Verdi: "Perduta hola pace" G.Verdi: "Lo spazza camino" G.Verdi: "Il corsaro –Medora's aria ("Egli non riede") V.Bellini: "Malinconia" V.Bellini: "Vanne O Rossa" V.Bellini: "Ma Rendi" V.Bellini: "Vaga Luna" G.Rossini: "La Gito in condola" G.Rossini: "La promise" G.Donizetti: Anna Bolena's aria "Al dolce guidami" ("Anna Bolena")	Проф. м-р Славица Петровска Галиќ	02-294/2 од 12.4.2019
9.	**Мартина Аврамоска**	F. Obradors: "La mi sola, Laureola " F. Obradors: "Del cabello mas sutil" G. Donizetti: Арија на Леонора "Fia dunque vero… O mio Fernando" од операта "La Favorita" G. Verdi: "Non t'accostar all'urna" G. Verdi: "More, Elisa, Io stanco poeta" G. Verdi: "In solitaria stanza" G. Verdi: "Nell'orror di notte oscura" G. Verdi: "Perduta ho la pace " G. Verdi: "Deh, pietoso, oh Addolorata" G. Verdi: "Stornello" G. Verdi: Арија на Урлика "Re dell'Abisso" од операта "Un Ballo in Maschera" Luigi Arditi: "Il bacio " G. Bizet: Арија на Кармен "L'amour est un oiseau rebelle" од операта "Carmen"	Проф. м-р Славица Петровска Галиќ	02-294/3 од 12.4.2019
10.	**Јаворка Витанова**	P. Mascagni: "Cavaleria Rusticana" – Santizza - Scena e sortita di Alfio - Romanza e scena - Duetto Santuza e Turiddu - Duetto Santuzza ed Alfio - Finale	Проф. м-р Весна Ѓиновска Илкова	02-295/1 од 12.4.2019
11.	**Јета Думница**	J. Brahms: Rhapsody Op.79 No. 2 S.Rachmaninoff: Prelude Op. 23. No. 6 S.Rachmaninoff: Prelude Op. 32. No. 10 S. Rachmaninoff: Prelude Op. 32. No. 11 S. Rachmaninoff: Elegie Op. 3 No. 1 F. Liszt: Fantasia Quasi Sontata C. Saint Saens: piano concerto No. 2, Op. 22	Доц. м-р Кристијан Каровски	02-295/2 од 12.4.2019

12.	**Леонита Емини**	Johannes Brahms: Waltzes op.39 (5-11) Isaac Albeniz: Iberia (Evocacion As mol ; El Puerto Des Dur) Manuel de Falla: Four Spanish Pieces (Aragonesa) Edvard Grieg: Lyric Pieces op. 54 no.3 Trolltog (March of the Dwarfs); no. 4 Notturno Jean Sibelius: Impromptus op. 5 no.1 ; no.2 Claude Debussy: Suite Bergamasque (Clair de Lune) Johann Christian Bach: Piano Concerto op.7 no.6 W.C 60a Joseph Haydn: Sonata C-Dur no.58, Hob. XVI/48 (second movement)	Проф. д-р Марија Ѓошевска	02-295/3 од 12.4.2019
13.	**Душан Сврзиќ**	Ф Анџелис: „Романса“ A.Bicini: Tanec Ghomi (La roade des ludi ns) F. Angelis: “B.B (Brel-Bach)” 2 and 3 movment В. Золотаријов: ,,Камерна свита” V. Bonakov: Concerto-Rhapsody	Вонр. проф. м-р Златко Мадевски	02-296/1 од 12.4.2019
14.	**Филип Пешиќ**	Д. Скарлати: Соната во Е-дур Ј. С. Бах: Прелудиум и фуга во д-мол ДТК2 В. Золотарјов: „Камерна свита“ П. Сарасате: „Цигански напеви“ Ф Анџелис: „Романса“ Б. Преч: „Полска фантазија“ В. Семјонов: „Каприс бр.1“	Проф. м-р Зорица Каракутовска	02-296/2 од 12.4.2019
15.	**Мила Пужиќ**	В. А. Моцарт: Missa Brevis KV 192 А. Седлар: Иди види деду	Проф. м-р Сашо Татарчевски	02-296/3 од 12.4.2019
16.	**Премтим Етеми**	C. Franck: Symphony in D Minor	Проф. м-р Сашо Татарчевски	02-297/1 од 12.4.2019
17.	**Ивана Симоска**	Sisters Act (Marvin Gaye & Tammi Terrell): Ain’t no mountain Sister Act 2 - Lauryn Hill (Ft. Whoopi Goldberg): Joyful Joyful Sisters Act 2 – (ft. Ryan Toby): Oh happy day Sisters Act 2: Pay attention Sisters Act: My guy my God Sisters Act (Dee Dee Sharp): Gravy for my mashed potatoes Sisters Act (Lady Soul): If my sister’s in trouble Sisters Act (C & C Music Factory): Just a touch of love everyday Sisters Act 2 (Lauryn Hill & Tanya Blount): His eye is on his sparrow Sisters Act 2 (James Brown): Get up offa that thing Sisters Act 2 (Hi-Five): Never should’ve let you go Sisters Act 2 (Aretha Franklin): A deeper love Sisters Act 2 (Nuttin' Nyce): Wandering eyes	Доц. м-р Андријана Јаневска	02-297/2 од 12.4.2019
18.	**Гордан Спасовски**	Ilija Pejovski: Gora Rodgers & Hart: My romance Edgar Sampson: Stompin’ at the savoy Bill Evans: Very early Wes Montgomery: Fried pies Bud Powell: Celia Gordan Spasovski: Down by the Curve river	Проф. Сава Милетиќ	02-297/3 од 12.4.2019
19.	**Зоран Костадиновски**	Wes Montgomery: Road Song Kurt Weill: Speak Low Vernon Dule: Autumn in New York Zoran Kostadinovski: The Professional Ilija Pejovski: Nevreme	Доц. м-р Дамјан Пејчиновски	02-298/1 од 12.4.2019

20.	**Дукаѓин Мухаџери**	Abbey Lincoln: Softly as in the morning sunrise Bobby Darin: Mack the knife Gerarld Marks: All of me Django Reinhardt: Minor Swing Luiz Bonfa: Black Orpheus Wayne King: Beautiful love	Вонр. проф. м-р Иван Иванов	02-298/2 од 12.4.2019
21.	**Албиана Сила**	„„Лебедово езеро“, современо читање, нови редакции во споредба со оригиналот“ ““Swan Lake”, contemporary reading, new editions compared to the original”	Вонр. проф. д-р Соња Здравкова Џепароска	02-298/3 од 12.4.2019
22.	**Марија Филиќ**	„Компаративна методско – формативна анализа на шпанскиот танц од балетите „Лебедово езеро“ и „ Оревокршачка““ “A Comparative Methodical Formative Analysis of the Spanish Dances from the Ballets “Swan Lake” and “The Nutcracker””	Вонр. проф. д-р Соња Здравкова Џепароска	02-299/1 од 12.4.2019

РЕЦЕНЗИЈА
ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА
СО НАСЛОВ **ТЕТОВСКИОТ ГОВОР – СОВРЕМЕНА СОСТОЈБА**,
ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ДИЈАНА ПЕТРОВСКА,
ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата триесетта редовна седница одржана на 20.3.2019 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Дијана Петровска, со наслов **Тетовскиот говор – современа состојба**, во состав: проф. д-р Марјан Марковиќ (претседател на Комисијата), проф. д-р Веселинка Лаброска (ментор), проф. д-р Лидија Аризанковска, проф. д-р Елена Јованова-Грујовска и проф. д-р Димитар Пандев.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје му го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Анализа на трудот

Докторската дисертација со наслов „Тетовскиот говор – современа состојба“ од докторантката м-р Дијана Петровска е оригинален научен труд, напишан на 420 страници, компјутерски изработен текст со фонт Тајмс њу роман, со 1,5 проред и големина на букви 12, со принципи на упатување и цитирање како во современите научни трудови од областа на лингвистиката, поконкретно на дијалектологијата. Докторската дисертација се базира на методолошки осмислени дијалектолошки истражувања во областа на фонетиката и фонологијата, морфологијата, синтаксата, лексиката и фразеологијата, а базирани на изворен дијалектен материјал собран на терен во градот Тетово од самата авторка. Предмет на анализа се специфичните дијалектни особености на градскиот тетовски говор на сите јазични рамништа, така што овој докторски труд има значење не само од аспект на научна обработка на дијалектните особености на тетовскиот градски говор, ами и од аспект на зачувување на јазикот како нематеријално духовно наследство. Дијалектниот запис во трудот е направен според фонетската дијалектна транскрипција дадена од академик Божидар Видоески, а според која се изработува Македонскиот дијалектен атлас и најголемиот број дијалектолошки монографии за македонската дијалектна територија.

Предметот на истражување е градскиот тетовски говор како еден од градските говори што во моментов е подложен на забрзана трансформација поради повеќе лингвистички и екстралингвистички фактори, како што се: 1) промените предизвикани од влијанието на стандардот и електронските медиуми, 2) влијанието на околните селски говори поради миграцијата село-град и 3) промената на демографската структура и намалување на бројот на население со мајчин македонски јазик, токму во градот Тетово.

Тетовскиот градски говор бил опишан во неколку наврати од академик Божидар Видоески во рамките на поширок опис на полошките/северните говори, а одделно е обработен во далечните 1956/57 година од страна на Трајко Стаматоски. Пред тоа, во триесеттите години на дваесеттиот век бил опишан и во трудот на Афанасиј Селишчев: *Полоī и еīо болīарское население* (Селищевь 1929). Во 2012 година, во рамките на монографијата *Врашничко-полошките īовори – духовна ризница* (Лаброска и др. 2012), се обработени и материјали од градскиот тетовски говор, но целосен и сеопфатен опис на овој градски говор на современ план нема. Токму затоа, изработката на овој труд

е од големо значење за македонската дијалектологија, за урбаната дијалектологија и за етнолингвистиката.

Целиот материјал е прецизно и јасно изложен, а анализите на сите рамништа се поткрепени со примери собрани при самото теренско истражување. Монографијата се состои од следниве делови: *Вовед,* со исцрпен историјат за градот Тетово*, Фонетика и фонологија,* во рамките на која се опишани вокалниот и консонантскиот систем, алофонијата и дистрибуцијата на фонемите, вокалните групи, вокалните појави, историскиот развој на фонемите и акцентот; *Морфосинтакса* со посебен осврт на формите и парадигмите на сите менливи и неменливи видови зборови; *Синтакса,* во која според прашалникот изработен од академик Зузана Тополињска и академик Марјан Марковиќ, со семантички пристап од значење кон форма, е направена анализа на синтаксичките единици, почнувајќи од предикатите од прв ред, структурата на именската синтагма, аргументите импликувани од страна на предикатот, реченичните трансформи, потоа предикатите од втор ред, во кои се обработени реченициите со следниве видови глаголи: фазни, модални, волунтативни, безличните предикати на оцена, глаголите на интелектулна активност и глаголите за изразување на емоција и на крајот предикатите од трет ред, дел во кој се анализирани асоцијативните релации, темпоралните релации и каузалните врски, а делот за синтакса е заокружен со краток осврт на структурата на текстот; *Лексика и фразеологија,* со анализа на лексиката според потеклото (словенско, турско, грчко, српско, албанско и друго потекло), посебен осврт на некои специфични лексеми, како и избран список на фразеологизми; следуваат деловите: *Заклучок*, *Текстови*, *Додаток*, *Список на информатори* и *Користена литература*. Како што се гледа од посочените наслови и поднаслови, дисертацијата претставува лингвистичка анализа базирана на широк опфат на јазични проблеми, поради што не е можно секаде да се оди и во длабинска анализа на појавите и особеностите.

Ќе наведеме специфични јазични особености за градскиот тетовски говор, посочени од авторката м-р Дијана Петровска во секоја глава одделно.

На **фонетско-фонолошки план,** тетовскиот говор споделува особености со северните говори како што е изедначувањето на рефлексите на еровите *ъ и *ь под влијание на јужните и источните периферни говори на штокавското српско наречје и нивно преминување во /ƒ/ во сите позиции во коренските морфеми. Примери за рефлексот на малиот ер *ъ: *в'ƒздăн*, *д'ƒн*, *д'ƒна*, *дƒн-д'ƒнƒске*, *дƒн'ƒшңва* (*улица*), *Д'ƒница*, *д'ƒнīуби*, *д'ƒнов/-от/-он*, *д'ƒнпладне*, *д'ƒнта*, *д'ƒњум*, *се разд'ƒнуе*, *л'ƒн*, *л'ƒсен*, *л'ƒсна/-о*, *т'ƒмƒн*, *т'ƒмен д'ƒн*, *т'ƒмница*, *т'ƒмно*, *т'ƒнка/-о*, *т'ƒнкуљав*, *се-ст'ƒмнуе*, *ут'ƒначи* (*работава*), *ц'ƒфти*; примери за замена на големиот ер *ъ: *б'ƒцка*, *к'ƒнаī*, *м'ƒкне*, *оī'ƒнце*, *оī'ƒнчари*, *с'ƒн*, *с'ƒњаав*, *с'ƒни*. Во суфиксите, наместо еровите во тетовскиот говор се сретнуваат различни рефлекси: *т'ƒнок*, *кр'ōток*, *н'изок*, *св'ātōт*, *л'акōт*; *'остен*, *ј'арем*, *īл'аден*, *ж'еден*. Постоењето на темниот глас /ƒ/ како рефлекс на двата ера само го потврдува ставот на академик Видоески дека најважна дијалектна особеност на северните македонски говори – рефлексот на етимолошките полугласки, е карактеристична и за тетовскиот говор и ова е една од основните дијалектни црти со која овој говор го вклучуваме во северниот дијалектен ареал. Освен оваа црта, ќе ги спомнеме уште и: преминот на носовката од заден ред во *у*: *з'уби*, *ј'уже*, *м'ушко*, *'обруч*, *ī'осуīе*, *ī'ут*, *р'ука*, *р'ūп*, *с'уд*; чувањето на палаталното *лӳ*: *исклӳ'учиво*, *клӳ'уч*, *н'еделӳа*, *в'олӳку*, *'онолӳку*, *т'олӳку*; силната палатализација на *к* и *ī* пред предните вокали: *в'ак'е*, *т'ак'е*, *б'илк'е*, *бож'урик'е*, *др'уīачк'е*, *бе£īр'аīанк'е*, *бит'ол'чанк'е*, *охр'иīанк'е*, *тет'офчанкӳе*; *'енīлеск'и*, *к"ило*; префрлањето на акцентот кај зборовите од типот: *в'аīа–ќи*, *в'ика–ќи*, *'иде–ќи*, *с'ече–ќи*, *тк'ае–ќи*; *бр'ада–ца*, *кр'аста–ца*, *М'арко–ца* и др. Тетовскиот говор споделува и фонетски особености со западното македонско наречје како што се: носовката од заден ред *œ во некои лексеми преминала во темниот глас /ƒ/, што се должи на влијанието на говорот на горнополошките села: *б'ƒботи* (ќумбето), *ī'ƒс*, *ī'ƒзот/-ов/-он*, *ī'ƒзар*, *наī'ƒзечки*, *наз'ƒдīƒзум*, *к'ƒде*, *к'ƒ–*, *к'ƒ––īодер*, *к'ƒснемо*, (*из*)*л'ƒчи*; чувањето на вокалното *ŗ: *ī'п̃лце*, *д'п̃во*, но, и негова замена

со секвенцата /ɟр/ во ограничен број лексеми: *в'ɟрже*, *в'ɟрти*, *к'ɟркори*, *п'ɟрслуче*, *п'ɟрут*; губење на интервокалните консонанти /в/ и/д/: *Г'остиар*, *дод'аамо*, *нак'оало*, *н'апраем*, *н'еїоа*, *п'опраа*, *пр'аа*, *пр'ае*, *Т'етоо*; акцентот се наоѓа на антепенултима, т.е. на третиот слог од крајот на зборот: *к'укуљаф*, *м'андало*, *тар'апчиња*. Градскиот тетовски говор има и особености што се типични само за овој говор: веларното /л/ на крајот на слогот се изговара со поактивно учество на двете усни и без преградата карактеристична за овој глас (Видоески 1998: 159): *б'и£*, *д'е£*, *з'авпши£*, *к'отe£*, *'уче£*; постоењето на т.н. редукција на вокалите под акцент, до која се доаѓа најчесто поради фонетски причини (динамичен акцент, брз изговор) или имитирање на изговор на јазик со престиж: *з'ɳfш*, *кfн'fвfца*, *н'fпраев*, *петн'fесе*, *сам'fрџие*, *сн'fїа/-е*, *дл'fнка*, *изл'fїаа*, *испр'fтеше*, *кондур'fџија/е*, *к'ир'fџие*, *окл'fџија*, *упл'fшиле*; *б'fпна*, *изиск'fцкуе*, *кашк'fвали*, *ок'fпаја* (*до ниедно време*), *ост'fнуе*, *офтик'fјлија*, *пок'fзалец*, *поп'fруе*, *сп'fла*, *цеб'fница*, *Цамб'fзовци*, *s'fвнем*, *изв'fдџија*, *стfрз'fмfнски*, *ч'fс*; во акцентските целости: *'fпжен-леп*, *дост'f-ти-е*, *ен-їл'fс*, *јар'fм-капут*, (*преседа*) *н'f-ноѓе*, *пост'fр-чуек*, *саїл'fм-чуек*, *Свет'f-Петка*, *стар'f-жена*; во турските заемки: *б'fш*, *ј'fнлаш*, *к'fсканлок* ’љубомора, завист‘, *к'fсмет*, *нал'fнџие*, *окл'fџија*, *с'fкfлма*, *сfнд'fлија* ’стол‘, *с'f£*, *сар'fлија*, *с'fрак* ’стап за чукање ореви‘, *ш'fмfм*, *ќуш'fјлио*, *ф'fстан*, *уџ'fрења*; повишувањето на артикулацијата на вокалите *а*, *е*, *о* пред палаталните консонанти, особено пред *ј* во одделни случаи е исто така специфика на градскиот тетовски говор: *бр'ад,–ца*, *с'аб,–ле*; *д'‰јче*; *ї'™јдо*, *п'™–ќе*; и на крајот, специфичниот изговор на гласовите /ќ/ и /ѓ/ со изразита фрикација, различен од околните дијалекти, различен од македонскиот стандарден јазик, а секако, различен и од соседниот српски јазик.

На **морфосинтаксички формален план,** ќе ги истакнеме следниве карактеристики на тетовскиот говор што тој ги споделува со другите северни говори: употреба на множинската наставка *-е* за женски род: *їл'аве*, *ж'ене*, *к'ондуре*, *ш'орбе*; употреба на заменката *он*, покрај *то–*; во 1 лице еднина наставката *-м* се додава на основниот вокал на глаголската група на којашто припаѓа дадениот глагол: *в'езем*, *ј'адем*, *п'оем*; *м'олим*, *н'осим*, *ч'истим*; наставките за 1. л. множина *-мо* и *-вмо*: *'ипрамо*, *ч'итамо*; *'иправмо*, *ч'итавмо*; отсуство на наставката *-т* во 3 лице множина на сегашното време: *т'и–а св'ите тр'аа*, *се-к'упаа*. Од карактеристиките на тетовскиот говор што се сретнуваат во западното дијалектно наречје ќе ги истакнеме следниве: тројниот член: *ч'уекот*, *ч'уекоф*, *ч'уекон*; употребата на акузативните форми на *-їо* кај заменките: *н'еїо*, *к'оїо*, *н'екоїо*, *н'икоїо*, *св'екоїо*; разликувањето на општата форма од номинативната кај личните и кај роднинските имиња од машки род: *Ап'остол – Ап'остола*, *бр'ат – бр'ата*, *Ст'ојан – Ст'ојана*, *М'арко – М'аркота* (*Му-р'екоф на-Ап'остола / бр'ата / Ст'ојана / М'аркота*); образувањето на идно-прекажано време *ќе-сум-в'ик,£*; употребата на глаголските форми со *има / нема + їлаїолската придавка* во среден род: *'имам зб'орено*, *н'емам зб'орено*, *'имаа ут'епано*, *н'емаа ут'епано*. Типични тетовски јазични морфолошки црти се: употребата на личната заменка за прво лице множина *м'ие: а-м'ие к'икот 'идемо д'ецава*; *м'ие ќе-пров'еримо*; *м'ие кf––шо-п'иемо к'афе*; употребата на долгата и кратката заменска форма во акузатив *н'еїа їа* од *'она* (ж. род); употребата на неколку карактеристични прилози *в'ак’е*, *т'ак’е*, *д'ѓьум*, *н'оќум*, *б'оштум*.

На **морфосинтаксички функционален план** специфики за тетовскиот градски говор се следниве: широка употреба на кондиционал praesentis (идно време) во искази кои раскажуваат за настани темпорално определени: *Па-со-ј'аџа од-В'елиден ќе-пр'аемо т'а–а с'алата со-кр'омиче т'азе*; *Па-ќе-п'озајмим к'ондуре да-ми-одї'овара со-їардер'обата шо-ќе-їа-н'осим*; релативно честа употреба на имперфективни презентски форми секундарно образувани од перфективни презентски форми за искажување на историски презент: *їо-к'упуем*, *напр'едуе*, *не-ост'ануе*, *от'идуе*, *ст'ануе*; широка употреба на *има*-перфектот и *сум*-перфектот II за изразување резултативност: *т'ак’е и-кf––н'ас 'има 'изизд"ојдено б'аеѓи*, *'она шо-'имам ч'итано*, *л'имуни 'имаа ф'плено н'адвор*, *т'о– ќе-'има дон'есена*, *па-ј'а па-сум-зад'оволна*; удвојување на определеноста, односно именската група ги опфаќа во иста конгруентна

низа показната заменка и членуваниот именски збор или лично име: *т'о– Т'оме*, *то––сп'исокот*, *'ова–а к'уќава*, *'она–а к'уќана*, *'она–а будал'инкана*, *т'а–а п'ѣвата*; посвојните придавски модификатори може да се јават во инверзија: *комш'ијава н'аш*, *дир'екторот н'аш пор'анешен*, *м'†лото н'аше*, *д'едово м'о–*; сврзникот *што* може да стои како конектор на акузативниот аргументски израз, односно на директниот предмет: *со-їардер'обата* ***што****-ќе-їа-н'осим*, *т'оа шо-ми-їо-'улиле у-їл'ава*; често се употребуваат посвојни придавки образувани од лични имиња и од општи именки со посвојно значење: *'Епса Дим'ушоа*, *'Ано Ј'аковчеф*, *Ј'оше Ќ'упче Б'ојанин*, *Љ'убе Сп'ојкојчин*, *Д'ушан Ѓ'иїов*, *к'озјото мл'еко*, *р'ајско цв'еќе*; како специфика кај комплементарните реченици се јавува комплементарниот оператор *ал'*: *п'осле 'ова ал'-да-рас'иѣемо ал'-'ако с'акате н'ека ви-'остане*, *н'е-знѓм ко––д'ѓно–*, *шо-д'ѓно–*, *'ал' 'ишо£ св'ѓк'и д'ѓн*; *н'е-знѓм 'ал' си-'имала пр'илика*; реченични трансформи со каузално значење (кондензати на каузални реченици) конституирани од глаголски прилог: *... 'ова-ве т'илоф ќе-те-ск'апе б'оле–ќи*. Во поглед на особеностите на текстот, како завршоци во приказните, наведени се следниве изрази со специфичниот тетовски прилог: *и-т'ако́е*, *т'оа-е*; *и-т'ак'е н'е-знам шо-да-к'ажем др'уїо*.

На **планот на лексиката**, кандидатката м-р Дијана Петровска се потрудила да направи широка анализа на лексемите, нестандардна за другите дијалектолошки трудови што обработуваат цел говор. Имено, најпрво се дадени специфичните фонетски (*'опѓнце*, *ч'уек*; *л'ѓјца*, *цв'ѓрс*) и зборообразувачки дијалектизми (*б'елузлаф*, *їр'абулу́а*, *'уїлавник*, *ч'урило*), а потоа авторката се задржува на некои од поспецифичните суфикси во тетовскиот говор, како што е суфиксите *-ара*, *-уља*, *-ец/-ци*, *-ија*, *-лија*, *-ци*, *-сво*, *-лак* кај именките, суфиксот *-уе* кај глаголите и др. Дадени се и неколку семантички дијалектизми, меѓу кои ќе го истакнеме глаголот *допре* со значење ’застане‘ (д'опри-ми 'овдека), како и повеќезначноста регистрирана кај повеќе лексеми, како на пример: *з'енїу́ин* 1. ’тој што има многу имот, многу пари‘, 2. ’човек што се држи на големо‘; *л'ивада* 1. ’земјиште обраснато со трева, полско цвеќе и други ситни растенија‘, 2. ’место каде што се коси сено, 3. ’млад и уште неоформен човек или друго нешто‘; *л'ушпа* 1. ’тенкиот слој под кората‘, 2. ’тврдата кора во која се наоѓа јатката‘ и др. Посебно специфична тетовска конструкција каде што имаме калкирано значење од турскиот јазик е следнава: *Од-н'ѓ-ноїе с'еди*. *Пр'еседа од-н'ѓ-ноїе*; која не е вообичаена за други наши говори. Понатаму се дадени, според семантички полиња, специфичните тетовски лексеми кои претставуваат домашна лексика, т.е. се од словенско потекло, од кои ќе наброиме само неколку: *з'астарче* ’стар'о-мало‘; *з'убле* ’забле‘; *п'отрајко* ’човек молчелив и работлив‘ (шо-тр'ае и-пр'ае); *зб'ори у-н'евар* ’кога човек при голема температура нешто зборува‘; *с'есрична* ’женско дете од сестра‘; *с'есричњак* ’машко дете од сестра‘; *ср'ој*, *устр'овуе*, *ср'ојник* ('Ако се-устр'овуе, свѣш'уѓчка. Ср'ојници, ср'ојник 'има.) и др. Како што се гледа од последниов пример, кандидатката секаде каде што имало специфично објаснување на зборот од страна на информаторот, го дава објаснувањето оригинално запишано, со дијалектен запис, што напати можеби го прави текстот покомплициран за следење, но го збогатува со податоци кои имаат не само јазично, ами и културолошко и етнолошко значење. Токму затоа, овој дел од трудот опфаќа дури 60 страници текст, а потоа лексичката анализа продолжува со осврт на турцизмите, кои според обработениот материјал се навистина многубројни во тетовскиот говор, а овде се обработени според семантички полиња со презентирање на оригиналната форма на зборот во турскиот јазик секаде каде што тоа било можно, и со користење на релевантни трудови за толкување на турцизмите. Како специфика регистрирана од авторката ќе ја споменеме множинската форма од *калфа – калфалари*, добиена со спојување на две наставки за множина, и на турската и на македонската. Други турцизми: *абдес'†на*, *б'а£деза*, *б'убреї*, *б'уза*, *ї'ебре*, *'инает*, *к'атилу́*, *к'одош*, *к'олан*, *'осантар"исана*, *п'езевенк*, *п'ерде*, *с'ицимка*, *с'урат*, *ќ'ар*, *ч'аре*, *џ'ам*, *џ'иѣер*. Лексемите од грчко потекло, за разлика од турцизмите, се значително помалубројни, но и нив авторката ги распоредила според семантички полиња. Специфични грцизми се следниве: *'арен*, *б'утин*, *ї'анде*, *к'ачар*, *к'омат*, *м'устаку́*, *'офтика*, *п'анаѓур*, *т'емелу́*.

Како северен македонски говор, тетовскиот говор има и серија лексеми што ја покажуваат линијата на поврзување на овој говор со српските дијалекти на север: *ваља'оница*, *з'анаш*, *ком'ада*, *м'аказе*, *н'аковањ*, *н'емачки*, *'обим*, *ос'овина*, *п'окрешни*, *п'ословоће*, *п'осуће*, *с'едамсто*, *с'ушара*, *шш'ампа*.

Регистрирани се и заемки од албанско потекло: *'аџо*, *шеза*; потоа заемки од германскиот јазик: *бл'ок*, *к'илӯарче*, *к'ујна*, *ш'естар*; од францускиот јазик: *б'аїажник*, *б'оракс*, *н'ишенце*, *пант'улуми*; заемки од латинско потекло: *кл'ашње*, *фам'илија*, *ф'урка*, *ч'еп*; од италијанско потекло: *б'ензин*, *ш'ока*, *ф'ғшуна*; од унгарско потекло: *б'ач*, *б'ачило*, *в'арош*, *к'очија*.

Од позајмените лексеми кои се специфични и се среќаваат само во тетовскиот градски говор ќе издвоиме неколку: *ар'апечко цв'еќе*, *б'абино к'олено*, *ї'илик*, *'екле–сғ*, *ја'удија*, *љ'анїар*, *јабук'ајлија н'аја*, *м'ешпајз*, *нак'омсиса*, *нал'ицкана*, *'осантар"исана*, *преп'ељуїа*, *префр'иїана*, *пром'уќурна*, *рої'олиса*, *с'офрас"инција*, *ш'ђмка*, *ќ'елик-м'ашик*, *к'ерата*, *узд'ђмчена*, *уќ'иштена*, *фђк'опасна*, *ч'епат*.

Од **списокот на фразеологизми** издвоивме неколку што сметаме дека го отсликуваат тетовскиот начин на комуникација: *Не-ѝ-в'аїајте ифш'ерие на-ж'ената*, *їа-б'идуе н'еїа за-мл'оїу р'аботе*; *'Оварда да-б'идеш за-све-потр'ебуе у-ж'иотоф*; *П'уштии н'оїа*; *Се-рої'олиса, ср'амš– ж'иви*; *С-испр'еќинаф 'ексик-све*; *Т'ера б'ојдаре*; *Т'оа љ'убим*; *Ќе-се-пр'ефғркнем 'ако не-їо-к'упим ф'ғстанош шеќ'ерлија*; *Ф'ђчосај-їӯи конд'уреве*; *Ш'ака б'ғшка*; *[o-se-sn'oe{ n'atamo-n'aamo?*; *Ш'у–бе-ми-–е шғмно –е-надвор*.

По исцрпниот **Заклучок** на кандидатката Дијана Петровска, следуваат дијалектните **Текстови** на деведесетина страни, а потоа и **Додаток** со целосниот лексички материјал собран според Прашалникот за МДА од Б. Видоески, којшто ја збогатува оваа докторска дисертација**. Списокот на информатори** и **Користената литература** ги опфаќаат последните дваесетина страници и се убаво заокружување на оваа докторска дисертација. Од приложената користена литература може да се заклучи дека кандидатката ги консултирала и соодветно ги цитирала или ги посочила на друг начин сите релевантни трудови од оваа научна област што се суштински за да се направи еден методолошки и научно издржан докторски труд.

Заклучок. Анализата на тетовскиот градски говор на сите јазични рамништа дава значаен придонес за даденава дијалектна територија, а целата докторска дисертација претставува не само уште еден лингвистички опис на македонски говор, туку, пред сè, заштита на наш драгоцен дијалект пред напливот на промените и неговата трансформација во повеќејазичната средина.

Ваквиот тип на лингвистичка обработка придонесува докторската дисертација на м-р Дијана Петровска да има многустран научен придонес: од една страна добиваме обемни теренски истражувања во кои се регистрирани сите специфики на градскиот тетовски говор, а од друга страна имаме солидна јазична анализа не само на граматичко рамниште, туку и на лексичко, со големиот опфат на анализирани лексеми од јазикот на тетовската чаршија, од тетовските занаети и обичаи, тетовските приказни и песни, а сето тоа поткрепено и со целосен теренски лексички материјал собран според Прашалникот за МДА од академик Божидар Видоески.

Посебен научен придонес претставува интерпретацијата на јазичните појави и деталната анализа на лексиката од разни тематски области што досега не биле предмет на дијалектолошки истражувања во една градска средина. Сето ова може да биде само добра основа за примена на заклучоците дадени од страна на кандидатката, а тоа е дека за да се зачува дијалектот, треба во дополнителните активности на образовниот процес во Тетово да се води грижа за тетовскиот градски говор како духовно културно наследство, преку разни форми на употреба на дијалектот. Од друга страна, оваа дисертација може да биде поттик за идни вакви понатамошни истражувања во рамките на дијалектологијата, но и основа за анализи во етнологијата, фолклористиката, историјата и други сродни научни дисциплини. И на крајот, богатиот теренски материјал од оваа дисертација може да биде добра основа и поттик за изработка на регионален дијалектен речник на северните македонски говори, но и богат извор за

обемен дијалектен речник којшто ќе го прикаже целото лексичко богатство со кое располага македонскиот говорител на дијалектно рамниште.

Заклучок со предлог

Со докторската дисертација „Тетовскиот говор – современа состојба“ од м-р Дијана Петровска добиваме неколку значајни дијалектолошки анализи: 1) темелно изработен комплетен опис на граматичкиот систем на градскиот тетовски говор со продлабочен осврт на морфосинтаксата според современиот пристап од значење кон форма; 2) опис на лексичкото богатство на градскиот тетовски говор поткрепен со оригинални кажувања на тетовските градски еснафи, со мал, но значаен придонес за етимологијата на дел од лексемите и краток осврт на зборообразувачките модели; 5) список на дел од тетовските фразеологизми; 6) комплетен теренски материјал што опфаќа и текстови и семантички полиња; 7) исцрпен заклучок. Списокот на информатори и обемниот список на користена литература само го заокружува методски издржаниот и комплетно обработен тетовски градски говор.

Од сето погоре изложено можеме да заклучиме дека пред нас имаме солиден научен труд од областа на дијалектологијата, поради што Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Дијана Петровска со наслов: **Тетовскиот говор – современа состојба.**

КОМИСИЈА

Проф. д-р Марјан Марковиќ, претседател с.р

Проф. д-р Веселинка Лаброска, ментор с.р

Проф. д-р Лидија Аризанковска, член с.р

Проф. д-р Елена Јованова-Грујовска, член с.р

Проф. д-р Димитар Пандев, член с.р

ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

1. МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ

Ред. бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата**		**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата**
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1.	Иван Антоновски	„Идентитетските прашања и дилеми во есеите на Горан Стефановски“	Identity Issues and Dilemmas in the Essays of Goran Stefanovski	проф.д-р Весна Мојсова-Чепишевска	18.4.2019 10-868/3

ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

2. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

Ред. бр.	**Име и презиме на кандидатот**	**Назив на темата**		**Име и презиме на менторот**	**Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата**
		на македонски јазик	**на англиски јазик**		
1.	м-р Осман Османи	„Важноста на вклучувањето англиски јазик во функција на струката (АЈФС) во наставните програми за средното стручно образование во Р. Косово“	The importance of incorporating English for specific purposes (ESP) in the curriculum of vocational upper secondary schools in the Republic of Kosovo	проф. д-р Солзица Поповска	18-04-2019 бр. 10-49/4

ПРЕГЛЕД

НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА ФОЛКЛОР „МАРКО ЦЕПЕНКОВ“ – СКОПЈЕ
ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ ПО ФОЛКЛОРИСТИКА

Ред. Бр.	Име и презиме на кандидатот	Назив на темата на македонски јазик	на англиски јазик	Име и презиме на авторот	Датум и бр. на Одлука на НС за прифаќање на темата
1.	М-р Тимко Чичаковски	„Музичкиот инструмент *канон* како дел од градската музичка традиција во Македонија“	„The musical instrument *kanun* as a part of the urban musical tradition in Macedonia“	Проф. д-р Родна Величковска	02-148 од 14.4.2019 год.